ВОС
ПИ
ТУ
ВА
ЊЕ

Наслов на оригиналот:
**EDUCATION**
**by Ellen G. White**

**Превод и**
**јазична редакција**
Мелита Томовска

**Дизајн и форматирање:**
Лазар Томовски

**Издава:**
АИК „Знаци на времето“ - Скопје
ул. „Влае“, бр. 42

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Печати**
Аркус дизајн

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

27-4

ВАЈТ, Елена
Воспитување / Елена Вајт ; [превод Мелита Томовска]. - Скопје :
Знаци на времето, 2016. - 328 стр. ; 20 см

Превод на делото: Education / by Ellen G. White

ISBN 978-9989-659-85-0
I. White, Ellen G. види Вајт, Елена
а) Воспитување - Христијански аспекти
COBISS.MK-ID 101449482

Елена Вајт

# ВОС
# ПИ
# ТУ
# ВА
# ЊЕ

*„Познавањето на Светиот е разум.“*

Мудри изреки 9,10



# ПРВИ ПРИНЦИПИ

*„Ние сите, со откриено лице, ја одразуваме Господовата слава и се преобразуваме во истиот лик, од слава во слава.“*

2. Коринќаните 3,18

# ИЗВОР И ЦЕЛ НА ВИСТИНСКОТО ВОСПИТУВАЊЕ

*„Познавањето на Светиот е разум.“*
*„Запознај се сега со Него.“*

Мудри изреки 9,10; За Јов 22,21

Нашите претстави за воспитувањето се премногу ограничени и со ниски дострели. Треба да имаме поширок поглед и да си поставиме повисока цел. Вистинското воспитување подразбира повеќе отколку само совладување на одредена наставна програма. Тоа е повеќе од подготовка за сегашниот живот. Тоа се занимава со целото човеково битие и се однесува на целокупниот период на неговото постоење. Воспитување значи хармонично развивање на телесните, душевните и духовните сили. Тоа го подготвува ученикот за радосна служба во овој и за повозвишена и порадосна служба во светот што ќе дојде.

Изворот на таквото воспитување е истакнат во зборовите на Светото писмо кои укажуваат на Бесконечниот: „Во кого се скриени сите богатства на мудроста и знаењето“ (Колошаните 2,3). „Во Него се советот и разумот“ (Книгата за Јов 12,13).

Светот имал свои големи учители, луѓе со гигантски интелект, кои многу го унапределе човековото истражување, луѓе чии говори ѝ давале поттик на човечката мисла и ги отворале видиците кон нови области на човечкото знаење; овие луѓе биле вреднувани и почитувани како водачи и добротвори на својот народ; но постои Еден кој е повисок од нив. Ние можеме да ја следиме наназад низата од светски учители до каде што допираат човечките извештаи; но Светлината била пред нив. Како што Месечината и планетите на нашиот Сончев систем ја одразуваат сончевата светлина, така и големите мислители, доколку нивното учење е правилно, ги одразуваат зраците на Сонцето на Правдата. Секоја искра на мислата, секој блесок на интелектот потекнуваат од Светлината на светот.

Во наше време многу се зборува за природата и важноста на „повисоко воспитување“. Вистинското „повисоко воспитување“ го дава Оној во кого се „мудроста и силата“ (Книгата за Јов 12,13) од чија уста „доаѓа знаењето и разумот“ (Мудри изреки 2,6).

Секое вистинско знаење и вистински развој имаат свој извор во познавањето на Бога. Каде и да се свртиме во физичкото, менталното и духовното подрачје, каде и да погледнеме, исклучувајќи ги болните последици од гревот – секаде ни се открива тоа познавање. Со која било гранка на истражување да се занимаваме, со искрена намера да ја дознаеме вистината, ние доаѓаме во допир со невидливиот моќен Ум кој дејствува во сѐ и преку сѐ. Човековиот ум се поврзува со Божјиот, ограничениот со

Неограничениот. Непроценливо е влијанието на таквата врска врз телото, умот и душата.

Во оваа врска се наоѓа највисокото воспитување. Тоа е Божјиот метод на развој. „Зближи се со Него" (Книгата за Јов 22,21) – гласи Неговата порака до човештвото. Методата, опишана со овие зборови, била применета во воспитувањето на таткото на нашиот род. Кога Адам во славата на безгрешната мажевност престојувал во светата Едемска градина, Бог го поучувал на тој начин.

За да разбереме што сѐ опфаќа воспитното дело, мораме да ја разгледаме човечката природа и целта што Бог ја имал кога го создал човекот. Исто така, мораме да ја разгледаме и промената на човековата состојба која настанала со познавањето на злото, и планот што Бог го замислил за да може, и покрај тоа, да ја постигне возвишената цел што ја поставил за воспитување на човечкиот род.

Кога Адам излегол од рацете на Создателот, во неговата физичка, ментална и духовна природа бил сличен на својот Творец. „Бог го создаде човекот според својот лик" (1. Мојсеева 1,27); Божјата намера била во текот на својот живот човекот сѐ попотполно да го открива овој лик - поцелосно да ја одблеснува славата на Создателот. Можеле да се развиваат сите негови таленти; големината и силата на тие таленти требало постојано да се зголемуваат. Му биле понудени широки можности за обучување, и пред него се отворало славно подрачје за истражување. Тајните на видливата вселена – „чудесните дела на Најсовршениот во секое знаење" (Книгата за Јов 37,16) – го повикувале човекот да ги проучува. Негово возвишено предимство било тоа што можел да разговара лице в лице, срце в срце со својот Создател. Да му останел верен на Бога, сето тоа засекогаш би било негово. Низ целата вечност би продолжил да стекнува нови ризници на знаење, би откривал нови извори на среќа и би

имал сè појасни и појасни претстави за Божјата мудрост, моќ и љубов. Сè повеќе би се приближувал кон исполнувањето на целта на своето постоење, сè попотполно би ја одблеснувал славата на својот Создател.

Но сето тоа било загубено поради непослушноста. Гревот ја расипал Божјата слика во човекот, речиси ја избришал. Човековите физички сили ослабнале, неговата ментална способност се намалила и неговата духовна визија се помрачила. Човекот станал подложен на смртта. Сепак, човечкиот род не бил оставен без надеж. Бескрајната љубов и милост го создала планот на спасението, и животот на човекот му бил подарен како време на проверка. Да се обнови во човекот ликот на неговиот Создател, да се врати во состојбата на првично совршенство, да се поттикне развојот на неговото тело, умот и душата, за да биде остварена божествената цел на создавањето – тоа е делото на откупувањето. Тоа е целта на воспитувањето, возвишената цел на животот.

Љубовта, темелот на создавањето и откупувањето, е темел и на правилното воспитување. Тоа јасно се открива во законот што Бог го дал како водич низ животот. Првата голема заповед гласи: „Љуби го Господа, својот Бог со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сета своја сила и со сиот свој ум“ (Лука 10,27). Да го сакаме Него, Бескрајниот и Сезнајниот, со сета своја сила, со сиот свој ум и со сето свое срце, значи да достигнеме највисок развој на секоја способност. Тоа значи дека Божјата слика треба да биде обновена во целото битие – во телото, во умот, како и во душата.

Втората заповед е слична на првата: „Љуби го ближниот свој како себеси!“ (Матеј 22,39) Законот на љубовта налага телото, умот и душата да ги посветиме во служба на Бога и своите ближни. Оваа служба, која ни овозможува да бидеме благослов за другите, и нам ни носи

најголем благослов. Несебичноста е темел на секој вистински развиток. Со несебична служба ја развиваме секоја способност до највисока можна мера. На тој начин, ние сѐ повеќе и повеќе стануваме учесници во божествената природа. Подготвени сме за Небото, затоа што го примаме Небото во своето срце.

Бидејќи Бог е изворот на секое вистинско знаење, првата цел на воспитувањето, како што видовме, е да ги насочи нашите мисли кон објавата во која Тој самиот ни се открива. Адам и Ева го примале знаењето во непосреден разговор со Бога; тие учеле за Него преку Неговите дела. Сѐ што е создадено, во своето првично совршенство, било израз на Божјата мисла. За Адам и Ева природата била полна со божествена мудрост. Меѓутоа, со својот престап човекот ја загубил можноста да учи за Бога во непосреден разговор со Него, а во голема мера, и од Неговите дела. Земјата, расипана и осквернета од гревот, само нејасно ја одразува славата на Создателот. Сепак, вистина е дека поуките што Тој ги запишал во природата сѐ уште не се избришани. На секоја страница од големата книга на Неговите создадени дела сѐ уште може да се препознае Неговиот ракопис. Природата продолжува да ни зборува за својот Создател. Но, тие откровенија се непотполни и несовршени. Во нашата грешна состојба, со ослабнати способности и ограничени сфаќања, ние не сме способни правилно да ги протолкуваме. Нам ни е потребно поцелосно откровение на Божјото Битие, кое лично Бог ни го дал во својата пишана Реч.

Светото писмо е совршено мерило на вистината, и како такво треба да му се даде највисоко место во воспитувањето. За да се здобиеме со воспитување достојно за тоа име, мораме да го запознаеме Бога – Создателот, и Христа – Откупителот, како што се откриени во светата Реч.

Секое човечко суштество, создадено според Божјиот лик, е обдарено со способност слична на онаа на Создателот – индивидуалност, способност на мислење и дејствување. Луѓето кај кои оваа способност е развиена, се луѓе кои носат одговорности, кои се водачи во потфатите и кои влијаат врз карактерот на другите. Задача на вистинското воспитување е да ја развива секоја способност, да ги вежба младите да мислат, а не само да ги одразуваат мислите на другите. Наместо да го ограничиме нивното проучување на она што луѓето го кажале или напишале, да ги упатиме учениците кон изворите на вистината, кон широките подрачја на истражување во природата и откровението. Нека размислуваат за големите факти за должноста и определбата, и нивниот ум ќе се развие и зајакне. Наместо образовани слабаци, од воспитните установи треба да излегуваат луѓе кои ќе бидат способни да мислат и дејствуваат, луѓе кои се господари а не робови на околностите, луѓе кои се одликуваат со широчина на умот, јасни мисли и храброст во своите убедувања.

Таквото воспитување обезбедува повеќе од обично дисциплинирање на умот; дава повеќе отколку само вежбање на телото. Тоа го зајакнува карактерот, така што вистината и чесноста нема да им бидат жртвувани на некоја себична желба или световна амбиција. Тоа го зајакнува умот против злото. Наместо некоја страст, кога ќе земе замав, да стане сила што разорува, сите побуди и желби се доведени во согласност со големите принципи на правдата. Ако размислуваме за совршенството на Божјиот карактер, умот ќе биде обновен и душата одново создадена според Божјиот лик.

Кое воспитување може да биде повисоко од ова? Што може, по вредност, да се изедначи со него?

*„Не може да биде купена со чисто злато,*
*ниту да се измери со сребро нејзината цена.*
*Не се мери таа со офирско злато,*
*ни со скапоцен оникс, ниту со сафир.*
*Не се споредува со неа злато и кристал,*
*Нема да ја размениш со садови од чисто злато.*
*А за корал и бисер нема што ни да се спомнува,*
*зашто здобивањето со мудрост чини*
*повеќе од скапоцен камен.“*

Книгата за Јов 28,15-18

Божјиот идеал за Неговите деца е повисок од највисоката точка до која човечката мисла може да достигне. Побожност – сличност со Бога – тоа е целта што треба да се постигне. Пред ученикот се отвора пат на постојано напредување. Тој има цел која треба да ја постигне, стандард до кој треба да се издигне, кој содржи сѐ што е добро, чисто и благородно. Тој во секоја гранка на вистинското знаење ќе постигнува најголем можен успех за најкусо можно време. Но неговите напори ќе бидат насочени кон цели кои се толку повисоки од себичните и минливи интереси колку што се небесата повисоки од Земјата.

Оној што соработува во остварувањето на божествената цел да им се пренесе на младите знаењето за Бога и да се изгради нивниот карактер во согласност со Божјиот, извршува возвишена и благородна работа. Будејќи желба да се досегне Божјиот идеал, тој обезбедува воспитување кое е високо како небото и пространо како вселената; воспитување кое не може да биде завршено во овој, туку ќе продолжи во идниот живот; воспитување кое на успешниот ученик му дава препорака да помине од подготвителната школа на Земјата во повисоката школа, школата на Небото.

# ШКОЛАТА ВО ЕДЕМ

*„Блажен е човекот што ја нашол мудроста.“*

Мудри изреки 3,13

Системот на воспитување воспоставен во почетокот на светот бил одреден да им служи како пример на луѓето во сите идни времиња. За да се прикажат принципите на тој систем во Едем, домот на нашите прародители, била основана школа која требало да служи како пример. Едемската градина била училницата, природата учебникот, самиот Создател бил Учителот, а родителите на човечкиот род биле учениците.

Создадени да бидат „слика и слава Божја“ (1. Коринќаните 11,7), Адам и Ева примиле дарови достојни за својата висока одредба. Складни и сразмерни по обликот, со правилни и убави црти на лицето, со појава која одразувала полно здравје и зрачела со радост и надеж, тие со својата надворешност биле слични на ликот на својот Создател. Оваа сличност не се откривала само во нивната физичка природа. Секоја нивна духовна и душевна способност ја одразувала славата на Создателот. Надарени со високи душевни и духовни дарови, Адам и

Ева биле создадени „само малку подолу од ангелите“ (Евреите 2,7), за да можат да ги забележуваат не само чудесата на видливата вселена туку и да ги разберат своите морални одговорности и обврски.

„И Господ, Бог, насади градина на исток во Едем, и таму го смести човекот, кого го обликува. Тогаш Господ, Бог, направи та од земјата изникна секое дрво 'убаво за гледање и добро за јадење' и дрвото на животот, среде градината“ (1. Мојсеева 2,8.9). Тука, среде овие прекрасни слики на природата, негибната од гревот, нашите прародители требало да го добијат своето воспитување.

Заинтересиран за своите деца, нашиот небесен Татко лично управувал со нивното воспитување. Не ретко ги посетувале и Неговите весници, светите ангели, кои им давале совети и поуки. Често, чекорејќи низ градината „кога ќе заладаи“, го слушале Божјиот глас и разговарале лице в лице со Вечниот. Неговите мисли за нив биле „замисли за мир, а не за зло“ (Еремија 29,11). Секоја негова намера го имала за цел нивното највисоко добро.

На Адам и Ева им било доверено да се грижат за градината, „да ја обработуваат и да ја чуваат“ (1. Мојсеева 2,15). Иако богати со сè што Сопственикот на вселената можел да им понуди, тие не смееле да бидат безделници. Полезната работа им била одредена како благослов да го зајакне нивното тело, да го развие нивниот ум и да го изгради нивниот карактер.

Книгата на природата која пред нив ги простирала своите живи лекции, им давала неисцрпни извори на поука и задоволство. На секој лист во шумата, на секој камен во планината, на секоја сјајна ѕвезда, на земјата, во морето и на небото било напишано Божјото име. Жителите на Едем се среќавале како со живата така и со неживата природа – со листот, цветот и дрвото, и со секое живо создание, од левијатанот во водите, до честич-

ката што лебди во сончевиот зрак – собирајќи ги од секое тајните на нивниот живот. Божјата слава во небесата, неброените светови во своето правилно опкружување, „рамнотежата на облаците“ (Книгата за Јов 37,16), тајните на светлината и звукот, денот и ноќта – тоа биле предметите што ги проучувале учениците во првата школа на Земјата.

Бесконечниот зачетник на сè им ги откривал на нивниот ум законите на случувањата во природата, како и големите принципи на вистината кои управуваат со духовниот свет. Во „светлината на познавањето на славата Божја“ (2. Коринќаните 4,6) нивните душевни и духовни моќи се развивале и тие ги запознале највозвишените задоволства на своето свето постоење.

Кога излегле од рацете на Создателот, не само едемската градина туку и целата Земја била неизмерно убава. Никаква дамка од гревот, никаква сенка на смртта не ја расипувала убавината на создавањето. Божјата слава „ги покри небесата и Земјата беше полна со пофалбата Негова“ (Авакум 3,3). „Додека воскликнуваа утринските ѕвезди и кога сите синови Божји извикуваа од радост“ (Книгата за Јов 38,7). Така, Земјата станала соодветен симбол на Оној кој е полн со „милост и вистина“ (2. Мојсеева 34,6) и прикладен предмет на проучување за оние кои биле создадени според Неговиот лик. Едемската градина била слика на она што Бог сакал да стане целата Земја и Негова цел била човечкото семејство множејќи се да формира други домови и школи според примерот на онаа што Тој ја основал. Така, со текот на времето, целата Земја би била населена со домови и школи во кои би се проучувале Божјите зборови и дела и во кои учениците на тој начин би се оспособувале сè поцелосно и поцелосно да ја одразуваат, во текот на целата вечност, светлината на познавањето на Неговата слава.

# ПОЗНАВАЊЕ НА ДОБРОТО И ЗЛОТО

*„И како што тие не сакаа да го имаат Бога во разумот свој, нивното неразумно срце им се помрачи.“*

Римјаните 1,28,21

Иако биле создадени невини и свети, на нашите прародители не им била одземена можноста да згрешат. Бог можел да ги создаде така што ќе бидат немоќни да ги престапат Неговите барања, но во тој случај нивниот карактер не би можел да се развива; нивната служба не би била доброволна, туку принудна. Затоа им дал моќ на избор – моќ да послушаат или да одбијат да бидат послушни. И пред да можат да ги примат во полнина благословите кои Тој сакал да им ги даде, нивната љубов и верност морале да бидат испитани.

Во едемската градина се наоѓало дрвото „за познавање на доброто и злото... и Господ Бог му заповеда на човекот, велејќи: ʼод секое дрво во градината можеш сло-

бодно да јадеш, но да не јадеш од дрвото за познавање на доброто и злото!’“ (1. Мојсеева 2,9-17). Бог не сакал Адам и Ева да го запознаат злото. Познавањето на доброто им било достапно и дадено; меѓутоа, познавањето на злото – гревот и неговите последици, заморната и мачна работа, тешкотиите и грижите, разочарувањето и длабоката жалост, болката и смртта – тоа од љубов било скриено од нив.

Додека Бог му сакал добро на човекот, сатаната настојувал да го упропасти. Кога Ева се осмелила да се приближи до забранетото дрво не почитувајќи го советот на Господа, дошла во врска со својот непријател. Будејќи кај неа заинтересираност и љубопитност, сатаната продолжил да го негира Божјиот збор и да влева недоверба во Неговата мудрост и добрина. На изјавата на жената за дрвото на спознанието: „Бог рече: ’не јадете од него и не допирајте го за да не умрете’“, искушувачот одговорил: „Не, нема да умрете! Туку Бог знае дека, во оној ден кога ќе јадете од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро а што зло“ (1. Мојсеева 3,3-5).

Сатаната сакал да ги увери дека ова познавање на доброто измешано со зло ќе им биде на благослов и дека Бог им ускратил голема добрина забранувајќи им да скинат плод од тоа дрво. Тој тврдел дека Бог им забранил да го вкусат плодот поради неговата прекрасна особина да дава мудрост и сила, и дека на тој начин се обидел да ги спречи да постигнат поблагороден развој и да најдат повозвишена среќа. Тој изјавил дека самиот јадел од забранетиот плод и дека на тој начин се здобил со способноста за говор; и дека и тие, ако јадат од плодот, ќе се издигнат во повисока сфера на постоење и ќе навлезат во пошироки подрачја на знаење.

Тврдејќи дека јадењето од забранетото дрво му донело голема добрина, сатаната не дозволил да се забележи дека поради престапот бил истеран од Небото. Тука лагата била толку прикриена со наметка на привидна вистина што Ева, заслепена, поласкана и измамена, не ја забележала измамата. Го посакала она што Бог го забранил, се посомневала во Неговата мудрост. Таа ја отфрлила верата, клучот на знаењето.

Кога Ева видела дека „плодот на дрвото е добар за јадење, убав на изглед и дека дрвото е пожелно поради тоа што дава знаење, набра од неговиот плод и го изеде." Плодот бил со пријатен вкус и, додека јадела, ѝ се чинело дека навлегува во повисоки сфери на постоење. Кога самата згрешила, таа станала искушувач на својот маж, „па и тој јадеше" (1. Мојсеева 3,6).

„Ќе ви се отворат очите", рекол непријателот, „и ќе станете како богови, распознавајќи го доброто и злото" (1. Мојсеева 3,5). Нивните очи навистина се отвориле; но колку жално било тоа отворање! Познавање на злото, проклетство на гревот, тоа било сѐ што престапниците добиле. Во самиот плод немало никаков отров и гревот не се состоел само од попуштање на апетитот. Недовербата во Божјата добрина, неверувањето во Неговиот збор и отфрлувањето на Неговиот авторитет, направиле престапници од нашите прародители и го внеле во светот познавањето на злото. Тоа ја отворило вратата за секаков вид лаги и заблуди.

Човекот загубил сѐ бидејќи одлучил попрво да го послуша измамникот отколку Оној кој е Вистина, единствен кој знае сѐ. Со мешање на доброто и злото неговиот ум станал поматен, а неговите духовни сили парализирани. Тој веќе не бил способен да го вреднува доброто кое Бог толку изобилно го дарувал.

Адам и Ева го избрале познавањето на злото и, ако некогаш повторно се здобијат со положбата што ја загубиле, ќе мораат да ја здобиваат под неповолните околности што самите ги создале. Веќе не им било дозволено да престојуваат во Едем, бидејќи неговото совршенство повеќе не можело да им ги дава поуките што сега им станале неопходни. Тие со неискажана тага се простиле од својата прекрасна околина и отишле да престојуваат на земјата врз која почивало проклетството на гревот.

Бог му рекол на Адам: „Затоа што го послуша гласот на својата жена, та јадеше од дрвото за кое ти заповедав и реков: 'Не јади од него!' земјата нека биде проклета заради тебе: во мака ќе се храниш од неа сите денови на својот живот! Ќе ти раѓа трње и троскот, а ти ќе јадеш полски растенија. Со пот од своето лице ќе јадеш леб, додека не се вратиш во земјата, зашто од неа беше земен – прав си, и во прав ќе се вратиш" (1. Мојсеева 3,17-19).

Иако Земјата сега била расипана со проклетството, природата и понатаму требала да биде учебник за човекот. Таа сега не можела да го претставува само доброто, бидејќи злото било присутно насекаде, расипувајќи ги земјата, морето и воздухот со својот нечист допир. Таму каде што некогаш бил напишан само Божјиот карактер – познавањето на доброто, сега е напишан и карактерот на сатаната – познавањето на злото. Природата која сега го откривала познавањето на доброто и злото, требала постојано да го предупредува човекот на последиците од гревот.

Во овенатото цвеќе и отпаднатите лисја Адам и неговата придружничка ги виделе првите знаци на пропаѓањето. Јасно го сфатиле горчливиот факт дека сè што е живо ќе мора да умре. Дури и воздухот, од кој зависел нивниот живот, носел во себе семе на смрт.

Исто така, тие постојано биле потсетувани на својата загубена власт. Адам стоел како крал меѓу пониските суштества и, додека му бил верен на Бога, целата природа ја признавала неговата власт; но, кога згрешил, ја загубил таа власт. Духот на побуната, кому самиот му ја отворил вратата, се проширил по целото животинско царство. Така, не само животот на човекот, туку и природата на животните, шумските дрвја, тревата во полето, цвеќињата, па и самиот воздух што го вдишувал – сè ја раскажувало тажната лекција за познавањето на злото.

Но човекот не им бил препуштен на последиците на злото што го одбрал. Во пресудата изречена над сатаната се наоѓало навестување за откупувањето. „Јас ќе поставам непријателство меѓу тебе и жената“ – рекол Бог – „меѓу родот твој и породот нејзин: Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе му ја каснуваш петицата!“ (1. Мојсеева 3,15). Оваа осуда, изречена во присуство на нашите прародители, за нив била ветување. Пред да слушнат за трњето и плевелот, за мачната работа и жалоста кои ќе им паднат во дел, или за правта во која ќе се вратат, ги слушнале зборовите кои сигурно им влеале надеж. Сè што било загубено со попуштањето на сатаната, можело повторно да се задобие преку Христа.

И природата ни го повторува ова навестување. Иако расипана од гревот, таа нам ни зборува не само за создавањето туку и за откупувањето. Иако Земјата сведочи за проклетството кое се покажува во знаците на пропаѓањето, таа сè уште е богата и прекрасна во доказите на животворната сила. Дрвјата ги отфрлаат листовите само за повторно да се облечат во свежо зеленило; цвеќето венее, за да се појави во нова убавина; во секое откровение на создателската моќ се наоѓа гаранција дека ние можеме да бидеме наново создадени „во праведноста и светоста на вистината“ (Ефесјаните 4,24). Така са-

мите предмети и природни појави, кои толку живо нѐ потсетуваат на нашата голема загуба, истовремено стануваат весници на надеж.

Секаде, каде што допрело злото, се слуша гласот на нашиот небесен Татко, кој од своите деца бара да ја препознаат природата на гревот според последиците на злото, кој ги предупредува да го отфрлат злото и ги повикува да го прифатат доброто.

# ОДНОСОТ НА ВОСПИТУВАЊЕТО КОН ОТКУПУВАЊЕТО

*„Познавањето на Божјата слава во лицето на Исуса Христа.“*

2. Коринќаните 4,6

Гревот го одвоил човекот од Бога. Без планот на спасението судбината на човекот би била вечното одвојување од Бога и темнината на бескрајната ноќ. Спасителот со својата жртва повторно ја овозможил врската со Бога. Ние не можеме лично да дојдеме во близината Божја; поради својот грев не можеме да го гледаме Неговото лице; но, можеме да го набљудуваме и да разговараме со Него во Исуса, Спасителот. „Познавањето на Божјата слава“ е откриено „во лицето на Исуса Христа“ (2. Коринќаните 4,6). Бог „го измири светот со себе во Христа“ (2. Коринќаните 5,19).

„И Словото стана тело и се всели меѓу нас, ... полно со благодат и вистина“ (Јован 1,14). „Во Него беше живот и

животот им беше светлина на луѓето“ (Јован 1,4). Христовиот живот и неговата смрт, цената на нашето откупување, за нас не се само ветување и залог за живот, ниту само средство кое би ни ги отворило сокровиштата на мудроста: тие се пошироко и повозвишено откровение на Неговиот карактер отколку што го имале дури и безгрешните жители на Едем.

И додека Христос му го отвора Небото на човекот, животот што Тој ни го дава го отвора срцето на човекот за Небото. Гревот не само што нѐ одвојува од Бога, туку во душата на човекот ги уништува и желбата и моќта да го запознае. Христова цел е да го оневозможи сето тоа влијание на злото. Тој има моќ да ги оживее и обнови способностите на душата парализирана од гревот, да ги оживее и обнови потемнетиот ум и изопачената волја. Тој ни ги отвора богатствата на вселената и, благодарение на Него, добиваме способност да ги препознаеме и ползуваме.

Христос е „Светлина која го осветлува секој човек што доаѓа во светот“ (Јован 1,9). Како што преку Христа секое човечко суштество има живот, така преку Него секоја душа прима и некаков зрак од божествената светлина. Во секое срце постои не само интелектуална туку и духовна сила, осет за она што е праведно, желба за добро. Но, постои и противничка сила која се бори против тие принципи. Последицата од јадењето од дрвото за познавање на доброто и злото се гледа во искуството на секој човек. Во човечката природа постои тенденција кон злото, сила на која човекот не може сам да ѝ се спротивстави. За да ѝ се спротивстави на таа сила, за да ја досегне онаа висока цел која, во длабочината на својата душа, ја смета за единствено исправна, само една сила може да му помогне. Таа сила е Христос. Соработката со таа сила е најголемата потреба на човекот. Зар во целиот

воспитен напор оваа соработка не би требала да биде највисока цел?

Вистинскиот учител не може да биде задоволен со второкласна работа. Тој не е задоволен со тоа што ќе ги упати своите ученици кон идеал понизок од највисокиот што можат да го достигнат. Не може да биде задоволен ако им овозможи само некакво техничко знаење, ако од нив направи добри книговодители, умешни занаетчии и успешни трговци. Негов стремеж е во нив да ги всади принципите на вистината, послушноста, честа, чесноста и непорочноста – принципи кои од нив ќе направат позитивна сила во градењето на стабилноста и напредокот на општеството. Тој, пред сѐ, сака тие да ја научат големата животна лекција за несебична служба.

Кога душата ќе се запознае со Христа, прифаќајќи ја Неговата мудрост како водач, Неговата сила како сила на срцето и животот, овие принципи стануваат жива сила за обликување на карактерот. Кога ќе се воспостави оваа заедница, ученикот го нашол изворот на мудроста. Нему му стои на располагање сила да ги оствари во себе своите најблагородни идеали. Тој има предимство да го постигне највисокото воспитување потребно за животот во овој свет. Обучувајќи се тука, стапува на патеката која води во вечност.

Во највисока смисла, делото на воспитувањето и делото на откупувањето се едно исто дело, бидејќи во воспитувањето, како и во откупувањето, „никој не може да постави друга основа, освен онаа што е поставена, која е Исус Христос“. „Зашто во него благоволи Отецот да се всели сета полнота“ (1. Коринќаните 3,11; Колошаните 1,19).

Во изменети околности, вистинското воспитување и денес се управува според планот на Создателот, според планот на едемската школа. Адам и Ева примале поуки

преку директна заедница со Бога; ние ја гледаме „светлината на познавањето на Божјата слава“ во Христовото лице.

Големите принципи на воспитувањето остануваат непроменети. „Утврдени се за сите времиња, довека“ (Псалм 111,8); зашто тоа се принципи на Божјиот карактер. Прво настојување на учителот и негова постојана цел треба да биде да му помогне на ученикот да ги разбере овие принципи и да стапи во таква врска со Христа што тие принципи ќе станат сила која управува со неговиот живот. Учителот, кој ќе ја прифати оваа цел, навистина е Христов соработник, работник заедно со Бога.

# ПРИМЕРИ

*„Сè што е напишано некогаш,*
*напишано ни е нам за поука.“*

Римјаните 15,4

# ВОСПИТУВАЊЕТО НА ИЗРАЕЛЦИТЕ

*„Самиот Господ го водеше него; го воспитуваше и го чуваше како зеница на своето око.“*

5. Мојсеева 32,12.10

Семејството било во центарот на системот на воспитување кој е воспоставен во Едем. Адам бил „Син Божји“ (Лука 3,38), и децата на Севишниот ги примале поуките токму од својот Отец. Нивното училиште било, во најпотполна смисла на зборот, семејно училиште.

Во божествениот план на воспитување, прилагоден на состојбата на човекот по падот, Христос стои како претставник на Отецот, како алка која ги поврзува Бога и Човекот; Тој е големиот Учител на човештвото. И Тој одредил мажите и жените да бидат Негови претставници. Семејството било училиште, а родителите биле учители.

Во времето на патријарсите воспитувањето претежно се добивало во семејството. Во така формираните училишта Бог обезбедил најповолни услови за разви-

вање на карактерот. Луѓето, кои Тој ги водел, сè уште живееле онака како што Тој одредил во почетокот. Оние кои се оддалечиле од Бога си граделе градови, се собирале во нив, уживале во сјајот, раскошот и пороците, кои и од денешните градови прават гордост и проклетство на светот. Но, луѓето кои цврсто се држеле за Божјите принципи на животот престојувале во полиња и на ритчиња. Тие обработувале земја и одгледувале крупен и ситен добиток, и во тој слободен и независен живот, кој им давал можности за работа, проучување и размислување, учеле од Бога и ги поучувале своите деца на Неговите принципи и патишта.

Тој метод на воспитување Бог сакал да го воспостави кај Израелците. Но, по излегувањето од Египет, малку Израелци биле подготвени да соработуваат со Бога во воспитувањето на своите деца. И на самите родители им било потребно воспитување и дисциплина. Како жртви на долгогодишно робување, тие биле незнајковци, невоспитани и изопачени. Имале малку знаење за Бога и малку вера во Него. Биле збунети од лажното учење и расипани од долгиот допир со незнабоштвото. Бог сакал да ги издигне на повисоко морално ниво, и затоа настојувал да им помогне да го запознаат.

Со своето постапување кон патниците во пустината, во текот на целото нивно талкање, во нивната изложеност на глад, жед, замор и опасности од незнабожечките непријатели, избавувајќи ги со своето провидение, Бог настојувал да ја зајакне нивната вера со покажување на силата која секогаш дејствувала за нивно добро. Учејќи ги да веруваат во Неговата љубов и моќ, Тој сакал да го стави пред нив, преку прописите на својот Закон, идеалот на карактерот што сакал тие да го постигнат преку Неговата благодат.

За време на својот престој под Синај, Израелците примиле скапоцени поуки. Тоа бил период на посебна подготовка за наследувањето на Ханан. И нивното опкружување било погодно за исполнување на Божјата замисла. На врвот на Синај, над рамнината во која народот ги подигнал своите шатори, почивал столб од облак кој ги водел по патот. Ноќе тоа бил столб од оган кој им обезбедувал божествена заштита; додека спиеле, небесен леб тивко паѓал на логорот. Од сите страни силните, карпести врвови со својата свечена големина зборувале за вечното постоење и величие. Човекот морал да го почувствува своето незнаење и својата слабост во присуство на Оној кој „ги измерил планините на мерилка, а бреговите на тежилка“ (Исаија 40,12). Тука, покажувајќи ја својата слава, Бог настојувал да ја втисне кај Израелците свеста за светоста на неговиот карактер и барања, како и за неизмерната тежина на престапот.

Но, народот бавно ја сфаќал поуката. Навикнати на материјално претставување на Божеството во Египет, со кое тие, во најголема мера, биле лишени од честа, тешко можеле да го сфатат постоењето и карактерот на Невидливиот. Од сожалување кон нивната слабост, Бог им дал симбол на своето присуство: „Нека ми изградат светилиште“ рекол Тој, „за да можам да престојувам меѓу нив“ (2. Мојсеева 25,8).

При градењето на светилиштето како Божјо престојувалиште, на Мојсеј му било наредено да ги направи сите работи според небесниот пример. Бог го повикал на планината, му ги покажал небесните работи, и Светилиштето и сѐ што му припаѓало било направено според тој концепт.

Така Бог му го открил својот славен идеал за карактерот на израелскиот народ, во чија средина сакал да престојува. Кога Законот бил објавен од Синај и кога Господ

поминал пред Мојсеј велејќи: „Господ, Господ Бог, дарежлив и милостив, долготрпелив на гнев, кој изобилува со добрина и вистина“ (2. Мојсеева 34,6) им бил покажан пример за тоа.

Но, тие биле немоќни самите да го досегнат тој идеал. Откровението на Синај можело само да ги увери во нивната беда и беспомошност. Светилиштето со својата служба на жртвување требало да им даде друга поука – поука за простување на гревовите, и за послушност за живот, која се добива во Спасителот.

Во Христа требала да се оствари замислата што ја симболизирало Светилиштето – таа славна градба, со ѕидови од блескаво злато на кои во боите на виножитото се рефлектирале завесите со извезени херувими, со мирис на постојано запален темјан кој опфаќал сѐ, со свештеници облечени во чиста белина и со славата на Најсветиот во длабоката таинственост на Светињата над светињите, над престолот на милоста, помеѓу ликовите на наведнатите ангели кои се молат. Бог сакал Неговиот народ од сето тоа да ја чита замислата што Тој ја имал за човечката душа. Тоа била истата замисла која многу подоцна ја изразил апостол Павле кога вдахнат од Светиот Дух рекол: „Не знаете ли дека сте Божји храм и дека Божјиот Дух живее во вас? Ако некој го разруши Божјиот храм, Бог ќе го разруши него, зашто Божјиот храм е свет, а тоа сте вие“ (1. Коринќаните 3,16,17).

Градењето на светилиштето претставувало предимство и чест за Израелците, но и голема одговорност. Народот кој штотуку излегол од ропство требал во пустината да подигне градба со недостижен сјај, за која бил потребен најскапоцен материјал и најголема уметничка умешност. Задачата изгледала мошне тешка. Но, Оној кој го дал планот за градење, исто така се обврзал дека ќе соработува со градителите.

„Господ му рече на Мојсеја: 'Гледај, јас го повикав по име Веселеила, Уриевиот син, од Оровото колено, од Јудиното племе. Го исполнив со Божјиот Дух, кој му даде умеење, разбирање и способност за секакви работи... уште го определив Елијав, Ахисамаховиот син од Дановото племе; ги надарив со вештина сите способни луѓе, за да можат да направат сè што ти заповедав'" (2. Мојсеева 31,1-6).

Какво ли занаетчиско училиште во пустината, училиште кое за наставници ги има Христа и неговите ангели!

Во изработката на Светилиштето и неговото опремување требало да соработува целиот народ. Тука имало работа и за мозокот и за рацете. Бил потребен најразновиден материјал, и сите биле повикани да принесат дарови според волјата на своето срце.

Така Израелците биле поучувани со работа и давање да соработуваат со Бога и меѓусебно. Тие требале да соработуваат и во изработката на духовната градба – Божјиот храм во душата.

Уште од самиот почеток на патувањето од Египет тие примале поуки за воспитувањето и дисциплината. Дури и пред да го напуштат Египет, била воспоставена привремена организација; народот бил поделен во чети на кои им биле поставени водачи. Кај Синај било доврешено делото на организација. Редот кој така впечатливо се открива во сите Божји дела, дошол до израз и во еврејското уредување. Бог бил центар на власта и управувањето. Мојсеј, како Негов претставник, требал во Негово име да ги применува законите. Потоа следувал советот на седумдесеттемина, па свештениците и кнезовите, а под нив, илјаданачалници, стоначалници, педесетначалници и десетначалници (4. Мојсеева 11,16.17; 5. Мојсеева 1,15) и, конечно, службениците одредени за

посебни должности. Логорот бил грижливо уреден, во средината се наоѓало Светилиштето, Божјото престојувалиште, а околу него шаторите на свештениците и Левитите. Надвор од овој круг секое племе логорувало под своето знаме.

На сила биле и исклучително строги санитарни мерки. Тие му биле пропишани на народот не само од здравствени причини, туку и како услов за светиот Бог да биде присутен во нивната средина. Мојсеј, со божествен авторитет, им објавил: „Господ, твојот Бог, оди низ средината на твојот логор за да те штити... затоа твојот логор треба да биде свет“ (5. Мојсеева 23,14).

Воспитувањето на Израелците ги опфаќало сите нивни навики. Сè што се однесувало на нивната благосостојба било предмет на божествената грижа и имало свое место во божествениот закон. Грижејќи се дури и за нивната храна, Бог го имал предвид највисокото добро за нив. Маната, со која ги хранел во пустината, имала својства кои ги развивале телесната, душевната и моралната сила. Иако мнозина се побуниле поради ограничувањата во својата исхрана и копнееле да се вратат во деновите кога, како што велеле: „седевме покрај грнци со месо и јадевме леб до насит“ (2. Мојсеева 16,3), сепак Божјата мудрост со која го одбирал она што ќе им го даде, била потврдена на начин на кој не можеле да му приговорат. Покрај тешкотиите на животот во пустината, во сите нивни племиња немало ниту еден изнемоштен.

На сите нивни патувања, ковчегот во кој се наоѓал Божјиот закон требал да оди напред. Местото на кое требале да кампуваат им било покажувано со спуштање на столбот од облак. Додека облакот почивал над Светилиштето, народот останувал во кампот. Кога се кревал, народот го продолжувал патувањето. Мигот на за-

држувањето како и мигот на тргнувањето бил означен со свечено повикување кон Бога: „Кога тргнуваше ковчегот, Мојсеј велеше: 'Стани, Господи, и нека се распрснат твоите непријатели...' А кога застануваше, велеше: 'Врати се, о, Господи, кон Израилевите илјади и десетиците илјади'" (4. Мојсеева 10,35.36).

Додека народот патувал низ пустината, многу скапоцени поуки биле врежани во нивниот ум со помош на песна. По избавувањето од војската на фараонот, сето мноштво Израелци се обединило во победничка песна. Далеку преку пустината и морето одекнувал радосниот припев, и ридовите одекнувале од восклици на благодарност: „Запејте му на Господа, зашто триумфираше славно" (2. Мојсеева 15,21). Оваа песна била често повторувана во текот на патувањето, развеселувајќи ги срцата и разгорувајќи ја верата на патниците-аџии. Заповедите, кои биле објавени од Синај, заедно со ветувањата за Божјата наклонетост и известувањата за неговите прекрасни дела наменети за нивно избавување биле, според Божјото упатство, изразени во песна и пеени со звуци на инструменти, а притоа народот чекорел обединувајќи ги своите гласови во фалбени песни.

Така нивните мисли биле издигнувани од неволјите и тешкотиите на патот, нивниот немирен и нескротен дух бил ублажуван и смируван, принципите на вистината им се всадувале во сеќавањето, а верата зајакнувала. Во таа заедничка активност се учеле на ред и единство, и биле доведени во потесна врска со Бога и едни со други.

За Божјото постапување со Израелците во текот на 40-годишното талкање низ пустината, Мојсеј вели: „Господ, твојот Бог, те казнува и поправа како што човекот го воспитува својот син"; „За да те смири и испита, и да

дознае што е во срцето твое, дали сакаш да ги држиш Неговите заповеди или, пак, не“ (5. Мојсеева 8,5.2).

„Тој го најде во пустината, во земја дива и пуста. Го опкружи, го воспитуваше и го чуваше како зеницата на своето око. Како орелот што бдее над гнездото, треперејќи над своите орлиња, така Тој шири крилја, го зема, па го носи на своите перја, така Господ сам ги водеше нив, и немаше со Него туѓ бог“ (5. Мојсеева 32,10-12).

„Тогаш се сети за своето ветување, што му го даде на својот слуга Авраам. Го изведе својот народ со восклекнување и со веселба своите избрани. И им ја даде многубожечката земја, го наследија трудот на народите, за да ги чуваат Неговите повелби и да ги пазат Неговите закони“ (Псалм 109,42-45).

Бог на Израелците им ги дал сите можности, им ги дал сите предимства за да можат да служат во чест на Божјото име и да бидат на благослов на соседните народи. Тој им ветил дека ќе ги „возвиши со чест, со име и со слава над сите народи“ ако одат по патот на послушноста. „Сите народи на Земјата“, вели Бог, „ќе слушнат дека се наречуваш со Господовото име, па ќе стравуваат од тебе“. Народите кои ќе чујат за сите овие закони, ќе речат: „Само еден народ е мудар и умен, а тоа е овој голем народ“ (5. Мојсеева 26,19; 28,10; 4,6).

Законите, предадени на Израелците, содржеле јасни упатства за воспитувањето. Бог му се открил на Мојсеја на Синај како „Бог дарежлив и милостив, долготрпелив на гнев, изобилен со добрина и вистина“ (2. Мојсеева 34,6). Мајките и татковците Израелци требале своите деца да ги учат на овие принципи, отелотворени во Неговиот закон. Според божественото упатство, Мојсеј им објавил: „Овие зборови што денес ти ги заповедам, да бидат во срцето твое и душата твоја; напомнувај им ги на своите синови. Зборувај им за нив кога седиш дома

во својата куќа и кога одиш патем; кога легнуваш и кога стануваш“ (5. Мојсеева 6,6.7)

Сето ова не смеело да се изнесува како некоја сува теорија. Оние кои им ја изнесуваат вистината на другите мораат и самите да живеат во согласност со нејзините принципи. Само доколку го одразуваат Божјиот карактер преку праведноста, благородноста и несебичноста на својот живот, ќе можат да влијаат на другите.

Вистинското воспитување не е принудно поучување на неподготвен и неприемчив ум. Мораат да се разбудат менталните сили и да се поттикне интересот. Божјиот метод на поучување се погрижил за тоа. Оној кој го создал умот и му ги одредил законите, се погрижил и за неговото развивање во согласност со нив. Во домот и во светилиштето, преку природата и уметноста, на работа и богослужение, преку света градба и спомен-камен, со безбројни методи, обреди и симболи, Бог им давал поуки на Израелците кои ги илустрирале принципите и го чувале споменот за Неговите прекрасни дела. Кога некој поставувал прашање, дадената поука влијаела врз умот и срцето.

Во мерките за воспитување на избраниот народ јасно е откриено дека живот во вистинска смисла на зборот може да има само оној кој Бога го направил средиште на својот живот. Кога Бог ќе всади некоја желба во срцето на човекот, Тој овозможува и нејзино задоволување; секоја способност што ја дава, Тој настојува и да ја развие.

Зачетникот на сета убавина, и самиот љубител на убавото, Бог се потрудил и во своите деца да ја задоволи љубовта кон убавината. Тој се погрижил и за нивните општествени потреби, за пријатните и полезни општествени допири кои толку придонесуваат за развој на заемното разбирање и го прават животот поведар и попријатен.

Прославите на Израелците исто така биле важно средство за воспитување. Во секојдневниот живот семејството било и училиште и црква, а родителите биле учители како на световно, така и на верско подрачје. Но, три пати годишно било определено време за социјални активности и богослуженија. Овие состаноци се одржувале прво во Силом, а потоа во Ерусалим. Само од татковците и синовите се очекувало да бидат присутни; но никој не сакал да биде лишен од предимствата на празниците и, колку што тоа било можно, бил присутен целиот дом. Со нив биле странците, Левитите и сиромасите, уживајќи го нивното гостопримство.

Патувањето во Ерусалим, на едноставен, патријархален начин, среде убавините на пролетта, богатствата на летото или созреаниот сјај на есента било задоволство. Сите, од старецот со побелена коса па до малото дете, доаѓале со своите дарови на благодарност да се сретнат со Бога во неговото свето живеалиште. За време на патувањето еврејските деца ги слушале искуствата од минатото, приказни кои и старите и младите и денес сè уште ги сакаат. Се пееле песните кои некогаш ги развеселувале срцата на патниците во пустината. Биле рецитирани и Божјите заповеди и тие, заедно со благотворните влијанија на природата и љубезното меѓусебно дружење, биле засекогаш врежани во сеќавањето на многу деца и млади.

Обредите поврзани со пасхалната служба на кои им присуствувале во Ерусалим – ноќниот собир, луѓето подготвени за пат, со обувки на нозете и стап во рака, оброк набрзина, јагнето, бесквасниот леб и горчливи билки, во свечена тишина повторуваната приказна за попрскувањето со крв, за ангелот кој носел смрт и за големото излегување од земјата на ропството – сето тоа ја возбудувало мечтата и оставало впечаток на срцето.

Празникот сеници, или свеченоста на жетвата, со донесувањето приноси од овоштарниците и полињата, со еднонеделниот престој во сеници од гранки и лисја, со дружбени состаноци, света спомен-служба, великодушно гостопримство кон Божјите работници, Левитите од светилиштето и Божјите деца, до странците и сиромашните – ги исполнувал сите срца со благодарност кон Оној кој ја „крунисал годината со својата добрина“ и чии „патеки капат со изобилство“ (Псалм 65,11).

Побожниот Израелец на таков начин минувал речиси цел месец секоја година. Тоа бил период без грижи и работа, и, во вистинска смисла на зборот, речиси потполно посветен на воспитни цели.

Со распределбата на наследството на својот народ, Бог сакал да го научи, а преку него и идните поколенија, на правилните принципи на сопственост над земјата. Ханаанската земја му била поделена на целиот народ, изземајќи ги единствено Левитите, како слуги на Светилиштето. Иако некој можел времено да го оттуѓи својот имот, сепак не можел да го загуби наследството на своите деца. Тој имал право да го откупи во секое време, штом ќе собере доволно средства; секоја седма година се бришеле долговите, а секоја педесетта, или јубилејна година, секој земјишен имот му се враќал на првичниот сопственик. Така имотот на секое семејство бил обезбеден и секој бил заштитен од претерано богатство или од крајна сиромаштија.

Делејќи му ја земјата на народот, Бог им обезбедил, како и на жителите на Едем, занимање најпогодно за развој – грижа за растенијата и животните. Уште еден придонес за воспитувањето бил прекинот на земјоделската работа секоја седма година; земјата останувала да одмора, а она што ќе се родело само од себе им било препуштено на сиромасите. Така им била дадена мож-

ност за подлабоко проучување, за општествени врски и богослуженија, за дела на добродетел, што толку често се запоставувало поради животните грижи и обврски.

Кога денес во светот би се применувале принципите на Божјиот закон за распределба на имотите, колку поинакви би биле околностите во кои живеат луѓето! Почитувањето на овие принципи би спречило страшни зла, кои се појавувале во сите времиња затоа што богатите ги угнетувале сиромасите, а сиромасите ги мразеле богатите. Со тоа, од една страна, би било спречено натрупување големи богатства, а од друга страна, десетици илјади чиј труд бил потребен за да се натрупа тоа богатство би биле заштитени од незнаење и понижување. Тоа би придонело за мирно решение на проблемите кои денес се закануваат да го исполнат светот со анархија и крвопролевање.

Посветувањето на десеттиот дел од сиот приход на Бога, било од овоштарникот или од жетвата, од крупниот или ситен добиток, од умствената или физичка работа, посветувањето на втор десеток за помош на сиромасите или некоја друга добротворна цел, имало за цел да го потсетува народот на вистината дека Бог е сопственик на сè и дека луѓето имаат предимство да бидат пренесувачи на неговите благослови. Со таквото воспитување се искоренувала секоја тесноградa себичност, а се развивале широкоградост и благородност на карактерот.

Познавањето на Бога, заедницата со него во проучувањето и работата, сличноста со него во карактерот, тоа требало да биде изворот, средството и целта на воспитувањето на Израелците – воспитување кое Бог им го дал на родителите за тие да им го дадат на своите деца.

# ПРОРОЧКИ ШКОЛИ

*„Тие седеа при Твоите нозе;*
*Секој еден ќе прими од Твоите зборови.“*

5. Мојсеева 33,3.4

Секаде каде што бил применуван Божјиот план за воспитување на Израелците, успесите сведочеле за неговиот Автор. Но, многу биле ретки домовите во кои се давало воспитувањето пропишано од Небото, па и карактери кои би се изградувале на таков начин имало малку. Божјиот план бил само делумно и непотполно остварен. Преку неверство и презир кон Божјите упатства, Израелците се опкружиле со искушенија на кои малкумина од нив знаеле да им се спротивстават. Кога се населиле во Ханан, „и не ги истребија народите, за кои Господ им беше наредил. Се измешаа со незнабошците и ги научија нивните дела; ги почитуваа нивните идоли, што им станаа стапица“. Нивното срце не било праведно пред Бога, „ниту беа верни на неговиот Завет; а Тој милостиво им го проштаваше гревот и не ги погубуваше; често го воздржуваше својот гнев... Си спом-

нуваше дека се тело, и здив што заминува и не се враќа веќе“ (Псалм 106,34-36; 78,37-39).

Татковците и мајките во Израел станале немарни да ги извршуваат своите должности кон Бога; немарно ги извршувале и своите должности кон сопствените деца. Поради неверноста во домот и идолопоклоничките влијанија од надвор, многу млади Евреи добиле воспитување кое многу се разликувало од она што Бог го планирал за нив. Тие се научиле на патиштата на незнабошците.

За да го искорени ова зло кое сѐ повеќе растело, Бог обезбедил други средства како помош на родителите во воспитното дело. Од најстари времиња пророците биле признаени како учители поставени од Бога. Во највисока смисла на зборот, пророкот бил личност која зборува под директно вдахновение, пренесувајќи им ги на луѓето пораките што ги примил од Бога. Но ова име им било давано и на оние кои, иако не толку директно вдахновени, примиле божествен повик да го поучуваат народот на Божјите дела и патишта. За образование на такви учители, според упатство од Господа, Самоил основал пророчки школи.

Тие школи требале да служат како тврдина против сѐ поголемата расипаност, да се грижат за душевното и духовно добро на младите и да го поттикнуваaат напредокот на народот давајќи му луѓе со страв Божји, способни да работат како водачи и советници. За таа цел Самоил собрал групи млади луѓе кои биле побожни, интелигентни и вредни. Таквите биле нарекувани пророчки синови. Додека ја проучувале Божјата Реч и Неговите дела, Неговата животворна сила ги зајакнувала енергиите на умот и душата и овие ученици примале мудрост одозгора. Учителите не само што ги познавале добро небесните вистини туку и живееле во тесна врска со Бо-

га, и примиле посебен дар на Неговиот Дух. Ги уживале почитувањето и довербата на народот, како поради својата ученост, така и поради својата побожност. Во времето на Самоил постоеле две такви школи – едно во Рама, татковината на пророкот, а друго во Кирјат-Јарим. Подоцна биле формирани и други.

Учениците во овие школи се издржувале сами со својот сопствен труд, обработувајќи земја или занимавајќи се со некој занает. Во Израел тоа не се сметало ниту за необично ниту за понижувачко; напротив, било сметано за грев ако се дозволи децата да израснат без да научат некоја полезна работа. Секое момче, без оглед дали неговите родители се сиромаси или богати, учело некоја работа. Дури и кога некој се подготвувал за света служба, практичното животно знаење се сметало за неопходно за да може да биде полезен во најголема можна мерка. И многу учители исто така се издржувале преку физичка работа.

Во училиштето и во домот, голем дел од наставата се одвивал усно; но младите учеле да ги читаат еврејските списи, а им било овозможено и да ги проучуваат пергаментните свитоци на старозаветните Писма. Главни предмети на проучување во тие школи биле Божјиот закон со поуките дадени на Мојсеј, светата историја, светата музика и поезијата. Во извештаите на светата историја биле истражувани трагите на Божјите стапки. Живо се прикажувале големите вистини претставени со симболите на службата во Светилиштето и со вера се прифаќала централната личност на целиот тој систем – Јагнето Божјо, кое требало да ги земе врз себе гревовите на светот. Се негувал Дух на побожност. Учениците биле поучувани не само да се молат туку и како да се молат, како да се приближат кон својот Создател, како да покажат вера во Него и како да ги разберат и послушаат

поуките на неговиот Дух. Посветениот ум изнесувал од Божјото сокровиште и старо и ново, и Божјиот Дух се откривал во пророштвото и светите песни.

Овие школи се покажале како едно од најуспешните средства за ширење на праведноста која „го возвишува народот“ (Мудри изреки 13,4). Тие во голема мерка придонеле за поставувањето на темелите на онаа необична благосостојба со која се одликувале владеењата на Давид и Соломон.

Принципите предавани во пророчките школи биле оние исти принципи кои го формирале карактерот на Давид и го обликувале неговиот живот. Негов учител била Божјата Реч. „Преку твоите заповеди“, рекол тој, „станав разумен... го наклонив срцето свое да ги извршува наредбите Твои“ (Псалм 119,104-112). Затоа Господ, кога во младоста го повикал на престолот, го нарекол Давида „човек според моето срце“ (Дела 13,22).

Во раниот период од животот на Соломон исто така се гледале резултатите од Божјиот метод на воспитување. Соломон во својата младост го направил истиот избор како и Давид. Наместо кое било земско добро, тој од Бога барал мудро и разумно срце. И Господ му го дал не само тоа што го барал, туку и она што не го барал – богатство и чест. Силата на неговиот ум, широчината на неговото знаење, славата на неговото владеење станале чудо во светот.

Под владеењето на Давид и Соломон Израел го достигнал зенитот на својата големина. Се исполнило ветувањето дадено на Аврам и повторено преку Мојсеј: „Ако ги држите верно сите овие заповеди кои ви ги наредувам, ако ги вршите и ако го љубите Господа, својот Бог, ако одите по сите негови патишта и ако се прилепите цврсто до него, Господ ќе ги протера од пред вас сите тие народи, и вие ќе завладеете помногубројни и посил-

ни народи од себе. Секое место на кое ќе стапне вашата нога ќе биде ваше; од пустината и од Ливан, од реката, реката Еуфрат, до Западното Море, ќе се тегне вашето подрачје. Никој не ќе се одржи пред вас“ (5. Мојсеева 11,22-25).

Но среде благосостојбата демнела опасност. Гревот што Давид го направил во подоцнежните години, иако за него искрено се покајал и поднел болна казна, го охрабрил народот да ги престапува Божјите заповеди. И животот на Соломон, по утрото кое толку многу ветувало, бил помрачен со отпад. Желбата за политичка моќ и самовозвишување го навеле да склучува сојузи со незнабожечки народи. Среброто од Тарс и златото од Офир ги добил жртвувајќи ја честа и изневерувајќи ја светата доверба. Дружењето со незнабошци, женидбите со незнабожечки жени, ја расипале неговата вера. Така биле урнати браните кои Бог ги подигнал за да го заштити својот народ, и Соломон се препуштил на обожавање на лажни богови. На врвот на Маслинската гора, спроти Божјиот храм, биле подигнати огромни идоли и олтари за служба на незнабожечки божества. Прекршувајќи ја својата лојалност кон Бога, Соломон ја загубил и моќта да владее со себе. Неговата благородна чувствителност отапела. Исчезнале неговата совесност и сочувствителноста со кои се одликувал во првите години од своето владеење. Горделивоста, честољубието, расипноста и попустливоста вродиле со суровост и претерани даноци. Тој, кој бил праведен, милостив и богобојазен владетел, станал тиран и насилник. Тој, кој при посветувањето на храмот се молел за својот народ, за нивните срца да му припаѓаат единствено на Господа, ги навел на зло. Соломон се посрамил себеси, ги посрамил Израелците и го навредил Бога.

Народот, за кого тој бил гордост, тргнал по неговите стапки. Иако Соломон подоцна се покајал, неговото покајание не го спречило злото што го посеал да донесе род. Дисциплината и воспитувањето кои Бог ги одредил за Израелците, требале да постигнат тој да се разликува од другите народи по севкупниот начин на живот. Таа исклучителност, која требале да ја сметаат за особено предимство и благослов, ним не им била мила. Тие се стремеле да ги заменат едноставноста и воздржливоста, суштествени за највисокиот степен на развој, со сјајот и распуштеноста на незнабожечките народи. Нивна честољубива желба била да бидат „како сите народи" (1. Самоилова 8,5). Божјиот план на воспитување бил отфрлен, а неговиот авторитет презрен.

Со отфрлањето на Божјите патишта и прифаќање на човечките, почнал падот на Израел. Тој продолжил сѐ додека јудејскиот народ не станал плен на истите оние народи чии обичаи доброволно ги прифатил.

Како народ, синовите Израелеви не ги прифатиле предимствата што Бог сакал да им ги даде. Тие не ги вреднувале Неговите намери, ниту соработувале во нивното исполнување. Но, иако поединци и народи можат да се одделат од Бога на таков начин, Неговата намера кон оние кои имаат доверба во Него останува непроменета. „Сѐ што прави Бог останува довека" (Проповедник 3,14).

Иако постојат различни степени на развој и различни објави на Неговата сила за да се задоволат потребите на луѓето во различни векови, сепак Божјото дело во сите времиња е исто. Учителот е ист. Божјиот карактер и неговиот план се исти. Кај Бога нема „измени, ниту сенка од промена" (Јаков 1,17).

Искуствата на Израелот се забележани за наша поука. „А сѐ тоа им се случи за пример, и е напишано за по-

ука нам, врз кои дојдоа краевите на времињата“ (1. Коринќаните 10,11). Кај нас, како и кај стариот Израел, успехот на воспитувањето зависи од верноста во исполнувањето на планот на Создателот. Верноста кон принципите на Божјата Реч и нам ќе ни донесе исто толку големи благослови како што требала да му донесе на еврејскиот народ.

# ЖИВОТОТ НА ГОЛЕМИТЕ ЛУЃЕ

*„Плодот на праведникот е дрво на животот.“*

Мудри изреки 11,30

Светата историја изнесува многубројни прикази на резултатите од вистинското воспитување. Таа изнесува многу примери на благородни луѓе чиј карактер бил формиран според божествените упатства, луѓе чиј живот им бил на благослов на нивните ближни и кои стоеле во светот како Божји претставници. Меѓу нив ги вбројуваме Јосиф, Даниел, Мојсеј, Елисеј и Павле – двајцата најголеми државници, најмудриот законодавец, еден од најверните реформатори и, изземајќи го Оној кој говорел како што човек никогаш не говорел, најславниот учител што овој свет го запознал.

Уште во раните денови на својот живот, токму во мигот кога како момчиња влегувале во периодот на зрелост, Јосиф и Даниел биле оттргнати од нивните домови и како заробеници одведени во незнабожечка земја.

Особено Јосиф бил изложен на искушенија проследени со големи пресврти во неговиот живот. Во татковиот дом тој бил нежно и негувано дете; во куќата на Петефриј роб, потоа довереник и следбеник; сестран човек, образуван преку учење, набљудување и контакти со другите луѓе, во занданите на фараонот бил државен затвореник, неправедно осуден и без надеж дека некогаш ќе се оправда или ќе биде ослободен; а потоа повикан да застане на чело на народот во миг на голема криза – што го оспособило да ја сочува својата чесност?

Никој не може да стои на висок брег без опасност. Како што бурата, која го остава негибнат цветот во долината но од корен го корне дрвото на врвот на планината, така и жешките искушенија кои ги оставаат негибнати обичните луѓе навалуваат на оние кои заземаат високи места на полето на успехот и честа. Но, Јосиф подеднакво го издржал и искушението со неволји и искушението со благосостојба. Покажал иста верност во палатата на фараонот како и во затворската ќелија.

Во детството Јосиф научил да го љуби Бога и да се бои од него. Често во татковиот шатор, под ѕвезденото сириско небо, ја слушал приказната за моќната визија кај Ветил, за скалите од небото до земјата, за ангелите кои се симнувале и качувале и за она што му било откриено на Јаков од престолот на височините. Ја слушал приказната за борбата кај Јавок кога, откажувајќи се од своите омилени гревови, Јаков излегол како победник и ја добил титулата „Божји кнез“.

Додека Јосиф уште како момче ги чувал стадата на својот татко, неговиот чист и едноставен живот поволно влијаел врз развојот на неговите физички и духовни способности. Доаѓајќи во врска со Бога преку природата и проучувајќи ги големите вистини кои, како свет за-

лог преминувале од татко на син, се здобил со сила на умот и непоколебливост во принципите.

Во кризата на својот живот, кога се наоѓал на страшниот пат од домот на неговото детство во Ханан, кон ропството што го чекало во Египет, фрлајќи последен поглед врз ритчињата кои ги криеле шаторите на неговиот род, Јосиф се сетил на Бога на својот татко. Се сетил на поуките што ги примал во детството, и потресен до дното на душата одлучил да се покаже како верен – секогаш да се однесува како што му доликува на еден слуга на небесниот Цар.

И покрај горчливиот живот на странец и роб, слушајќи ја и гледајќи ја изопаченоста, примамуван од убавините на незнабожечкото богослужение, богослужение проследено со сите привлечности на богатството, културата и кралскиот сјај, Јосиф останал непоколеблив. Ја научил лекцијата на верно исполнување на должностите. Покажувајќи верност на која било положба, од најниската до највисоката, ги развил сите способности за највисока служба.

Во времето кога Јосиф бил повикан на дворот на Фараонот, Египет бил најголем народ. Немало поголем од него во цивилизацијата, уметноста и науката. Јосиф управувал со работите на тоа царство во време на најголеми потешкотии и опасности; тоа го правел на начин кој му ја донел довербата на владетелот и народот. Фараонот „го постави за домаќин на својот дом, за управител на сиот свој имот. Да ги врзува кнезовите по своја волја, и да ги учи неговите старешини на мудрост“ (Псалм 105,21.22).

Вдахновението ни ја открива тајната на Јосифовиот живот. Со зборови полни со божествена сила и убавина, Јаков вака проговорил за својот најмил син, кога им искажувал благослови на своите деца:

*„Јосиф е плодоносна гранка,*
*плодна гранка покрај извор,*
*гранчињата ѝ се простираат над ѕидот.*
*Стрелци го огорчија,*
*стрелаа на него, и го гонеа.*
*Но неговиот лак останува цврст,*
*Мишките му зајакнаа,*
*преку рацете на Силниот Бог Јаковов,*
*Од Бога, твој Татко, кој ќе ти помага,*
*преку Сесилниот, кој ќе те благословува*
*со небесни благослови одозгора,*
*со благослови на бездната одоздола,*
*Со благословите на татка ти,*
*што ги надвишуваат благословите на старите гори*
*и убавините на вечните брегови –*
*тие нека се спуштат врз Јосифа,*
*на посветениот меѓу браќата!“*

1. Мојсеева 49,22-26.

Верност кон Бога, вера во Невидливиот, биле Јосифовото сидро. Тоа била тајната на неговата сила.

*„Мишките му зајакнаа*
*преку рацете на силниот Бог Јаковов“.*

1. Мојсеева 49,24

## *Даниел, пратеник на Небото*

Даниел и неговите другари во Вавилон, во својата младост, навидум биле поголеми миленици на среќата отколку Јосиф во првите години од неговиот живот во Египет; сепак, и тие биле ставени на речиси исто толку тешка проверка на карактерот. Од сразмерната еднос-

тавност на своите јудејски домови, овие момчиња од царски род биле доведени во највеличествениот од сите градови, на дворот на неговиот најмоќен монарх, и биле издвоени да се подготват за посебна служба на царот. На тој расипан и раскошен двор биле окружени со тешки искушенија. Фактот дека тие, обожаватели на Господа, биле заробеници во Вавилон; дека садовите од Божјиот дом биле ставени во храмот на вавилонските богови; дека самиот израелски цар бил заробеник во рацете на Вавилонците, победниците горделиво го истакнувале како доказ дека нивната религија и обичаите се подобри од религијата и обичаите на Евреите. Во такви околности, дозволувајќи понижувања за кои Израелците самите биле виновни поради оддалечувањето од Неговите заповеди, Бог му дал на Вавилон доказ за својата врховна власт, за светоста на своите барања и за сигурните плодови на послушноста. Тоа сведоштво го дал на единствениот можен начин – преку оние кои останале цврсти во својата верност.

На самиот праг на својот животен повик, Даниел и неговите другари се нашле пред решавачка проба. Налогот да им се носи храна од царската трпеза, ја одразувал наклонетоста на царот и неговата грижа за нивната благосостојба. Но, бидејќи делумно била принесена на жртва на идолите, храната од царската трпеза била наменета за идолопоколоничка служба; и, ако момчињата го прифателе овој израз на царската наклонетост, би се сметало дека се соединиле со него во оддавањето почести на лажните богови. Верноста кон Бога им забранувала да учествуваат во искажување таква почест. Освен тоа, тие не се осмелувале да го изложат својот физички, душевен и духовен развој на разорното влијание на раскошот и развратот.

Даниел и неговите другари биле верно подучувани на принципите на Божјата Реч. Тие научиле да го жртвуваат земското за духовното и да се стремат кон највисокото добро. И наградата не изостанала. Нивната навика да се воздржуваат и нивното чувство на одговорност како Божји претставници ги поттикнале способностите на нивните тела, духот и душата да се развијат на најблагороден начин. По завршувањето на нивното образование, кога биле испрашувани со другите кандидати за високи положби во царството, „не се најде ниеден како Даниел, Ананиј, Мисаил и Азариј“ (Даниел 1,19).

На вавилонскиот двор биле собрани претставници од сите земји, луѓе со најодбрани таленти, најбогато обдарени со природни дарови и со највисока култура што овој свет можел да ја даде; сепак, меѓу сите нив никој не бил подобар од еврејските заробеници. Никој не можел да се натпреварува со нив во физичка сила и убавина, во живоста на умот и литературните достигања. „И во сѐ мудро и умно за што ги испитуваше царот, се најде дека се десетпати повешти од сите волшебници и гатачи што ги имаше во сето негово царство“ (Даниел 1,20).

Непоколеблив во својата преданост на Бога, непопустлив кон самиот себе, Даниел како момче со своето благородно достоинство и љубезно искажување почит се здобил со „наклонетост и љубов“ на незнабожечкиот службеник под чиј надзор се наоѓал. Истите особини го одбележувале и неговиот живот. Брзо се издигнал до положба на прв министер во царството. Во текот на владеењето на неколку последователни владетели, пропаѓање на државата и воспоставување на соперничко царство, покажувал толкава мудрост и државничка способност, толку совршена тактичност, човечност и таква вистинска добрина на срцето, поврзана со верност кон принципите, што дури и неговите непријатели морале

да признаат дека „не можеа да најдат повод, ниту, пак, грешка, зашто беше верен“ (Даниел 6,4).

Додека со непоколеблива доверба се потпирал на Бога, Даниел го обзел дух на пророчка сила. Додека од луѓето ја примил почеста да ги носи одговорностите на дворот и да биде упатен во државните тајни, Бог му укажал чест да биде Негов претставник и го научил да ги толкува тајните на идните векови. Незнабожечките владетели, во допир со небесниот претставник, биле принудени да го признаат Даниеловиот Бог. „Навистина“, рекол Навуходоносор, „вашиот Бог е Бог над Боговите и Цар над царевите. Откривател на тајните“. А Дариј, во својот проглас до „сите племиња, народи и јазици што живеат по сета земја“, го возвисил „Даниеловиот Бог“ како „жив Бог, Тој останува довека! Неговото царство нема да пропадне“, кој „избавува и спасува... прави знаци и чудеса на небесата и на земјата“ (Даниел 2,47; 6,25-27).

## *Праведни и чесни луѓе*

Со својата мудрост и праведност, непорочност и подготвеност да прават добро во секојдневниот живот, со своето посветување на интересите на еден идолопоклонички народ, Јосиф и Даниел се покажале како верни на принципите на своето рано воспитување, верни на Оној чии претставници биле. Во Египет, како и во Вавилон, целата нација ги почитувала овие луѓе; и во нив незнабошците, како и сите народи со кои доаѓале во допир, виделе приказ на Божјата добрина и добродетел, приказ на Христовата љубов.

Каква животна задача им била дадена на тие благородни Евреи! Колку малку сонувале за својата висока положба кога се простувале со домот на своето детство! Верни и непоколебливи, тие се му потчиниле на божест-

веното водство, така што Бог преку нив можел да ја исполни својата намера.

Истите големи вистини што биле откриени преку овие големи луѓе, Бог сака да ги открие преку младината и децата на нашите денови. Историјата на Јосиф и Даниел е приказ на она што Бог ќе го стори за оние кои ќе му се покорат и ќе се стремат со цело срце да ја исполнат неговата намера.

Најголемата потреба на светот е потребата од луѓе – луѓе кои не можат ниту да се купат ниту да се продадат, луѓе кои во длабочината на својата душа се праведни и чесни, луѓе кои не се плашат гревот да го наречат со неговото вистинско име, луѓе чија совест е верна на должноста како што магнетната игла му е верна на полот, луѓе кои ќе стојат на страната на праведноста па дури и небото да се урне.

Но, таквиот карактер не е плод на случајот; тој не може да ѝ се припише на личната наклонетост или на даровите на Провидението. Благородниот карактер е плод на самодисциплина, покорување на пониската природа на повисоката – предавање на самиот себе во служба на Бога и ближните од љубов.

Младите мораат да ја разберат вистината дека даровите што им се доверени не им припаѓаат ним. Силата, времето и разумот се само позајмени богатства. Тие му припаѓаат на Бога, и секое младо суштество треба да одлучи да ги употреби за највозвишени цели. Младите се лози од кои Бог очекува плод; повереници чии таленти мораат да се умножуваат; светлина која треба да ја осветли темнината на светот.

На секој младич и девојка и на секое дете му е одредена работа која треба да ја изврши за Бог да се прослави и човештвото да се облагороди.

## *Елисеј, верен во малку*

Своите рани години пророкот Елисеј ги поминал во тишината на селскиот живот, поучуван од Бога и природата и дисциплиниран со полезна работа. Во време на речиси сеопшт отпад, припадниците на домот на неговиот татко се вбројувале меѓу оние кои не ги свиткале колената пред Вал. Нивниот дом бил дом во кој се славел Бог и во кој верноста на должностите се сметала за животно правило.

Како син на богат земјоделец, Елисеј се фатил за професијата што му била најблиска. Иако бил обдарен со способност да биде водач на луѓе, тој добил образование што го подготвувало за извршување на секојдневните, животни должности. За да може мудро да управува, морал да научи да слуша. Верноста во малку го подготвувала за поголеми одговорности.

Иако кроток и со смерен дух, Елисеј бил енергичен и цврст. Негувал љубов и страв Божји, и со понизно извршување на секојдневната тешка работа се здобивал со постојаност во намерите и благородност на карактерот, растејќи во божествената милост и знаење. Соработувајќи со таткото во домашните обврски, тој учел да соработува со Бога.

На Елисеј му бил упатен пророчкиот повик додека орал во полето заедно со слугите на неговиот татко. Кога Илија, воден од Бога во изборот на својот наследник, ја фрлил својата наметка врз рамениците на младиот човек, Елисеј го разбрал и го послушал повикот. Тој „тргна по Илија за да му служи“ (1. Царевите 19,21). Од Елисеј во почетокот не се барало ништо големо; неговата обука и понатаму се состоела од извршување на секојдневните обврски. За него се зборувало како за оној кој на својот господар, Илија, му ги полевал рацете. Како

личен слуга на пророкот, тој продолжил да се покажува верен во малку, додека секој ден во него зацврснувала одлуката да се посвети на повикот кој Бог му го одредил.

Уште при првото повикување, неговата одлука била ставена на проверка. Во мигот кога станал да тргне по Илија, пророкот му наредил да се врати дома. Морал да размисли за цената – и самиот да одлучи дали ќе го прифати или ќе го одбие повикот. Но, Елисеј ја разбрал вредноста на можноста што му се укажала. За никаква световна вредност тој не би се согласил да се откаже од можноста да стане Божји весник, ниту да се откаже од предимството да има заедница со Неговиот слуга.

Кога времето поминало, а Илија бил подготвен да биде земен на Небото, и Елисеј бил подготвен да стане негов наследник. И повторно неговата вера и решителност биле ставени на проверка. Следејќи го Илија на неговата службена обиколка, знаејќи дека наскоро ќе настапи промена, на секое место го слушал повикот на пророкот да се врати. „Остани ти тука“, барал Илија, „зашто Господ ме праќа во Ветил!“ Но, во својата поранешна работа, додека управувал со плугот, Елисеј научил да не паѓа со духот и да не се обесхрабрува; и сега, кога ја ставил својата рака на плуг во друго подрачје на должности, не дозволил да биде одвратен од својата намера. Секогаш кога му бил упатен повик да се врати, тој одговарал: „Жив ми Господ и жива ми твојата душа, јас нема да останам!“ (2. Царевите 2,2).

„И така тргнаа обајцата... тие двајца се задржаа на брегот на Јордан. Тогаш Илија ја зеде својата наметка, ја свитка и удри со неа по водата, а водата се раздели на две страни, и обајцата поминаа по суво. А кога поминаа, Илија му рече на Елисеј: ’барај што да сторам уште за те-

бе пред да бидам земен од пред тебе?' А Елисеј одговори: 'Духот што го имаш ти нека биде двоен во мене!' Илија одговори: 'Многу бараш: ако ме видиш кога ќе бидам земен од пред тебе, ќе ти биде така; ако пак не видиш, не ќе ти биде.' И додека тие така одеа и разговараа, ете: огнена кола и огнени коњи се јавија; ги раздвоија двајцата и го однесе Илија во виор на небо. Елисеј гледаше и викаше: 'Татко мој, татко мој! Израелева кола и неговите коњаници!' и веќе не го виде. Тогаш ги зеде своите облеки и ги раскина на две. И ја крена Илиевата наметка, што беше падната од него, та се врати и застана на брегот на Јордан. Тогаш ја зеде Илиевата наметка и удри по водата, велејќи: Каде е Господ, Илиевиот Бог? и кога удри по водата, таа се раздели на две страни, и Елисеј помина. Тоа го видоа отстрана пророчките синови, кои беа исто од Ерихон, и рекоа: Илиевиот дух остана на Елисеј! И му тргнаа во пресрет, се фрлија пред него на земјата" (2. Царевите 2,6-15).

Оттогаш Елисеј го зазема местото на Илија. Оној што се покажал верен во најмалото, се покажал верен и во големото.

Илија, човек од сила, бил Божјо орудие за отстранување на мошне големи зла. Идолопоклонството поддржувано од Ахав и незнабоежечката Језавела, а кое го завело народот, било соборено. Пророците на Ваал биле победени. Целиот израелски народ бил длабоко потресен, и мнозина повторно почнале да му служат на Бога. Наследникот на Илија требало да биде човек кој ќе може да го води израелскиот народ по сигурни патеки со внимателно и трпеливо поучување. Раното воспитување под Божјото водство го подготвило Елисеј за ова дело.

Ова е поука за сите. Никој не може да знае каква намера има Бог со него додека го воспитува; но сите мо-

жат да бидат сигурни дека верноста во малку е доказ на подготвеност за поголеми одговорности. Секое дело во животот го открива карактерот и само оној кој во малите должности ќе се покаже „како работник, кој не треба да се срамува" (2. Тимотеј 2,15), ќе биде почестен од Бога со доверување поголеми одговорности.

## *Мојсеј, силен преку верата*

Мојсеј бил помлад од Јосиф и Даниел кога му била одземена грижливата заштита на домот на неговото детство; меѓутоа, истите влијанија што го формирале нивниот живот, го формирале и неговиот. Тој поминал само дванаесет години со своите еврејски роднини; но токму во текот на овие години бил поставен темелот на неговата големина, утврден со раката на личноста за која малку се зборува.

Јохаведа била жена и робинка. Нејзиниот удел во животот бил скромен, нејзиниот товар тежок. Но, ниту една друга жена, освен Марија од Назарет, не му донела поголем благослов на светот. Знаејќи дека наскоро нема да може повеќе да се грижи за своето дете, бидејќи тоа ќе им биде доверено на чување на оние кои не го познаваат Бога, таа уште посериозно настојувала да ја поврзе неговата душа со Небото. Се трудела да всади верност и љубов кон Бога во неговото срце. Тоа дело било верно извршено. Ниту едно подоцнежно влијание не можело да го наведе Мојсеја да ги отфрли принципите на вистината кои мајката со своите проучувања и преку примерот на својот живот грижливо ги всадила.

Од скромниот дом во Гесем, синот на Јохаведа преминал во палатата на фараонот, кај египетската принцеза која го дочекала како сакан и мил син. Во египетските школи Мојсеј се здобил со највисоко граѓанско и вој-

ничко образование. Надарен со голема привлечност, со благороден изглед и стас, со префинет дух и кралско држење и славен како војсководител, тој станал гордост на нацијата. Египетскиот цар бил припадник на свештеничката класа; и Мојсеј, иако одбивал да учествува во незнабожечкото богослужение, бил упатен во сите тајни на египетската религија. Бидејќи Египет во тоа време сè уште бил најмоќната и најцивилизирана нација, Мојсеј, кого го очекувала владетелска положба, бил и наследник на највисоките почести што овој свет можел да ги понуди. Но тој избрал нешто поблагородно. Мојсеј ги жртвувал египетските почести за Божјата чест и за ослободувањето на неговиот поробен народ. Тогаш, во посебна смисла, Бог го презел неговото воспитување.

Мојсеј сè уште не бил подготвен за своето животно дело. Морал да научи да зависи од божествената сила. Тој погрешно ја разбрал Божјата намера. Се надевал дека ќе ги ослободи Израелците со силата на оружјето. Поради тоа ставил сè на коцка и, загубил. Поразен и разочаран, станал бегалец и прогонет во туѓа земја.

Во дивината на Мадијам, Мојсеј поминал 40 години како чувар на овци. Иако се чинело дека е засекогаш одвоен од својата животна мисија, тој, всушност, се здобивал со воспитување неопходно за нејзиното исполнување. Мудроста на управување со неукото и недисциплинирано мноштво мора да се добие со самосовладување. Грижејќи се за овците и нежните јагниња, тој морал да се здобие со искуство кое од него ќе направи верен и трпелив пастир на израелскиот народ. За да може да стане Божји претставник, тој морал да учи од Него.

Влијанијата што го опкружувале во Египет, наклонетоста на неговата маќеа, неговата сопствена положба на царски внук, раскошот и порокот кои мамеле на десет илјади начини, префинетоста, мудрувањето и мисти-

цизмот на лажната религија, сето тоа оставило трага врз неговиот ум и карактер. Но сето тоа исчезнало во строгата едноставност на пустината.

Мојсеј бил сам со Бога среде свечената величественост на самотијата во планините. Насекаде било напишано името на Создателот. Се чинело дека Мојсеј стои во Божјото присуство и дека е засолнет со Неговата сила. Тука исчезнало неговото чувство дека сè може сам. Во присуството на Бесконечниот, тој сфатил колку човекот е слаб, неспособен и кусоглед.

Тука Мојсеј се здобил со она што го загубил во текот на сите години од својот напорен и со грижи оптоварен живот - чувството на Божјата лична присутност. Не само што со векови однапред гледал во времето кога Христос ќе се појави во тело, туку го видел Христа како ги следи израелските војски на сите нивни патувања. Неразбран и погрешно претставен, принуден да поднесува укори и навреди, да се соочува со опасности и смрт, тој бил способен да издржи, „зашто издржа како да го гледа невидливиот“ (Евреите 11,27).

Мојсеј не само што размислувал за Бога туку и го видел. Бог секогаш стоел пред него во визија. Никогаш не го губел од вид изразот на неговото лице.

За Мојсеј верата не била нагаѓање, туку реалност. Верувал дека Господ на посебен начин управува со неговиот живот; и го признавал Бога во сите пригоди во животот. Се надевал дека Тој ќе му даде сила да се спротивстави на секое искушение.

Тој сакал големото дело што му било доверено да го направи успешно во најголема мера, и затоа целосно се потрпел врз божествената сила. Чувствувал потреба од помош, се молел за неа, ја примал со вера и одел напред надевајќи се во таа сигурна сила.

Тоа било искуството на Мојсеј стекнато во текот на четириесетгодишното школување во пустината. Бесконечната Мудрост не го сметала тој период премногу долг, ниту цената премногу висока за да му даде еден таков вид на искуство.

Резултатите од тоа воспитување, поуките објавени таму, поврзани се не само со историјата на израелскиот народ туку и со сето она што од тоа време до денес придонесувало за напредок на светот. Највисоко сведоштво за големината на Мојсеј е судот кој за неговиот живот го изрекло вдахновението: „Не се појави веќе пророк во Израел еднаков на Мојсеја, кого Господ го познаваше него лице в лице“ (5. Мојсеева 34,10).

## *Павле, радосен во службата*

На верата и искуството на галилејските ученици кои го следеле Исус во евангелската работа им се придружиле огнената решителност и интелектуалната сила на еден рабин од Ерусалим. Римски граѓанин, роден во незнабожечки град; Евреин не само по потекло туку и според животното воспитување, патриотска ревност и преданост на религијата; воспитан во Ерусалим крај нозете на најугледните рабини и поучен на сите закони и преданија на татковците, Савле од Тарс во најголема мерка ја делел гордоста и предрасудите на својот народ. Уште како момче, станал угледен член на Синедрионот; го сметале за човек што ветува, ревен бранител на исконската вера.

Во теолошките школи во Јудеја, Божјата Реч била потисната со човечки шпекулации; толкувањата и преданијата на рабините ѝ ја одзеле силата. Самовозвишувањето, властољубивоста, љубоморната исклучивост,

лицемерието и презривата горделивост биле владеечки принципи и побуди на овие учители.

Рабините се расфрлале со својата супериорност не само над припадниците на другите народи туку и над своите сопствени сонародници. Обземени од дива омраза кон своите римски поробувачи, тие цврсто одлучиле да ја вратат својата национална големина со силата на оружјето. Ги мразеле и убивале Исусовите ученици чија вест на мирот толку очигледно се спротивставувала на нивните честољубиви планови. Савле бил еден од најогорчените и најбезмилосни учесници во тоа гонење.

Во воените школи во Египет, Мојсеј го научил законот на силата, и влијанието на тоа учење врз неговиот карактер било толку силно што му биле потребни четириесет години смиреност и врска со Бога и природата за да се оспособи да го води израелскиот народ со законот на љубовта. И Павле требал да ја научи истата лекција.

Појавата на Распнатиот пред вратите на Дамаск, го сменила целиот тек на неговиот живот. Прогонувачот станал следбеник, а учителот ученик. Деновите на темнина, поминати во самотија во Дамаск, во неговото искуство изгледале како години. Предмет на неговото проучување биле старозаветните списи врежани во неговата меморија, а учител му бил Христос. И нему осаменоста на природата му станала училиште. Отишол во Арапската пустина за да ги проучува Писмата и да учи од Бога. Ја ослободил својата душа од предрасудите и преданијата што го обликувале неговиот живот, и примал поуки од Изворот на вистината.

Неговиот подоцнежен живот бил вдахновен единствено со принципот на пожртвуваноста, со службата на љубовта. „Јас сум им должник“, рекол тој, „и на Грците и на варварите, и на мудрите и на неразумните.“

„Зашто, Христовата љубов нѐ опфаќа“ (Римјаните 1,14; 2. Коринќаните 5,14).

Павле, најголемиот учител меѓу луѓето, ги прифатил најниските како и највисоките должности. Ја познавал неопходноста од физичката, како и од умствената работа, а самиот работел како занаетчија за да се издржува. Тој продолжил да прави шатори и покрај секојдневното проповедање на Евангелието во големите центри на цивилизацијата. „Самите знаете“, им кажал на разделба на старешините на црквата во Ефес, „дека овие раце им послужија на моите потреби и на оние, кои беа со мене“ (Дела апостолски 20,34).

Иако имал високи интелектуални способности, Павле со својот живот откривал сила на една уште поретка мудрост. Во неговите учења се објавени, а во неговиот живот применети принципи со највисока важност, принципи кои им биле непознати на најголемите умови на тоа време. Тој ја имал најголемата од сите мудрости, мудроста која ѝ дава длабочина на проникливоста и го исполнува срцето со сочувство, која поврзува човек со човек, разбудува подобра природа во него и го инспирира за повозвишен живот.

Слушајте ги неговите зборови изговорени пред незнабошците од Листра, додека ги упатува кон Бога откриен во природата, кон изворот на сѐ што е добро, кој ни дава „од небото дождови и плодоносни времиња и ги полни нашите срца со храна и веселба“ (Дела апостолски 14,17).

Гледајте го во ќелијата во Филипи каде, и покрај изматеноста на телото, неговата благодарствена песна ја прекинува полноќната тишина. По земјотресот кој ја отворил вратата на затворот, повторно се слуша неговиот глас кој му искажува зборови на охрабрување на незнабожечкиот стражар: „Не прави си себе никакво зло,

зашто сите сме тука“ (Дела апостолски 16,28) – секој човек е на своето место, задржан од присуството на еден затвореник. Уверен во реалноста на верата која го одржувала Павле, стражарот прашува за патот до спасението и со целиот свој дом се соединува со друштвото на прогонетите Христови ученици.

Гледајте го Павле во Атина пред соборот на Ареопаг, како на науката одговара со наука, на логиката со логика и на филозофијата со филозофија. Забележете како, со тактичност родена од божествената љубов, укажува на Господа како на „непознатиот Бог,“ кого неговите слушатели во незнаење го обожаваат; и како, наведувајќи зборови на еден од нивните поети, го опишува како Татко чии деца се тие. Слушајте го како, во тоа време на строга поделеност на општествени слоеви, кога човечките права биле сосема непризнати, ја изнесува големата вистина за братството на сите луѓе, изјавувајќи дека Бог „направи целиот човечки род да потекнува од еден човек и да се насели по лицето на целата Земја“. Потоа како покажува дека преку сите Божји постапки кон човекот се провлекува, како златна нишка, неговата добронамерност и милост. Тој „им определи одредени времиња и граници на нивните живеалишта, за да го бараат Бога; не би ли го напипале и нашле некако, зашто Тој не е далеку од ниеден од нас“ (Дела апостолски 17, 23. 26-27).

Слушајте го на Фистовиот двор, кога царот Агрипа, уверен во вистинитоста на Евангелието, воскликнал: „Уште малку па ќе ме убедиш да станам христијанин!“ Со каква нежна човечност Павле му одговара покажувајќи на своите синџири: „Би го молел Бога и за малку и за многу не само ти, но и сите што ме слушате денес, да станете такви, каков што сум и јас – но без овие окови“ (Дела апостолски 26,28.29).

Така му поминал животот, опишан со неговите сопствени зборови: „Често патував; бев во опасности од реки, во опасност од сонародници, во опасности од разбојници, во опасности од народи; во опасности од град, во опасности од пустина, во опасности по море, во опасност од лажни браќа, во труд и тешкотија, многупати во неспиење, во глад и жед, во многу постење, на студ и во голотија“ (2. Коринќаните 11,26.27).

„Кога нè навредуваат“, рекол тој, „ние благословуваме; кога нè гонат ние поднесуваме; кога нè клеветат ние се обраќаме благо“, „како жалосни, но секогаш радосни; како бедни, да збогатуваме други, како оние кои немаат ништо, а имаат сè“ (1. Коринќаните 4,12.13; 2. Коринќаните 6,10).

Тој својата радост ја наоѓал во служењето, а кон крајот на својот тежок живот, осврнувајќи се на сите негови борби и победи, можел да каже: „Извојував добра борба“ (2. Тимотеј 4,7).

---

Овие сведоштва имаат животно значење. Но нивното значење за никого не е толку длабоко како за младите. Мојсеј се откажал од царството што го очекувало, Павле од предимството да биде богат и почитуван во својот народ, за живот полн со носење товар во службата за Господа. На мнозина животот на овие луѓе им изгледа како живот на откажување и жртва. Дали е навистина така? Мојсеј го сметал Христовиот срам за поголемо богатство од сите египетски сокровишта. Тој мислел дека е така, затоа што навистина така и било. Павле изјавува: „Но тоа што ми беше некогаш придобивка, тоа го сметав за загуба поради Христа. Во суштина, и јас и сега сметам сè за загуба заради преважното познавање на Христа Исуса, мојот Господ, заради кого изгу-

бив сè и сè сметам за отпад, за да го придобијам Христа“ (Филипјаните 3,7.8). Тој бил задоволен со својот избор.

На Мојсеја му биле понудени палатата на фараонот и царскиот престол; но во тие господски дворови имало грешни задоволства кои ги наведувале луѓето да заборават на Бога и тој наместо нив ги одбрал „постојаното добро и справедливоста“ (Мудри изреки 8,18). Наместо да се поврзе со големината на Египет, тој избрал да го поврзе својот живот со Божјата намера. Наместо да му дава закони на Египет, тој, по божествено упатство, му пропишал закони на светот. Станал орудие преку кое Бог на луѓето им дал принципи кои се заштита на домот и општеството, кои се аголен камен на напредокот на народите – принципи кои денес најголемите луѓе на светот ги признаваат како темел на сè што е најдобро во владите кои ги поставуваат луѓето.

Големината на Египет лежи во прав. Неговата моќ и цивилизација поминале. Но делото на Мојсеј никогаш не може да пропадне. Големите принципи на праведноста, на чии воспоставувања тој им го посветил животот, се вечни.

Животот на Мојсеј, исполнет со работа и грижи кои го притискале неговото срце, бил осветлен од присуството на Оној кој е „избран меѓу десет илјади други“ и „Сиот е од љубезност“ (Песна над песните 5,10.16). Со Христа на патувањето низ пустината, со Христа на горана на преобразувањето, со Христа во небесните дворови – на Земјата бил благословен и на благослов, а на Небото почитуван.

И Павле во неговите разновидни задачи го поддржувала окрепувачката сила на Христовото присуство. „Сè можам“, рекол тој, „преку Христа, кој ми дава сила.“ „Кој ќе нè одвои од Христовата љубов? Неволјата ли, или притеснувањето, или гонењето, или гладот, или голо-

тијата, или гибелта или мечот?... Но во сè ова победуваме надмоќно преку Оној, кој нè возљуби. Зашто сум уверен дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни сегашноста, ни иднината, ни силите, ни височината, ни длабочината, ниту некое друго создание, ќе може да нè оддели од Божјата љубов, која е во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Филипјаните 4,13; Римјаните 8,35-39).

Постои, меѓутоа, идна радост која Павле ја очекувал како награда за својот труд – истата онаа радост поради која Христос го претрпел крстот и не се осврнувал на срамот – радоста да ги види плодовите од својата работа. „Зашто, што е наша надеж, или радост, или венец, или пофалба?“ – им пишувал тој на обратениците во Солун. „Та не сте ли вие пред нашиот Господ Исус Христос при Неговото доаѓање? Да, вие сте наша слава и наша радост“ (1. Солуњаните 2,19.20).

Кој може да процени какво влијание имало животното дело на Павле врз светот? Колку од сите тие благотворни влијанија кои го ублажуваат страдањето, ги тешат жалосните, го задржуваат злото, го издигнуваат животот над сè што е себично и телесно и го осветлуваат со надеж во бесмртност, колку од сето тоа треба да му се припише на делото на Павле и неговите соработници додека носејќи го Евангелието за Божјиот Син незабележани патувале од Азија кон бреговите на Европа?

Колкава вредност би имал животот на секој од нас кога би станал орудие во Божји раце за ширење на такви благословени влијанија? Колку ќе биде прекрасно во вечноста да ги набљудуваме плодовите на едно такво животно дело?

# ГОЛЕМИОТ УЧИТЕЛ

*„Никогаш човек не говорел така како Овој Човек.“*

Јован 7,46

# УЧИТЕЛ ДОЈДЕН ОД БОГА

*„Помислете, пак, на Оној.“*

Евреите 12,3

„И ќе го наречат: Советник, Прекрасен, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот“ (Исаија 9,6).

Учителот испратен од Бога, бил најголемиот и најдобар дар кој Небото можело да им го даде на луѓето. Оној, кој стоел во советите на Највисокиот, кој престојувал во најскриеното светилиште на Вечниот, бил избран лично да му го открие знаењето за Бога на човештвото.

Преку Христа нè осветлил секој зрак на божествената светлина што кога и да е го досегнал нашиот грешен свет. Тој бил Оној што во сите векови зборувал преку сите кои на луѓето им ја објавувале Божјата Реч. Сите доблести на најголемите и најблагородни луѓе на Земјата биле само Негов одраз. Непорочноста и добрототворноста на Јосиф, верата, кротоста и долготрпеливоста на Мојсеј, цврстината на Елисеј, благородната чесност и

постојаност на Даниел, ревноста и пожртвуваноста на Павле, умната и духовната сила која се покажала во сите овие луѓе, а и во сите други што некогаш живееле на Земјата – се само одблесоци од сјајот на Неговата слава. Тој е совршениот идеал.

За да го открие тој идеал како единствено вистинско мерило на она што е постигнато; за да покаже што сè човечкото суштество може да стане, што ќе станат сите кои ќе го примат преку пребивањето на божественото во човечкото – Христос дошол на овој свет. Тој дошол да покаже како луѓето треба да бидат воспитувани – како што им доликува на Божјите синови; како тие треба да ги применуваат небесните принципи на Земјата и да живеат со небесен живот.

Бог го дал својот највозвишен дар за да ја задоволи најголемата потреба на човекот. Светлината се појавила тогаш кога темнината во светот била најгуста. Лажното учење веќе долго време го одвојувало човечкиот ум од Бога. Во општо прифатените воспитни системи, човечката филозофија го заменила божественото откровение. Наместо мерилата на вистината дадени од Небото, луѓето си прифатиле мерило кое самите си го поставиле. Се одвратиле од светлината на животот, за да чекорат според светлина на светило што сами го запалиле.

Одвоени од Бога, потпрени само врз човечка сила, тие својата сила ја претвориле во слабост. Не можеле да го достигнат дури ни примерот што сами си го поставиле. Недостигот на вистинска доблест е надополнет со облик и лажно исповедање на верата. Привидноста го зазела местото на стварноста.

Одвреме-навреме се појавувале учители кои ги упатувале луѓето кон Изворот на вистината. Тие ги објавувале вистинските принципи, а животот на луѓето сведочел за нивната сила. Но, тие напори немале потрајно

влијание. Струјата на злото за миг била забавена, но не било запрено нејзиното надолно течение. Реформаторите биле како светла што светат во темнина, но не можеле да ја изгонат. На светот му омиле повеќе „мракот отколку светлината“ (Јован 3,19).

Кога Христос дошол на Земјата, се чинело дека човештвото бргу се приближува кон својата најниска точка. Самите темели на општеството биле поткопани. Животот ја загубил својата содржина и станал извештачен. Лишени од силата на Божјата Реч, Евреите на светот му пренеле традиции и шпекулации кои го затапуваат умот и ја умртвуваат душата. Обожавањето на Бога со „Дух и со вистина“ било заменето со величање на луѓе преку бескрајно повторување на обреди пропишани од луѓето. Насекаде во светот сите религиски системи го губеле влијанието врз умот и душата. Исполнети со одвратност кон измислиците и лагите, не сакајќи да размислуваат, луѓето се свртеле кон неверство и материјализам. Исклучувајќи ја вечноста од своите мисли, тие живееле само за сегашноста.

Кога престанале да го признаваат она што е божествено, луѓето престанале да го почитуваат и човечкото. Вистината, честа, чесноста, довербата, сочувството исчезнувале од Земјата. Бездушната алчност и преокупираност со амбиции довеле до сеопшта недоверба. Поимот за должност, за обврската на силниот кон слабиот, за човечкото достоинство и за правата на човекот, е потиснат на страна како фикс идеја или бесмислица. Обичните луѓе се сметани како добиток за влеча, орудие и отскочна даска за амбициозните. Почнале да се стремат кон богатство и моќ, кон удобност и угодување на своите тенденции како кон највисоко добро. Обележје на тоа време биле физичка дегенерација, душевна затапеност и духовно мртвило.

Додека злите страсти и намери го изгониле Бога од мислите на луѓето, заборавот на него сè повеќе ги приклонувал кон злото. Срцето кое го љуби гревот му ги припишува на Бога своите сопствени особини и таквото сфаќање ја зголемува силата на гревот. Наклонети да си удоволуваат на себеси, луѓето дошле до таму што го сметаат Бога за сличен на нив – Суштество кое сака да се прослави себеси, чии барања се прилагодени кон она што нему му се допаѓа; Суштество кое луѓето ги подигнува или соборува според тоа дали им помагаат или одмагаат на неговите себични намери. Пониските слоеви сметале дека врвното Битие одвај се разликува од нивните угнетувачи, освен што ги надминува со силата. Овие претстави имале влијание врз формирањето на сите облици на религијата. Секој од нив претставувал систем на даноци. Со дарови и обреди, верниците настојувале да го смилостиват божеството за да ја обезбедат неговата наклонетост за остварување на своите цели. Таквата религија, без какво и да е влијание врз срцето и совеста, не можела да биде ништо друго отколку низа форми што ги заморувале луѓето и од кои тие, кога од нив не би очекувале полза, со задоволство би се ослободиле. Незауздано, злото сè повеќе растело, додека вредноста на доброто и стремежот кон него опаѓале. Луѓето го загубиле Божјиот лик и го добиле жигот на демонската сила која управувала со нив. Целиот свет се претворал во мочуриште на расипаност.

За човечкиот род постоела само една надеж - да се стави нов квасец во таа маса на несоодветни и изопачени елементи; да се влее сила на нов живот во човештвото; да се објави знаењето за Бога во светот.

Христос дошол да го обнови тоа знаење. Тој дошол да го побие лажното учење, со кое оние што тврделе дека го познаваат, погрешно го претставувале Бога. Тој до-

шол да ја објави природата на својот Закон, да ја прикаже убавината на светоста со својот сопствен карактер.

Христос дошол на овој свет со љубов која растела од вечноста. Отфлајќи ги додадените барања кои го оптоварувале Божјиот Закон, Тој прикажал дека Законот е закон на љубовта, израз на божествената добрина. Тој покажал дека среќата на човештвото, а со тоа и стабилноста, самиот темел и аголен камен на човечкото општество почиваат врз послушноста на неговите принципи.

Божјиот закон е далеку од поставување самоволни барања; тој им е даден на луѓето како ограда, како штит. Секој што ќе ги прифати неговите принципи е заштитен од злото. Верноста кон Бога вклучува и верност кон човекот. Така Законот ги чува правата и индивидуалноста на секое човечко суштество. Тој го спречува надмоќниот да угнетува, а потчинетиот да биде непослушен. Го обезбедува доброто на човекот и во овој и во светот што ќе дојде. За послушниот, тој е залог за вечен живот, бидејќи ги изразува принципите кои ќе постојат вечно.

Христос дошол да ја прикаже вредноста на божествените принципи откривајќи ја нивната моќ да го препородат човештвото. Дошол да покаже како треба овие принципи да се објаснат и применат.

Луѓето од тоа време ја одредувале вредноста на нештата според надворешниот изглед. Додека силата на религијата се намалувала, нејзиниот надворешен сјај се зголемувал. Воспитувачите на тоа време настојувале да го задобијат почитувањето со расфрлање и фалбаџиство. Исусовиот живот бил целосна спротивност на сето тоа. Неговиот живот ја прикажал безвредноста на она што луѓето го сметале за најважно во животот. Роден во најскромно опкружување, Тој живеел во работ-

нички дом, јадел работничка храна, работел како занаетчија, живеел незабележан, изедначен со непознатите трудбеници од овој свет – но и покрај таквите околности и опкружување – Исус се држел до божествениот план за воспитување. Не се стремел кон училиштата од неговото време кои го увеличувале она што е малечко, а го потценувале големото. Тој своето воспитување го добивал непосредно од изворот одреден од Небото; го добивал со полезна работа, проучување на Писмото и природата, искуства во животот – од Божјите учебници полни со поука за секој што ќе им пријде со подготвени раце, отворени очи и разумно срце.

„А Младенецот растеше и крепнеше со духот, исполнувајќи се со премудрост, и благодатта Божја беше врз него“ (Лука 2,40).

Така подготвен, тргнал во својата мисија, ширејќи, секогаш кога доаѓал во допир со луѓето, благословено влијание, преобразувачка сила каква што светот никогаш порано немал видено.

Оној што настојува да го преобрази човештвото мора прво да го разбере. Луѓето можат да се придобијат и издигнат само со сочувство, доверба и љубов. Тука Христос ни се открил како голем Учител; од сите кои воопшто живееле на Земјата, само Тој совршено ја разбирал човековата душа.

„Оти, ние немаме таков Првосвештеник“ – голем Учител, бидејќи свештениците биле учители – „што не може да не соучествува во нашите слабости, туку таков, кој беше искушан во сите нешта како и ние“ (Евреите 4,15).

Единствено Христос ги искусил сите болки и искушенија на кои биле изложени човечките суштества. Никогаш никој роден од жена не бил толку жестоко нападнат со искушенија; никогаш никој, освен Него, не го носел толку тешкото бреме на гревот и болките на све-

тот. Никогаш не постоел никој, освен Него, чие сочувство било толку широко и толку нежно. Како учесник во искуствата на човештвото, Тој можел не само да љуби секого, туку и да сочувствува со секој кој носи некој товар, кој е искушуван и кој се бори.

Тој живеел онака како што поучувал. „Затоа ви дадов пример" – им рекол Тој на своите ученици – „да правите и вие така, како што ви направив Јас." „Јас ги запазив заповедите на мојот Отец" (Јован 13,15; 15,10). На тој начин Христовите зборови имале совршена илустрација и поддршка во неговиот живот. И повеќе од тоа; Тој бил она што го поучувал. Неговите зборови биле израз не само на неговото лично животно искуство, туку и на неговиот карактер. Тој не само што ја проповедал вистината, туку Самиот бил вистина. Тоа му давало сила на неговото учење.

Христос укорувал совесно. Никогаш не постоел некој кој го мразел злото како него; никој толку бестрашно не го демаскирал тоа зло. Веќе и самото негово присуство било укор за сè што е невистинито и ниско. Во светлината на неговата непорочност луѓето согледувале колку се тие самите порочни, колку се ниски и расипани нивните животни цели. Сепак, Тој ги привлекувал. Оној кој го создал човекот, ја разбирал и вредноста на човекот. Го демаскирал злото како непријател на оние кои настојувал да ги благослови и спаси. Во секое човечко суштество, колку и да е грешно, Тој гледал Божји син, некој што би можел повторно да го ужива предимството на сродството со Божеството.

„Оти Бог не го испрати својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него" (Јован 3,17). Гледајќи ги луѓето во нивните страдања и понижување, Христос наоѓал причина за надеж и таму каде што навидум имало само очај и пропаст. Секаде каде

што постоела свест за сопствената беда, Тој гледал можност за духовна поткрепа. Искушуваните, разочарани души, кои се чувствувале загубени, на работ на пропаста, Тој не ги пресретнувал со зборови на обвинување, туку на благослов.

Блаженствата биле негов поздрав до целото човечко семејство. Гледајќи го мноштвото насобрано да ја слушне проповедта на Гората, како за миг да заборавил дека не е на Небото, па се послужил со поздравот вообичаен во светот на светлината. Од неговите усни потекле благослови како млаз од долго запечатен извор.

Одвратувајќи се од честољубивите, самозадоволни миленици на овој свет, Тој прогласил дека се благословени оние кои ги примаат неговата светлина и љубов, без оглед на големината на нивната беда. Ги подал рацете кон сиромашните со дух, кон тажните, прогонетите, велејќи: „Дојдете кај Мене... и Јас ќе ве успокојам“ (Матеј 11,28).

Тој во секое човечко суштество гледал бескрајни можности. Ги гледал луѓето онакви какви што би можеле да бидат, преобразени со неговата благодат – во „славата на Господ, на нашиот Бог“ (Псалм 90,17). Гледајќи ги со надеж, Тој вдахнувал надеж во нив. Укажувајќи им доверба, ги вдахнувал со доверба. Откривајќи го во себе вистинскиот идеал на човекот, Тој будел копнеж и вера да се досегне тој идеал. Во негово присуство презрените и грешни души чувствувале дека сè уште се луѓе и копнееле да се покажат достојни за неговото внимание. Во многу срца кои изгледале мртви за сè што е свето, се буделе нови стремежи. На многу очајници им се отворала можност за нов живот.

Христос ги поврзувал луѓето со своето срце со врски на љубов и преданост; со истите врски ги врзувал и со нивните ближни. За Него љубовта била живот, а живо-

тот служба. „Бесплатно добивте“, рекол Тој, „бесплатно и давајте“ (Матеј 10,8).

Христос не се жртвувал за човештвото само на крстот. Додека одеше „правејќи добро“ (Делата на апостолите 10,38), предавањето на животот било негово секојдневно искуство. Еден ваков живот можел да се одржува на само еден начин. Исус живеел во зависност од Бога и во заедница со него. Луѓето понекогаш се повлекуваат на тајното место на Највозвишениот, под сенката на Семоќниот, остануваат таму некое време и, како плод на тоа, се покажуваат благородни дела; потоа нивната вера слабее, заедницата се прекинува, и на нивното животно дело паѓа дамка. Меѓутоа, Исусовиот живот бил живот на постојана доверба, поддржуван од постојана заедница; неговата служба, и за Небото и за Земјата, била без пропуст или колебање.

Како човек, понизно се обраќал до Божјиот престол сè додека она што е човечко во него не било исполнето со небесна струја, која го поврзувала човечкото со божественото. Примајќи живот од Бога, Тој им давал живот на луѓето.

„Никогаш човек не говорел така како Овој Човек“ (Јован 7,46). Ова би можело да се каже за Христа дури и да поучувал само на подрачјето на физичкото и интелектуалното, или да се занимавал само со теорија или шпекулација. Тој можел да открие тајни во кои би можело да се навлезе само по векови напорна работа и истражувања. Можел да даде сугестии на полето на науката кои сè до крајот на времето би им давале храна на мислите и би поттикнувале на откритија. Но, Тој не го направил тоа. Не рекол ништо за да ја задоволи љубопитноста или да го поттикне себичното честољубие. Не се занимавал со апстрактни теории, туку со она што е важно за развитокот на карактерот; со она што ќе ја зголе-

мува способноста на човекот да го запознае Бога и ќе ја зајакне неговата моќ да прави добро. Тој зборувал за оние вистини кои се однесуваат на управувањето со животот и кои го соединуваат човекот со вечноста.

Наместо да ги упатува луѓето да ги проучуваат човечките теории за Бога, неговата Реч и неговите дела, Тој ги учел да го гледаат онаков каков што се покажува во неговите дела, во неговата Реч и каков што ни го откриваат неговите намери. Тој го доведувал нивниот ум во допир со умот на Бесконечниот.

Луѓето „...се чудеа на неговата наука, зашто словото му беше со власт“ (Лука 4,32). Никогаш порано не зборувал некој кој би имал таква сила да ги поттикне мислите, да го разгори копнежот и да ја придвижи секоја способност на телото, умот и душата.

Христовото учење, како и неговото сочувство, го проникнале светот. Никогаш во животот не може да настапи околност, криза во човечкото искуство, за која Тој однапред не нè подготвил во своето учење и за која неговите принципи немаат поука. Зборовите на Кнезот на учителите ќе бидат водич на неговите соработници сè до крајот на времето.

Сегашноста и иднината, она што е блиску и она што е далеку, за него секогаш биле исто. Тој ги имал предвид потребите на целото човештво. На неговиот духовен поглед не му избегнувал ниту еден човечки напор и постигање, ниту едно искушение и судир, ниту една потешкотија и опасност. Нему му биле познати сите срца, сите домови, сите задоволства, радости и стремежи.

Тој не зборувал само како претставник на целото човештво, туку и му се обраќал на целото човештво. Неговата вест им била упатена на сите – на малото дете, во радоста на утрото на животот; на желното, немирно срце на младите, на луѓето во полна сила кои носат товар

на одговорност и грижа; на остарените во нивната слабост и изнемоштеност – на секој припадник на човештвото, во секоја земја и во секое време.

Со своето учење Тој го опфатил она што е минливо и она што е вечно, она што се гледа во однос на она што не се гледа, обичните настани од секојдневниот живот и важните прашања што се однесуваат на идниот живот.

Тој ги поставил проблемите на овој живот на нивното вистинско место, подредувајќи им ги на оние од вечен интерес, но не ја занемарил нивната важност; учел дека Небото и Земјата се поврзани, и дека познавањето на божествената вистина го подготвува човекот за подобро исполнување на неговите должности во секојдневниот живот.

За него ништо не било без полза. Игрите на детето, тешката работа на човекот, животните задоволства, грижите и болките, сето тоа биле средства за постигнување на една единствена цел – да се открие Бог за да се издигне човештвото.

Божјата Реч од неговите усни навлегувала во човечките срца со нова сила и ново значење. Неговото учење ги прикажало делата на создавањето во нова светлина. Врз лицето на природата повторно паднале зраците на оној сјај што бил изгонет од гревот. Во сите факти и животни искуства биле откривани божествени поуки и можност за дружење со Бога. Бог повторно престојувал на Земјата; срцата на луѓето станале свесни за неговото присуство; светот бил опкружен со неговата љубов. Небото се спуштило кон луѓето. Нивните срца го признале во Христа Оној кој им ја открил науката за вечноста – „Емануел, Бог со нас“ (Матеј 1,23).

Секое вистинско воспитно дело има свое средиште во Учителот испратен од Бога. За ова дело во наше време како и за делото што Тој го основал пред 18 векови,[1] Спасителот зборува со следните зборови –

„Јас сум Првиот и Последниот и Живиот.“

„Јас сум Алфа и Омега, Почетокот и Свршетокот.“ (Откровение 1,17.18; 21,6)

Во присуство на таков Учител, на таква можност да се здобиеме со божествено воспитување, зар не е повеќе од бесмислено да се бара воспитување надвор од него – да се стремиме кон мудрост надвор од Мудроста; кон вистина отфрлувајќи ја Вистината; кон просветлување надвор од Светлината; кон живеење без Животот; да се одвратиме од Изворот на жива вода и да си копаме издупчени бунари кои не можат да држат вода.

Ете, Тој и сега нè повикува: „Кој е жеден нека дојде при мене да пие! Кој верува во мене, од неговата утроба, како што е речено во Писмото, ќе потечат реки од жива вода“, „таа во него ќе стане извор на вода што тече во живот вечен“ (Јован 7,37,38; 4,14).

1 Оваа изјава за прв пат е објавена во 1903 година.

# ПРИКАЗ НА НЕГОВИТЕ МЕТОДИ

*„Го јавив името Твое*
*на луѓето што си Ми ги дал.“*

Јован 17,6

Методите со кои се служел Христос како учител, се најпотполно прикажани во подготвувањето на првите дванесеттмина ученици. Врз овие луѓе требало да почиваат тешки одговорности. Тој ги избрал како луѓе кои ќе може да ги вдахне со својот Дух, кои ќе можат да бидат оспособени да го продолжат неговото дело на Земјата тогаш кога Тој ќе мора да го напушти. Им го укажал предимството, повеќе отколку на сите други, да бидат во неговото друштво. Со личен допир го втиснал печатот на својата личност врз тие избрани соработници. „И Животот се јави“ – вели омилениот Јован – „и видовме, и сведочиме“ (1. Јованово 1,2).

Само со таква заедница – заедница на ум со ум и срце со срце, на човечкото со божественото – може да се пре-

несе онаа животворна енергија која делото на вистинското воспитување треба да ја даде. Само животот раѓа живот.

Во подготвувањето на своите ученици, Спасителот го применувал системот на воспитување воспоставен на почетокот. Дванаесеттемина првоизбрани, заедно со уште неколкумина други кои служењето на потребите на учениците повремено ги здружувало со нив, го сочинувале Христовото семејство. Тие биле со него во домот, на трпезата, во собата, во полето. Го следеле на неговите патувања, ги делеле неговите грижи и потешкотии и, онолку колку што било можно за нив, учествувале во неговата работа.

Понекогаш ги поучувал додека седеле заедно на падината на некој рид, понекогаш покрај морето, или од рибарски чамец, а понекогаш по пат, додека оделе. Кога и да му зборувал на мноштвото, учениците биле околу него. Настојувале да му бидат колку е можно поблиску, за да не загубат ниту една од неговите поуки. Биле внимателни слушатели, со желба да ги разберат вистините кои требале да ги проповедаат во сите земји и на сите генерации.

Првите Христови ученици биле одбрани од редовите на обичните луѓе. Овие галилејски рибари биле скромни, необразовани луѓе; луѓе неупатени во учењата и обичаите на рабините, но прекалени со строгата дисциплина на тешката работа и неволјата. Тоа биле луѓе природно способни и со поучлив дух; луѓе кои можеле да бидат подготвени и изградени за делото на Спасителот. На патеките на обичниот живот има многу трудбеници, кои од ден на ден трпеливо ги извршуват своите вообичаени должности, несвесни за притаените способности кои, кога би биле ставени во дело, би ги вброиле меѓу големите светски водачи. Такви биле и луѓето кои Спасителот ги пови-

кал да бидат негови соработници. Тие го имале предимството три години да се подготвуваат кај најголемиот Воспитувач што светот некогаш го запознал.

Овие први ученици ги карактеризирала изразита разноликост. Тие требале да бидат учители на светот, а сепак многу се разликувале според своите карактерни црти. Тука бил Леви Матеј, цариник, повикан од еден живот на деловна активност и подложност на Рим; ревнителот Симон, непопустливиот непријател на царскиот авторитет; Петар, избувлив, самоуверен и со добро срце и Андреј, неговиот брат; Јуда Јудеецот, углаfeatured, способен, но со алчен дух; Филип и Тома, верни и искрени, но со срце бавно за верба; Јаков Алфеев и Јуда Јаковов, помалку истакнати меѓу браќата, но енергични луѓе, упорни и во своите мани и во доблестите; Натанаил, како дете по искреноста и довербата; и синовите Заведееви, честољубиви, но со верни срца.

За да можат успешно да го извршуваат делото за кое биле повикани, овие ученици, кои толку се разликувале по природните особини, по воспитувањето и животните навики, морале да постигнат единство на чувствата, мислите и дејствувањето. Христова цел била да го изгради тоа единство. За да го постигне тоа, Тој настојувал да ги обедини со себе. Целта на неговиот труд околу нив е изразена во неговата молитва до Отецот: „За да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во мене и Јас во тебе; па така и тие да бидат во Нас едно... и да узнае светот дека Ти си ме пратил, и нив си ги возљубил, како мене што ме возљуби“ (Јован 17,21-23).

## *Христовата моќ преобразува*

Од дванесеттемината ученици, четворица требале да имаат водечка улога, секој на своето посебно подрачје.

За да ги подготви за тоа, Христос ги поучувал предвидувајќи сѐ. Јаков, одреден да умре со брза смрт од меч, Јован, кој требал најдолго од сите браќа да го следи својот Учител во работата и прогонството; Петар, пионер во пробивањето на вековните огради и во проповедањето на незнабожечкиот свет; и Јуда, способен да се истакне над своите браќа во службата, а сепак во своето срце да кове планови за чии последици малку мислел - тоа биле оние за кои Христос најмногу се грижел и кои најчесто и најгрижливо ги поучувал.

Петар, Јаков и Јован се стремеле да бидат покрај својот Учител во секоја поволна прилика и нивната желба била исполнета. Меѓу дванаесеттемина, тие биле во најтесна врска со Него. Јован можела да го задоволи само уште поголема блискост и тој го постигнал тоа. На оној прв состанок покрај Јордан, кога Андреј, слушајќи го Исус, отрчал да го повика брата си, Јован седел молчејќи, задлабочен во размислувањето за чудесни теми. Тој го следел Спасителот како желен и внимателен слушател. Сепак, карактерот на Јован не бил без мана. Тој не бил некој благ, занесен „сонувач". Него и неговиот брат ги нарекувале „синови на громот" (Марко 3,17). Јован бил горд, честољубив, воинствен; но под сето тоа небесниот Учител видел топло, искрено и верно срце. Исус ја осудил неговата себичност, ја разочарал неговата честољубивост и ја испитал неговата вера. Но, му го открил она по што копнеела неговата душа – убавината на светоста, својата сопствена љубов која преобразува. „Го јавив името Твое на луѓето", му рекол Исус на Отецот, „што си ми ги дал од светот" (Јован 17,6).

Јован по природа копнеел по љубов, симпатија и другарство. Тој се припил до Исуса, седел покрај него, се потпирал на неговите гради. Како што цветот ги впива сонцето и росата, така и тој ги впивал божествената

светлина и животот. Го гледал Спасителот со обожавање и љубов, сè додека сличноста со Христа и заедницата со него не станале негов единствен копнеж и додека во неговиот карактер не се одразил карактерот на неговиот Учител.

„Гледате“, пишува тој, „каква љубов ни дал Отецот: да се наречуваме Божји деца. Затоа светот не нè познава нас, зашто не го позна него. Возљубени, сега сме Божји деца, и уште не се откри што ќе бидеме; но знаеме: кога Тој ќе се појави, ќе му бидеме слични, зашто ќе го гледаме онаков каков што е. И секој, кој ја има оваа надеж во него, се очистува самиот, како што е и Тој чист“ (1. Јованово 3,1-3).

## *Од слабост до сила*

Сторијата на Петар го прикажува Христовиот метод на воспитување подобро од сторијата на кој било друг ученик. Смел, борбен, со голема самодоверба, со голема моќ на забележување и избувлив во одлуките, брз во одмаздувањето, а сепак великодушен во простувањето, Петар често грешел и често добивал укори. Но, исто така често добивал и јасни признанија и пофалби за својата срдечна верност и преданост на Христа. Трпеливо, со непристрасна љубов, Спасителот се трудел околу овој темпераментен ученик, настојувајќи да ја ограничи неговата доверба во самиот себе и да го научи на понизност, послушност и доверба.

Меѓутоа, лекцијата била само делумно научена. Самоувереноста не била искоренета.

Исус често, кога товарот тешко го притискал неговото срце, копнеел да им ги изнесе на учениците сцените на своето искушение и страдања. Но, очите им биле затворени. Тие не сакале да знаат и затоа не го виделе тоа.

Самосожалувањето, кое се плашело од заедница со Христа во страдањата, го натерало Петар да воскликне со неодобрување: „Биди милостив кон себе, Господи; тоа никогаш нема да ти се случи!“ (Матеј 16,22). Неговите зборови ги одразувале мислите и чувствата на дванаесеттемина.

И така оделе понатаму додека кризата се наближувала; фалбаџии, кавгаџии, однапред делејќи ги владетелските почести и не сонувајќи за крстот.

Искуството на Петар било поука за сите нив. Оној што се потпира врз себе доживува пораз во искушението. Христос не можел да ги спречи сигурните последици на злото кое сè уште не е отфрлено. Но, како што неговите раце биле подадени да спасат кога брановите се заканувале да го потопат Петар, така и неговата љубав била поттикната да го спаси кога длабоките води ја преплавувале неговата душа. Додека се наоѓал на самиот раб на пропаста, фалбените зборови го доведувале Петар сè поблизу и поблизу до амбисот. Постојано го добивал предупредувањето: ќе „одречеш дека ме познаваш“ (Лука 22,34). Ожалостено, верното срце на ученикот се отворило со зборовите на изјавата: „Господи, готов сум да одам со Тебе и в затвор, и во смрт!“ (Лука 22,33); и Оној кој ги испитува срцата му ја упатил на Петар тогаш малку вреднуваната порака, но која во темнината што бргу се спуштала, ќе внесе зрак на надеж: „Симоне, Симоне, ете, сатаната посака да ве просее како пченица; но Јас се молев за тебе, за да не се намали твојата вера. А ти, кога еднаш ќе се обратиш, зацврсти ги своите браќа!“ (Лука 22,31,32).

Кога во судницата биле изговорени зборовите на откажување; кога Петровата љубов и верност, разбудени од погледот на Спасителот полн со сожалување, љубов и жалост, го одвеле него во градината во која Христос пла-

чел и се молел; кога неговите покајнички солзи капеле на земјата кој била натопена со капките крв од Христовата претсмртна борба – тогаш зборовите на Спасителот: „Јас се молев за тебе... а ти кога еднаш ќе се обратиш, зацврсти ги своите браќа“, биле бедем на неговата душа. Христос не го препуштил на очајанието иако однапред знаел за неговиот грев.

Ако погледот што Исус го фрлил кон него одразувал осуда наместо сожалување, ако пропуштил да зборува за надежта додека го претскажувал неговиот грев, колку би била длабока темнината што го опкружувала Петар! Колку неподнослив би бил очајот на таа измачена душа! Во тој час на потешкотија и одвратност кон себеси, што би можело да го задржи да не тргне по патот по кој тргнал Јуда?

Оној кој не можел да го поштеди својот ученик од тешкотија, не го препуштил самиот на неговата горчина. Христовата љубов никогаш не престанува ниту заборава.

Човечките суштества, и самите препуштени на злото, се наклонети да постапуваат грубо со оние кои се во искушение и кои скршнуваат од вистинскиот пат. Тие не можат да го испитуваат срцето, ниту ги познаваат неговите борби и болката. Ним сè уште им е потребно да дознаат дека постои укор кој го изразува љубовта, удар кој ранува за да излекува, предупредување кое зборува за надеж.

Не Јован кој останал крај Христа во судницата, кој стоел покрај неговиот крст и кој прв од дванаесеттемина бил на гробот – не Јован, туку Петар бил тој кого Исус го споменал по своето воскресение. „Туку одете, кажете им на неговите ученици и на Петар’, рекол ангелот, ‘дека Тој отиде пред вас во Галилеја: таму ќе го видите“ (Марко 16,7).

Кога Исус за последен пат се сретнал со учениците покрај морето, Петар, испитан со прашањето „Ме са-

каш ли?“ - кое му било поставено три пати, повторно го добил своето место меѓу дванаесеттемина. Му било доверено Христовото дело; требал да го пасе Господовото стадо. На крај, како своја последна порака, Христос му наложил: „Ти следи ме!“ (Јован 21,17.22).

Сега Петар можел да ги разбере сите зборови. Сега можел подобро да ја разбере поуката што Христос ја дал кога го поставил детето среде учениците и ги повикал да станат слични на него. Запознавајќи ги поцелосно и своите сопствени слабости и Христовата сила, тој бил подготвен да има доверба и да слуша. Можел да го следи својот Учител потпирајќи се на неговата сила.

А при крајот на своето искуство во работата и жртвата, ученикот, кој некогаш бил толку неподготвен да го разбере крстот, бил желен радосно да го положи својот живот за Евангелието, единствено чувствувајќи дека за него, кој се откажал од Господа, е премногу голема чест да умре на истиот начин на кој што умрел и неговиот Учител.

Чудесната промена кај Петар била плод на божествената благост. Тоа е животна поука за сите кои се трудат да одат по стапките на големиот Учител.

## *Поуки со љубов*

Исус ги укорувал своите ученици. Тој ги потсетувал и предупредувал: но Јован и Петар и нивните браќа не го напуштиле. И покрај укорите, тие одлучиле да останат со Исус. А ни Спасителот не ги напуштил нив поради нивните грешки. Тој ги прифаќа луѓето онакви какви што се, со сите нивни мани и слабости, и ги подготвува за својата служба, доколку тие сакаат да бидат дисциплинирани и подучувани.

Но, меѓу дванаесеттемина бил и еден кому сè до крајот на својата работа Христос не му упатил ниту еден збор на директен укор.

Меѓу учениците Јуда внел дух на соперништво. Тој му се придружил на Исуса, привлечен од Неговиот карактер и живот. Искрено копнеел за промена во себе и се надевал дека ќе ја искуси соединувајќи се со Христа. Но, оваа желба не надвладеала во него. Него го придвижувала надежта во себичните добивки и во световното царство кое очекувал Христос да го воспостави. Иако ја признавал божествената сила на Христовата љубов, Јуда не ѝ се покорувал на нејзината власт. Продолжил да ги вреднува своето сопствено расудување и ставови, и да негува тенденција кон критикување и осудување. Христовите побуди и постапките кои толку често ја надминувале неговата моќ на разбирање, кај него буделе сомнеж и несогласување, и тој своите лични сомневања и славољубие незабележливо ги пренесувал и на учениците. Голем дел од нивните расправии околу првенството и нивното незадоволство со Христовите методи потекнувале од Јуда.

Исус одбегнувал директен судир, гледајќи дека спротивставувањето би довело само до уште поголема закоравеност. Христос настојувал да ја излекува тесноградата себичност на животот на Јуда доведувајќи го во допир со својата пожртвувана љубов. Во своето учење изнесувал принципи кои во корен ги погодувале самољубивите амбиции на ученикот. Така биле давани поука по поука и многу пати Јуда сфаќал дека со тоа бил прикажан неговиот карактер и обележан неговиот грев; но не сакал да се покори.

Кога го отфрлил повикот на милоста, тогаш силата на злото конечно надвладеала. Гневен поради укорите и очаен поради пропаста на своите честољубиви сништа,

Јуда ја продал својата душа на демонот на алчноста и одлучил да го предаде својот Учител. Од пасхалната соба, од радоста на Христовото присуство и светлината на бесмртната надеж, тој отишол да го изврши своето зло дело – во најкрајната темнина, каде што нема надеж.

„Исус знаеше од почетокот, кои не веруваат и кој ќе го предаде“ (Јован 6,64). Сепак, иако знаел сè, Тој не задржал ниту еден повик на милост или дар на љубов.

Гледајќи во каква опасност се наоѓа Јуда, Тој го зел во својата близина и го вовел во тесниот круг на своите одбрани и доверливи ученици. Од ден на ден, додека неговото срце го притискало најтежок товар, Исус ја поднесувал болката на постојаниот допир со тој тврдоглав, полн со сомнежи и мрачен дух; Тој бил сведок на постојаното, тајно и подмолно соперништво меѓу своите ученици и се трудел да го искорени. И сето тоа само на таа загрозена душа да не ѝ биде ускратено ниту едно спасоносно влијание!

*„Големи води не можат да ја угаснат љубовта,*
*ниту реките да ја потопат.“*
*„Зашто љубовта е силна како смртта.“*

Песна над песните 8,7.6

Што се однесува до Јуда лично, Христовото дело на љубов немало успех. Меѓутоа, во однос на неговите другари, учениците, тоа не било така. Ним тоа им овозможило поука, чие влијание го чувствувале во текот на целиот живот. Тоа им било пример за нежност и долготрпение, кој секогаш ќе влијае на нивното однесување кон оние кои се во искушение и кои скршнале од вистинскиот пат. Но, тоа овозможило и други поуки. При изборот на дванаесеттемина, учениците многу сакале Јуда да влезе во нивниот круг, и неговото пристапување го

сметале за многу значаен настан за апостолскиот собир. Јуда повеќе од нив доаѓал во допир со светот, бил со добро однесување, остроумен и способен да управува со работите и, бидејќи високо ги вреднувал своите способности, ги навел учениците и тие да го вреднуваат на ист начин. Но, методите што тој сакал да ги воведе во Христовото дело биле втемелени на световни принципи и под влијание на световната политика. Тие биле насочени кон придобивање световни признанија и почести – кон задобивање на царството на овој свет. Влијанието на овие желби врз животот на Јуда им помогнало на учениците да ја разберат спротивноста меѓу принципите на самовозвишувањето и Христовиот принцип на понизност и самопожртвуваност – принцип на духовното царство. Во судбината на Јуда тие виделе кон што води служењето на себеси.

За овие ученици Христовата мисија конечно ја постигнала својата цел. Малку по малку, неговиот пример и неговите поуки за самооткажувањето го обликувале нивниот карактер. Неговата смрт ја уништила нивната надеж во световна големина. Падот на Петар, отпадот на Јуда, нивниот личен пораз кога во мигот на опасност се откажале од Христа, ја отстраниле нивната горделива самоувереност. Ја согледале својата сопствена слабост; делумно ја согледале и големината на делото што им е доверено; почувствувале потреба Учителот да ги води на секој чекор.

Знаеле дека Тој лично веќе нема да биде со нив и ја разбрале, како никогаш порано, вредноста на можноста да одат и разговараат со Испратениот од Бога. Многу од неговите поуки, кога ги изговарал, тие ниту ги вреднувале ниту ги разбирале; сега сакале повторно да ги повикаат во сеќавање, повторно да ги слушнат негови-

те зборови. Колкава радост им влевало сега неговото ветување:

„Подобро е за вас Јас да си отидам, зашто, ако не си отидам, Утешителот нема да дојде при вас; ако, пак, заминам, ќе ви го испратам.“ „Зашто ви соопштив сè што чув од Мојот Татко.“ „А Утешителот, Светиот Дух, кого мојот Отец ќе го испрати во мое име, ќе ве научи сè и ќе ве потсети на сè што ви реков“ (Јован 16,7; 15,15; 14,26).

„Сè што има Отецот - мое е.“ „А кога ќе дојде Тој, Духот на Вистината, ќе ве упати во сета вистина... зашто ќе земе од моето и ќе ви јави“ (Јован 16,15.13.14).

Учениците виделе како Христос од Маслинската гора, од нивна средина заминува на Небото. И кога Небото го примило, до нив допрел одекот од неговото проштално ветување: „И еве, Јас сум со вас, во сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28,20).

Тие знаеле дека Тој и понатаму сочувствува со нив. Знаеле дека имаат претставник, застапник, пред Божјиот престол. Своите молби ги упатувале во Исусово име, повторувајќи го неговото ветување: „Што и да молите од мојот Отец, во мое име, ќе ви даде“ (Јован 16,23).

Сè повисоко и повисоко ја подавале раката на верата, имајќи силна причина: „Христос е Оној кој умрел, но уште и воскресна - кој е од десната страна на Бога, и кој се застапува за нас“ (Римјаните 8,34).

Верен на своето ветување, член на Божеството, прославен во небесните дворови, Тој на своите следбеници на Земјата им дал од својата полнота. Христовото устоличување од десната страна на Бога било објавено со излевање на Духот врз неговите ученици.

Благодарение на Христовиот труд, овие ученици биле наведени да ја почувствуваат својата потреба од Духот; благодарение на поуката на Духот, тие целосно се

подготвиле и тргнале да го извршат своето животно дело.

Тие веќе не биле необразовани и недоделкани. Веќе не биле собир на неусогласени и противречни елементи. Нивната надеж повеќе не била насочена кон световна големина. Биле „едонодушни“, со „еден ум и една душа“. Христос ги исполнувал нивните мисли. Нивна цел било напредувањето на неговото царство. Со умот и карактерот тие станале слични на нивниот Учител, а луѓето „ги препознаа дека тие беа со Исуса“ (Дела апостолски 4,13).

Тогаш Христовата слава се открила така како што никогаш порано смртните луѓе немале можност да ја видат. Мнозина, кои се потсмевале на Неговото име и ја презирале Неговата моќ, одлучиле да бидат ученици на Распнатиот. Со помош на Светиот Дух овие скромни луѓе што Христос ги одбрал, го протресле светот со нивното дело. Во една единствена генерација Евангелието му било објавено на секој народ под небото.

---

Истиот Дух, кој го испратил наместо себе, за да им биде учител на Неговите први соработници, Христос го овластил да им биде учител и на неговите соработници денес. Тој ветил: „Еве, Јас Сум со вас во сите дни, до свршетокот на светот“ (Матеј 28,20).

Присуството на истиот Водич во воспитното дело денес ќе доведе до истите резултати како и некогаш. Тоа е целта кон која се стреми вистинското воспитување; тоа е делото што тоа, по Божја волја, треба да го изврши.

# ПОУКИ ОД ПРИРОДАТА

*„Размисли за чудесните дела на Оној кој е совршен во знаењето.“*

За Јов 37,14.16

# БОГ ВО ПРИРОДАТА

*„Неговата слава ги покрива небесата, и Земјата е полна со Неговите блага.“*

Авакум 3,3

На сè што е создадено се гледа отпечаток на Божеството. Природата сведочи за Бога. Приемчивиот ум, доведен во врска со чудесата и тајните на вселената, не може а да не го препознае дејствувањето на бесконечната сила. Земјата не ги дава своите добра ниту продолжува да се врти околу Сонцето од година во година благодарение на сопствената енергија. Една невидлива рака ги води планетите во нивното кружење по небото. Таинствениот живот е проткаен во целата природа – живот кој одржува безбројни светови во бесконечноста, кој живее и во најситниот инсект што се лелее на летното ветренце, кој ѝ дава брзина на ластовичката во лет и ги храни младите гаврани кога викаат, кој ја претвора пупката во цвет, а цветот во плод.

Истата сила што ја одржува природата делува и во човекот. Истите големи закони кои ги водат и ѕвездата и

атомот го надгледуваат и човековиот живот. Законите кои управуваат со работата на срцето подесувајќи го протокот на струјата на животот според законите на телото, се закони на моќниот Ум кој има власт над душата. Од Него произлегува целиот живот. Само во согласност со Него може да се утврди вистинското подрачје на активноста на животот. На сите суштества, што ги создал, им е поставен истиот услов – да се одржува животот со примање од Бога и да се води во согласност со волјата на Создателот. Прекршувањето на Неговиот физички, морален или ментален закон, значи издвојување од хармонијата со вселената, внесување неред, анархија, пропаст.

За оној што ќе научи вака да ги толкува нејзините учења, целата природа станува јасна; светот е учебник, а животот школа. Единството на човекот со природата и со Бога, општата задолжителност на законите, последиците од престапот, неминовно влијание врз умот и го обликуваат карактерот.

Тоа се поуките што нашите деца треба да ги научат. За малото дете, кое сѐ уште не е способно да учи од печатениот збор или да се вклучи во редовниот тек на училишната настава, природата претставува неисцрпен извор на поука и уживање. Срцето кое сѐ уште не отврднало во допирот со злото бргу ја препознава присутноста на Оној кој проткајува сѐ што е создадено. Увото кое сѐ уште не е задушено од бучавата на светот внимава на Гласот кој зборува преку гласовите на природата. А за оние во постари години, на кои им се постојано потребни нејзините неми потсетници на духовното и вечното, поуките на природата ќе бидат не помал извор на уживање и знаење. Како што жителите на Едем учеле од страниците на природата, како што Мојсеј го препознал Божјиот ракопис врз арапските долини и ридови, а

детето Исус на падините на ритчињата на Назарет, така и денешните деца можат да учат за Севишниот. Невидливото е претставено со она што е видливо. На сѐ што е на Земјата, од највисокото стебло во шумата до лишаите прилепени до карпата, од бескрајниот океан до најмалата школка на брегот, можат да се видат сликата и потписот Божји.

Колку што е тоа можно, детето треба од своите најрани години да престојува онаму каде што овој прекрасен учебник ќе биде отворен пред него. Нека ги гледа прекрасните слики што големиот Уметник ги насликал на мобилното небесно платно, нека се запознае со чудесата на земјата и морето, нека ги набљудува таинствените промени во текот на менувањето на годишните времиња и од сите Негови дела нека учи за Создателот.

На ниту еден друг начин темелите на вистинското воспитување не можат да се поставаат толку цврсто и сигурно. Но, дури и детето, кога ќе дојде во допир со природата, забележува појави што го збунуваат. Тоа неизбежно ќе го забележи дејствувањето на соперничките сили. И токму тука на природата ѝ е потребен толкувач. Гледајќи како злото се покажува дури и во светот на природата, сите мораат да ја научат истата жална поука – „Човек непријател го направи тоа“ (Матеј 13,28).

Поуките на природата можат правилно да се прочитаат само во светлината што сјае од Голгота. Нека низ историјата на Витлеем и на крстот биде покажано дека доброто ќе го надвладее злото и дека секој благослов што го примаме е дар на откупувањето.

Злото кое расипува и уништува е претставено со боцки и трн, со плевел и троскот. Во птицата што пее и цветот кој се отвора, во дождот и сјајот на сонцето, во летното ветре и нежната роса, во десетици илјади нешта во природата, од дабот во шумата до темјанушката што цу-

ти при неговиот корен, се гледа љубов која обновува. И природата сѐ уште ни зборува за Божјата добрина.

„Зашто Јас ги знам своите замисли, за тоа што имам намера со вас - зборува Господ - замисли за мир, а не за несреќа“ (Еремија 29,11). Тоа е поуката која во светлината од крстот може да се чита на целото лице на природата. Небесата ја објавуваат славата Негова и Земјата е полна од Неговите блага.

# ПОУКИ ОД ЖИВОТОТ

*„Поразговарај со земјата, таа ќе те научи.“*

За Јов 12,8

Големиот Учител ги доведувал своите слушатели во допир со природата за да можат да го слушнат гласот кој зборува од сѐ што е создадено; и кога срцето ќе им се разнежело, а умот ќе станел подготвен да прими, Тој им помагал да ја разберат духовната порака на сцените врз кои почивале нивните очи. Параболите[2] со кои со задоволство ги изнесувал поуките за вистината, покажуваат колку бил отворен неговиот дух за влијанијата на природата и колку уживал да собира духовни поуки од сето она што го опкружувало во секојдневниот живот.

Птиците во воздухот, криновите во полето, сејачот и семето, пастирот и овците – со тоа се служел Христос за сликовито да ја опише бесмртната вистина. Тој наоѓал примери во случувањата од животот, во факти и искуства што им биле познати на слушателите – квасец, сокриено богатство, бисер, рибарска мрежа, загубена па-

2 Прабола – кратка и едноставна приказна, обично од секојдневниот живот од која се извлекуваат морални или религиски поуки..

ричка, загубен син, куќи на карпа или на песок. Во неговите поуки има по нешто што ќе го привлече секој ум, ќе го допре секое срце. На тој начин, секојдневната работа, наместо да биде бесконечен круг на маки, без повозвишени мисли, преку постојано потсетување на она што е духовно и невидливо, можела да се извршува со поголем елан и поголема радост.

И ние би требале да подучуваме на тој начин. Децата да научат во природата да видат израз на Божјата љубов и мудрост; мислата за него да им биде поврзана со птиците и цветот и дрвото; сѐ што е видливо нека им биде толкувач на невидливото, а сите настани во животот средство за божествено поучување.

Додека на таков начин учат да извлекуваат поуки од сѐ што е создадено и од сите искуства во животот, покажете им дека истите закони кои управуваат со природата и настаните во животот мораат да управуваат и со нас; дека се дадени за наше добро; и дека само во послушноста кон нив можеме да најдеме вистинска среќа и да постигнеме успех.

## *Законот на служба*

Сѐ на небото и на Земјата објавува дека законот на службата е голем закон на животот. Вечниот Татко го одржува животот на сѐ што живее. Христос дошол на Земјата како Оној кој „служи“ (Лука 22,27). Ангелите се „службени духови, испратени да им служат на оние, кои ќе го наследат спасението“ (Евреите 1,14). Истиот закон на служба е запишан врз сѐ во природата. Птиците во воздухот, животните во полето, дрвјата во шумата, лисјата, тревата и цвеќињата, сонцето на небото и сјајните ѕвезди – сѐ има своја служба. Езерото и океанот, реката и изворот – сите примаат за да дадат.

Бидејќи сѐ во природата придонесува за животот во светот така е и со вашиот живот. „Давајте и ќе ви се даде“ (Лука 6,38), гласи поуката која е исто толку јасно запишана во природата како и на страниците на Светото писмо.

Кога падините на ридовите и рамнините отвораат пат за планинскиот поток да стаса до морето, она што го даваат стократно им се враќа. Потокот кој жуборејќи тече по својот пат, зад себе го остава дарот на убавина и плодност. Низ полињата, соголени и спалени од летната жега, зелена лента го обележува речниот тек; секое благородно дрво, секоја пупка, секој цвет сведочи за надоместот што Божјата благодат им ја доделува на сите преку кои таа тече во светот.

## *Сеење во вера*

Од речиси безбројните поуки на кои нѐ учат различните процеси на растењето, некои од највредните се изнесени во параболата на Спасителот за семето што расте. Таа им дава поуки и на старите и на младите.

„Божјото Царство е како кога човек ќе фрли семе во земја; и спие, и станува ноќе и дење, а семето никнува и расте, а самиот не знае како. Земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебло, после клас - потоа клас полн со зрна“ (Марко 4,26-28).

Семето во себе има моќ да ’рти, моќ која Бог лично му ја всадил; сепак, не би можело да никне препуштено самото на себе. Човекот треба да ја одигра својата улога во поттикнувањето на растењето на житото; но, постои граница преку која тој не може ништо да постигне. Мора да се потпре на Оној кој и сеењето и жетвата ги поврзал со прекрасните врски на својата семоќна сила.

Во семето е животот, во земјата е силата; но, ако деноноќно не дејствува бесконечната сила, семето нема да донесе никаков плод. Жедните полиња мораат да ги освежат обилни дождови; сонцето мора да даде топлина; електрицитетот мора да се пренесе до закопаното семе. Само Создателот, кој го всадил животот, може да го разбуди. Секое семе расте, секое растение се развива со Божја сила.

„Семето е Божјата Реч.“ „Како што земјата ги никнува своите растенија, како што во градината никнува семето, Господ ќе направи да никне праведноста и пофалбата пред сите народи“ (Лука 8,11; Исаија 61,11). Како што е со природното, така е и со духовното сеење; единствената сила која може да создаде живот доаѓа од Бога.

Делото на сејачот е дело на вера. Тој не може да ја разбере тајната на ‘ртењето и растењето на семето; но има доверба во средствата со кои Бог го предизвикува никнувањето на вегетацијата. Тој го фрла семето очекувајќи дека ќе го собере многукратно умножено во изобилна жетва. Така треба да работат и родителите и учителите, очекувајќи жетва од семето што го сеат.

Доброто семе може некое време да лежи незабележано во срцето, не давајќи знаци дека пуштило корен; но подоцна, кога Божјиот Дух ќе ја исполни душата, скриеното семе никнува и конечно донесува род. Во нашето животно дело ние не знаеме што ќе ни појде од рака, ова или она. Ова прашање не го решаваме ние. „Наутро сеј го твоето семе, и навечер твојата рака нека не почива“ (Проповедник 11,6). Божјиот голем завет објавува дека „Сѐ додека постои Земјата, никогаш нема да прекратат сеењето и жетвата“ (1. Мојсеева 8,22). Надевајќи се на ова ветување, земјоделецот ора и сее. Ништо помала доверба не смееме да имаме ни во духовното сеење кога работиме надевајќи се на Неговото ветување: „Така сло-

вото што излегува од мојата уста не се враќа при мене без плод, туку го прави она што го сакам и ќе го изврши она заради кое го испратив.“ „Одеа со плачење, носејќи го семето за сеење: навистина ќе се враќаат со песна, носејќи ги своите снопови“ (Исаија 55,11; Псалм 126,6).

Никнувањето на семето претставува почеток на духовниот живот, а развојот на растението е слика на развојот на карактерот. Без растење нема живот. Растението мора да расне или да умре. Како што неговото растење е тивко и незабележливо, но постојано, такво е и растењето на карактерот. Нашиот живот може да биде совршен на секој степен од развојот; но ако се исполни Божјата намера со нас, напредувањето ќе биде постојано.

Растението расте примајќи го она што Бог му го одредил за одржување на животот. Така и духовниот раст се постигнува преку соработка со божествените орудија. Како што растението пушта корен во земјата, така и ние мораме да се вкорениме во Христа. Како што растението прима светлина од сонцето, роса и дожд, така и ние мораме да го примаме Светиот Дух. Ако нашите срца се потпираат на Христа, тогаш Тој ќе ни дојде „како дожд; како доцен и ран дожд ќе ја наполни земјата.“ Тој ќе се подигне над нас како Сонце на Праведноста „и исцеление ќе има во зраците Негови.“ Ние ќе цветаме „како лилјан“. Ние ќе имаме „жито во изобилие и ќе цветаме како лоза“ (Осија 6,3; Малахија 4,2; Осија 14,5.7).

Пченицата развива „стебло, после клас – потоа клас полн со зрна“ (Марко 4,28). Земјоделецот сее семе и го негува растението со намера да произведе зрно – леб за гладните и семе за идните жетви. Така и божествениот Земјоделец очекува жетва. Тој се стреми да биде роден во срцето и во животот на своите следбеници за да може преку нив да се роди и во други срца и животи.

---

Постепениот развој на растение од семето е сликовит приказ на воспитувањето на детето. Се појавува „прво стебло, потоа клас – потоа клас полн со зрна“ (Марко 4,28). Оној кој ја изговорил оваа парабола го создал ситното семе, му ги всадил неговите животни својства и ги поставил законите кои управуваат со неговото растење. Вистините содржани во оваа парабола станале стварност во Христовиот живот. Тој, Величеството на небото, Царот на славата, станал детенце во Витлеем, и некое време бил беспомошно чедо доверено на грижата на својата мајка. Во детството зборувал и постапувал како дете, почитувајќи ги своите родители и подготвено извршувајќи ги нивните желби. Но, од самиот почеток на својот интелектуален развој, Тој постојано растел во благодатта и познавањето на вистината.

Родителите и учителите би требале да настојуваат да ги насочат тенденциите на младите така што тие во секој степен на развој во животот ќе зрачат со убавина која е соодветна за таа возраст, развивајќи се природно, како растенија во градината.

Малечките треба да бидат воспитувани во детска едноставност. Тие мораат да се навикнат да бидат задоволни со мали, полезни должности, задоволства и искуства кои се соодветни за нивната возраст. Детството во параболата е претставено со стебло, а стеблото има своја посебна убавина. Децата не треба да се принудуваат на предвремено созревање, туку колку е можно подолго треба да ја задржат свежината и милноста на своите рани години. Колку помирен и поедноставен ќе биде животот на детето – колку послободен и поусогласен со природата – толку поповолно ќе биде влијанието од него врз неговата телесна и ментална живост и духовна сила.

Чудесно нахранувајќи пет илјади души, Спасителот сликовито прикажал како под влијание на Божјата сила се создава плод. Исус ја подигнал завесата која го затскрива светот на природата и ја открил создателската сила која постојано дејствува за наше добро. Умножувајќи го семето фрлено во земјата, Оној кој ги умножил лебовите, секојдневно прави чудо. Тој преку чудо постојано храни милиони луѓе од жетвените полиња на земјата. Луѓето кои се повикани да соработуваат со Него во грижата околу житното зрно и подготвувањето на лебот, токму затоа го губат од вид божествениот удел. Дејствувањето на неговата сила им се припишува на природни причинители или на човековиот труд, и многу често неговите дарови се изопачуваат во себични цели и така стануваат проклетство наместо благослов. Бог настојува да го смени сето тоа. Тој сака нашите отапени сетила да се разбудат и да ја согледаат неговата добрина и широкоградост, така што неговите дарови ќе можат да бидат благослов каква што, впрочем, била неговата замисла.

Семето добива живот преку Божјата Реч, преку добивање на својот дел од животот; јадејќи го житното зрно и ние самите стануваме учесници во тој живот. Бог сака да го разбереме тоа; Тој сака дури и преку примањето на нашиот секојдневен леб да го препознаеме неговото дело и да дојдеме во потесна заедница со Него.

---

Според законите кои Бог ги поставил во природата, причината со непогрешлива точност предизвикува последица. Жетвата сведочи за сеидбата. Тука не може да има никаква измама. Луѓето можат да ги измамат своите ближни и да примат пофалба и плата за служба што не ја извршиле. Но во природата не може да има изма-

ма. На немарниот замјоделец пресудата му ја изрекува самата жетва. Ова во најголема мера се однесува и на духовното подрачје. Злото постигнува успех само привидно, а не вистински. Детето кое ја одбегнува наставата во училиштето, момчето кое ги запоставува своите студии, трговскиот помошник или ученикот во стопанството кој не води сметка за интересите на својот работодавец, човекот во која било работа или дејност кој им е неверен на своите највисоки одговорности, може да се занесува дека ужива некакво предимство сè додека злото е скриено. Но не е така; тој се лаже самиот себеси. Жетвата на животот е карактерот, а тој ја одредува судбината и за овој и за животот што ќе дојде.

Жетвата е репродукција на посеаното семе. Секое семе дава плод според својот вид. Така е и со карактерните особини што ги негуваме. Себичноста, самољубието, суетата, угодувањето на себеси, ги раѓаат истите тие особини и на крајот доведуваат до беда и пропаст. „Кој сее во своето тело, од телото ќе пожнее погибел; а кој сее во духот, од духот ќе пожнее вечен живот“ (Галатите 6,8). Љубовта, сочувството и љубезноста вродуваат со благослов, даваат непропадлива жетва.

При жетвата семето дава многукратен род. Едно единствено зрно пченица, умножено со последователни сеидби, би ја покрило целата земја со златни снопови. Така и влијанието на еден единствен човек, дури и на едно единствено дело, може да биде далекосежно.

Колку дела на љубов во текот на долгите векови поттикнало сеќавањето на оној сад од алабастер кој бил скршен заради Христовото помазание! Колку неброени прилози на делото на Спасителот донел дарот на онаа сиромашна, неименувана вдовица, која дала „две лепти, односно еден кодрант“ (Марко 12,42)!

## *Живот благодарение на смртта*

Поуката за посеаното семе нѐ учи на широкоградост. „Кој сее скржаво, скржаво и ќе жнее; кој сее во благослов, во благослов и ќе жнее“ (2. Коринќаните 9,6).

Господ вели: „Блажени сте вие, кои сеете покрај сите води“ (Исаија 32,20). Да се сее покрај сите води значи да се дава секогаш кога е потребна нашата помош. Тоа нема да нѐ доведе до сиромаштија. „Кој сее благослов, благослов и ќе пожнее.“ Фрлајќи го своето семе, сејачот го умножува. Исто така, ние со давање ги зголемуваме своите благослови. Божјото ветување обезбедува доволно од сѐ, така што можеме да продолжиме да даваме.

И повеќе од тоа: додека ги делиме благословите на овој живот, благодарноста го подготвува срцето на примателот да ја прифати духовната вистина, и така се раѓа род за вечниот живот.

---

Со фрлање зрно во земјата Спасителот ја прикажал својата жртва за нас. „Ако зрното пченично, што паднало на земја, не умре, останува само; а ако умре, ќе донесе голем плод“ (Јован 12,24). Единствено со жртвата на Исуса Христа – Семето – можело да донесе род за Божјото царство. Во согласност со законите на растителното царство, животот е резултат на Христовата смрт.

Така е и со сите кои донесуваат род како Христови соработници: самољубието и личните интереси мораат да исчезнат; животот мора да биде фрлен во браздата на потребите на светот. Но, законот на саможртвување е и закон на самозачувување. Земјоделецот го чува своето зрно фрлајќи го. Животот кој ќе биде сочуван – е живот кој е доброволно даден во службата за Бога и луѓето.

Семето умира за да се појави во нов живот. Тоа ни ја дава поуката за воскресението. За човечкото тело, кое се полага да изгние во гробот, Бог рекол: „Се сее во распадливост, воскреснува во нераспадливост; се сее без чест – воскреснува во слава; се сее во слабост – воскреснува во сила“ (1. Коринќаните 15,42.43).

Кога настојуваат да ги изнесат овие поуки, родителите и учителите мораат тоа да го направат на практичен начин. Децата треба сами да ја подготвуваат почвата и да го посеат семето. Додека тие работат, родителот или учителот може да објасни дека срцето е како градина во која се сее добро и лошо семе, и дека и срцето мора да се подготви за семето на вистината како што градината се подготвува за природното семе. Додека семето се става во земјата, тие можат да ја изнесуваат поуката за Христовата смрт; а кога ќе се појави стеблото - вистината за воскресението. Како што ќе расте растението, така треба да се продолжи и со споредувањето помеѓу природното и духовното сеење.

И младите треба да се поучуваат на сличен начин. Од обработувањето на земјата можат постојано да се извлекуваат поуки. Никој не зема необработено парче земја, очекувајќи дека веднаш ќе пожнее род. Мора да се вложи вредна, истрајна работа во подготвување на почвата, во сеење на семето и во негување на растението. Така мора да биде и при духовното сеење. Градината на срцето мора да се обработува. Почвата мора да биде изорана со покајание. Злиот плевел кој го задушува доброто зрно мора да биде искоренет. Како што почвата која веќе обраснала во трње може да се исчисти само со вредна работа, така и лошите тенденции на срцето можат да се совладаат единствено со сериозен труд во Христово име и со Христовата сила.

Обработувајќи ја земјата, внимателниот работник ќе согледа дека пред него се отвораат ризници за кои не ни сонувал. Никој не може успешно да се занимава со земјоделие или со градинарство ако не ги почитува законите на таа работа. Мораат да се проучуваат посебните потреби на секој растителен вид. Различни видови бараат различна почва и соодветна нега, а покорувањето на законите кои управуваат со секое од нив претставува услов за успех. Вниманието што го бара пресадувањето, да не се притесни или погрешно да се постави макар една жилка од коренот, грижата за младите растенија, нивното кроење и наводнување, заштитувањето од мразот ноќе и од сонцето дење, борбата против плевелот, болестите и штетните инсекти, севкупното негување и уредување, не само што овозможува важни поуки за развивање на карактерот, туку покажуваат дека само со работа може да се постигне развој. Учејќи се на грижливост, трпение, темелност, послушност на законот, ние се здобиваме со најважното воспитување. Постојаниот допир со тајните на животот и убавината на природата, како и нежноста која е потребна за грижата околу овие прекрасни дела на Божјото создавање, придонесуваат за оживување на умот, облагородување и воздигнување на карактерот; а научените поуки му помагаат на работникот поуспешно да постапува со луѓето.

# ДРУГИ СЛИКОВИТИ ПОУКИ

*„Кој е мудар и го пази ова, ќе ја разбере Господовата милост.“*

Псалм 107,43

Божјата исцелителна сила ја проникнува целата природа. Ако дрвото е повредено, ако човечкото суштество е рането или скршило коска, природата веднаш почнува да ја зацелува повредата. Дури и пред да се појави потреба, исцелителните сили се во приправност; и штом е повреден дел од телото, сите сили се посветуваат на делото на обновување. Така е и на подрачјето на духовното. Уште пред гревот да создаде потреба од тоа, Бог се погрижил за лек. Непријателот ја ранил и повредил секоја душа која попуштила пред искушението; но, каде што е гревот, таму е и Спасителот. Христовото дело е „да ги исцели сокрушените по срце, да им проповеда на заробените ослободување,... да ги пуши на слобода напатените“ (Лука 4,18).

Ние сме должни да соработуваме во ова дело. „И да падне некој во некаков грев... поправајте го“ (Галатите 6,1). Зборот тука преведен како „поправајте“ значи враќање на место, како исчашен зглоб. Колку добро погодена слика! Оној што ќе падне во заблуда или грев, „се исчашил“ од односот кон сè околу себе. Тој може да ја согледа својата заблуда, и да биде исполнет со грижа на совеста; но не може сам да се поправи. Тој е збунет и растроен, поразен и беспомошен. Мора да биде вратен назад, излекуван, повторно ставен на поранешното место. „Вие кои сте духовни поправајте го таквиот.“ Единствено љубовта што тече од Христовото срце може да исцели. Единствено оној во кого тече оваа љубов, како сок во дрвото или крв во телото, може да ја „поправи“ ранетата душа.

Делата на љубовта имаат прекрасна моќ, бидејќи се божествени. Кога би ја разбрале поуката дека „кроткиот одговор гневот го ублажува“, тоа дека „љубовта е долготрпелива, полна со добрина“ и „покрива многу гревови“ (Мудри изреки 15,1; 1. Коринќаните 13,4; 1. Петрово 4,8) – каква исцелителна сила би добил нашиот живот! Како би бил животот преобразен, а Земјата би станала слична на Небото, кое уште сега би можело да се види и да се почувствува!

Овие скапоцени поуки можат да се изнесуваат толку едноставно што ќе можат да ги разберат дури и малите деца. Детското срце е нежно и на него може лесно да се влијае; и кога ние, кои сме постари, ќе станеме „како мали деца“ (Матеј 18,3); кога ќе се научиме на едноставноста, благоста и нежната љубов на Спасителот, нема да ни биде тешко да им се приближиме на срцата на малечките и да ги научиме на исцелувачката служба на љубовта.

Совршенството постои и во најмалите како и во најголемите Божји дела. Раката која ги закачила световите во просторот, е истата рака што ги обликува цветовите во полето. Испитајте ги под микроскоп најмалите и најобични цветови што растат покрај патот, и обрнете внимание на извонредната убавина и совршенството на сите негови делови. Така и во најскромните животни околности може да се постигне вистинско совршенство; најобичните должности, извршени верно и со љубов, се прекрасни во Божјите очи. Совесноста и внимателноста со која ги извршуваме и малите должности од нас ќе направат Божји соработници и ќе ни донесат признание од Оној кој сè гледа и сè знае.

Виножитото што го премостува небото со својот светлосен лак е спомен за „вечниот завет меѓу Бога и секоја жива душа“ (1. Мојсеева 9,16). А и виножитото што го опкружува престолот во височините, за Божјите деца претставува знак на неговиот завет на мирот.

Како што лакот во облаците настанува со соединување на сончевата светлина и дождот, така и лакот над Божјиот престол претставува соединување на неговата милост и неговата праведност. На грешната душа, која се кае, Бог ѝ вели: Живеј, „пронајдов откуп“! (Книгата за Јов 33,24).

„Како кога се заколнав, дека Ноевите води нема да ја преплават веќе земјата; така се колнам дека веќе нема да се срдам на тебе ниту ќе те прекорувам. Нека се раздвижат и планините и нека се потресат бреговите, но мојата љубов нема да се повлече од тебе, ниту ќе се расколеба мојот завет на мирот, вели Господ, кој ти се смилува“ (Исаија 54,9.10).

## *Пораката на ѕвездите*

И ѕвездите имаат радосна порака за секое човечко суштество. Во миговите што сите ги доживуваат, кога срцето ќе изнемошти, а искушението болно тлее, кога пречките изгледаат непремостливи, а животните цели недостижни, Неговите прекрасни ветувања како Содомски јаболка, каде тогаш би можело да се пронајде поголема храброст и цврстина освен во пораката што Бог ни посочил да ја научиме од ѕвездите и нивното постојано движење?

„Подигнете ги очите и гледајте: кој го создаде тоа? Оној кој по број ја изведува нивната војска и кој ги вика сите по име. Зошто велиш, Јакове, и ти, Израиле зборуваш: 'Мојот пат е скриен за Бога, мојата правда му избегнува на мојот Бог?' Зар не знаеш? Зар не си чул? Господ е вечен Бог, Творец на земните краишта. Тој не се заморува, ниту изнемоштува, и неговиот ум е неизмерлив. На заморениот му ја враќа силата, го зајакнува немоќниот." „Не бој се, зашто Јас сум со тебе; не обрнувај се исплашено, зашто Јас сум твој Бог; Јас те крепам и ти помагам, те потпирам со десницата на мојата праведност." „Зашто Јас Господ, твојот Бог, ја крепам твојата десница и ти велам: 'Не бој се, Јас ти помагам'" (Исаија 40,26-29; 41,10.13).

---

Палмовото дрво изложено на жестоко сонце и сурова песочна бура стои зелено, напредно и плодно среде пустина. Неговите корени се хранат од живи извори. Неговата зелена крошна се гледа оддалеку во спржената пуста рамнина; и патникот кој е близу до смртта ги забрзува своите несигурни чекори кон студената сенка и животворната вода.

Пустинското дрво е симбол на она што Бог сака да биде животот на неговите деца на овој свет. Тие треба да ги водат кон живата вода изморените вознемирени души на кои им се заканува пропаст во пустината на гревот. Тие треба на ближните да им го покажат Оној кој го упатил повикот: „Ако е некој жеден, нека дојде при мене и нека пие!“ (Јован 7,37).

---

Широката длабока река која служи како меѓународна трговска и патничка сообраќајница се смета за благослов во светот; но што да речеме за малите потоци кои помагаат да настане оваа прекрасна река? Кога не би биле тие, реката би исчезнала. Од нив зависи и нејзиното постоење. Така и луѓето кои се повикани да водат некое големо дело, се почитувани како успехот на делото да може да им се припише само ним; но тој успех барал верна соработка на речиси безброј поскромни работници – работници за кои светот не знае ништо. Задачи за кои не се добива благодарност, работа за која не се добиваат признанија, тоа е делот на повеќето трудбеници во светот. Таквата судбина мнозина исполнува со незадоволство. Тие чувствуваат дека животот им е промашен. Но, малиот поток кој бешумно се пробива низ шумичките и ливадите носејќи здравје, плодност и убавина, на свој начин е исто толку полезен како и широката река. Придонесувајќи за опстојувањето на реката, тој помага во постигнувањето на она што самиот никогаш не би можел да го постигне.

Оваа поука им е потребна на мнозина. Талентот претерано се издига и премногу се копнее за положба. Има премногу такви кои не прават ништо ако не бидат признаени како водачи; премногу такви на кои мора да им се оддаде почест за да покажат каков било интерес за ра-

бота. Она што треба да го научиме е, на најдобар можен начин, совесно да ги ползуваме силите и можностите што ги имаме и да бидеме задоволни со делот кој Небото ни го одредило.

## *Поука за довербата*

„Но прашај ги животните и ќе те поучат; прашај ги небесните птици и ќе ти објаснат... рибите во морето ќе ти раскажат!“ „Оди кај мравката... гледај ги нејзините патишта!“ „Погледнете ги птиците!“ „Погледнете ги гавраните!“ (Јов 12,7.8; Изреки 6,6; Матеј 6,26; Лука 12,24).

Ние не треба само да му раскажуваме на детето за овие Божји созданија. Самите животни треба да бидат негови учители. Мравките даваат поука за трпелива трудољубивост, за истрајност во совладување на пречките, за подготвување за иднината. Птиците се учители на милозвучната поука за довербата. Нашиот небесен Отец се грижи за нив; но тие мораат да ја собираат храната, мораат да ги градат своите гнезда и да ги подигаат своите млади. Секој миг тие се изложени на непријатели кои настојуваат да ги уништат. А сепак, колку радосно се занимаваат со својата работа! Колку се полни со веселба нивните песни!

Прекрасен е описот на псалмистот даден за Божјата грижа за шумските созданија —

*„Високите планини им даваат*
*засолниште на дивите кози,*
*и пештерите на јазовците.“*

Псалм 104,18

Тој испраќа потоци да течат помеѓу ридовите, каде и птиците имаат свои станови, и „пеат среде гранките“

(Псалм 104,12). Сите созданија по шумите и горите се дел од Неговото големо домаќинство. Тој ја отвора својата рака и обилно наситува „сè што е живо“ (Псалм 145,16).

---

Бурата понекогаш го принудува алпскиот орел да се спушти во тесните планински процепи. Тешките облаци ја опкружуваат оваа моќна планинска птица, нивните темни маси ја одвојуваат од сончевите висини во кои таа го направила својот дом. Нејзините напори да се избави изгледаат безуспешни. Таа се залетува таму ваму, распорувајќи го воздухот со своите моќни крилја и будејќи го екотот на планината со своите крици. Конечно, со победнички восклик, се вивнува кон височините и, пробивајќи ги облаците, повторно избива на јасната сончева светлина, додека темнината и бурата остануваат длабоко под неа. Така и ние можеме да се најдеме опколени со потешкотии, обесхрабрувања и темнина. Можат да нè опколат лаги, неволји, неправди. Безуспешно се бориме со околностите. Сепак, постои еден, и тоа само еден пат за спасение. Испарувањата и маглите се припиваат до земјата; но над облаците блеска Божјата светлина. На крилјата на верата ние можеме да се издигнеме во светлината на сонцето на Неговото присуство.

---

Многубројни се поуките кои на овој начин можат да се научат. Потпирањето на себеси – од дрвото кое растејќи само во рамнина или на падината на некој рид ги пушта своите корени длабоко во земјата и со својата сурова сила ѝ се спротивставува на бурата. Моќта на влијанието во раните години – од безоблично стебло полно со јазли, кое се искривило додека било млада садница, и на кое никаква земска сила веќе не може да му ја врати

загубената симетрија. Тајната на светиот живот – од водениот лилјан кој, од површината на некој матен вир, опколен со плевел и отпадоци, го пушта своето шупликаво стебло сѐ до чистиот песок на дното и, извлекувајќи го оттаму својот живот, ги подига своите мирисни цветови кон светлината во неизвалкана чистотија.

---

Иако познавањето на фактите го стекнуваат преку учителите и од учебниците, на истиот начин децата и младите треба да научат сами да извлекуваат поуки и да ја распознаваат вистината. Додека работат во градината, прашајте ги што научиле грижејќи се за своите растенија. Додека го набљудуваат прекрасниот пејзаж, прашајте ги зошто Бог ги облекол полињата и шумите во толку прекрасни и различни бои. Зошто не е сѐ обоено со мрачна кафена боја? Кога берат цвеќиња, наведете ги да размислуваат зошто Бог ни ја сочувал убавината на овие патници од Едем. Научете ги во целата природа да забележуваат докази за Божјата грижа за нас, која прекрасно се прилагодила на нашите потреби и среќа.

Само оној кој во природата го препознава делото на својот Татко, кој во богатството и убавината на земјата го чита Татковиот ракопис – само тој од сѐ што е во природата извлекува најдлабоки поуки и само нему сѐ што е во природата му служи на највозвишен начин. Само оној кој на сето тоа гледа како на израз на Божјата мисла, откровение на Создателот, може потполно да го процени значењето на ридот и долината, реката и морето.

Писателите на Библијата се послужиле со многу илустрации од природата, и ние, набљудувајќи ги нештата во светот на природата, ќе се оспособиме под водство на Светиот Дух поцелосно да ги разбереме поуките од

Божјата Реч. На тој начин природата станува клуч кој ги отвора сокровиштата на Речта.

Децата треба да се охрабрат во природата да бараат илустрации за библиските учења, а во Библијата да изнаоѓаат споредби изнесени од природата. Тие треба да го истражуваат, и во природата и во Светото писмо, сето она што го претставува Христа, како и она што Тој го употребил опишувајќи ја вистината. На тој начин тие можат да научат да го гледаат него во дрвото и лозата, во лилјанот и розата, во сонцето и ѕвездата. Тие можат да научат да го слушаат неговиот глас во песната на птиците, во шумот на дрвјата, во татнежот на громот и во музиката на морето. Секое нешто во природата ќе им ги повторува неговите скапоцени поуки.

За оние кои на овој начин ќе се запознаат со Христа, Земјата веќе никогаш нема да биде осамено и пусто место. Таа ќе биде дом на нивниот Татко, исполнета со присуството на Оној, кој еднаш престојувал меѓу луѓето.

# БИБЛИЈАТА КАКО ВОСПИТУВАЧ

*„Да те водат кога одиш,*
*да те чуваат кога спиеш*
*и да разговараат со тебе*
*кога ќе се разбудиш.“*

Мудри изреки 6,22

# РАЗВИВАЊЕ НА УМОТ И ДУХОТ

*„И преку знаење се полнат одаите со секакви благопријатни и скапоцени богатства.“*

Мудри изреки 24,4

За умот и душата, исто како и за телото, важи Божјиот закон дека силата се добива со труд. Развојот се постигнува со вежбање. Во согласност со овој закон, Бог се погрижил да ни обезбеди средства за развивање на умот и духот во својата Реч.

Библијата ги содржи сите принципи коишто луѓето треба да ги разберат за да се оспособат и за овој и за животот што ќе дојде. Овие принципи сите можат да ги разберат. Ако некој го вреднува учењето на Библијата, нема да може да прочита ниту еден единствен стих од неа, а од него да не извлече некоја полезна мисла. Но, највредните поуки од Библијата не можат да се добијат со повремено или неповрзано проучување. Нејзиниот голем систем на вистини не е така прикажан за да може

да го разбере некој забрзан или невнимателен читател. Многу нејзини богатства лежат длабоко под површината и можат да се најдат само со вредно истражување и долготраен труд. Вистините, кои ја сочинуваат големата целина, мораат да се истражуваат и собираат „малку тука, малку таму“ (Исаија 28,10).

Кога ќе се истражат и присоберат на ваков начин, ќе се покаже дека совршено си одговараат една на друга. Секое Евангелие ги надополнува другите, секое пророштво го објаснува другото, секоја вистина понатаму развива некоја друга вистина. Евангелието ги објаснува симболите на јудејскиот систем. Секој принцип во Божјата Реч има свое место, секој факт свое значење. А севкупната структура, и според нацртот и според изведбата, сведочи за својот Автор. Таквата структура не можел да ја замисли ни да ја создаде ниту еден друг ум, освен умот на Бесконечниот.

Истражувањето различни делови и проучувањето на нивните заемни односи побарува интензивна работа на највисоките способности на човечкиот ум. Никој не може да се занимава со вакво проучување, а едновремено да не ги развива и своите умствени сили.

Ползата што умот ја има од проучувањето на Библијата не е само во истражувањето на вистините и во нивното заемно поврзување. Веќе самиот труд вложен во разбирањето на изнесените теми е полезен. Умот кој се занимава само со секојдневни предмети отапува и ослабнува. Ако никогаш не се труди да ги разбере големите и далекосежни вистини, тој по некое време ќе ја загуби способноста да се развива. Како заштита од ова пропаѓање, и како поттик за развој, ништо не може да се мери со проучувањето на Божјата Реч. Како средство за вежбање на умот, Библијата е поуспешна од која било друга книга, или од сите други книги заедно. Возвише-

носта на нејзините теми, достоинствената едноставност на нејзините изреки, убавината на нејзиното сликовито изразување ги оживува и воздигнува нашите мисли повеќе од што било. Никакво друго проучување не може на умот да му даде таква сила, како напорот да се разберат чудесните вистини на откровението. Умот кој на таков начин доаѓа во допир со мислите на Бесконечниот не може а да не се развива и јакне.

Библијата има уште поголема сила во развивањето на духовната природа. Човекот, создаден да живее во заедница со Бога, само во таква заедница може да се развива и да живее вистински живот. Создаден да ја најде својата највисока радост во Бога, тој во ништо друго не може да го најде она што би можело да го задоволи копнежот на срцето, што би можело да ја згасне онаа глад и жед на душата. Оној кој ја проучува Божјата Реч со искрено и отворено срце, стремејќи се да ги разбере нејзините вистини, ќе биде доведен во допир со нејзиниот Автор; и нема да постои граница на можностите на неговиот развој, освен ако тој самиот не се одлучи за спротивното.

Со големата разноликост на своите стилови и теми, Библијата може да го заинтересира секој ум и да го поттикне секое срце. На нејзините страници може да се најде најстарата историја; најверодостојна биографија; принципи според кои власта треба да управува со државата, принципи за водење на домаќинството – принципи за кои човечката мудрост никогаш не дораснала. Таа ја содржи најдлабоката филозофија, најмилната и највозвишена, најчувствителна и најтрогателна поезија. Библиските списи се неспоредливо повредни од списите на кој било човек, дури и кога би се оценувале на таков начин; но, нивниот досег е бескрајно подалечен и нивната вредност бескрајно поголема ако ги набљудува-

ме имајќи ја предвид големата централна мисла. Набљудувана во светлината на оваа мисла, секоја тема добива ново значење. Во наједноставно изречените вистини се содржани принципи високи како небото, кои ја опфаќаат вечноста.

Централната тема на Библијата, темата во која се соединуваат сите останати теми во целата книга, е планот на спасението, обновувањето на Божјиот лик во човековата душа. Од првото навестување на надежта, во осудата изречена во Едем до она последно славно ветување во Откровението: „И ќе го гледаат Неговото лице, и Неговото име ќе биде на нивните чела“ (Откровение 22,4), водечката мисла на секоја книга и секој отсек во Библијата е постепеното објавување на таа чудесна тема – подигнувањето на човекот – објавувањето на силата на Бога „кој ни даде победа преку нашиот Господ Исус Христос“ (1. Коринќаните 15,57).

Оној што ќе ја разбере оваа мисла пред себе има неограничено поле за проучување. Тој го има клучот кој ќе му го отвори целото сокровиште на Божјата Реч.

Науката за спасението е наука над сите науки; тоа е наука што ја проучуваат ангелите и сите разумни суштества на безгрешните светови; наука која го плени вниманието на нашиот Господ и Спасител; наука која се наоѓа во центарот на планот создаден во умот на Бесконечниот – „тајната, за која се молчеше од вечни времиња“ (Римјаните 16,25); наука што во текот на бескрајните векови ќе ја проучуваат оние коишто Бог ги избавил. Тоа е највозвишеното проучување со кое човекот може да се занимава. Тоа ќе го поттикне умот и ќе ја воздигне душата повеќе од кое било друго проучување.

„Но предноста на знаењето е тоа што мудроста дава живот на оној што ја има“. „Зборовите што ви ги реков“, рекол Исус, „се дух и живот“. „А ова е вечниот живот: да

те познаат тебе, единствениот вистински Бог, и Исуса Христа, кого си го испратил“ (Проповедник 7,12; Јован 6,63; 17,3).

Творечката сила, која ги создала световите, се наоѓа во Божјата Реч. Таа Реч дава сила; таа раѓа живот. Секоја заповед е и ветување. Прифатена со волјата, примена во душата, таа со себе го донесува животот на Бесконечниот. Таа ја преобразува природата и повторно ја создава душата според Божјиот лик.

Животот даден на ваков начин, на истиот начин и се одржува. Човекот ќе живее „од секој збор, што излегува од устата на Бога“ (Матеј 4,4).

Умот, душата, се изградува со она со што се храни; врз нас е одговорноста да одлучиме со што ќе се храни. Секој има право да ги одбере темите со кои неговите мисли ќе се занимаваат и ќе го обликуваат неговиот карактер. Бог на секое човечко суштество кое има предимство да му пристапи на Писмото му вели: „Му напишав важни закони“. „Повикај ме, и ќе ти одговорам и ќе ти откријам големи и недостижни тајни за кои што не знаеш ништо“ (Осија 8,12; Еремија 33,3).

Со Божјата Реч во својата рака, секое човечко суштество, без оглед на тоа во каква положба животот го довел, може да го одбере друштвото што го сака. Со помош на нејзините страници тоа може да разговара со најблагородните и најдобри претставници на човечкиот род, може да го слуша гласот на Вечниот додека зборува со луѓето. Додека ги проучува темите во кои „ангелите сакаат да вникнат“ (1. Петрово 1,12), и размислува за нив, тој може да биде со нив. Може да оди по стапките на небесниот Учител и да ги слуша Неговите зборови како во времето кога Тој проповедал на гората, во рамнината и на езерото. Во овој свет може да престојува во небесна атмосфера, давајќи им надеж на ужалените и

искушуваните на Земјата, будејќи кај нив копнеж за светост, а при тоа самиот ќе доаѓа во сѐ потесна и потесна заедница со Невидливиот; и слично на оној кој во дамнешни времиња чекорел со Бога, ќе се приближува сѐ поблиску и поблиску до прагот на вечниот свет, сѐ додека вратите не се отворат и тој влезе внатре. Таму нема да се чувствува како странец. Гласовите што ќе го поздрават се гласови на светите кои биле негови невидливи другари на Земјата – гласови кои тој уште тука научил да ги препознава и да ги сака. Оној кој преку Божјата Реч живеел во заедница со Небото, ќе се чувствува пријатно во небесното друштво.

# НАУКАТА И БИБЛИЈАТА

*„Кој од нив не знае, дека Божјата рака го создаде сето тоа?“*

За Јов 12,9

Бидејќи книгата на природата и книгата на откровението носат печат на истиот врвен Ум, нивните гласови мораат да се согласуваат. Иако со различни методи и на различни јазици, тие сведочат за истите големи вистини. Науката постојано открива нови чудеса; но резултатите од нејзините истражувања не откриваат ништо што, правилно протолкувано, би се спротивставило на божественото откровение. Книгата на природата и пишаната Реч заемно се осветлуваат. Тие нè запознаваат со Бога учејќи нè за законите преку кои Тој дејствува.

Погрешните заклучоци, донесени врз основа на фактите набљудувани во природата, довеле до привиден судир помеѓу науката и откровението; во настојување да се поврати загубената хармонија, прифатени се толкува-

ња на Писмото кои ја поткопуваат и разурнуваат силата на Божјата Реч. Се смета дека геологијата му се спротивставува на буквалното толкување на извештајот на Мојсеј за создавањето. Се тврди дека биле потребни милиони години за еволуција на Земјата од некаков хаос; а заради прилагодување на Библијата кон тоа наивно откритие на науката, се претпоставува дека деновите на создавањето претставуваат големи неодредени периоди, кои траат илјадници, или дури и милиони години.

Таквиот заклучок е сосема без основа. Библискиот извештај не се спротивставува ниту самиот на себе, ниту на учењето на природата. За првиот ден употребен за делото на создавањето извештајот вели: „И бидна вечер, па утро – прв ден“ (1. Мојсеева 1,5). Суштински гледано, истото ова е кажано за секој од шесте дена од седмицата на создавањето. Вдахновената Реч изјавува дека секој од овие периоди бил ден кој се состоел од вечер и утро, како и сите други денови од тоа време па до денес. За самото дело на создавањето, божественото сведоштво гласи: „Зашто Тој рече – и сѐ стана, нареди – и сѐ се утврди“ (Псалм 33,9). Колку време за еволуција на Земјата од хаосот му било потребно на Оној кој на ваков начин можел да создаде безбројни светови? Мораме ли да вршиме насилство над неговата Реч за да ги објасниме неговите дела?

Вистина е дека остатоците пронајдени на Земјата сведочат за постоење на луѓе, животни и растенија кои се многу поголеми од оние што ние денес ги познаваме. Се смета дека овие остатоци докажуваат дека растителниот и животинскиот свет постоел пред времето за кое зборува извештајот на Мојсеј. Но, за сето тоа библиската историја ни овозможува исцрпно објаснение. Пред потопот, степенот на развој на растителниот и животинскиот свет далеку го надминувал оној кој нам ни е оттогаш познат. За време на потопот површината на Земјата

била опустошена, се случиле значителни промени, а при новото формирање на земјината кора се сочувани многу траги од животот што некогаш постоел. Пространите шуми, затрупани со земја за време на потопот и оттогаш претворени во јаглен, ги сочинуваат големите јаглени наслаги и придонесуваат за создавање нафтени залихи кои ѝ служат на нашата денешна удобност. Секој од овие факти, изнесен на виделина, немо сведочи за вистинитоста на Божјата Реч.

Слична на теоријата за еволуција на Земјата е онаа теорија која тврди дека човекот, славната круна на создавањето, настанал со нагорна линија од микробите, мекотелите и четвороношците.

Колку е кус човечкиот живот; колку е ограничено подрачјето на неговото дејствување; колку е стеснет неговиот видокруг кога ќе се земат предвид неговите можности за истражување; колку често и тешко се измамува во своите заклучоци, особено кога се работи за настани за кои се мисли дека ја антидатираат[3] библиската историја; колку често неговите таканаречени научни заклучоци се менуваат или отфрлаат; со колкава подготвеност фиктивните периоди од развојот на Земјата одвреме-навреме се продолжуваат или скусуваат за милиони години; и како теориите поддржани од различни научници се спротивставуваат една на друга – земајќи го сето тоа предвид, дали, заради предимството да можеме да го изведеме своето потекло од микробите, мекотелите и мајмуните, треба да се согласиме да го отфрлиме извештајот на Светото писмо, толку возвишен во својата едноставност: „Бог го создаде човекот во својот лик“? (1. Мојсеева 1,27). Дали ќе го отфрлиме овој родослов, кој е поблагороден од кој било друг што се чува во царските дворови – „Син Адамов, Син Божји“? (Лука 3,38).

3 Антидатирање значи место реалниот, на спис да се стави некој поранешен датум.

Правилно разбрани, научните откритија и животните искуства се согласуваат со сведоштвото на Светото писмо за постојаното Божјо дејствување во природата.

Во химната што ја забележал Немија, Левитите пееле: „Ти си Единствен, Господи! И го создаде небото, и небесата над небесата, и нивната војска, земјата и сѐ што е на неа, морињата и сѐ што е во нив. Ти го оживуваш сето тоа“ (Немија 9,6).

За планетата Земја Писмото изјавува дека делото на создавањето е довршено. „Делата беа извршени уште од создавањето на светот“ (Евреите 4,3). Меѓутоа, Божјата сила сѐ уште работи на одржувањето на она што е создадено. Пулсот не чука, ниту дишењето продолжува затоа што механизмот, еднаш ставен во движење, продолжил да работи со своја сопствена природна енергија. Секое вдишување, секој удар на срцето, е доказ за грижата на Оној во кого живееме, се движиме и постоиме. Од најмалиот инсект до човекот, секое живо суштество секојдневно зависи од Неговото провидение.

*„И сите овие чекаат на Тебе...*
*ако им даваш, тогаш собираат.*
*Ако ја отвориш раката, се наситуваат со блага.*
*Скриеш ли го своето лице, тогаш се растажуваат;*
*Ако им го одземеш здивот, умираат*
*и пак се враќаат во прав.*
*Го испраќаш својот Дух, пак се создаваат,*
*И така го обновуваш лицето на земјата.“*

Псалм 104,27-30

*„Тој го оптегнува северот врз празнината,*
*Тој ја држи земјата, необесена на ништо.*
*Тој ја затвора водата во своите облаци,*

*но облаците не се скинуваат под неа...*
*Тој им постави меѓи на водите,*
*додека не дојде крајот на светлината и темнината.*

*Столбовите небески се тресат*
*и премираат од страв на Неговиот укор.*
*Тој го скроти морето со својата сила...*
*со својот Дух ги украси небесата,*
*А Неговата рака ја прободе брзата змија.*
*Сè тоа е само дел од Неговите патишта,*
*а колку малку сме слушнале за Него.*
*Но кој може да го сфати громот на Неговата моќ?“*

Книгата за Јов 26,7-14

*„Неговиот пат е во виор и во бура,*
*облаците се прав на Неговите нозе.“*

Наум 1,3

Моќната сила која дејствува во целата природа и одржува сè, не е, како што сметаат некои научници, само некој сеопфатен принцип, некоја движечка енергија. Бог е дух; а сепак, Тој е личност, суштество; а човекот е создаден според неговиот лик. Како личност, Бог се открил во својот Син. Исус, одблесокот на славата на Таткото, „одраз на неговото битие“ (Евреите 1,3), дошол на Земјата во човечко обличје. Тој дошол на свет како личност, како Спасител. Како личност, како Спасител се вознел во височините; како личност, како Спасител, посредува во небесните дворови. Пред Божјиот престол служи за нас „како Син човечки“ (Даниел 7,13).

Апостол Павле, пишувајќи под влијание на Светиот Дух, за Христа изјавува дека „преку него е создадено сè... сè е преку него и за него создадено. И Тој е пред сè,

и сѐ е во него“ (Колошаните 1,16.17). Раката која ги одржува световите во просторот, раката која одржува сѐ по целата Божја вселена во уреден поредок и неуморна активност, тоа е раката што била прикована на крстот поради нас.

Божјата големина е несфатлива за нас. „Господовиот престол е на небесата“ (Псалм 11,4); сепак, Тој е секаде присутен со Духот. Тој длабоко го познава секое дело на своите раце и лично се интересира за секое од нив.

*„Кој е како Господ, нашиот Бог, кој пребива во висините*
*Кој се наведнува да ги гледа нештата кои се на*
*небото и земјата?*
*Каде да одам од твојот Дух*
*и каде да побегнам од твоето лице?*
*Ако се вознесам на небото: таму си,*
*ако слегнам во подземјето: и таму си.“*

*„Ако ги земам крилата на зората*
*и се населам на крајот на морето,*
*и таму, твојата рака ќе ме води,*
*Твојата десница ќе ме држи.“*

*„Ти знаеш кога седнувам и кога станувам.*
*Веќе оддалеку ги знаеш моите мисли.*
*Дали одам или лежам...*
*познати Ти се сите мои патишта...*
*Ти ме опфаќаш од плеќите и од лицето,*
*Твојата рака си ја ставил врз мене.*
*Тоа знаење премногу е чудно за мене,*
*Превисоко е за да можам да му пријдам.“*

Псалм 113,5.6; 139,8-10; 139,2-6

Создателот на сè е Оној кој определил средствата да бидат прекрасно прилагодени на причината и залихите на потребата. Тој самиот се погрижил секоја всадена потреба во материјалниот свет да биде задоволена. Тој е Оној кој ја создал човечката душа, со нејзината способност да знае и да сака. И Тој по својата природа не е таков што ќе може да ги остави незадоволени потребите на душата. Никаков неповредлив принцип, никакво безлично апсолутно суштество или чиста апстракција не може да ги задоволи потребите и копнежите на човечките суштества во овој живот преполн со борба против гревот, жалоста и болката. Не е доволно да се верува во законот и силата, во она што нема сочувство, и никогаш не го слуша повикот за помош. Нам ни е потребно да знаеме за семоќната рака која нè држи, за безграничниот Пријател кој сочувствува со нас. Нам ни е потребно да стиснеме топла рака, да се потпреме на срце полно со нежност. И токму таков е Бог кој се открива во својата Реч.

Оној што најдлабоко ќе проникне во тајните на природата, најпотполно ќе ги согледа своето сопствено незнаење и слабост. Ќе сфати дека постојат длабочини и височини што не може да ги досегне, тајни во кои не може да проникне, дека пред него лежат бескрајни подрачја на вистината во кои уште никој не стапнал. Тој, заедно со Њутн, ќе биде подготвен да каже: „Ми се чини дека сум како дете кое собира камчиња и школки на морскиот брег, додека пред мене неоткриен се простира големиот океан на вистината.“

Луѓето што најдлабоко ја проучиле науката, принудени се да признаат дека во природата делува една бескрајна сила. Но, на човечкиот разум, кога е препуштен самиот на себе, поуките на природата мора да му изгледаат противречно и обесхрабрувачки. Тие можат пра-

вилно да се протолкуваат единствено во светлината на откровението. „Преку вера разбираме“ (Евреите 11,3).

„Во почетокот Бог“ (1. Мојсеева 1,1). Само тука умот, во своето ревносно испитување, враќајќи се како гулабицата во засолништето на арката, може да најде починка. Во височината, во длабочината, во далечината, престојува бескрајната Љубов, подесувајќи сѐ да ја исполни „секоја желба на својата добрина“ (2. Солуњаните 1,11).

„Неговите невидливи својства, Неговата вечна сила и божеството, можат да се согледаат од создавањето на светот, набљудувани преку творбите“ (Римјаните 1,20). Но нивното сведоштво можело да се разбере единствено со помош на божествениот Учител. „Зашто, кој од луѓето знае што е во човекот, освен човечкиот дух, кој е во него? Така никој не знае што има во Бога, освен Божјиот Дух“ (1. Коринќаните 2,11).

„А кога ќе дојде, Тој, Духот на вистината, ќе ве упати во секоја вистина“ (Јован 16,13). Единствено со помош на тој Дух кој во почетокот „се движеше над водите“, таа Реч со која „сѐ е создадено што е создаено“, тоа вистинско Видело „кое го осветлува секој човек кој доаѓа на светот“, може правилно да се протолкува сведоштвото на науката. Само со нивно водство можат да се спознаат нејзините најдлабоки вистини.

Само според упатствата на Семожниот можеме да бидеме оспособени, проучувајќи ги неговите дела, да мислиме како што мислел Тој.

# ПРИНЦИПИ И МЕТОДИ НА РАБОТЕЊЕ

*„Кој живее непорочно, оди без страв."*

Мудри изреки 10,9

Не постои гранка на чесно работење за која Библијата не би можела да ни понуди најосновна подготовка. Нејзините принципи на трудољубивост, чесност, штедливост, владеење со себеси и непорочност се тајната на вистинскиот успех. Овие принципи, како што се изложени во книгата Мудри изреки, претставуваат ризница на практичната мудрост. Каде може трговецот, занаетчијата, раководителот во кое било подрачје на работење, да најде подобри совети за себе или за своите вработени од оние што се наоѓаат во овие зборови на мудриот човек:

„Дали си видел човек трудољубив во својата работа? Таквиот ќе стои пред цареви, нема да стои пред прости" (Мудри изреки 22,29).

„Од секој труд има полза, а говорот на усните е само сиромаштво" (Мудри изреки 14,23).

„Душата на мрзеливиот посакува, но без успех.“ „Пијаницата и изедникот осиромашуваат, а дремливоста ќе ги облече во партали“ (Мудри изреки 13,4; 23,21).

„Кој клевети наоколу, открива тајни; затоа не здружувај се со оној, кому усните секогаш му се отворени“ (Мудри изреки 20,19)

„Разумниот се воздржува во своите зборови“; но „кој е безумен, ја почнува препирката“ (Мудри изреки 17,27; 20,3).

„Не оди по патот на лошите“; „Може ли некој да оди по вжарени јаглени, а да не си ги изгори своите нозе?“ (Мудри изреки 4,14; 6,28).

„Дружи се со мудрите и ќе станеш мудар“. (Мудри изреки 13,20).

„Кој има пријател, треба пријателски да постапува“ (Мудри изреки 18,24).

Целото подрачје на нашите меѓусебни обврски е опфатено со Христовите зборови: „И така, сè што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така“ (Матеј 7,12).

---

Многумина би можеле да избегнат финансиски неуспех и пропаст кога би ги слушале предупредувањата кои се толку често повторувани и нагласувани во Писмото: „Кој брза по богатство, нема да остане невин“ (Мудри изреки 28,20).

„Со измама придобиено богатство исчезнува, а кој собира со труд, го умножува“ (Мудри изреки 13,11).

„Сокровиште придобиено со лажлив јазик е непостојана суета на оние кои бараат смрт“ (Мудри изреки 21,6).

„Должникот е слуга на позајмувачот“ (Мудри изреки 22,7).

„Многу лошо поминува кој заложува за друг, а без страв е кој го мрази залогот“ (Мудри изреки 11,5).

„Не преместувај ги старите меѓи и не навлегувај во нивата на сираците, зашто е моќен нивниот Заштитник, ќе го брани нивното право против тебе.“ „Кој го угнетува бедниот за да се збогати и кој дава на богатиот - ќе осиромашат.“ „Кој копа јама, сам паѓа во неа, и кој тркала камен, врз него ќе се врати“ (Мудри изреки 23,10,11; 22,16; 26,27).

Врз овие принципи се потпира благосостојбата на општеството, без оглед дали се работи за световни или за верски заедници. Овие принципи им даваат сигурност и на имотот и на животот. За сè што овозможува заемна доверба и соработка, светот може да му заблагодари на Божјиот закон кој е запишан во неговата Реч и кој уште постои во човечкото срце, често запишан со нејасни и речиси избришани букви.

---

Зборовите на псалмистот: „Помил ми е законот на Твојата уста, отколку илјада златници и сребреници“ (Псалм 119,72), го изразуваат она што е вистинито и од друг аспект, не само од религиозен. Тие ја изразуваат апсолутната вистина, вистина која е призната и во деловниот свет. Дури и во ова време на страсна потрага по пари, остра конкуренција и бескрупулозни методи, сепак сè уште се признава дека за еден млад човек кој влегува во животот, чесноста, трудољубивоста, владеењето со себеси, непорочноста и штедливоста претставуваат подобар капитал од која било сума пари.

---

Сепак, дури и меѓу оние кои ги вреднуваат овие особини и ја признаваат Библијата како нивен извор, само ретки сфаќаат од кој принцип тие произлегуваат.

Темел на деловната чесност и вистинскиот успех е признавањето дека Бог е сопственик на сѐ. Создателот на сѐ е вистинскиот сопственик. Ние сме негови повереници. Сѐ што имаме Тој ни доверил да го употребуваме во согласност со неговите упатства.

Тоа е обврска на секое човечко суштество. Таа се однесува на севкупното подрачје на човековото дејствување. Без оглед дали го признаваме тоа, ние сме повереници кои Бог ги снабдува со способности и средства и ги поставува во светот да ја извршуваат работата што Тој им ја одредил.

На секој човек му е дадена „негова работа" (Марко 13,34), работа која е прилагодена на неговите способности, работа која ќе му донесе најмногу добро и нему и на неговите ближни, и најмногу ќе го прослави Бога.

Така нашата работа, или професија, станува дел од големиот Божји план и, сѐ додека ја извршуваме во согласност со неговата волја, Тој самиот е одговорен за последиците. „Ние сме соработници на Бога" (1. Коринќаните 3,9) и наша улога е верно да ги исполнуваме неговите упатства. Така нема да има потреба од вознемиреност и грижа. Трудољубивоста, верноста, грижливоста, штедливоста, разумноста се барани особини. Секоја способност мора да се развие до максимум. Но тоа нема да зависи од успешниот исход на нашите напори, туку од Божјото ветување. Словото кое ги хранело Израелците во пустината, го одржало Илија во време на глад, ја има истата сила и денес: „И така, не грижете се, велејќи: ‘што ќе јадеме?' или: ‘што ќе пиеме?' ... Но, барајте го првин царството Божјо и неговата праведност, и сето тоа ќе ви се додаде" (Матеј 6,31-33).

Оној кој на луѓето им ја дава способноста да стекнуваат имот, со тој дар поврзал и обврска. Од сè што стекнуваме, Тој побарува одреден дел. Десетокот е Господов. „Секоја десетина од земјата од полските посеви и од плодовите на дрвјата“, ... „секој десеток од крупниот и од ситниот добиток“, ... „нека Му биде посветено на Господа“ (3. Мојсеева 27,30.32). Ветувањето што Јаков го дал кај Ветил ја покажува големината на обврската. „А од сè што ќе ми даваш, за тебе ќе одвојувам десеток“ (1. Мојсеева 28,22).

„Донесете ги сите десетоци во ризницата“ (Малахија 3,10), гласи Божјата заповед. Не е упатен повик на благодарност или дарежливост. Тоа едноставно е прашање на чесност. Десетокот е Господов; и Тој ни налoжува да му го вратиме она што е негово.

„А од управителите натаму се бара секој да се покаже верен“ (1. Коринќаните 4,2). Ако чесноста е важен принцип во деловниот живот, зар не би морале да ја признаеме и својата обврска кон Бога – обврска која е темел на сите други?

---

Со службата на повереништво е поврзана и обврска, не само кон Бога, туку и кон човекот. Бескрајната љубов на Откупителот му дава животни дарови на секое човечко суштество. Храната, облеката и засолништето, телото, умот и душата – сето тоа е придобиено со неговата крв. И Христос нè поврзал со нашите ближни со обврската на благодарност и служба, која настанала на таков начин. Тој ни заповеда: „Со љубов служете си еден на друг“ (Галатите 5,13). „Доколку му направивте на еден од овие мои најмали браќа, мене ми направивте“ (Матеј 25,40).

„Јас сум им должник“, изјавува Павле, „и на Грците и на варварите и на мудрите и на неразумните“ (Римјаните 1,14). Тоа важи и за нас. Сѐ со што во животот сме благословени повеќе од другите, од нас прави должници на секое човечко суштество на кое можеме да му направиме добрина.

Овие вистини не важат повеќе дома отколку во претпријатието. Добрата со кои управуваме не се наши; секогаш е ризично да се загуби од вид овој факт. Ние сме само повереници, и од исполнувањето на нашата обврска кон Бога и кон луѓето зависи и благосостојбата на нашите ближни и нашата сопствена судбина и во овој и во животот што ќе дојде.

---

„Кој дели изобилно сѐ повеќе има, а кој скржави сѐ е посиромашен.“ „Фрли го својот леб во водите и ќе го најдеш после многу време.“ „Благотворната душа наоѓа поткрепа, а кој ги напојува другите, сам ќе се напои“ (Мудри изреки 11,24; Проповедник 11,1; Мудри изреки 11,25).

„Не труди се за да придобиеш богатство... насочиш ли ги очите кон него, него веќе го нема, зашто си направило крилја како орел и летнало кон небото“ (Мудри изреки 23,4.5).

„Давајте и ќе ви се даде: добра мерка – набиена, натресена, преполнета, ќе ви биде дадена во скутот, зашто со каква мерка мерите, со таква ќе ви се одмери“ (Лука 6,38).

---

„Почитувај го Господа со својот имот и со првините на сиот свој приход, и твоите житници ќе бидат преполни, и твоите каци ќе се прелеваат со ново вино“ (Мудри изреки 3,9.10).

„Донесете ги сите десетоци во ризницата, за да има храна во мојот дом. Тогаш испитајте ме – зборува Господ над војските – не ќе ли ви ги отворам небесните прозорци и не ќе ли излеам врз вас благослов со полна мерка. Нема ли заради вас да му забранам на скакулецот за да не ви ги расипува веќе посевите и за да не ви биде неплодна лозата во полето... Тогаш сите народи ќе ве сметаат за среќни, зашто ќе бидете земја пожелувана“ (Малахија 3,10-12).

„Ако живеете, според моите закони, ако ги пазите моите заповеди и ако ги спроведувате во дело, ќе ви дадам дожд во право време, па земјата ќе раѓа род, а стеблата во полето ќе донесуваат плодови. Вршењето ќе ви го достигнува гроздоберот, а бербата ќе го достигнува сеењето. Ќе јадете свој леб до наситка, и ќе живеете безопасно во вашата земја. Ќе ѝ дадам мир на земјата; ... и никој не ќе ве плаши“ (3. Мојсеева 26,3-6).

„Стремете се кон правда, притекнете му на помош на угнетуваниот, помогнете му на сирачето до правдата, заземете се за вдовицата.“ „Блазе му на оној кој мисли на бедниот, Господ ќе го спаси во ден на неволја! Господ ќе го штити и ќе го запази жив, ќе му даде среќа на земјата, и нема да го предаде на волјата на неговите непријатели.“ „На Господ му позајмува кој е милостив кон бедниот, и Тој ќе му го плати добротворството“ (Исаија 1,17; Псалм 41,2.3; Мудри изреки 19,17).

Оној кој на ваков начин ги вложува своите пари собира двојно богатство. Освен она што на крајот ќе мора да го остави, без оглед колку мудро го умножува, тој собира богатство за вечноста – богатство кое е највреден имот и на земјата и на небото.

## *Чесно работење*

„Господ се грижи за животот на чесните, нивното наследство ќе трае довека. Нема да се засрамат во време на неволја, ќе бидат сити во дните на глад" (Псалм 37,18.19).

„Оној кој оди непорочно, кој твори праведност и зборува вистина од своето срце;" „кој се заколнува на своја штета, па не се одречува." „Кој ја презира печалбата од насилство, кој ги тресе рацете за да не прими поткуп... кој ги затвора очите за да не види зло – тој ќе живее во висините ... ќе му се даде леб и водите не ќе му недостасуваат. Твоите очи ќе го гледааат царот во Неговата убавина, ќе ја разгледуваат непрегледната земја" (Псалм 15,2; 15,4; Исаија 33,15-17).

Бог во својата Реч дава слика на човек кој напредува - чиј живот е успешен во вистинска смисла на зборот, човек кому и Небото и Земјата радосно му оддаваат почест. Јов вака ги опишува своите искуства:

*„Во деновите на своите млади години,*
*кога милоста Божја беше над шаторот мој...*
*Кога Седржителот уште беше со мене,*
*а моите деца ме опкружуваа...*
*Кога излегував над градската врата*
*и ја поставував својата столица на раскрсницата.*
*Откако ќе ме видеа, младите се криеја;*
*старците стануваа и стоеја,*
*Кнезовите го прекратуваа разговорот*
*и ја ставаа раката на својата уста.*
*Гласот на првенците стивнуваше сосем...*

*„Секој што ме слушаше ме наречуваше блажен,*
*Ме фалеше окото, што ќе ме видеше.*
*Зашто, го избавував бедниот кога викаше,*

*сиракот и оставениот без помош.*
*„Врз мене доаѓаше благословот на оној што пропаѓаше,*
*на вдовичиното срце му донесував радост.*
*Се облекував во праведност како со облека,*
*Мојата правда ми беше какоametка и венец.*
*Бев очи на слепиот*
*и бев нозе на хромиот.*
*Татко на сиромасите,*
*и се застапував за странец.“*

*„Странецот не ноќеваше на улица,*
*ја отворав својата врата на патникот.“*

*„Слушаа желно што ќе им кажам, и молчеа...*
*Внимаваа на ведрината на моето лице.*
*Јас им ги избирав патиштата,*
*јас ги предводував како поглавар,*
*Како цар кога е среде своите чети,*
*како оној кој ги теши јадосаните.“*

Јов 29,4-16; 31,32; 29,21-25.

„Господовиот благослов збогатува и не придодава никаква мака“ (Мудри изреки 10,22).

„Богатството и славата се во мене,“ вели Мудроста, „постојаното добро и справедливоста“ (Мудри изреки 8,18).

Библијата укажува и на последиците од отстапувањата од вистинските принципи во нашето однесување кон Бога, како и во нашите меѓучовечки односи. На оние на кои им ги доверил своите дарови, а кои се сепак рамнодушни кон неговите барања, Бог им вели:

„Свртете го срцето ваше врз вашите патишта. Вие сеете многу, а собирате малку; јадете, а не се заситувате;

пиете, а не се напивате; се облекувате, но не се стоплувате; оној што печалил пари ги става во дупнато ќесе... Мислите многу, а излегува малку, и што ќе внесете дома, тоа Јас го разнесувам.“ „Порано, доаѓале до крстина, што дава до дваесет мери и, ќе добиеле само десет; и до каца од педесет мери, а таа давала само дваесет мери.“ „Зошто? – вели Господ Саваот: Затоа што е домот мој запустен“ „Може ли човек да краде од Бога? Но вие крадете од мене. Ќе речете: ‘што крадеме од Тебе? – од десетокот и од приносите.“ „Па поради тоа небото се затвори и не ви дава роса и земјата не ви дава плодови“ (Агеј 1,5-9; 2,16; 1,9; Малахија 3,8; Агеј 1,10).

„Затоа што го измачувате сиромавиот... ќе изградите домови од делкан камен, но нема да живеете во нив; ќе насадите убави лозја, само вино од нив нема да пиете.“ „Господ ќе ти испрати тогаш скудност, глад и уништување на секоја работа на рацете твои.“ „Синовите твои и ќерките твои ќе бидат предадени на друг народ... очите твои ќе гледаат и ќе чезнеат по нив, но нема да има сила во рацете твои“ (Амос 5,11; 5. Мојсеева 28,20.32).

„Кој со неправда спечалува богатство: тој ќе го остави во половината од животот свој и ќе стане глуп пред крајот свој“ (Еремија 17,11).

Извештаите за секоја работа, деталите од секоја зделка, внимателно се испитуваат од страна на невидливите ревизори, застапниците на Оној кој никогаш не прави компромиси со неправедноста, на чии очи злото никогаш не може да им избега, кој никогаш не го прикрива гревот.

„Ако видиш некаде на сиромав да се врши неправда и да му се одзема судот на правдата, не се чуди на тоа: зашто над високиот гледа повисок, а над нив – уште повисок.“ „Нема темнина, ниту смртна сенка, каде што би

можеле да се сокријат оние што вршат беззаконие“ (Проповедник 5,7; Книгата за Јов 34,22).

„Ја креваат устата кон небото... и рекоа: ‘Како дозна Бог, и има ли знаење во Севишниот?“ „Ти го изврши тоа“, Господ рече, „а Јас молчев; ти си помисли дека Јас сум, каков што си ти. Ќе те изобличам и ќе ти ги изнесам пред лицето твое гревовите твои“ (Псалм 73,9-11; 50,21).

„Потоа пак ги подигнав очите и видов: а тоа лета свиток... Тоа е проклетство што ќе се излие врз целата земја; и секој што краде, ќе се истреби, како што е напишано на едната страна; и секој што се колне лажно, ќе се истреби – како што е напишано на другата страна. Јас го пуштив – вели Господ – и тој ќе влезе во домот на крадецот и во домот на оној, што се колне лажно во името Мое; и ќе остане во домот негов, и ќе го истреби него, и дрвјата негови и камењата негови“ (Захарија 5,1-4).

И повторно Божјиот закон изрекува осуда за секој што прави зло. Тој може да го презре тој глас, може да настојува да го задуши неговото предупредување, но залудно. Тој го следи. Му се наметнува. Го уништува неговиот мир. Ако не го послуша, го прогонува до гроб. На суд сведочи против него. Како неизгаслив оган, на крајот ги изгорува и душата и телото.

---

„Оти каква полза е за човека, ако го придобие целиот свет, а на душата своја ѝ напакости? Или каков откуп ќе даде човек за својата душа?“ (Марко 8,36.37).

---

За ова прашање би морал да размислува секој родител, секој учител, секој ученик – секое човечко суштество, младо или старо. Ниту една деловна шема или жи-

вотен план не можат да бидат здрави или целосни ако ги опфаќаат само кусите години од овој сегашен живот и не водат сметка за бескрајната иднина. Учете ги младите да ја вклучат вечноста во своите планови. Научете ги да ги изберат принципите и да ги бараат богатствата што имаат трајна вредност – да си собираат себеси „сокровиште на небото, каде крадец не се приближува и кое молец не го јаде“, да си создаваат пријатели „со неправедно богатство“, за да ги примат „во вечните куќи“ кога него ќе го снема (Лука 12,33; 16,9).

Сите што прават така, на најдобар начин се подготвуваат за животот на овој свет. Никој не може да собира богатство на Небото, а притоа неговиот живот на оваа Земја да не е збогатен и облагороден.

„Побожноста е полезна за сѐ, бидејќи во себе има ветување за сегашниот и за идниот живот“ (1. Тимотеј 4,8).

# БИБЛИСКИ БИОГРАФИИ

*„Кои преку вера победија царства, вршеа правда, од немоќни станаа крепки“*

Евреите 11,33.34

Најголема воспитна вредност во целата Библија имаат биографиите забележани во неа. Овие биографии се разликуваат од сите други по тоа што се сосема верни. За кој било ограничен ум е невозможно во сѐ правилно да ги протолкува постапките на другиот. Никој освен Оној кој го познава срцето, кој ги знае тајните извори на побудите и делата не може потполно и вистински да го опише карактерот, или да даде верна слика на човечкиот живот. Само во Божјата Реч може да се најде таков опис.

Ниту една вистина Библијата не ја учи појасно од онаа дека нашите постапки се резултат на она што сме. Животните искуства се во голема мера плод на нашите сопствени мисли и дела.

„Незаслужена клетва нема да се збидне“ (Мудри изреки 26,2).

„Кажете му на праведникот: ‘Блазе му, зашто тој ќе ги јаде плодовите на делата свои; а на беззаконикот – тешко нему, оти ќе има отплата за делата на рацете свои“ (Исаија 3,10.11).

„Чуј земјо! Ете, ќе испратам против овој народ погибел, плод на помислите нивни“ (Еремија 6,19).

Страшна е оваа вистина, и мора длабоко да се втисне во свеста. Секое дело има повратно дејство врз оној што го направил. Но, некое човечко суштество можеби никогаш нема да сфати дека злата што го прогонуваат во животот се само плод на она што самиот го посеал. Сепак, дури ни тогаш не е загубена секоја надеж.

За да го добие правото на првенство, кое според Божјото ветување веќе било негово, Јаков се послужил со измама и пожнеал омраза од својот брат. Во текот на дваесетгодишното прогонство и самиот бил изигран и измамен и на крајот принуден да побара сигурност во бегство; но пожнеал и друга жетва кога се покажало дека неговите сопствени мани се појавуваат и во карактерот на неговите синови – сето тоа е само верна слика на вистината дека во животот сѐ се враќа.

Но Бог вели: „Зашто нема вечно да се заканувам, ниту до крај ќе се гневам; инаку ќе падне врз мене секој дух и секоја душа што сум го создал. Заради беззаконието на неговата лакомост Јас се разгневив и го поразив, се сокрив и негодував; но тој откако се одврати, отиде по патот на срцето свое. Ги видов патиштата негови, но ќе го излекувам, ќе го водам и ќе го утешувам, како и оние што го жалат... мир, мир на далечен и на ближен, вели Господ, и ќе го излекувам“ (Исаија 57,16-19).

Јаков не потклекнал во својата неволја. Тој се покајал и се трудел да го исправи злото што му го нанел на братот. И тогаш, кога смртта му се заканувала преку гневот на Исав, побарал помош од Бога: „Се бореше со ангел и

го надвладеа, плачеше и го молеше;“ „И го благослови таму“ (Осија 12,4; 1. Мојсеева 32,29). Во силата на божествената моќ, оној што добил проштавање, станал, не повеќе како измамник, туку како Божји принц. Не само што добил избавување од својот тешко навреден брат туку и избавување од самиот себеси. Силата на злото во неговата сопствена природа била скршена. Неговиот карактер бил преобразен.

При квечерината заблескала светлина. Размислувајќи за својот изминат живот, тој признал дека Божјата рака го одржувала – „Бог, кој ми беше Спасител откако сум настанал, па сѐ до денешен ден, Ангелот, кој ме избавуваше од секое зло“ (1. Мојсеева 48,15.16).

Истото искуство се повторило во историјата на синовите на Јаков – гревот предизвикал одмазда, а покајанието донело плод на праведноста за живот.

Бог не ги укинува своите закони. Тој не работи спротивно од нив. Не ги поништува последиците од гревот, меѓутоа, Тој преиначува. Преку неговата благодат, проклетството се претвора во благослов.

Меѓу синовите на Јаков, Леви бил еден од најсуровите и најодмаздливите, еден од двајцата највиновни за подмолниот колеж во Сихем. Левиевите особини, кои се покажале и кај неговите потомци, ја навлекле врз нив Божјата осуда: „Ќе ги разделам во Јакова, и растурам во Израелот“ (1. Мојсеева 49,7). Но, покајанието предизвикало промена; нивната верност на Бога среде отпадот на другите племиња го претворила проклетството во знак на највисока чест.

„Тогаш Господ го оддели Левиевото племе, за да го носи ковчегот на заветот Господов, за да стои пред Господа и да му служи, и да се моли и благословува во името Негово.“ „Заветот мој со него беше завет за живот и мир, и Јас му го дадов за страв, и тој се боеше од мене и

од името мое се плашеше... во мир и правда тој одеше со мене и многумина отстрани од грев“ (5. Мојсеева 10,8; Малахија 2,5.6).

Одредени за служба во светилиштето, Левитите не примиле земја во наследство; тие живееле заедно во градовите кои биле одвоени за нив и се издржувале од десетоците, даровите и прилозите посветени во службата на Бога. Тие биле учители на народот, гости на сите нивни прослави, и секаде почитувани како слуги и претставници на Бога. На целиот народ му била дадена заповедта: „Внимавај никогаш да не го заборавиш Левитот додека си во својата земја.“ „Затоа Леви нема дел ниту наследство со своите браќа: Господ е негово наследство“ (5. Мојсеева 12,19; 10,9).

## *Со вера до победата*

Вистината дека човекот е онаков „како што мисли во себеси“ (Мудри изреки 23,7) е потврдена со уште еден пример од историјата на Израелците. Враќајќи се од извидување на земјата, согледувачите го поднеле својот извештај на границата на Ханан. Тешкотиите што стоеле на патот до освојувањето на земјата толку ги исплашиле што тие ја занемариле нејзината убавина и плодност. Градовите опколени со ѕидови до небо, воините со џиновски раст, железните борни коли, сето тоа ја разнишало нивната вера. Не мислејќи на Бога, мноштвото го прифатило заклучокот на маловерните согледувачи: „не можеме да одиме против оној народ, зашто е посилен од нас“ (4. Мојсеева 13,31). Нивните зборови се покажале вистинити. Тие не биле способни да тргнат во освојување, и го поминале својот живот во пустината.

Сепак, двајца од дванаесеттемина што ја разгледувале земјата, мислеле поинаку: „Да тргнеме не двоумејќи

се да ја заземеме, зашто можеме да ја покориме" (4. Мојсеева 13,30), нагласувале тие, сметајќи дека Божјите ветувања се помоќни од џиновите, од градовите опкружени со ѕидини и од железните борбени коли. Кај нив се оствариле овие нивни зборови. Иако заедно со своите браќа 40 години талкале низ пустината, Халев и Исус Навин влегле во ветената земја. Со храбро срце како и во денот кога со Господовите војски тргнал од Египет, Халев ја побарал и како свој дел ја примил тврдината на џиновите. Во силата Господова ги истерал Хананците. Лозјата и маслиновите насади по кои газела нивната нога станале негова сопственост. Иако страшливците и бунтовниците изумреле во пустината, луѓето на верата јаделе грозје од Есхол.

Ниту една вистина Библијата не ја прикажува во толку јасна светлина како што ја прикажува опасноста од едно единствено отстапување од она што е право – опасност која му се заканува на престапникот и на сите оние кои се под негово влијание. Примерот има чудесна моќ, и кога ќе се случи тој да биде во согласност со злите тенденции на нашата природа, тогаш речиси и не можеме да му се спротивставиме.

Најсилна поддршка на порокот во нашиот свет не му дава развратниот живот на расипаниот грешник или презрениот отфрленик; тоа го прави животот кој инаку изгледа умерен, чесен и благороден, но во кој се негува еден грев, му се попушта на еден порок. За душата која тајно се бори против некое силно искушение, која трепери на самиот раб на бездната, таквиот пример е еден од најсилните поттикнувачи на грев. Оној кој има возвишени погледи на животот, вистината и честа, а сепак своеволно крши едно правило од светиот Божји Закон, ги изопачил своите благородни дарови и ги претворил во мамка за гревот. Генијалноста, талентот, сочувство-

то, дури и великодушните и љубезни постапки, на тој начин можат да станат мамка на сатаната со која тој ги наведува душите да паднат во амбисот на пропаста.

Затоа Бог ни дал толкаво мноштво примери кои ги покажуваат последиците од само едно лошо дело. Од тажната приказна за оној еден грев кој „ја донел на свет смртта и сите наши болки, покрај загубата на Едем“, сè до извештајот за човекот кој за триесет сребреници го продал Господа на славата, библиските биографии се полни со такви примери, кои се поставени како светлечки знаци за предупредување на раскрсниците на сите патишта што скршнуваат од патеката на животот.

---

И забелешките за последиците од само едно единствено попуштање на човечките слабости и на заблудата, за плодовите на отстапувањето од верата исто така упатуваат предупредување.

Со едно единствено отстапување од верата, Илија го скратил своето животно дело. Тешка била одговорноста што тој ја носел за Израелот; верно го предупредувал народот против идолопоклонството; во текот на три и пол години глад, тој со длабока загриженост исчекувал да се покаже некој знак на покајание. Сам стоел на Божја страна на горката Кармил. Со силата на верата идолопоклонството било соборено, а благотворниот дожд посведочил дека обилни благослови чекаат да се излеат врз Израелците. И тогаш, изморен и слаб, избегал пред заканите на Језавела, и сам во пустината се молел да умре. Неговата вера изнемоштила. Не можел да го заврши делото што го започнал. Бог му наредил да помаже друг да биде пророк наместо него.

Но Бог ја видел сесрдната служба на овој слуга. Илија не требал да пропадне во пустината, обесхрабрен и сам.

Нему не му било наменето да слезе во гроб, туку со Божјите ангели да се вознесе до местото каде што пребива божествената слава.

Овие записи за животот го објавуваат она што секое човечко суштество еден ден ќе го разбере – дека гревот може да донесе само срам и загуба; дека неверувањето значи пораз; но дека Божјата милост допира и до најдлабоките амбиси; дека верата ја издигнува покајничката душа да биде примена меѓу Божјите синови.

## *Школа на страдања*

Сите кои во овој свет искрено му служат на Бога или ближните, се здобиваат со подготовка во школата на страдањето. Колку е позначајна одговорноста и повозвишена службата, толку и испитот ќе биде построг, а дисциплината поостра.

Проучувај ги искуствата на Јосиф и Мојсеј, Даниел и Давид. Спореди ја раната историја на Давид со историјата на Соломон и размислувај за крајот!

Давид во својата младост бил тесно поврзан со Саул, и неговиот престој на дворот и врските со царскиот дом му овозможиле увид во грижите, тагите и тешкотиите кои се прикриени со царскиот сјај и раскош. Тој видел колку човечката слава е немоќна да ѝ донесе мир на душата. Со чувство на олеснување, Давид од царскиот двор се вратил кај трлата и стадата.

Кога љубомората на Саул го принудила да побара засолниште во пустината како бегалец, Давид, губејќи ја човечката поддршка, уште повеќе се потпрел на Бога. Несигурноста и немирот на пустинскиот живот, постојаната опасност, неопходноста од чести бегања, карактерот на луѓето кои на тој начин се собрале околу не-

го – „сите кои беа во неволја, сите задолжени, сите незадоволни“ (1. Самоилова 22,2) – сето тоа создавало уште поголема потреба од строга дисциплина. Овие искуства кај него разбудиле и развиле способност за однесување со луѓето, сочувство кон угнетените и омраза кон неправдата. Годините на исчекување и опасност го научиле Давида во Бога да ја најде својата утеха, својата потпора и својот живот. Сфатил дека само со Божја сила може да дојде на престолот; дека само во Божјата мудрост може да владее разумно. Воспитувањето во школата на неволји и болка овозможило за Давид да биде напишан извештајот – иако подоцна извалкан од неговиот голем грев – дека „судеше и делеше правда над сиот свој народ“ (2. Самоилова 8,15).

На Соломон во младоста му недостасувала токму оваа дисциплина на која Давид уште рано ѝ се покорил. Околностите, карактерот и животот навидум го издигнувале над сите други. Благороден во младоста, благороден во зрелоста, миленик на својот Бог, Соломон започнал владеење кое имало блескави изгледи за успех и чест. Народите се восхитувале од знаењето и проникливоста на човекот кому Бог му ја дал мудроста. Но, гордеста поради успехот го одвоила од Бога. Соломон ја отфрлил радоста што ја дава заедницата со Бога за да најде уживање во задоволување на суетата. За тоа искуство самиот вели:

„Направив големи дела: изградив дворци за себе, посадив лозја; си направив градини и овоштарници, ... придобив робови и робинки... насобрав сребро и злато и скапоцености од цареви и области. Си доведов пејачи и пејачки и тоа што ги насладува синовите човечки, музички инструменти од сите видови. И станав толку голем, поголем од кој и да е пред мене во Ерусалим... што да ми посакаа очите, не им скратував, ниту му бранев

на моето срце некаква веселба, туку моето срце му се радуваше на секој мој труд... Тогаш ги разгледав сите свои дела, сите напори што ги вложив за да дојдам до нив - и ете, сѐ е тоа сует и мака за духот, и немаше од нив полза под сонцето. Потоа ја свртив мојата мисла кон мудроста, кон глупоста и кон лудоста. Што би направил човек кој дошол после царот? Освен тоа што е веќе направено.“

„Го замразив животот... замразив сѐ, за што се трудев под сонцето“ (Проповедник 2,4-12.17.18).

Од сопственото горчливо искуство Соломон ја сфатил празнината на животот кој го бара највисокото добро во земските нешта. Тој им подигнувал олтари на незнабожечките богови само за да почувствува колку се залудни нивните ветувања за одмор на душата.

Во своите подоцнежни години, изморен и жеден, напуштајќи ги издупчените земски бунари, Соломон се вратил да пие од изворот на животот. Вдахнат со Духот, тој ја запишал историјата на своите упропастени години како поука и предупредување за идните генерации. И така, иако неговиот народ пожнеал тажна жетва од семето што тој го посеал, животното дело на Соломон не било сосема загубено. Школата на страдањата конечно и со него ја постигнало својата цел.

Но по онаква зора, колку можел да биде славен денот на Соломоновиот живот, ако во својата младост ја прифател поуката што можел да ја научи од страдањата на другите!

## *Искушувањето на Јов*

За оние што го љубат Бога и, „се повикани по Негова волја“ (Римјаните 8,28), библиските биографии даваат уште повозвишена поука за улогата на страдањето. „Вие

сте ми сведоци, вели Господ, дека Јас сум Бог“ (Исаија 43,12) – сведоци дека Тој е добар, и дека добрината е над сè. „Бидејќи станавме глетка на светот – на ангелите и на луѓето“ (1. Коринќаните 4,9).

Несебичноста, која е принцип на Божјото царство, е принципот кој сатаната го мрази; тој го одрекува и самото негово постоење. Од почетокот на големата борба сатаната настојува да докаже дека принципите според кои Бог постапува се себични и на ист начин се однесува и кон сите кои му служат на Бога. Христово дело и дело на сите оние кои го носат неговото име е да се побие тврдењето на сатаната.

Исус дошол во човечка лика за да покаже со својот живот што е тоа несебичност. И сите кои го прифаќаат овој принцип треба да бидат Негови соработници во прикажувањето на несебичноста во практичниот живот. Да се одбере доброто затоа што е добро; да се застане на страната на вистината без оглед на страдањата и жртвите – „Тоа е наследство на Господовите слуги, и нивната праведност е од мене, вели Господ“ (Исаија 54,17).

Многу рано во историјата на светот е забележан извештај за животот на човекот кого сатаната се осмелил да го впушти во оваа борба.

Оној кој ги испитува срцата дал сведоштво за Јов, патријархот од Уз: „На земјата нема таков како него: човек непорочен, праведен, богобојазлив и кој го одбегнува злото.“

Против овој човек сатаната го изнел подбивливото обвинение: „Зар Јов се бои напразно од Бога? Зар не ги загради него, неговиот дом и сиот негов имот?... Ама испружи ја еднаш раката и допри во сè што има... допри се до неговите коски и до месото, - дали ќе Те благослови тогаш?“

Господ му рекол на сатаната: „Еве сè што е негово, е во твоја рака; само врз него не кревај рака.“

Откако ја добил оваа дозвола, сатаната однел сè што Јов имал – стадата и крдата, слугите и слугинките, синовите и ќерките; „Го удри Јов со лути рани од стапалата до темето“ (Книгата за Јов 1,8-12; 2,5-7).

Во неговата чаша била дотурена уште една капка на горчина. Неговите пријатели, сметајќи дека неволјата може да биде само казна за грев, ја напаѓале неговата изранета и натоварена душа со своите обвиненија дека правел зло.

Привидно напуштен од Небото и Земјата, а сепак длабоко верен на Бога и свесен за својата чесност, полн со страв и збунетост, Јов воскликнал:

*„На мојата душа животот ѝ се смачи.“*
*„О, кога би сакал да ме скриеш во гробот,*
*да ме засолниш додека не Ти помине гневот,*
*да ми определиш рок,*
*кога ќе си спомниш за мене!“*

Книгата за Јов 10,1; 14,13

*„Ете викам на неправда, но никој не слуша,*
*молам покорно - ама нема правда за мене...*
*Ја соблече од мене мојата слава*
*го симна венецот од мојата глава...*
*Браќата се оддалечија од мене,*
*моите познати се отуѓија...*
*против мене се оние кои ги љубев...*
*Смилувајте ми се, смилувајте ми се пријатели мои,*
*- зашто Божјата рака се допре до мене.“*

*„О, кога би знаел како да го најдам,*
*да се приближам до Неговиот престол...*

*Ете јас одам напред, но Тој не е таму;*
*назад се враќам, но не го согледувам.*
*На левата страна врши ли Он нешто, Јас не го гледам.*
*А на десно, се засолнил, не можам да го видам.*
*Па сепак, Тој добро го знае патот по кој чекорам!*
*Нека ме испита, ќе излезам чист како злато!“*

*„И да ме убие, сепак ќе се надевам во Него.“*

*„Јас знам дека мојот Избавител живее*
*и Тој во последно време ќе застане над земјата.*
*А кога мојата кожа се раскине, тогаш знам,*
*во своето тело ќе го видам Бога.*
*Јас ќе го гледам него како свој,*
*Моите очи, ќе го гледаат, а не некој друг.“*

Книгата за Јов 19,7-21; 23,3-10; 13,15; 19,25.26.27.

На Јов му било според неговата вера. „Нека ме испита“, рекол тој, „ќе излезам чист како злато!“ (Книгата за Јов 23,10). Така и се случило. Со трпеливото поднесување тој ја одбранил честа на својот сопствен карактер, а со тоа и честа на карактерот на Оној чиј преставник бил. „Господ го врати Јова во поранешната состојба... па му го удвои она што го имаше... Господ ја благослови новата Јовова состојба уште повеќе отколку поранешната“ (Книгата за Јов 42,10-12).

---

Во извештајот за оние кои преку самооткажување влегле во заедницата на Христовите страдања, стојат – едното во Стариот, а другото во Новиот Завет – имињата на Јонатан и Јован Крстителот.

Роден како наследник на престолот, Јонатан сепак знаел дека по божествена наредба мора да се повлече; како најнежен и најверен пријател на својот соперник, тој го изложил својот живот на опасност за да го заштити животот на Давид; непоколебливо стоел покрај својот татко во текот на темните денови на опаѓањето на неговата моќ, и конечно загинал заедно со него – името на Јонатан е забележано на Небото, а на Земјата стои како сведок за постоење на силата на несебичната љубов.

Кога се појавил како гласник на Месија, Јован Крстителот го растревожил народот. Од место во место, по него одело непрегледно мноштво луѓе од сите слоеви и професии. Но, кога дошол Оној за кого тој сведочел, сè се променило. Мноштвото тргнало по Исус, а работата на Јован навидум речиси престанала. Сепак, неговата вера не се поколебала. „Тој треба да расте“, рекол Јован, „а јас да се смалувам“ (Јован 3,30).

Времето минувало, а царството што Јован го очекувал, не било основано. Во ќелијата на Ирод, лишен од животворниот воздух и пустинската слобода, тој чекал и бдеел.

Немало ѕвечкање со оружје, ниту обивање на затворските врати; но лекувањето на болните, проповедањето на Евангелието, окрепувањето на човечките души, сето тоа сведочело за Христовата мисија.

Сам во ќелијата, гледајќи дека треба да помине по истата патека по која ќе помине и неговиот Учител, Јован ја прифатил својата должност – заедница со Христа во страдањата. Небесните весници го следеле до гробот. Вселенските суштества, грешните и безгрешните, биле сведоци за неговата истрајност во несебичната служба.

И во сите генерации по него, страдните души биле охрабрувани преку сведошвото на животот на Јован. Во

ќелииите, на губилиштата, на кладите, мажите и жените во текот на темните векови биле зајакнати преку споменот на оној за кого Христос објавил: „Меѓу родените од жени, не се подигна поголем од Јована Крстител“ (Матеј 11,11).

---

„И што даречам уште? Зашто нема да имам доволно време, кога би почнал да раскажувам за Гедеона, Варака, Самсона, Јефтаја... и Самуила и за пророците, кои преку вера победија царства, извршија правда, добија ветувања, затворија уста на лавови; ја угаснаа огнената сила, ја избегнаа острицата на мечот, немоќни станаа силни; стануваа силни во бој, ги натераа во бегство туѓите војски; жени примија свои воскреснати мртви; а други беа мачени и не се избавија, за да добијат подобро воскресение. Други доживеаа подигрувања и удари, а покрај тоа и окови и темница; Беа каменувани, со пила резани на две, на искушенија подложувани, умираа од меч, скитаа во овчи кожи и во козји кожи; во оскудност, во неволји, во лоши постапувања, оние за кои светот не беше достоен: скитаа по пустините, и по горите, и по пештерите, и земните јами.

И сите тие, иако се посведочени преку верата, не го примија ветувањето, зашто Бог предвиде нешто подобро за нас: тие да не дојдат до совршенство без нас“ (Евреите 11,32-40).

# ПОЕЗИЈАТА И ПЕСНАТА

*„Твоите повелби ми се песна,*
*во земјата низ која патувам.“*

Псалм 119,54

Најраните и највозвишени поетски творби за кои луѓето знаат, се наоѓаат во светите списи. Пред да запее најстариот световен поет, пастирот од Мадијан ги забележал сите овие зборови за Јов – со кои по нивната величественост не можат да се споредат ниту да се мерат со највозвишените остварувања на човечкиот гениј:

*„Каде беше кога ја основав земјата?*
*Кој го затвори морето со врати,*
*кога тоа се истргна ; . . .*
*кога го облеков со облак како со облека*
*и кога го завиткав со густа магла како со пелени;*
*кога ја одредив неговата меѓа,*
*и му наместив клучалки и врати?*

*И реков: до таму ќе дојдеш и нема да преминуваш,*
*и тука е границата на твоите горди бранови?*

*„Си му давал ли ти некогаш заповед на утрото,*
*и си го посочил ли покажал на зората нејзиното место?...*

*„Зар си проникнал до морските извори?*
*Зар си одел некогаш по дното на бездната?*
*Зар ти ја покажаа вратата на смртта“*
*Ги виде ли вратите на крајот на мртвите сенки?*
*Ги согледа ли пространствата на земјата?*
*Зборувај, доколку го знаеш сè тоа.*

*„Дали си влегол во ризниците на снегот,*
*и зар ги виде засолништата на градот...*
*По кој пат се разлева светлината,*
*и се разнесува источниот ветер по земјата?*
*Кој го ископа подводниот ров,*
*кој му го исчисти патот на грмежот*
*За да врне дожд врз ненаселено подрачје,*
*врз пустината, каде нема жива душа;*
*За да ја напои неплодната пустина,*
*за да никне трева во степата?*

*„Можеш ли да ја врзеш Плејадата со вериги*
*и да ги разврзеш врските на Орион?*
*Да ја извадиш Деницата во вистинско време,*
*да ја водиш Мечката со нејзините млади?“*

Книгата за Јов 38,4-27; 38,31.32

Како пример за убавината на поетскиот израз, читајте го описот на пролетта во Песната над песните:

*„Ете зимата веќе помина,*
*дождот замина и прекрати.*
*Цвеќињата се покажуваат по земјата;*
*дојде време за пеење;*
*и глас на гулабот се слуша во нашиот крај.*
*Смокавата ги исфрли првите плодови,*
*лозјето мириса во цветање.*
*Стани, моја возљубена, убавице моја, и дојди!“*

Песна над песните 2,11-13

Ништо помалку убаво не е ни пророштвото за благословот на Израелците, кое Валам го изрекол против својата волја:

*„Од Арам ме доведе Валак, царот на Моав,*
*од источните планини, велејќи:*
*‘Дојди, проколни ми го Јакова,*
*дојди, изречи зло против Израел!’*
*Како можам да го проколнам*
*кого Бог не го проколнува?*
*Како да изречам зло?*
*Кога Господ не му изречува?*
*Зошто јас го гледам од врвот на карпите,*
*го набљудувам од високиот брег:*
*Ете, народ, кој живее одвоено,*
*тој не се вбројува меѓу народите...*

*Ете, јас примив да благословувам,*
*зашто Тој благослови,*
*и јас не можам да го сменам тоа.*
*Тој не виде неправда во Јаков,*
*ниту престап во Израел;*
*Господ Бог, неговиот Бог, е со него*
*и царско восклинкнување има меѓу него.*

*Нема волшебства против Јакова*
*Ниту вражања против Израел.*
*И кога ќе им речат на Јаков и на Израел:*
*‘Што направи Бог?’“*

*„Кажа оној кој ги слуша Божјите слова,*
*кој го виде видението на Семоќниот...*
*Колку ти се прекрасни шаторите, Јакове,*
*и твоите живеалишта, Израеле!*
*Како долини што се тегнат,*
*како градини покрај речниот брег,*
*како мирисливи дрва, посадени од Господа,*
*како кедри покрај водите.“*

*„Кажа оној кој ги слуша Господовите зборови,*
*кој ја познава мудроста на Севишниот...*
*Ќе го гледам, но не сега;*
*Ќе го набљудувам, но не од близина;*
*Ѕвезда ќе излезе од Јакова,*
*и Жезал ќе се појави од Израел...*
*Произлезениот од Јакова ќе завладее.“*

4. Мојсеева 23,7-23; 24,4-6; 24,16-19.

Мелодијата на благодарност е атмосфера на Небото; и кога Небото ќе дојде во допир со Земјата, тука има музика и песна – „благодарници и глас на пофална песна“ (Исаија 51,3).

Над новосоздадената Земја, која лебдела убава и неизвалкана, осветлена со Божјата наклонетост, „воскликнуваа утринските ѕвезди и извикуваа Божјите дворјани“ (Книгата за Јов 38,7). Така и човечките срца, обединети со небото, на Божјата добрина одговориле со гласови на благодарност. Многу настани од историјата на човештвото се поврзани со песна.

Најраната песна од човековите усни, забележана во Библијата, била оној славен излив на благодарност на четите Израелеви кај Црвеното Море:

*„Ќе запеам во чест на Господа,*
*зашто славно се прослави:*
*коњот и коњаникот Тој ги фрли во морето.*
*Моја сила, моја песна е Господ,*
*зашто стана мој Избавител.*
*Тој е мој Бог, јас ќе го славам него;*
*Тој е Бог на мојот татко, него ќе го возвеличувам.*

*„Твојата десница, Господи, се прослави со сила;*
*Твојата десница, Господи,*
*го распарчи непријателот...*
*Кој е како Тебе, Господи, меѓу боговите?*
*Кој свети како Тебе прославен во светоста Твоја,*
*страшен во делата, прекрасен во чудесата?“*

*„Господ ќе царува секогаш и довека...*
*Запејте му на Господа, зашто славно се прослави!“*

2. Мојсеева 15,1.2.6-11.18-21

Луѓето примиле големи благослови како одговор на песните на благодарност. Неколкуте зборови кои го опишуваат искуството на Израелците во текот на патувањето низ пустињата, содржат поука која е вредна да размислиме за неа:

„Оттука отидоа во Вир. Тоа е кладенецот за кого Господ му рече на Мојсеја: ‘собери го народот за да им дадам вода’“ (4. Мојсеева 21,16). „Тогаш Израел ја запеа оваа песна:

*„Бликај, о кладенче! А вие - пејте му;*
*кладенецот владетелите го ископаа,*
*народните благородници со своите палки*
*го открија со заповед на Законодавецот.“*

4. Мојсеева 21,17.18

Колку пати оваа историја се повторила во духовното искуство? Колку пати зборовите на некоја света песна ги отпечатиле во душата изворите на покајанието и верата, надежта, љубовта и радоста!

Со песни на благодарност израелските војски под Јосафат тргнале кон големото избавување. Јосафат примил вест дека му се заканува војна. „Против тебе доаѓа големо мноштво“ гласела веста. „Моавците и Амонитите.“ „Јосафат се исплаши и почна да го бара Господа, та прогласи пост во сета Јудеја. Јудејците се собраа да го бараат Господа: доаѓаа од сите јудејски градови за да го бараат.“ И Јосафат, стоејќи во предворјето на храмот пред својот народ, ја излеал својата душа во молитва повикувајќи се на Божјото ветување и признавајќи ја беспомошноста на Израелците. „Во нас нема сила спрема тоа големо мноштво кое доаѓа на нас,“ рекол тој, „ниту ние знаеме, што да правиме, туку очите ни се насочени во Тебе“ (2. Дневникот 20,2.1.3.4.12).

„Тогаш Господовиот Дух слезе... врз Јазил... тој рече: ‘Слушајте сите Јудејци, Ерусалимци и ти цару Јосафате! Господ ви зборува вака: ‘Не бојте се и не плашете се од тоа големо мноштво, зашто ова не е ваша војна, туку Божја’... не треба да се биете; поставете се, стојте па гледајте како ќе ви помогне Господ“ (2. Дневникот 20,14-17).

„Поранија наутро и тргнаа кон пустината Текуј“ (2. Дневникот 20,20). Пред војската оделе пејачи, кревајќи ги своите гласови во славопој на Господа – славејќи го за ветената победа.

Давид, во својот бурен живот полн со промени со песна ја одржувал врската со Небото. Колку се убаво опишани неговите момчешки пастирски искуства со зборовите:

*„Господ е Пастир мој,*
*ништо нема да ми недостасува.*
*На зелени пасишта Тој ми дава починка;*
*при тивки води - ме води...*
*Ако тргнам и низ долината на смртната сенка,*
*нема да се уплашам од злото, зашто Ти си со мене;*
*Твојот жезал и Твојата палка ме утешуваат.“*

Псалм 23,1-4

Во зрелите години, кога како прогонет бегалец наоѓал прибежиште во пустинските карпи и пештерите, пишувал:

*„О, Боже, Ти си мој Бог; горливо те барам Тебе;*
*мојата душа жеднее по Тебе;*
*моето тело копнее по Тебе,*
*како сува, жедна и безводна земја...*
*Ти ми стана помош,*
*радосно извикувам во сенката на твоите крилја.“*

*„Зошто си ми душо изнемоштена?*
*и зошто си жалосна во мене?*
*Надевај се на Бога,*
*зашто пак ќе го славам мојот Спасител,*
*Мојот Бог е моето спасение.“*

*„Господ ми е светлина и спасение;*
*од кого да се плашам?*

*Господ е штит на мојот живот,*
*пред кого да треперам?“*

Псалм 63,1-7; 42,11; 27,1

Со истата доверба се вдахнати и зборовите што Давид ги запишал кога, откако го загубил престолот и круната, бегал од Ерусалим за време на бунтот на Авесалом. Изнемоштен од жалост и изморен од бегање, тој застанал со своите следбеници крај Јордан за да се одмори неколку часа. Го разбудил повик кој му говорел дека треба веднаш да бега. Целата група мажи, жени и мали деца морала да премине преку длабокиот и брз поток во темнина, бидејќи војската на синот-предавник бргу им се приближувала.

Во тој миг на најмрачно искушение Давид пеел:

*„Со глас извикав кон Господа,*
*и Тој ме послуша од својата света гора.*

*„Јас легнувам, спијам и се разбудувам,*
*зашто Господ ме чува.*
*Не се плашам од десетици илјади луѓе,*
*што се нафрлаат на мене од сите страни.“*

Псалм 3,4-6

По својот голем грев, измачуван од грижа на совеста и презир кон самиот себе, сепак се обратил кон Бога како кон свој најдобар пријател:

*„Смили ми се, Боже, според твоето милосрдие,*
*според големите помилувања*
*избриши го моето беззаконие...*
*Пороси ме со исоп, за да се очистам,*
*измиј ме и ќе бидам побел од снегот.“*

Псалм 51,1-7

Во својот долг живот Давид не нашол место за одмор на Земјата. „Придојденици сме пред тебе, населеници“, рекол тој, „како сите наши татковци; нашите денови на земјата минуваат како сенка, и нема надеж“ (1. Дневникот 29,15).

*„Господ ни е засолниште и тврдина,*
*секогаш присутен помошник во неволја.*
*Затоа не се плашиме дури и земјата да се помести,*
*кога бреговите се рушат во морето.“*

*„Реката и нејзините струи го веселат Божјиот Град,*
*пресветиот шатор на Севишниот.*
*Бог е сред него, нема да се разлулее;*
*Бог му помага од првите мугри...*
*Господ на Воинствата е со нас,*
*Јакововиот Бог е наша тврдина.“*

*„Таков е Бог нашиот Бог засекогаш и довека!*
*Тој ќе нè раководи дури до смрт.“*

Псалм 46,1, 2; 46,4-7; 48,14

Исус со песна ги пресретнувал искушенијата во својот земски живот. Неговата песна на вера и света радост се слушала често кога биле изговорени остри и навредливи зборови, кога бил опкружен со тешка атмосфера полна со мачнина, незадоволство, недоверба или мачен страв.

Онаа последна тажна ноќ на пасхалната вечера, токму кога тргнувал во пресрет на предавството и смртта, Неговиот глас се издигнал во псалмот:

*„Благословено да е Господовото Име*
*сега и довека!*

*Од изгрејсонце до зајдисонце*
*фалено да е Господовото Име!“*

*„Го љубам Господа*
*зашто го слуша гласот на моите молитви.*
*Го наведна своето уво кон мене,*
*затоа ќе го повикувам во моите денови.*
*Смртни болки ме опфатија,*
*ме стегнаа примките на Подземјето,*
*ме снајдоа тага и беда.*
*Тогаш го повикав Господовото Име:*
*‘О, Господи, спаси го мојот живот!’*
*Господ е милостив и праведен,*
*нашиот Бог е полн со милост.“*

*„Господ ги чува простодушните;*
*бев во неволја, Тој ме избави.*
*Врати се, моја душо, во своето спокојство,*
*Зашто Господ е твој добротвор,*
*Тој ми го избави животот од смртта,*
*моите очи од солзи и нозете од паѓање.“*

Псалм 113,2.3; 116,1-8

Среде сè подлабоките сенки на последната голема криза на Земјата, божествената светлина ќе сјае најсилно, а звуците на песна и доверба ќе оддекнуваат најчисто и највеличествено.

*„Во оној ден ќе ја пеам оваа песна во Јудината земја:*
*Ние имаме цврст град:*
*место ѕидини и опкопи Бог ни даде спасение.*
*Отворете ги вратите!*
*Нека влезе праведниот народ, кој ја пази вистината,*
*Кој до тебе се држи, Ти го пазиш во совршен мир,*
*зошто се надева во Тебе.*

*Надевајте се во Господа довека,*
*Зашто Господ е Вечна тврдина.“*

Исаија 26,1-4

„Ќе се враќаат искупените Господови. Ќе дојдат во Сион восклици од радост, со вечна веселба на челата; радоста и веселбата ќе ги придружуваат, ќе ги победат тагата и воздишките“ (Исаија 35,10).

„И тие, воскликнувајќи радосно на Сионскиот врв, ќе се науживаат во Господовите добра... душата ќе им биде како навадена градина, никогаш веќе не ќе гинат“ (Еремија 31,12).

## *Силата на песната*

Историјата на песните во Библијата е полна со наведувања за употребата и предимствата на музиката и песната. Музиката често се изопачува да им служи на намерите на злото, и таа така станува едно од најзаводливите средства за искушување. Сепак, правилно употребена, таа е скапоцен дар од Бога одреден да ги издигне мислите кон она што е високо и благородно, да ја инспирира и воздигне душата.

Како што Израеловите деца, патувајќи низ пустината, се храбреле со мелодиите на светите песни, така и Божјите деца денес, по Божји налог, треба својот христијански животен пат да го направат радосен. Еден од најдобрите начини Божјите зборови да се врежат во сеќавањето е да се повторуваат во песна. Таквата песна има чудесна моќ. Таа има сила да ја совлада грубата и недоделкана природа; сила да ги оживее мислите и да разбуди сочувство, да поттикне на сложна работа и да ја

отргне мачнотијата и лошите претчувства, кои ги одземаат храброста и силата.

Тоа е еден од најуспешните начини за втиснување на духовните вистини во срцето. Колку пати душата, соочена со опасност и готова да му се препушти на очајот, ќе се сети на некој Божји збор – долго заборавен припев од некоја песна од детството – и искушенијата ја губат својата сила, животот добива ново значење и нова цел, а храброста и радоста преминуваат и на другите души!

Вредноста на песната како воспитно средство не смее никогаш да се занемари. Во домот треба да се пеат милозвучни и нежни песни, и во него ќе има помалку прекорни зборови, а повеќе веселба, надеж и радост. И во училиштето треба да се пее, па учениците ќе се приближат кон Бога, кон своите учители и едни кон други.

За време на богослужението, со песната му се обраќаме на Бога исто како и со молитвата. Многу песни, всушност, се молитви. Ако го научиме детето да го разбере тоа, тоа повеќе ќе размислува за значењето на зборовите што ги пее, и ќе биде почувствително на нивното влијание.

Додека нашиот Откупител нè води кон прагот на вечноста, осветлена со Божја слава, можеме да ги чуеме зборовите на пофалба и благодарност од страна на небесниот хор околу престолот; и кога одекот на таа ангелска песна ќе се слушне во нашите земски домови, срцата ќе бидат привлечени кон небесните пејачи. Заедницата со Небото почнува на Земјата. Ние тука ја учиме основната мелодија на небесниот славопој.

# ТАЈНИТЕ НА БИБЛИЈАТА

*„Можеш ли во длабочините Божји да проникнеш?“*

За Јов 11,7

Ниту еден ограничен ум не може потполно да го разбере карактерот или делата на Бесконечниот. Ние не можеме да го одгатнеме Бога преку истражување. Тоа свето суштество мора да остане обвиткано со тајна како за најсилниот и најобразован ум, така и за најслабиот и најнеукиот. Но, иако „облак и мрак е околу Него; праведноста и судот се основа на неговиот престол“ (Псалм 97,2). Ние можеме да го разбереме неговото однесување кон нас онолку колку што е потребно за да можеме да ја препознаеме неговата бескрајна милост соединета со неограничена сила. Неговите намери можеме да ги разбереме онолку колку што сме способни да ги сфатиме; а за она што е повеќе од тоа, мораме да имаме доверба во раката која е семоќна, во срцето кое е полно со љубов.

Божјата Реч, како и карактерот на нејзиниот Автор, содржи тајни кои ограничените суштества никогаш нема да можат потполно да ги разберат. Но, Бог во Писмата дал доволно докази за нивниот божествен авторитет. Неговото постоење, неговиот карактер, вистинитоста на неговата Реч се потврдени преку сведоштвата кои му се обраќаат на нашиот разум; а такви сведоштва има многу. Навистина, Тој не ја отстранил можноста за сомнеж; верата мора да се темели врз јасен доказ, а не на видливо прикажување; оние кои сакаат да се сомневаат, имаат можност за тоа; но оние кои копнеат да ја запознаат вистината, ќе најдат доволно основи за верување.

Ние немаме никаква причина да се сомневаме во Божјата Реч затоа што не можеме да ги разбереме тајните на Неговото провидение. И во светот на природата сме постојано опкружени со чуда кои ја надминуваат нашата моќ на разбирање. Зар тогаш да се чудиме што во духовниот свет наоѓаме тајни во кои не можеме да проникнеме? Тешкотијата е создадена единствено поради слабоста и ограниченоста на човечкиот ум.

Тајните на Библијата никако не се доказ против неа, туку се најсилното сведоштво за нејзиното божествено вдахновение. Кога Библијата би ги содржела само оние извештаи за Бога кои можеме да ги разбереме; кога неговата величина и величеството би можеле да бидат проникнати со ограничените умови, тогаш Библијата не би давала, како сега, непогрешливи докази за божественоста. Возвишеноста на нејзините теми треба во нас да вдахне вера дека таа е Божја Реч.

Библијата ја открива вистината толку едноставно и така ја прилагодува кон потребите и стремежите на човечкото срце што ги стаписува и восхитува и најобразованите умови, додека на едноставните и неучените им го појаснува патот на животот. „Оние што одат по тој

пат – дури и неискусните, нема да се загубат“ (Исаија 35,8). Ниту едно дете не мора да го згреши патот. Ниту еден растреперен барател не мора да претрпи неуспех во настојувањето да чекори по чистото и свето видело. Сепак, и наједноставно изречените вистини се однесуваат на возвишени и далекосежни теми кои бескрајно ја надминуваат моќта на човековото разбирање – на тајните кои ја кријат Неговата слава, на тајните пред кои умот застанува во своето истражување – додека искрениот барател на вистината го исполнуваат со стравопочитување и вера. Колку повеќе ја истражуваме Библијата, толку е подлабоко нашето уверување дека тоа е слово на живиот Бог, и човековиот ум се поклонува пред величественоста на божественото откровение.

Бог сака на искрениот барател сѐ повеќе да му се откриваат вистините на Неговите зборови. Иако „она што е тајно, му припаѓа на Господа, нашиот Бог, а она што е јавно – нам и на синовите наши довека“ (5. Мојсеева 29, 29). Мислата дека извесни делови од Библијата не можат да се разберат довела до занемарување на некои од нејзините најважни вистини. Треба да се нагласи и многу често да се повторува фактот дека тајните на Библијата не се тајни затоа што Бог се обидува да ја скрие вистината, туку затоа што нашата слабост или незнаење ни оневозможуваат да ја разбереме или прифатиме. Ограничувањето не е во неговата намера, туку во нашата способност. Бог сака токму од оние делови на Писмото што често ги заобиколуваме, сметајќи ги за неразбирливи, да извлечеме онолку колку што нашиот ум е способен да прими. „Целото Писмо е од Бога вдахновено“ за ние да можеме да бидеме „совршено подготвени за секое добро дело“ (2. Тимотеј 3,16.17).

За човечкиот ум е невозможно да исцрпи макар и само една вистина или ветување. Еден ја гледа славата од еден

аспект, а друг од поинаков: сепак ние можеме да видиме само одблесоци. Полниот сјај му бега на нашиот поглед.

Кога размислуваме за големите теми на Божјата Реч, ние гледаме во извор кој се шири и продлабочува пред нашиот поглед. Неговата широчина и длабочина го надминуваат нашето знаење. Додека гледаме, погледот се шири и пред нас се протега безгранично море, море без брегови.

Таквото проучување има животворна сила. Умот и срцето добиваат нова сила, нов живот.

Ова искуство е најголемиот доказ за божественото потекло на Библијата. Ние ја прифаќаме Божјата Реч како храна за душата на ист начин како што го прифаќаме лебот како храна за телото. Лебот ги подмирува потребите на нашата природа; ние од искуство знаеме дека од него настануваат крвта, коските и мозокот. Да го примениме истото мерило и на Библијата; кога нејзините принципи навистина ќе станат елементи на карактерот, какви се последиците од тоа? Какви промени се случуваат во животот? „Старото помина, ете, сè стана ново" (2. Коринќаните 5,17). Со нејзина сила многу луѓе ги раскинале синџирите на грешните навики. Ја отфрлиле себичноста. Непристојниот станал угладен, пијаницата трезен, а разуздениот непорочен. Душите кои биле слични на сатаната, се преобразиле во Божјиот лик. Оваа промена сама по себе е чудо над чудата. Промената настаната под влијание на Речта е една од најдлабоките тајни на самата Реч. Ние не можеме да ја разбереме: можеме само да веруваме, како што е објавено во Писмото, дека „Христос, во нас, надежта на славата" (Колошаните 1,27).

Познавањето на оваа тајна е клуч за секоја друга. Тоа во душата ги отвора сокровиштата на вселената, можностите за неограничен развој.

Овој развој се постигнува кога Божјиот карактер сѐ повеќе ни се открива – преку славата и тајната на пишаната Реч. Кога би можеле да добиеме совршено знаење за Бога и неговата Реч, тогаш веќе не би можеле да откриваме нови вистини, да придобиваме поголеми знаења, ниту би можеле понатаму да се развиваме. Бог веќе не би бил врвно Суштество, а човекот би престанал да напредува. Благодариме на Бога што не е така. Бидејќи Бог е бескраен и во него се сите сокровишта на мудроста, ние низ целата вечност ќе можеме постојано да истражуваме, постојано да учиме, а сепак никогаш да не ги исцрпиме богатствата на неговата мудрост, неговата добрина, или неговата сила.

# ИСТОРИЈАТА И ПРОРОШТВОТО

*„Кој го кажа тоа од стари времиња? Нели Јас, Господ? Нема друг Бог освен мене.“*

Исаија 45,21

Библијата е најстарата и најпотполна историја што луѓето ја имаат. Таа е чиста зашто потекнува од изворите на вечната вистина, а божествената рака низ вековите ја чувала нејзината неизвалканост. Таа го расветлува далечното минато, во кое луѓето со истражување залудно се обидувале да навлезат. Единствено во Божјата Реч ја гледаме силата која ги поставила темелите на Земјата и ги раширила небесата. Единствено тука наоѓаме веродостоен извештај за потеклото на народите. Единствено тука историјата на нашиот род е дадена неосквернета со човечка суета или предрасуди.

Во аналите на човековата историја, подемот на народите, подемот и падот на царствата, навидум зависат од волјата и јунаштвото на луѓето. Се чини дека развојот

на настаните во голема мерка е одреден од нивната сила, амбиција или своеволие. Но, во Божјата Реч завесата е тргната настрана и ние, зад, над, и во сите игри и против-игри на човечките интереси, сила и страсти, ги гледаме орудијата на Семилостивиот кои тивко и трпеливо ги остваруваат намерите на неговата волја.

Библијата ја открива вистинската филозофија на историјата. Во овие зборови со ненадмината убавина и нежност што апостол Павле ги изговорил пред мудреците на Атина, е изразена божествената намера при создавањето и распоредувањето на расите и народите: „Тој од една крв го создаде целиот човечки род , и да се насели по лицето на целата земја и им определи одредени времиња и граници на нивните живеалишта, за да го бараат Господа; не би ли го напипале и нашле некако" (Дела 17,26.27). Бог објавил дека секој што сака може да дојде „во врските заветни" (Езекил 20,37). При создавањето, негова намера била Земјата да биде населена со суштества чие постоење ќе биде на благослов и за нив самите и за нивните ближни и на чест на нивниот Создател. Сите кои го сакаат тоа можат да постапуваат во согласност со оваа намера. За нив е речено: „Овој народот јас го создадов за себеси, тие ќе ја развестуваат мојата слава" (Исаија 43,21).

Во својот закон Бог ги открил принципите кои се темел на секој вистински успех како на народите така и на поединците. „Тоа ќе биде ваша мудрост и ваш разум" – им рекол Мојсеј на Израелците во врска со Божјиот Закон. „Тоа не е за вас празно слово, зашто тоа е ваш живот" (5. Мојсеева 4,6; 32,47). Благословите кои на овој начин им се гарантирани на Израелците, под истите услови и во иста мерка му се загарантирани на секој народ и секој поединец под целото небо.

Секој земски владетел ја примил својата моќ од Небото; и неговиот успех зависи од тоа како се служи со власта која на тој начин му е доверена. До секој поединец е упатено словото на божествениот Стражар: „Иако не Ме познаваш, јас те препашав" (Исаија 45,5). И за секого, зборовите кои некогаш му биле изговорени на Навуходоносор, се животна поука: „Искупи ги своите гревови со праведност и своите беззаконија со милосрдие спрема бедните, за да ти продолжи мирот" (Даниел 4,27).

Да се разбере ова – да се разбере дека „праведноста го возвишува народот", дека „престолот се зацврстува со праведност" и дека „со милоста го одржува својот престол" (Мудри изреки 14,34; 16,12; 20,28); да се препознае примената на овие принципи во покажувањето на Неговата моќ која „ги руши и ги поставува царевите" (Даниел 2,21) – значи да се разбере филозофијата на историјата.

Тоа е јасно претставено само во Божјата Реч. Тука е покажано дека силата на народите, како и на поединецот, не е во можностите или во околностите кои, навидум, ги прават непобедливи; таа не е ниту во нивната самофална големина. Таа се мери со верноста со која ја исполнуваат Божјата намера.

Приказ на оваа вистина наоѓаме во историјата на стариот Вавилон. На царот Навуходоносор вистинската цел на државната управа му била симболично прикажана со едно големо дрво, чија височина „му стигна до небото и се гледаше од сите краиштата на земјата; лисјата негови - многу убави, и плодовите на него - многубројни, и храна на него имаше за сите; под него наоѓаа сенка ѕверовите полски, а по гранките негови си правеа гнездо птиците небески" (Даниел 4,11.12). Оваа слика го покажува карактерот на владата која ја исполнува Божјата намера – влада која ја штити и изградува нацијата.

Бог го издигнал Вавилон за да ја исполни оваа намера. Тој народ го следеле успеси сè додека не го постигнал врвот на богатството и моќта, на кои никој по него не се приближил – врв кој во Писмото е соодветно претставен со симболот „глава од злато“ (Даниел 2,38).

Но царот пропуштил да ја признае силата која го возвишила. Во горделивоста на своето срце Навуходоносор рекол: „Не е ли тоа големиот Вавилон што јас го изградив за да ми биде царска престолнина - со силата на својата моќ за слава на моето величество“ (Даниел 4,30).

Наместо да биде заштитник на луѓето, Вавилон станал горделив и суров угнетувач. Опишувајќи ја суровоста и алчноста на владетелите во Изарел, вдахновената Реч ја открива тајната на падот на Вавилон и на многу други царства од почетокот на светот: „Се храните со масно месо, се облекувате со волна, колете дебели овни, а не ги пасете стадата. Не ги поткрепувате немоќните, не ги лечите болните, не ги преврзувате ранетите, не ги доведувате назад заскитаните, не ги барате загубените, туку господарите со нив преку насилие и жестокост“ (Езекил 34,3.4).

На владетелот на Вавилон му била изречена осуда од страна на божествениот Стражар: „Тебе ти се објавува цару Навуходоносору: царството ти е одземено“ (Даниел 4,31).

*„Снижи се, седни во правот, девице,*
*вавилонска ќерко;*
*седни на земјата без престол...*
*седи молчејќи, повлечи се во темнина,*
*халдејска ќерко.*
*Зашто нема веќе да те викаат*
*владетелка на царствата.“*

Исаија 47,1-5.

*„О, ти што престојуваш крај големите води,*
*и што си богат со секакви блага!*
*Сега ти дојде крајот твој и*
*свршетокот на твојата лакомост.“ Еремија 51,13*

*„Вавилон, украс на царствата,*
*убавина и гордеивост халдејска,*
*ќе биде како Содом и Гомора*
*кога Бог ги сотре.“*

Исаија 13,19

„Ќе го направам ежово владение и мочуриштата. Ќе го изметам со истребувачка метла, говори Господ над Воинствата“ (Исаија 14,23).

На секој народ кој се појавил на сцената на настаните му било дозволено да го заземе своето место на Земјата за да може да се види дали ќе ја исполни намерата на „Стражарот и Светецот“ (Даниел 4,13). Пророштвото го најавило подемот и падот на големите светски царства – Вавилон, Медо-Персија, Грција и Рим. Со секое од нив, како и со народите чија што моќ била помала, историјата се повторувала. Секое царство поминало низ период на проверка, секое изневерило, славата му избледела, моќта исчезнала, а неговото место го зазело друго царство.

Иако народите ги отфрлувале Божјите принципи, и со тоа отфрлување ја предизвикувале својата сопствена пропаст, сепак било очигледно дека божествената семоќна намера се исполнувала во сите нивни движења.

Оваа поука е изразена со прекрасен симболичен приказ кој му бил даден на пророкот Езекил за време на неговото прогонство во земјата на Халдејците. Ова видение било дадено во мигот кога Езекил бил скршен од тажни сеќавања и тешки претчувства. Земјата на него-

вите татковци била опустошена, Ерусалим без жители, а самиот пророк бил туѓинец во земја во која владееле частољубие и суровост. Додека на сите страни гледал тиранија и зло, неговата душа ја обземала жалост и тој деноноќно тажел. Но симболите што му биле покажани откриле една сила повисока од силата на земските владетели.

На брегот на реката Хевар, Езекил здогледал виор кој навидум доаѓал од север, „голем облак, пламнат оган обвиткан самиот себеси, и блескот имаше околу него, и среде него светлина како боја од злато.“ Четири живи суштества придвижувале многу тркала кои меѓусебно се вкрстувале. Високо над сето тоа „беше нешто како каменот сафир, како престол: на тоа како престол, горе на него, слично на некој човек.“ „А под херувимските крила се покажа нешто како човечка рака“ (Езекил 1,4. 26; 10,8). Тркалата биле толку комплицирано распоредени што на прв поглед сето тоа изгледало конфузно; но тие се движеле во совршена хармонија. Небесните суштества, одржувани и водени со раката под крилјата на херувимите, ги придвижувале тркалата; над нив, на престол од сафир, бил Вечниот; а околу престолот виножито, знак на божествената милост.

Како што компликуваниот механизам на тркалата се наоѓал под управа на онаа рака под крилјата на херувимите, така и сложената игра на човечките настани се наоѓа под божествена контрола. Среде судирите и вревата на народите, Оној кој седи над херувимите и денес сѐ уште управува со работите на оваа Земја.

Историјата на народите кои еден по друг го заземале своето одредено време и простор, несвесно сведочејќи во прилог на вистината чија смисла самите не можеле да ја сфатат, ни се обраќа и нам. На секој народ и на секој поединец денес, Бог му одредил место во својот голем

план. Денес луѓето и народите се мерат со висулецот во раката на Оној кој не прави грешки. Сите тие со својот сопствен избор ја одредуваат својата судбина, а Бог сè води на начин на кој се исполнуваат неговите намери.

Историјата која големиот ЈАС СУМ ја зацртал во својата Реч, соединувајќи алка по алка во еден пророчки синџир, од вечноста во минатото до вечноста во иднината, ни кажува каде сме денес во одот на вековите, и што може да се очекува во времето што ќе дојде. Сè што пророштвото објавило дека ќе се случи сè до нашите денови, е забележано на страниците на историјата, и ние можеме да бидеме сигурни дека по својот ред ќе се исполни и сè она што допрва треба да се случи.

Конечната пропаст на сите земски царства е јасно проречена во Речта на вистината. Во пророштвото објавено при изрекувањето на Божјата осуда врз последниот цар на Израелот, е дадена веста:

„Вака вели Господ: 'Симни ја митрата и одложи ја круната!... Кој се возвишил, ќе биде понижен, и кој се понижил, треба да биде воздигнат. Јас ќе ја соборувам круната, ќе ја соборувам, ќе ја соборувам и веќе нема да ја има, додека не дојде Оној чија што треба да биде; и нему ќе му ја дадам'“ (Езекил 21,26.27).[4]

Круната земена од Израелците последователно преминувала низ царствата на Вавилон, Медо-Персија, Грција и Рим. Бог вели: „И веќе нема да ја има, додека не дојде Оној чија што треба да биде; и нему ќе му ја дадам.“

Ова време е близу. Денес знаците на времето најавуваат дека стоиме на прагот на големи и свечени настани. Сè во нашиот свет е зовриено. Пред нашите очи се исполнува пророштвото на Спасителот за настаните што му претходат на Неговото доаѓање: „Ќе чуете за војни и

4 Заб. прев. - Превод според англискиот оригинал

гласови за војни... Зашто ќе се дигне народ против народ, и царство против царство: и ќе има глад и помор и замјотреси на разни места" (Матеј 24,6.7).

Сегашното време е особено важно за сите живи. Владетелите и државниците, луѓе на доверливи положби и со авторитет, мисловните припадници на сите општествени слоеви, го насочиле своето внимание на настаните што се одигруваат околу нас. Тие ги следат напнатите и немирни меѓународни односи. Ја набљудуваат сѐ посилната активност на сите земски елементи и сфаќаат дека нешто големо и решавачко наскоро ќе се случи – дека светот се наоѓа на прагот на една страотна криза.

Ангелите сега ги задржуваат ветриштата на судирот да не дуваат сѐ додека светот не биде предупреден за судбината што му се заканува; но бурата се подготвува, готова да ја опустоши Земјата; и кога Господ ќе им заповеда на своите ангели да ги одврзат ветровите, ќе избие таков судир што ниту едно перо нема да може да го опише.

Библијата, и само Библијата правилно ги опишува сите настани. Во неа се откриени големите завршни сцени од историјата на нашиот свет, настани во чија сенка веќе се наоѓаме; од татнежот на нивното приближување Земјата трепери, и човечките срца се исполнуваат со страв.

„Ете, Господ ја запустува земјата, ја разурнува ѝ го обезобразува лицето, ги распрснува нејзините жители... зашто тие го престапија законот, ги сменија одредбите, го нарушија вечниот завет. Затоа проклетство ја проголтува земјата, нејзините жителите трпат казна... престати веселбата покрај тимпаните, замре разиграната врева, стивнаа звуците на гуслето" (Исаија 24,1-8)

„О, каков ден! Зашто Господовиот ден е близу и доаѓа како запустување од Севишниот... зрната се изгниени под грутките; пусти се житниците, срушени се амбари-

те, зашто снема жито. Како воздивнува добитокот! Здивени стада говеда, скитаат, зашто им нема пасиште. Па и стада овци ја поднесуваат казната“ (Јоил 1,15.17.18).

„Срцето ми се раскинува... не можам да молчам зашто ти слушаш душо моја, звук од труба, боен повик. Соопштуваат гибел врз гибел, сета земја е ограбена“ (Еремија 4,19, 20)

„Ја гледам земјата: пуста е, еве и празна; и небесата - нема на нив светлина. Ги гледам горите: тие треперат, а сите ридови се растресени. Гледам: ете нема човек, сите небесни птици одлетале. Гледам: еве, плодното поле запусте, Господ ги разурна сите градови“ (Еремија 4,23-26).

„О, зашто е голем овој ден, сличен нему не бил! Време на неволја е за Јакова, но ќе се избави од неа“ (Еремија 30,7).

„Ајде народе мој, влези во собите и затвори ги вратите зад себе. Скриј се за миг, додека не помине гневот“ (Исаија 26,20).

*„Зашто ти од направи од Господа кој е мое засолниште,*
*Дури Севишниот ти го избра за твоја закрила.*
*Нема да те најде несреќа,*
*зло нема да се приближи до твојот шатор.“*

Псалм 91,9.10

*„Моќниот Господ, Бог прозбори,*
*ја повика земјата од изгрејсонце до зајдисонце.*
*Од прекрасниот Сион, Бог заблиста:*
*нашиот Бог доаѓа и не молчи.“*
*„Тој ги повикува одозгора небесата и земјата,*
*за да му суди на својот народ;*
*Небесата ја објавуваат Неговата праведност:*
*Зашто Тој е Бог судија.“*

Псалм 50,1-3; 50,4-6

„Сионска ќерко... таму ќе те откупи Господ од рацете на твоите непријатели. А сега многу народи се собраа против тебе. Тие зборуваат: 'Нека се обесчести, нашите очи нека се наситат со Сион!' Но Господовите мисли тие не ги знаат и не ги разбираат Неговите намери" (Михеј 4,10-12). „Те викаа: 'Истераната' и 'Сионка за која никој не прашува.' Господ зборува вака: 'Еве ќе ја изменам судбината на Јакововите шатори ќе им се смилувам на неговите шатори'" (Еремија 30,17.18).

*„И ќе се рече во тој ден: Ете, Овој е нашиот Бог,*
*во него се надевавме, Тој ќе нè спаси;*
*Тој е Господ, него го чекавме!*
*Да се возрадуваме и веселиме*
*на неговото спасение."*

„Тој ќе ја проголта смртта засекогаш; ... ќе го симне срамот на својот народ од целата земја: зашто Господ рече така" (Исаија 25,9.8)

„Погледај на Сион, градот на нашите празници: твоите очи ќе го видат Ерусалим, мирно престојувалиште, непоколеблива скинија... Зашто Господ е наш судија, Господ е наш Законодавец, Господ е наш Цар" (Исаија 33,20-22).

„Ќе им суди по праведност на бедните, и прав суд ќе им изречува на бедните на земјата" (Исаија 11,4).

Тогаш ќе се исполни Божјата намера; сите кои живеат под сонцето ќе ги почитуваат принципите на неговото царство.

*„Веќе не ќе се слуша за насилство во твојата земја,*
*ни за запустување и разурнување на твое подрачје.*
*Своите ѕидови ќе ги наречуваш Спасение*
*својата врата – Слава."*

„*Ќе бидеш основана на праведност.*
*Ќе бидеш далеку од насилства;*
*бидејќи ќе нема од што да се плашиш;*
*далеку ќе биде од тебе и ужасот,*
*зашто тој нема да ти се доближи.*“

Исаија 60,18; 54,14

Пророците на кои им биле откриени овие големи сцени копнееле да го разберат нивното значење. Тие „бараа и... испитуваа внимателно... на кое и на какво време посочуваше Христовиот Дух, кој беше во нив... ним им беше откриено дека не служеа за себе, туку за вас со ова што сега ви го објавија... во што ангелите сакаат да вникнат“ (1. Петрово 1,10-12).

За нас кои стоиме на прагот на нивното исполнување, колку длабоко значење имаат и колку жив интерес будат овие описи на она што ќе дојде - описи на настаните кои Божјите деца ги очекувале, на кои внимавале, по кои копнееле и за кои се молеле откако нашите прародители ја напуштиле Едемската градина!

Во ова време, пред големата конечна криза, како и пред првото уништување на светот, луѓето се занесени во уживања и задоволувања на телесните желби. Окупирани со она што е видливо и поминливо, тие го загубиле од вид она што е невидливо и вечно. Ги жртвувале непропадливите богатства за она што со употреба се троши. Нивниот ум треба да се издигне, нивниот поглед на живот да се прошири. Тие мораат да се разбудат од мртвилото на световните соништа.

Од издигнувањето и пропаѓањето на народите, кое е толку јасно прикажано на страниците на Светото писмо, тие треба да научат колку е безвредна славата ако е само надворешна и световна. Вавилон, со сета своја моќ и сјај, какви што светот оттогаш нема видено – моќ и

сјај кои на луѓето од тоа време им изгледале толку стабилни и трајни – исчезнал без трага! Пропаднал како „полски цвет“! Така пропаѓа сѐ што не е втемелено на Бога. Непоминливо може да биде само она што е во согласност со Неговите намери и што е одраз на Неговиот карактер. Неговите принципи се единственото трајно нешто во овој свет.

Овие големи вистини треба да ги научат и старите и младите. Ние мораме да го проучуваме остварувањето на Божјата намера како во историјата на народите така и во откровението на идните настани, за да можеме да ја процениме вистинската вредност на она што може и на она што не може да се види; да можеме да разбереме што е вистинската цел на животот; да можеме, гледајќи го она што е минливо во светлината на вечното, да го исползуваме минливото на најдобар и најблагороден начин. И така, учејќи ги тука принципите на неговото царство и станувајќи негови поданици и граѓани, ние можеме да се подготвиме да влеземе со него во неговиот имот, кога Тој ќе дојде.

Тој ден е пред вратата. Времето што останува е мошне кусо за поуките кои треба да се научат, за работата што треба да се изврши и за преобразувањето на карактерот што треба да се постигне.

„Еве што се зборува во Израилевиот дом: ‘Видението, што тој го виде е за далечни денови! Пророкува за далечни времиња!’ Затоа речи им: ‘Господ Бог, зборува вака: Ниедно мое слово нема веќе да се одложи! Што реков, речено е и сѐ ќе се исполни! – говори Господ Бог’“ (Езекил 12,27.28).

# БИБЛИСКА НАСТАВА И ПРОУЧУВАЊЕ

*„Приклони го своето уво кон мудроста;*
*Барај ја како сокриена ризница.“*

Мудри изреки 2,2.4

Исус ги проучувал Писмата во детството, во младоста и во зрелиот период. Како дете, Тој секојдневно учел од пророчките свитоци во скутот на својата мајка. Во младоста, раното утро и вечерниот самрак, често го затекнувале сам како поминува тивки мигови во молитва и проучување на Божјата Реч на падините на ридовите или меѓу дрвјата во шумата. Во текот на неговата служба, неговото длабоко познавање на Писмата сведочело дека вредно ги проучувал. А бидејќи се здобивал со знаење на ист начин на кој и ние се здобиваме, неговата прекрасна сила, и душевната и духовната, е сведоштво за вредноста на Библијата како воспитно средство.

Давајќи ја својата реч, нашиот небесен Татко не ги заборавил децата. Каде во сѐ она што го напишале луѓето

може да се најде нешто што има такво дејство врз срцето, нешто што толку го буди вниманието на малечките како што тоа го прават приказните од Библијата?

Со овие едноставни приказни, можат да се разјаснат големите принципи на Божјиот закон. Така, со илустрации кои се најдобро прилагодени на детското разбирање, родителите и учителите можат мошне рано да почнат да го исполнуваат Господовиот налог кој се однесува на неговите уредби: „Пренесувај им ги на децата свои и говори за нив. Зборувај им за нив кога седиш дома во својата куќа и кога одиш патем; кога легнуваш и кога стануваш“ (5. Мојсеева 6,7).

Употребата на сликовити објаснувања, училишни табли, географски карти и слики помага овие поуки да се објаснат и да се врежат во сеќавањето. Родителите и наставниците мораат постојано да се трудат да ги усовршат своите методи. Во библиската настава треба да се применат нашите најскапоцени мисли, нашите најдобри методи и да се вложат нашите најсериозни напори.

Будењето и јакнењето на љубовта кон проучувањето на Библијата многу зависи од начинот на кој сеползуваат миговите за богослужение. Миговите на утринското и вечерното богослужение би требале да бидат најмилите и највредни мигови на денот. Мора да се разбере дека во тие мигови не смееме да се занимаваме со мачни и непријатни мисли, дека родителите и децата се собираат да се сретнат со Исус и да ги повикаат светите ангели во нивниот дом. Богослуженијата треба да бидат куси и полни со живот, прилагодени на потребите, и понекогаш во нив треба да има промени. Сите треба да учествуваат во читањето на Библијата, да го учат и често да го повторуваат Божјиот закон. Децата ќе бидат многу повнимателни ако понекогаш им се дозволи сами да го одберат четивото. Поставувајте им прашања за четивото

и дозволете им и тие да прашуваат. Употребете илустрации кои ќе помогнат да се објасни значењето на текстот. Ако богослужението со тоа не се продолжи премногу, малечките нека учествуваат во молитва, нека се соединат во песна, дури и ако е само една строфа.

За ваквото богослужение да биде она што би требало да биде, треба да се обрне внимание на неговата подготовка. Родителите треба секојдневно да изделуваат време за проучување на Библијата со своите деца. Нема сомневање дека ќе мораме да вложиме напор, да планираме и да се жртвуваме за да го постигнеме тоа; но трудот ќе биде богато награден.

Бог им заповеда на родителите да ги чуваат неговите уредби во своите срца за да бидат подготвени да им ги пренесат на другите. Тој вели: „Овие зборови, што денес ти ги заповедам, нека ти се врежат во срцето. Пренесувај им ги на своите деца..." (5. Мојсеева 6,6.7). За да ги заинтересираме нашите деца за Библијата, ние самите мораме да бидеме заинтересирани за неа. За да разбудиме кај нив љубов за проучување на Библијата, ние самите мораме да го сакаме тоа. Нашето поучување ќе влијае врз децата само онолку колку што сме го поткрепиле со нашиот личен пример и дух.

Бог го повикал Аврам да биде учител на неговата Реч, Тој го избрал да биде татко на голем народ, затоа што видел дека Аврам ќе ги научи своите деца и домашните на принципите на Божјиот закон. Она што му давало сила на поучувањето на Аврам било влијанието на неговиот личен живот. Неговото големо домаќинство имало повеќе од илјада души, мнозина од нив биле глави на семејства, а имало и многу новообратеници од незнабоштвото. Едно такво домаќинство барало цврста рака на кормилото. Не би имало полза од слаби и колебливи методи. Бог му рекол на Авраам: „Зашто Јас го познавам

него, тој ќе ги поучува своите деца и својот дом после него!“ (1. Мојсеева 18,19). Сепак, тој својата власт ја применувал со таква мудрост и нежност што ги придобивал срцата. Ова е сведоштвото на божествениот Набљудувач: „И тие ќе се придржуваат на Господовите патишта и ќе извршуваат суд и правда!“ (1. Мојсеева 18,19). Влијанието на Аврам се ширело и надвор од неговиот дом. Каде ѝ да го подигал својот шатор, тој покрај него подигал и олтар за жртви и богослужение. Кога шаторот ќе се тргнел, олтарот останувал; многу ханански номади, кои своето знаење за Бога го добиле врз основа на животот на Аврам, неговиот слуга, би застанувале крај олтарот да му принесат жртва на Господа.

И денес поучувањето на Божјата Реч не би било ништо помалку делотворно кога би нашло верен одраз во животот на учителот.

Не е доволно да се знае што другите мислеле или слушнале за Библијата. На судот секој ќе мора да положи сметка пред Бога за себе, и затоа сега секој мора сам да научи што е вистина. Но, за проучувањето да биде делотворно, мора да се разбуди вниманието на ученикот. Ова особено не смеат да го загубат од вид оние кои мораат да се занимаваат со деца и младинци кои се многу различни по своите склоности, воспитување и начин на размислување. Поучувајќи ги децата за Библијата, можеме да постигнеме многу ако ги набљудуваме нивните склоности, она за што се заинтересирани, и ако го привлечеме нивното внимание со она што Библијата го вели за нив. Оној кој сè создал со различни склоности, во својата Реч подготвил по нешто за секого. Кога учениците ќе видат дека библиските поуки се однесуваат и на нивниот живот, поучете ги да ја прифатат Библијата за советник.

Исто така, помогнете им да ја вреднуваат нејзината прекрасна убавина. Многу книги без никаква вистинска вредност, книги со возбудлива и нездрава содржина, се препорачуваат за читање или во најмала рака се дозволуваат поради нивната наводна литературна вредност. Зошто би ги упатувале нашите деца да пијат од тие загадени потоци кога можат да имаат слободен пристап кон чистиот извор на Божјата Реч? Богатството, силата и длабочината на библиската мисла се неисцрпни. Охрабрете ги и децата и младите да ги истражуваат нејзините сокровишта на мислата и изразот.

Додека убавината на овие скапоцени вистини ги привлекува нивните мисли, нивните срца ќе дојдат во допир со силата која ќе ги омекне и ќе ги плени. Тие ќе бидат привлечени кон Оној кој на тој начин им се открил. И само малкумина нема да посакаат да се запознаат подобро со Неговите дела и патишта.

Оние што ја проучуваат Библијата треба да бидат поучени да ја земаат в раце со дух да бидат поучувани. Ние мораме да ги истражуваме нејзините страници, не за да го докажеме своето мислење, туку за да дознаеме што вели Бог.

Вистинско познавање на Библијата може да се добие само со помош на Светиот Дух преку кого Речта и била дадена. За да го добиеме тоа знаење, мораме да живееме според него. Ние треба да послушаме сѐ што Божјата Реч заповеда. Смееме да бараме сѐ што таа ветува. Со нејзина сила, ние мораме да го живееме животот кој таа го пропишува. Библијата може да се проучува со успех единствено кога ѝ се пристапува на таков начин.

Проучувањето на Библијата од нас бара најсесрден напор и постојано размислување. Како што копачот бара златни жили во земјата, така и ние мораме со истата

сериозност и истрајност да трагаме по богатството на Божјата Реч.

Во секојдневното проучување, методата стих по стих е често најкорисна. Оној што проучува треба да земе еден стих и да го сосредоточи својот ум за да пронајде што му говори Бог нему во тој стих, а потоа да се занимава со таа мисла сè додека потполно не ја разбере. Ваквото проучување на еден отсек, сè додека неговото значење не стане јасно, е многу повредно од читање многу глави без некаква одредена цел и без добивање одредени поуки.

Една од основните причини за душевната немоќ и слабост на духот е недоволната насоченост кон вредните цели. Ние се фалиме со широката распространетост на литературата; но умножувањето на книгите, дури и на оние кои сами по себе не се штетни, може да стане вистинско зло. Изложени на страшна поплава од печатен материјал, кој постојано излегува од печат, старите и младите стекнуваат навика да читаат брзо и површно, а умот ја губи способноста да мисли поврзано и живо. Освен тоа, голем дел од списанијата и книгите кои, како жабите во Египет, ја преплавуваат земјата, не е само претеран, празен и штетен, туку и порочен и унижувачки. Нивна цел не е само да го отрујат и упропастат умот туку и да ја расипат и уништат душата. Умот и срцето кои се немарни и бесцелни, паѓаат како лесен плен на злото. Габите растат токму врз болните, безживотни организми. И токму невработениот ум е работилница на сатаната. Умот треба да се насочува кон високи и свети идеали, животот да добие благородна цел, смисла со која ќе биде сосема окупиран, па злото тешко ќе се пробие.

Потоа, младите треба да се учат внимателно да ја проучуваат Речта. Кога душата ќе ја прифати, таа ќе се покаже како моќна пречка за искушението. Псалмистот из-

јавува: „Во срцето го запазив твојот збор, за да не згрешам против Тебе!“ „Според зборовите на твојата уста, се сочував од патиштата на насилниците“ (Псалм 119,11; 17,4).

Библијата се толкува самата себеси. Библиски стих мора да се споредува со библиски стих. Оној што ја проучува Библијата мора да се научи да ја набљудува како целина, и да го согледа заемниот однос на нејзините делови. Тој треба да се запознае со нејзината голема централна тема, со Божјата првична намера со светот, со потеклото на големата борба и со делото на спасението. Треба да ја разбере природата на двата принципи кои се борат за превласт и да научи да го следи нивното делување во извештаите на историјата и пророштвата сè до големиот завршеток. Треба да види како оваа голема борба го проникнува секој степен на човечкото искуство; како и тој самиот во секое свое животно дело ја открива или едната или другата од овие две спротивни побуди; и како, го сакал тој тоа или не, тој уште сега одлучува на чија страна ќе се најде во овој судир.

Секој дел од Библијата настанал со божествено вдахновение и служи за полза. На Стариот Завет треба да му се посвети исто внимание како и на Новиот. Додека го проучуваме Стариот Завет, ќе пронајдеме живи извори кои избиваат онаму каде немарниот читател гледа само пустина.

Книгата Откровение, поврзана со книгата на пророк Даниел, бара посебно проучување. Секој богобојазлив учител треба да размислува како најјасно да го разбере и објави Евангелието кое самиот Спасител дошол да му го објави на својот слуга Јован – „Откровение на Исуса Христа, што Бог му го даде, за да им покаже на своите слуги, што треба да стане скоро“ (Откровение 1,1). При проучување на Откровението никој не треба да се обес-

храбри што неговите симболи се, навидум, таинствени. „Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја моли од Бога, кој им дава на сите изобилно и без укор“ (Јаков 1,5).

„Блажен е кој чита, и блажени се кои ги слушаат зборовите на пророштвото и го пазат напишаното во него, зашто времето е близу“ (Откровение 1,3).

Кога ќе се разбуди вистинска љубов кон Библијата, и кога оној што ја проучува ќе почне да согледува колку е широко нејзиното поле и колку се скапоцени нејзините богатства, тој ќе посака да ја исползува секоја можност да се запознае со Божјата Реч. Проучувањето на Библијата нема да биде ограничено на некое посебно време или место. Тоа постојано проучување е едно од најдобрите средства за негување љубов кон Писмото. Ученикот треба секогаш да ја има при себе својата Библија. Кога имате можност, читајте и размислувајте за она што сте го прочитале. Додека одите по улиците, чекате на железничка станица, додека чекате некого, искористете ја можноста да извлечете неколку скапоцени мисли од сокровиштето на вистината.

Големите движечки сили на душата се верата, надежта и љубовта; и ако Библијата правилно се проучува, таа ги буди токму овие сили. Надворешната убавина на Библијата, убавината на мислата и изразот, се само заднина, ако така може да се рече, за нејзиното вистинско богатство – убавината на светоста. Во библискиот извештај за луѓето кои оделе со Бога можеме да ѕирнеме во одблесоците на Неговата слава. Во Оној, кој е „сиот убав“, ние го гледаме Него, кого сета убавина на Земјата и небото само благо го одразуваат. „А Јас - кога ќе бидам издигнат од Земјата“, рекол Тој, „ќе ги привлечам сите кон себе“ (Јован 12,32). Кога проучувачите на Библијата гледаат во Спасителот, тогаш во душата се буди таин-

ствената сила на верата, обожавањето и љубовта. Гледајќи го постојано Христовиот лик, набљудувачот станува сè посличен со Оној кого го обожава, Зборовите на апостол Павле стануваат јазик на душата: „Јас и сега сметам сè за загуба заради преважното познавање на Христа Исуса, мојот Господ... за да го познавам Него, и силата на неговото воскресение, и учеството во неговите страдања“ (Филипјаните 3,8-10).

Изворите на небесен мир и радост кои се отвориле во душата преку словото на Вдахновението, ќе станат моќна река на влијание од благослов за сите кои ќе дојдат во нејзина близина. Денешната младина, младината што расте со Библија во раката, треба да стане примател и пренесувач на нејзината животворна сила! Какви потоци од благослов тогаш би потекле во светот – влијанија, чија моќ да исцелуваат и тешат ние одвај да можеме да ги разбереме – реки од жива вода, извори „кои течат во живот вечен!“

# ФИЗИЧКА КУЛТУРА

*„Возљубен мој, ти посакувам да бидеш добро во сè и да бидеш здрав, како што ѝ е добро на твојата душа.“*

3. Јованово 2

# ПРОУЧУВАЊЕ НА ФИЗИОЛОГИЈАТА

*„Те прославувам што сум создаден толку чудесно“*

Псалм 139,14

Бидејќи умот и душата доаѓаат до израз преку телото, и душевната и духовната сила во голема мера зависат од телесната сила и активност; сѐ што го потпомага телесното здравје, го потпомага и развојот на силен ум и урамнотежен карактер. Без здравје никој не може толку јасно да ги разбере или толку потполно да ги исполни своите обврски кон самиот себе, кон своите ближни, или кон својот Создател. Затоа, здравјето треба исто толку совесно да се чува како и карактерот. Познавањето на физиологијата и хигиената треба да биде основа на сите воспитни напори.

Иако фактите од областа на физиологијата денес се толку општо познати, владее застрашувачка рамнодушност кон принципите на здравјето. Дури и помеѓу оние

кои ги знат тие принципи, ретко кој ги спроведува во дело. Луѓето така слепо се поведуваат по своите наклонетости и нагони како животот повеќе да зависи од случај отколку од одредени и непроменливи закони.

Младината, полна со животна свежина и сила, недоволно ја разбира вредноста на изобилството енергија со која располага. Колку несериозно се сфаќа тоа богатство поскапоцено од злато, поважно за напредување од учеността, положбата или богатството! Колку луѓе, жртвувајќи го здравјето во борбата за богатство или моќ, речиси ја достигнале целта на своите копнежи само за беспомошно да паднат пред нив, додека други, располагајќи со надмоќна телесна издржливост, ја досегнале саканата награда! Колку луѓе кои поради запоставувањето на здравствените закони паднале во нездрави состојби, биле наведени на лоши навики, на отфрлување на секоја надеж и за овој и за светот што доаѓа!

При проучувањето на животните процеси – физиологијата, на учениците треба да им се помогне да ја согледаат вредноста на физичката енергија и начинот на кој таа може да се сочува и развие така што во најголема мерка ќе придонесе за успех во големата животна борба.

Децата треба рано, на едноставен и лесно разбирлив начин, да се поучуваат на основите на физиологијата и хигиената. Тоа дело мора да го започне мајката во домот, а училиштето мора совесно да го продолжи. Како што учениците ќе стануваат постари, така и поучувањето од оваа област мора да продолжи сè додека тие не бидат оспособени да се грижат за домот во кој живеат. Тие мораат да ја согледаат важноста на заштитата од болести преку зачувувањето на животната сила на секој орган, а исто така треба да научат како да постапуваат во случај на вообичаените болести и несреќи. Секое училиште мора да предава физиологија и хигиена и, колку што е

можно, да биде опремено со средства за прикажување на структурата, намената и негата на телото.

Постојат прашања кои се многу ретко опфатени со програмата на изучување на физиологијата, а кои би требале да се разгледаат – прашања кои за ученикот се далеку поважни од многу технички детали кои се обично вклучени во наставата по тој предмет. Основниот принцип на целото воспитување на ова подрачје е дека младината треба да научи дека природните закони се Божји закони – исто толку вистински божествени како и прописите од Декалогот. Законите што управуваат со нашиот организам Бог ги впишал во секој нерв, мускул и влакно во телото. Секое немарно или намерно кршење на овие закони е грев против нашиот Создател.

Колку е, според тоа, важно темелното познавање на овие закони! На принципите на хигиената, применети во исхраната, физичките вежби, негувањето деца, лекувањето болни и во многу други подрачја, треба да им се посвети многу поголемо внимание отколку што тоа обично се прави.

Треба да се нагласува влијанието на умот врз телото исто како и влијанието на телото врз умот. Електричната сила на мозокот, засилена со умствена активност, го оживува целиот организам и на тој начин станува скапоцена помош во спротивставувањето на болестите. Тоа мора јасно да се изнесе. Важноста на силата на волјата и самосовладувањето како за зачувањето така и за обновувањето на здравјето; штетните, па дури и разорни последици од гневот, незадоволството, себичноста, порочноста, и од друга страна, прекрасната животна сила која се наоѓа во доброто расположение, несебичноста, благодарноста – сето тоа исто така треба да се прикаже.

Во Писмото се споменува една физиолошка вистина – вистина за која треба да размислиме: „Веселото срце е како лек благотворен“ (Мудри изреки 17,22).

Бог вели: „Твоето срце нека ги чува моите заповеди, зашто тие ќе ти ги продолжат деновите и годините на животот и ќе ти додадат мир.“ „Зашто тие се живот за оние кои ги наоѓаат и исцелување за целото нивно тело.“ „Љубезните зборови“, вели Писмото, не се само „сладост на душата“, туку и „лек на коските“ (Мудри изреки 3,1.2; 4,22; 16,24).

Младината треба да ја разбере длабоката вистина која е содржана во библиската изјава дека во Бога е „изворот на животот“ (Псалм 36,9). Тој не е само зачетник на сѐ, туку е и живот на сѐ што живее. Негов е животот што го примаме од сончевата светлина, од чистиот и свеж воздух, од храната која го изградува нашето тело и ја одржува нашата сила. Негов е животот со кој живееме, од час во час, од миг во миг. Доколку не се изопачени од гревот, сите Негови дарови донесуваат живот, здравје и радост.

„Сѐ што прави Тој е прекрасно во свое време“ (Проповедник 3,11); а вистинска убавина не се обезбедува со расипување на Божјото дело, туку преку усогласување со законите на Оној кој создал сѐ и кој наоѓа задоволство во нивната убавина и совршенство.

Кога го проучуваме телесниот систем, треба да обрнеме внимание на неговата извонредна прилагоденост кон потребите, на хармоничното дејствување и меѓусебната зависност на различните органи. Кога на тој начин ќе се разбуди интерес кај ученикот и кога ќе ја согледа важноста на физичката култура, учителот може многу да придонесе за обезбедување правилен развој и усвојување добри навики.

Една од примарните цели кон кои треба да се стремиме е правилното држење како при седење така и при стоење. Бог го создал човекот исправен и Тој сака човекот да се здобие не само со физички, туку и со душевни и морални благослови, отменост, достоинство и сигурност, храброст и самодоверба, кон што правилното држење многу придонесува. Учителот во тоа треба да пружи поука и преку пример и со упатства. Треба да покаже какво е правилното држење и упорно да бара од учениците да го прифатат.

Веднаш по правилното држење, по важност следуваат дишењето и негата на гласот. Оној кој седи и стои исправено, обично и дише поправилно од другите. Но учителот треба да им ја нагласи важноста на длабокото дишење на своите ученици. Треба да прикаже како здравото дејствување на органите за дишење, помагајќи го крвотокот го оживува целиот организам, го буди апетитот, го потпомага варењето, предизвикува здрав и сладок сон и, на тој начин не само што го освежува телото, туку и го ублажува и смирува умот. Додека ја објаснува важноста на длабокото дишење, тој треба упорно да бара тоа и да се применува. Длабокото дишење треба да се увежбува и да се вложи труд во зацврснувањето на оваа навика.

Увежбувањето на гласот има важно место во физичката култура, бидејќи тоа ги шири и зајакнува белите дробови и на тој начин ги спречува болестите. За да се обезбеди беспрекорен изговор при читање и зборување, треба да се настојува стомачните мускули интензивно да учествуваат во дишењето и органите за дишење да не бидат стеснети. Напорот треба да биде пренесен врз стомачните мускули, а не врз мускулите на грлото. Така можат да се спречат голем замор и тешки болести на грлото и белите дробови. Треба да се обрне големо внима-

ние на јасното изговарање на зборовите, со меки и добро обликувани гласови и не премногу брз говор. Тоа не само што ќе придонесе за здравјето туку и работата на ученикот ќе ја направи многу попријатна и поуспешна.

Објаснувајќи го сево ова, ние имаме златна можност да ги прикажеме лудоста и штетноста од носењето тесна облека и обувки и од сите други навики кои ги ограничуваат основните функции на телото. Речиси бескрајна низа болести настанува поради нездравата мода во облекувањето и во овој поглед мораат да се бидат дадени мошне совесни поуки. Објаснете им на учениците колку е опасно да се дозволи облеката да се потпира врз колковите или да стега кој било орган од телото. Облеката треба да биде скроена така што во неа ќе може непречено и длабоко да се дише и рацете без потешкотии да можат да се кренат над главата. Стегањето на белите дробови не само што го спречува нивниот развој, туку го попречува и процесот на варење и крвотокот, и на тој начин го ослабнува целото тело. Сите вакви постапки ги намалуваат и физичката и умствената сила и, на тој начин го попречуваат квалитетното напредување и често го оневозможуваат неговиот успех.

При проучувањето на хигиената совесниот учител ќе ја искористи секоја можност да ја покаже неопходноста од совршена чистота и во личните навики и во одржувањето на околината. Треба да се нагласува колку секојдневното капење е полезно за унапредување на здравјето и за поттикнување на умствената активност. Треба да се посвети внимание на сончевата светлина и проветрувањето, на хигиената на спалната соба и кујната. Учете ги учениците дека здравата спална соба, совршено чистата кујна, вкусно поставената маса, полна со здрава храна, повеќе придонесуваат за среќата на семејството и будат почит кај секој разумен посетител од каков било

скап мебел во собата за дневен престој. Дека „душата е многу поскапа од храната, и телото – од облеката“ (Лука 12,23), тоа е поука која е исто толку потребна денес како и пред осумнаесет векови *(пишувано 1903)* кога била изречена од божествениот Учител.

Оној што ја проучува физиологијата треба да научи дека цел на неговото проучување не е само запознавање со фактите и принципите. Само тоа би имало мала полза за него. Тој може да ја согледа важноста на проветрувањето, неговата соба може да биде полна со свеж воздух; но ако не ги полни правилно своите бели дробови, ќе ги трпи последиците од неправилното дишење. Исто така, тој може да ја разбере неопходноста од чистотата и да се снабди со потребните средства; но сето тоа ќе биде бесполезно доколку не се употреби. Од необична важност е при изнесувањето на овие принципи на ученикот да му се прикаже нивното значење на таков начин што тој совесно ќе ги спроведува во дело.

Со најпрекрасна и највеличествена слика Божјата Реч прикажува каква важност Бог му придава на нашиот организам и колкава одговорност почива врз нас да го одржиме во најдобра состојба: „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, кој е во вас, кого го имате од Бога, па не си припаѓате само на себеси?“ „Ако некој го разруши Божјиот храм, Бог ќе го разруши него, зашто Божјиот храм е свет, а тоа сте вие“ (1. Коринќаните 6,19; 3,17).

Учениците треба да бидат проникнати со мислата дека телото е храм во кој Бог сака да престојува, дека мора да остане чисто, престојувалиште на возвишени и благородни мисли. Кога при проучувањето на физиологијата ќе согледаат дека навистина се „чудесно создадени“ (Псалм 139,14), ќе бидат исполнети со стравопочитување. Наместо да го расипуваат делото на Божјите раце, тие ќе

посакаат да сторат сè што е во нивна моќ да го исполнат прекрасниот план на Создателот. На тој начин ќе се постигне послушноста на законите на здравјето да не ја сметаат за жртва или самооткажување, туку за она што таа навистина е – непроценливо предимство и благослов.

# ВЛАДЕЕЊЕ СО СЕБЕСИ[5] И ДИЕТЕТИКА[6]

*„Секој што се бори, се воздржува од сè“*

1. Коринќаните 9,25

Секој ученик мора да ја разбере врската помеѓу едноставниот начин на живот и силниот интелект. На нас лично е да одлучиме дали со нашиот живот ќе управува умот или телото. Младите мораат, секој за себе, да одлучат како ќе го обликуваат својот живот; и не смеат да се штедат никакви напори за да се запознаат силите со кои тие се соочуваат и влијанијата кои го одредуваат карактерот и судбината.

Невоздржливоста е непријател од кој сите мораат да се чуваат. Наглото ширење на ова страшно зло треба да поттикне секого што се грижи за човечкиот род да се бори против него. Праксата во училиштата да се даваат

5 Владеење со себеси - во англискиот оригинал *Temperance*, што значи потполно отфрлање на она што е штетно и умереност во она што е корисно; со еден збор, владеење со себеси, трезвеност, воздржливост, умереност итн.

6 Диететика - научна дисциплина која ги проучува видовите и количеството на храна потребна за здравјето.

поуки за темите поврзани со трезвеноста, е чекор во добра насока. Такви поуки би требале да се даваат во секое училиште и во секој дом. Младите и децата треба да разберат дека алкохолот, тутунот и другите слични отрови со своето влијание го разоруваат телото, го затемнуваат умот и духот го прават телесен. Мора да се објасни дека секој што ги употребува овие отрови не може долго да ја задржи полната сила на своите физички, ментални и морални способности.

Но, за да го пронајдеме коренот на неумереноста, мораме да одиме подлабоко отколку што се уживањето во алкохолот или тутунот. Безделничењето, бесцелноста или лошото друштво можат да приготват пат за невоздржаноста. Често пати тие причини можат да се најдат на семејната трпеза, во семејствата кои себеси се сметаат за строго умерени. Сè што го попречува варењето на храната, што непотребно го возбудува духот, или на кој било начин го ослабнува организмот, нарушувајќи ја рамнотежата на менталните и физичките сили, ја слабее контролата на умот над телото и така наведува на невоздржаност. Падот на многу талентирани млади животи може да им се припише на неприродните апетити, кои биле предизвикани од штетната исхрана.

Чајот и кафето, зачините, слатките, колачите со богат фил, сето тоа се активни предизвикувачи на лошо варење. Месото е, исто така, штетно. Неговото по природа стимулативно[7] дејство би требало да биде доволна причина против неговата употреба; а речиси општата раширеност на болести кај животните двојно ја зајакнува оваа причина. Тоа ја засилува нервната раздразливост и ги буди страстите, на тој начин нарушувајќи ја рамнотежата на силите во корист на пониските инстикти.

7 Стимулативен, кој надразнува, поттикнува, побудува

Оние кои ќе се навикнат на богата[8] и стимулативна исхрана, по некое време ќе согледаат дека желудникот веќе не им е задоволен со едноставна храна. Тој бара сè позачинета, сè полута и сè постимулативна храна. Бидејќи нервите се растроени а организмот ослабнат, волјата е навидум немоќна да им се спротивстави на неприродните апетити. Нежната слузокожа на желудникот станува толку надразнета и воспалена што и најзачинетата храна веќе не овозможува никакво задоволство. Се јавува жед која не може да ја згасне ништо освен силен пијалак.

Треба да се чуваме од почетоците на злото. При подучувањето на младите треба мошне јасно да се нагласи до какви последици доведува навидум малото оддалечување од она што е право. Учениците треба да бидат поучени за вредноста на едноставната и здрава исхрана во спречувањето на желбите за неприродни стимулативни средства. Мошне рано треба да се воспостави навика да владеат со себеси. Младите мораат да бидат проникнати со мислата дека мораат да бидат господари, а не робови. Бог нив ги назначил за владетели на царството кое е во нив, и тие мораат да се служат со царската власт што им е дадена од Небото. Ако ваквите поуки се даваат совесно, последиците од тоа ќе се почувствуваат далеку надвор од кругот на младите. Со тоа влијание ќе бидат опфатени и спасени илјадници мажи и жени кои се наоѓаат на самиот раб на пропаста.

## *Исхраната и умствениот развој*

На проблемот на влијанието на исхраната врз умствениот развој мора да му се посвети далеку поголемо

8 Храна богата со избрани, хранливи состојки како што се путер, шеќер, павлака зачини итн., и затоа мошне калорична и вкусна.

внимание отколку што беше случај до сега. Умната несреденост и тромост се чести последици од грешките во исхраната.

Често се тврди дека апетитот е сигурен водич при изборот на храната. Тоа би можело да биде вистина кога секогаш би се применувале законите на здравјето. Но, со лошите навики кои се пренесувале од генерација во генерација, апетитот толку се изопачил што постојано копнее за некои штетни уживања. И затоа сега не може да му се верува како на водич.

При проучувањето на хигиената, учениците мораат да се запознаат со хранливата вредност на различните продукти. Мораат да им се објаснат последиците од засилената и стимулативна исхрана, како и од употребата на продукти на кои им недостасуваат некои хранливи состојки. Чајот и кафето, белиот леб, киселите краставички во оцет, зеленчукот со лош квалитет, слатките, зачините и колачите од лиснато мрсно тесто не нè снабдуваат со потребните хранливи состојки. Многу ученици доживеале слом поради употреба на ваква храна. Многу слаби деца, неспособни за силен напор на умот и телото, се жртви на осиромашена исхрана. Житариците, овошјето, јаткастите плодови и зеленчукот, во правилна комбинација, ги содржат сите прехрамбени елементи; и кога ќе се подготват на соодветен начин, ја сочинуваат исхраната која најдобро ги развива и физичката и умствената сила.

Треба да се имаат предвид не само својствата на храната туку и потребите на оној што ја зема. Храната што слободно можат да ја земаат луѓе кои се занимаваат со физичка работа, често пати мораат да ја одбегнуваат оние чија работа е претежно од умствена природа. Исто така, треба да се посвети внимание и на правилната комбинација на продуктите. Умствените работници и

оние кои својата работа ја извршуваат седејќи, не би смееле да земаат многу различни видови јадење во текот на еден оброк.

Треба да се чуваме од прекумерно јадење дури и на најздравата храна. Природата не може да употреби повеќе отколку што е потребно за изградбата на различни телесни органи, а претерувањето го оптоварува организмот. За многу ученици се мислело дека доживеале слом поради прекумерно учење, додека вистинската причина била прекумерното јадење. Кога на законите на здравјето им се посветува соодветно внимание, не постои голема опасност умот да се преоптовари; меѓутоа, многу случаи на таканаречено „откажување“ на умот можат да му се припишат на преоптоварувањето на желудник кое го заморило телото и го ослабнало умот.

Во најголем број случаеви е подобро да се земаат два, наместо три оброка. Ако вечерата се земе порано, се попречува варењето на претходниот оброк. Ако се земе подоцна, ни самата нема да биде сварена пред заминувањето во постела. Така на желудникот не му се овозможува потребниот одмор. Сонот се нарушува, мозокот и нервите се заморуваат, апетитот за време на појадокот е ослабнат, а целиот организам е неосвежен и неподготвен за дневните обврски.

Не смее да се занемари важноста на редовноста во времето одредено за јадење и спиење. Бидејќи изградувањето на телото се извршува во текот на часовите за одмор, многу е важно, особено за младите, сонот да биде редовен и обилен.

Колку што е можно, треба да се одбегнува нагло внесување на храната. Колку е покусо времето за оброк, толку помало количество храна треба да се земе. Подобро е да се испушти оброкот, отколку недоволно да се соџвака храната.

Времето за јадење треба да биде можност за заемно дружење и освежување. Сè што би можело да оптовари или раздразни, треба да биде отстрането. Треба да се негува доверба, љубезност и благодарност кон Дарителот на сè што е добро, па и разговорот ќе биде радосен, пријатна размена на мисли која ќе подигнува, наместо да заморува.

---

Умереноста и редовноста во сè имаат прекрасна сила и тие повеќе ќе придонесат за развивање на пријатно и ведро расположение, кое толку вреди во разубавувањето на нашата животна патека, отколку околностите или вродената талентираност. Истовремено, така здобиената способност на самосовладување ќе се покаже како најскапоцено орудие за успешно соочување со непријатните должности и факти на кои наидува секое човечко суштество.

Патиштата на мудроста се „пријатни и сите нејзини патеки се полни со мир“ (Мудри изреки 3,17). Секое момче во нашата земја, на кое му се укажува можност да постигне повеќе од крунисаните цареви, треба да размислува за поуката што се крие во зборовите на мудриот човек: „Блазе ти, земјо, кога... твоите кнезови јадат на време, за да се поткрепат, а не за преситување!“ (Проповедник 10,17).

# РЕКРЕАЦИЈА

*„Сè има свое време.“*

Проповедник 3,1

Постои разлика меѓу рекреација и забава. Рекреацијата, кога е навистина она што нејзиното име значи, ре-креација[9], тогаш таа јакне и изградува. Одделувајќи нè од нашите вообичаени грижи и занимања, таа овозможува освежување за умот и телото и така нè оспособува со нова сила да ѝ се вратиме на сериозната животна работа. Забавата, од друга страна, се бара заради уживање и во неа често се претерува; таа ја троши силата наменета за полезна работа и така станува пречка за вистинскиот успех во животот.

Целото тело е создадено да дејствува; и, ако физичките сили со активно вежбање не се одржуваат во здрава состојба, ни умствените сили нема да можат долго време да се користат со полн капацитет. Физичката неактивност, која е навидум речиси неизбежна во училницата, проследена со други нездрави околности – ја прет-

9 Ре-креација – повторно создавање или обновување.

вора училницата во непријатно место за децата, особено за оние со послаба конституција. Проветрувањето често пати се покажува како недоволно. Несоодветните столчиња наведуваат на неприродно држење, попречувајќи ја на тој начин работата на белите дробови и срцето. Тука малите деца мораат да престојуваат од три до пет часа секој ден, вдишувајќи воздух полн со нечистотија и можеби загаден со бактерии на болест. Не е ни чудо што во училниците толку често се поставуваат темели на болестите што траат цел живот. Мозокот, најнежниот од сите органи на телото, органот од кој целото тело ја црпи нервната сила, трпи најголеми штети. Принуден на преуранета или претерана активност, и тоа под нездрави околности, тој слабее, а лошите последици често трајно се чувствуваат.

Децата не треба долго да се држат затворени во домот, ниту од нив да се бара напорно да учат, сè додека не биде поставен добар темел за нивниот физички развој. Во текот на првите осум или десет години од животот, најдобрата училница за детето се полето или градината, мајката најдобар учител, а природата најдобар учебник. Дури и кога детето ќе порасне доволно за да посетува училиште, неговото здравје мора да се смета за многу поважно од интелектуалното знаење. Треба да му се обезбедат најповолни услови и за физички и за ментален раст.

Но не се само децата во опасност поради недостиг на воздух и вежбање. Во повисоките, како и во пониските училишта овие важни здравствени услови дури и денес премногу често се запоставуваат. Многу ученици од ден во ден седат во тесна соба наведнати над своите книги со толку стегнат граден кош што не можат целосно и длабоко да дишат, нивниот крвоток е забавен, нозете студени, а главата жешка. Бидејќи телото недоволно се

исхранува, мускулите слабеат, а целиот организам е исцрпен и болен. Често, таквите ученици стануваат доживотни инвалиди. Тие можеле да излезат од училиштето физички и ментално зајакнати, ако во текот на школувањето им биле обезбедени соодветни услови, со редовно вежбање на сонце и свеж воздух.

Ученикот кој се бори да се здобие со образование соочувајќи се со ограничено време и средства, мора да разбере дека времето потрошено за физичко вежбање не е загубено време. Оној кој е постојано задлабочен во книгите наскоро ќе согледа дека неговиот ум ја загубил свежината. Оние кои му подаруваат соодветно внимание на физичкиот развој подобро ќе напредуваат во стекнувањето знаење од книгите, отколку да го поминале сето свое време во учење.

Умот често ја губи рамнотежата кога се занимава со исклучиво една област на размислување. Но, секоја способност може без опасност да се изложи на напор ако менталните и физичките сили се подеднакво оптоварени и ако предметите на проучување се менуваат.

Физичката неактивност ја слабее не само умствената туку и моралната сила. Нервите на мозокот, кои се поврзани со целиот организам, претставуваат средство преку кое Небото сообраќа со човекот и влијае на неговиот внатрешен живот. Сè што го попречува текот на електричната енергија во нервниот систем, ослабнувајќи ги на тој начин животните сили и намалувајќи ги умствените способности, ја намалува и чувствителноста од морална природа.

Прекумерното учење, исто така, зголемувајќи го приливот на крв во мозокот, создава болна раздразливост која ја намалува силата на самосовладување и многу често им дозволува на ненадејните заноси и пориви да излезат на површина. Така се отвораат вратите на поро-

кот. Злоупотребата или неупотребата на физичките сили е во најголема мера одговорна за плимата на расипаноста која се шири низ светот. „Гордоста, изобилството леб и безгрижниот мир" се исто толку смртни непријатели на човечкиот напредок во оваа генерација, како и тогаш кога го предизвикале уништувањето на Содом.

Наставниците би морале да ги разберат овие факти и да им зборуваат за нив на своите ученици. Поучете ги учениците дека правилниот начин на живот зависи од правилниот начин на мислење, и дека физичката активност е важна за непорочноста на мислите.

Прашањето на соодветна рекреација на учениците, често ги доведува учителите во неприлика. Гимнастичките вежби заземаат корисно место во многу училишта; но, без грижлив надзор, во тоа често пати се претерува. Многу момчиња, обидувајќи се да ја прикажат својата сила, токму во гимнастичката сала се здобиле со повреди поради кои ќе страдаат во текот на целиот живот.

Вежбањето во гимнастичка сала, колку и да е добро и организирано, не може да ја надомести рекреацијата на свеж воздух, а за таквата рекреација нашите училишта би морале да создадат подобри услови. На учениците им е неопходно енергично вежбање. Има малку зла од кои треба да се плашиме повеќе отколку од тромоста и бесцелноста. Но, тенденцијата на поголемиот дел атлетски спортови ги загрижува оние врз чии срца тежи доброто на младите. Учителите се загрижени кога го набљудуваат влијанието на спортовите врз напредокот на ученикот во училиштето, како и на неговиот успех во подоцнежниот живот. Игрите на кои ученикот им посветува толкав дел од своето време, го одвратуваат неговото внимание од учењето, и не му помагаат да се подготви за практична, сериозна работа во својот живот. Нив-

ното влијание не развива префинетост, великодушност, или вистинска мажевност.

Некои од најомилените забави, како што се американскиот фудбал[10] и боксот, станаа школи на суровост. Тие игри ги развиваат истите особини како и игрите во стариот Рим. Желбата за истакнување, уживањето во грубата игра, безгрижниот презир кон животот, многу разорно делуваат врз младите.

Другите атлетски игри, иако не наведуваат на толкава суровост, заслужуваат не помал приговор поради претераноста до која се доведени. Тие поттикнуваат љубов кон уживања и возбудувања, развивајќи на тој начин одбивност кон полезната работа и тенденција кон одбегнување на практичните должности и одговорности. Тие се стремат да ја уништат склоноста кон трезвен однос спрема реалноста на животот и неговите спокојни задоволства. Така се отвора вратата за лекоумноста и разузденоста со сите нивни страшни последици.

Забавните седенки, онака како што обично се прередуваат, исто така се пречка за вистинскиот раст, како на умот така и на карактерот. На тој начин се формираат лекоумни друштва, се создаваат навики на екстраваганција, трка по уживања и многу често расипништво, што целиот живот го фрла во провалијата на злото. Родителите и учителите можат многу да сторат таквите забави да бидат заменети со здрава и животодавна разонода.

Во тоа, како и во сè друго што се однесува на нашето добро, Вдахновението го покажало вистинскиот пат. Во старите времиња, животот бил едноставен за луѓето кои биле под Божјо водство. Тие живееле тесно поврзани со природата. Нивните деца учествувале во работата на родителите и ги проучувале убавините на тајните на

10 Американски фудбал – мошне сурова игра со долгнавеста топка, настаната од рагби, која се игра во Северна Америка.

сокровиштата на природата. Во тишината на полето и шумите, тие размислувале за оние величествени вистини кои, како свет залог, се пренесувале од генерација во генерација. Таквото воспитување создавало силни луѓе.

Во наше време, животот стана извештачен, а луѓето дегенерирани. Иако можеби не можеме во целост да им се вратиме на едноставните навики од тие стари времиња, сепак можеме од нив да извлечеме поуки кои нашите мигови на рекреација од неа ќе го направат она што нејзиното име значи – мигови на вистинско изградување на телото, умот и душата.

Околината на домот и училиштето е во тесна врска со рекреацијата. При изборот на дом или место за училиште треба да се размисли за ова. Оние на кои менталното и физичкото добро им се поважни од парите или барањата и обичаите на општеството, би требале на своите деца да им го овозможат благословот на учење од природата и рекреација во природа. За воспитната работа би било многу полезно кога секое училиште би било сместено така што на учениците ќе им овозможи да обработуваат земја и да имаат пристап до полиња и шуми.

Најдобри успеси во рекреацијата на учениците можат да се постигнат кога во неа учествува и самиот наставник. Вистинскиот наставник може на своите ученици да им даде малку дарови кои би имале поголема вредност од неговото друштво. Мажите и жените, а најмногу младината и децата можеме вистински да ги разбереме дури откако ќе им се приближиме со симпатија; а ние мораме да ги разбереме за да можеме најуспешно да им помогнеме. Нема подобар начин за зацврстување на пријателските врски меѓу наставникот и ученикот, од нивното весело меѓусебно дружење и надвор од училницата. Во некои училишта наставникот е секогаш со своите ученици за време на рекреацијата. Тој се соеди-

нува со нив во нивните стремежи, ги следи на излетите и навидум потполно се изедначува со нив. За нашите училишта би било добро кога овој обичај би се прифатил насекаде. Тоа би барало големи жртви од наставниците, но би пожнеало и богата награда.

Рекреацијата која е полезна само за нив, никогаш нема на децата и младината да им донесе толкав благослов како рекреацијата која им помага да бидат полезни и за другите. По природа склони кон воодушевувања и подложни на влијанија, младите бргу прифаќаат предлози. Кога станува збор за одгледување растенија, наставникот треба да се потруди кај нив да разбуди желба да го разубават училишниот двор и училницата. Тоа ќе донесе двоен благослов. Она што учениците се трудат да го разубават нема да сакаат да го расипуваат и уништуваат. Тие ќе развиваат облагороден вкус, љубов кон редот и навика на чување; а духот на пријателство и соработка, кој на таков начин се развива, ќе им биде на благослов во текот на целиот живот.

Нов интерес за работа во градина или за излети во полиња и шуми може да се разбуди и тогаш кога учениците се поттикнуваат да се сетат на оние кои се одвоени од тие пријатни места и со нив да ги споделат прекрасните дарови на природата.

Внимателниот наставник ќе најде многу пригоди да ги упати своите ученици на полезни дела. Особено младите деца имаат речиси неограничена доверба и почитување кон својот учител. Што и да предложи тој за помагањето во домот, за верноста кон секојдневните должности, за служење на болните и сиромашните, ретко кога нема да вроди со плод. И така пак ќе се постигне двојна добивка. Таквиот љубезен предлог ќе има повратно дејство врз оној кој го дал. Благодарноста и соработката

на родителот ќе го олеснат товарот на наставникот и ќе го осветлат неговиот пат.

Вниманието посветено на рекреацијата и физичката култура понекогаш, без сомнение, ќе го прекине редовниот тек на училишната работа; но тој прекин нема да се покаже како вистинска пречка. Преку освежување на умот и телото, јакнење на несебичен дух, и поврзување на ученикот и наставникот со врски на заеднички интереси и пријателско дружење, потрошеното време и напор ќе бидат стократно надоместени. Така ќе се создаде благословен вентил за онаа немирна енергија која мошне често е извор на опасности за младите. Како заштита против злото, окупирањето на умот со она што е добро, е многу поскапоцено од небробените законски и дисциплински забрани.

# ОБУЧУВАЊЕ ЗА РАБОТА

*„Да настојувате усрдно...*
*да работите со своите раце.“*

1. Солуњаните 4,11

При создавањето, работата била одредена како благослов. Таа значела напредување, сила, среќа. Изменетата состојба на Земјата, настаната поради проклетството на гревот, предизвикала и промена на работните услови. Но, иако е сега проследена со грижа, замор и мака, работата останала извор на среќа и напредок. Таа е, исто така и брана против искушенијата. Работната дисциплина го заузудува угодувањето на сопствените склоности, а ги поттикнува трудољубивоста, непорочноста и цврстината. Така, работата станува дел од големиот Божји план за нашето закрепнување од падот во грев.

На младите треба да им се помогне да го разберат вистинското достоинство на работата. Покажете им дека Бог е работник кој постојано работи. Сè во природата го

извршува делото што му е доверено. Целиот свет се наоѓа во состојба на активност и, за да ја исполниме својата мисија, и ние мораме да бидеме активни.

Ние мораме во својата работа да соработуваме со Бога. Тој ни ги дава земјата и нејзините сокровишта; но ние мораме да ги прилагодиме кон нашите потреби и удобноста. Тој го предизвикува растењето на дрвјата; но ние го подготвуваме градежниот материјал и ја ѕидаме куќата. Тој ги сокрил среброто и златото, железото и јагленот во земјата; ние можеме да дојдеме до нив само со напорна работа.

Иако Бог создал сè и постојано надгледува сè, покажете дека сепак и нам ни дал моќ која не е сосем поинаква од неговата. Нам ни е дадена извесна мера на власт над природните сили. Како што Бог ја извел Земјата во нејзината убавина од хаос, така и ние можеме збрката да ја претвориме во ред и убавина. Иако сега сè е расипано од злото, сепак, по завршената работа и ние чувствуваме радост слична на неговата кога, гледајќи ја прекрасната Земја, објавил дека сè е „многу добро“.

По правило, полезното вработување е најблаготворна вежба за младите. За малото дете играта е можност за забава и развој; а неговите активности треба да бидат одбрани така што ќе го потпомагаат не само физичкото туку и менталното и духовно растење. Кога ќе се здобие со сила и разум, најдобра рекреација за него ќе биде некоја полезна работа. Она што ја увежбува раката да понуди помош и ги учи младите да го носат својот дел од животните товари, најделотворно придонесува за развој на умот и карактерот.

Младите треба да научат дека животот значи сериозна работа, одговорност и грижа. Ним им е потребна обука која ќе им даде практично знаење - од нив ќе направи мажи и жени кои можат да се соочат со тешкоти-

ите. Тие треба да научат дека дисциплината на систематската, добро организирана работа е неопходна, не само како заштита од ненадејни, непредвидени промени во животот, туку и како помош во сестраниот развој.

И покрај сè што е кажано и напишано за достоинството на работата, сепак преовладува мислењето дека работата понижува. Момчињата сакаат да станат наставници, службеници, трговци, лекари, правници, или да заземат некоја друга положба која не бара физички напор. Девојките ги одбегнуват домашните работи и бараат некое друго образование. Таквите треба да научат дека чесната физичка работа не може да понижи ниту еден маж или жена. Она што понижува, тоа е препуштањето на безделничење и себичното искористување на другите. Безделничењето наведува на попуштање на своите апетити, и животот станува празен и безвреден – поле подготвено за растење на секое зло. „Зашто земјата која го впива дождот, што често паѓа на неа, и која им раѓа полезни растенија на оние за кои и се обработува, добива благослов од Бога; но ако раѓа трње и боцки, не чини и е близу до проклетството; нејзиниот крај е во горењето“ (Евреите 6,7.8).

Многу школски предмети на кои ученикот го троши своето време не се неопходни за тој да биде полезен и среќен; но на секое момче и девојка им е неопходно потребно темелно да ги запознае секојдневните должности. Ако е потребно, младата девојка може да биде без познавање на францускиот јазик и алгебрата, не мора да знае ниту да свири на клавир; но таа безусловно мора да научи да прави добар леб, да сошие добро скроена облека и успешно да извршува многу должности кои спаѓаат во водење на домаќинството.

За здравјето и среќата на целото семејство ништо не е толку важно како умешноста и знаењето на готвачката.

Со лошо подготвена, нездрава храна, таа може да ја намали или сосема да ја уништи работоспособноста на возрасните и да го попречи развојот на детето. Но, подготвувајќи храна прилагодена на потребите на телото, а едновремено и примамлива и вкусна, таа може да постигне толку добрини колку што во спротивниот случај би нанела штета. Така, на многу начини, среќата во животот е поврзана со верноста во обичните должности.

Бидејќи во водењето на домаќинството учествуваат и мажите и жените, и момчињата и девојчињата треба да научат да извршуват должности во домот. Да се намести постелата, да се суреди собата, да се измијат садовите, да се подготви оброк, да се испере и закрпи својата облека, тоа е знаење кое ниту едно момче нема да го направи помалку мажевно; тоа ќе го направи посреќно и пополезно. Ако девојчињата, од друга страна, научат да го впрегнат коњот и да управуваат со него, да се служат со пила и чекан, како и со гребло и мотика, тие ќе бидат поспособни да им се спротивставаат на животните неволји.

Децата и младите треба од Библијата да научат колку Бог ја вреднува работата на обичниот трудбеник. Нека читаат за „пророчките синови“ (2. Царевите 6,1-7), учениците на пророчката школа, кои граделе куќи за себе, и поради кои било направено чудо за да ја добијат загубената секира што била позајмена. Нека читаат за Исус дрводелецот, за Павле изработувачот на шатори, кои со занаетчиската работа ја поврзале највозвишената служба, човечката и божествената. Нека читаат за момчето чии пет лебови Спасителот ги употребил да направи прекрасно чудо и да го нахрани мноштвото; за Тавита кројачката, вратена од смртта да продолжи да прави облека за сиромасите; за мудрата жена опишана во Соломоновите мудри изреки, која „набавува волна и лен, и

вешто работи со своите раце", која „ги храни своите домашни и им одредува работа на своите прислужнички", која „сади лозје... ги зајакнува своите мишки", која „ја отвора својата дланка на бедниот, ги испружува рацете кон оној, кој има потреба", која „внимава на поведението на своите домашни, и не го јаде лебот на мрзливоста" (Мудри изреки 31,13.15.16.17.20.27).

За таквата жена Бог вели: „Таа е достојна за пофалба. Дајте ѝ од плодот на нејзините раце, и нека нејзините дела ја прославуваат на вратите!" (Мудри изреки 31,31).

За секое дете прво занаетчиско училиште треба да биде домот. И, колку е тоа можно, секое училиште треба да има можности да ги обучува учениците на занаетчиски работи. Ваквата обука може во голема мерка да ја замени гимнастичката сала, со дополнителна полза да ги навикнува учениците на скапоцена дисциплина.

Обучувањето за занаетчиска работа заслужува многу поголемо внимание од она што му се посветува. Би требале да се формираат училишта кои, покрај највисока ментална и морална култура, ќе даваат најдобри можности за физички развој и учење на занает. Би требала да се одржува настава по агрокултура, мануфактура, опфаќајќи колку е можно повеќе најполезни занаети – потоа економика на домаќинството, здрав начин на готвење, шиење, изработка на здрава облека, лекување болни и слични предмети. Би требало да се поведе сметка да се имаат зеленчукови градини, работилници и амбуланти, а работата на секое подрачје би морала да биде под управа на вешти инструктори.

Работата треба да има одредена цел и да биде темелна. Иако секому му е потребно извесно познавање на различни занаетчиски работи, секој неизоставно би морал да биде умешен најмалку во една. Напуштајќи го училиштето, секое момче и секоја девојка би морале да

бидат обучени на некој занает или занимање со кое, во случај на потреба, би можеле да заработуваат за живот.

Најчестиот приговор против занаетчиската обука во училиштата се големите трошоци кои таквата обука ги побарува. Но целта што се постигнува е вредна за трошоците. Ниту една друга работа што ни е доверена не е толку важна како обучувањето на младите, и секој трошок за нејзино успешно извршување значи добро вложување на парите.

Дури и од аспект на финансиските резултати, издатоците за занаетчиското обучување се покажуваат како многу рентабилни. Мноштво наши момчиња на тој начин ќе се сочуваат од улицата и кафеаната; трошоците околу зеленчуковите градини, работилниците и бањите ќе бидат повеќе од надоместени преку заштедата на болници и поправни домови. Самата младина со вака добиените работни навики е увежбана да работи полезно и продуктивно – кој може да ја процени нејзината вредност за општеството и за народот?

За опуштање по учењето, најполезно е да се извршуваат работи кои го ставаат во движење целото тело, и тоа на свеж воздух. Ниедна област од занаетчиската обука не е поскапоцена од агрокултурата. Би требале да се вложат поголеми напори да се создаде и поттикне интерес за земјоделските работи. Наставникот треба да го насочи вниманието на учениците кон она што Библијата го вели за земјоделството: дека според Божјиот план човекот требал да ја обработува земјата; дека првиот човек, управникот на целиот свет, добил градина која требал да ја обработува; дека многу од најголемите луѓе во светот, неговото вистинско благородништво, биле земјоделци. Покажете ја вредноста на таквиот живот. Мудриот човек вели: „И царот е служен од нивите!“ (Проповедник 5,8). За оној кој обработува земја, Библијата изја-

вува: „Неговиот Господ го упатува; Тој го учи на вистинско дело“ (Исаија 28,26). И повторно: „Кој ја чува смоквата, јаде од нејзиниот плод“ (Мудри изреки 27,18). Кој заработува за живот занимавајќи се со земјоделство, одбегнува многу искушенија и ужива неброени предимства и благослови кои им се ускратени на оние кои работат во големите градови. И во овие денови на мамутски трустови и деловна конкуренција, малкумина уживаат толку вистинска независнот и толку голема сигурност дека ќе добијат праведна награда за својата работа, како оние што ја обработуваат земјата.

При изучувањето на агрокултурата учениците не треба да се занимаваат само со теорија, туку и со пракса. Додека го учат она што науката може да им го каже за природата и подготвувањето на почвата, за вредноста на различни култури и за најдобрите методи на производство, дајте им можност да го испробаат своето знаење на дело. И наставниците треба да работат заедно со учениците и да покажат какви резултати можат да се постигнат со вешти и разумни напори. Така може да се разбуди вистински интерес, амбиција да се заврши работата на најдобар можен начин. Таквата амбиција, заедно со окрепувачкото дејство на физичките напори, сончевата светлина и чистиот воздух, ќе создаде љубов кон земјоделската работа, и врз многу млади ќе има одлучувачко влијание при изборот на професијата. На тој начин би можеле да се засилат влијанијата кои со своето далекосежно дејство ќе ја сменат насоката на миграциониот бран кој е сега толку силно насочен кон големите градови.

Така и нашите училишта би можеле успешно да придонесат за вработувањето на многу невработени. Илјадници беспомошни и изгладнети суштества, од кои мнозина секојдневно преминуваат во редовите на престап-

ниците на законот, би можеле сами да се издржуваат и да живеат среќен, здрав и самостоен живот кога би научиле умешно и трудољубиво да ја обработуваат земјата.

Меѓутоа, и на умствените работници им се неопходни благодетите од физичката работа. Некој може да има блескав ум; може бргу да разбира; неговото знаење и умешност можат да му овозможат занимавање со професијата што ја одбрал; но, тој и понатаму може да биде физички неподготвен за товарот на таа професија. Образованието, главно добиено од книги, наведува на погрешно размислување. Практичната работа поттикнува на внимателно набљудување и самостојно размислување. Ако внимателно се извршува, таа го потпомага развојот на онаа практична мудрост која ја нарекуваме здрав разум. Практичната работа ја развива способноста за планирање и извршување, ја зајакнува храброста и издржливоста и бара покажување на тактичност и умешност.

Лекарот кој ги положил темелите на своето стручно знаење со практична работа во собата на болниот, ќе се здобие со брзина во забележувањето, сестрано знаење и способност да ја пружи потребната помош во итни случаи – сите битни квалификации кои во таа мера можат да се добијат само со практична обука.

Проповедникот, мисионерот, наставникот, ќе согледаат дека знаењето и умешноста при извршувањето на практичните должности од секојдневниот живот многу им го поткреваат угледот меѓу луѓето. Честопати успехот, а можеби и животот на мисионерот, зависат од неговото практично знаење. Способноста да подготвува храна, да се соочува со несреќи и неволји, да лекува болести, да гради куќа или црква, ако е потребно - честопати одлучува дали тој ќе успее или ќе претрпи неуспех во своето животно дело.

Најскапоцена вежба во процесот на образованието на многу ученици би било настојувањето самите да ги покријат трошоците за своето школување. Наместо да создаваат долгови или да се потпираат на жртвите кои ги поднесуваат нивните родители, момчињата и девојките треба да се потпрат врз себеси. Така ќе ја согледаат вредноста на парите, вредноста на времето, силата и можностите, и ќе бидат многу помалку изложени на искушението да станат мрзливи и расипни. Така усвоените принципи на економичност, трудољубивост, самоотќажување, практично управување со работите, цврстина во намерите, ќе се покажат како најважен дел од нивната опрема за животната борба. А принципот на самопомагање, кога учениците ќе го прифатат, многу ќе придонесе за да се сочувуваат образовните институции од товарот на долговите, со кој многу училишта се борат и кој толку ја намалува нивната полезност.

На младите треба да им се втисне мислата дека образованието не ги учи како можат да се избегнат непријатните животни должности и тешките товари; туку како со подобри методи и повозвишени цели може да се олесни работата. Научете ги дека вистинската животна цел не е стекнување најголема добивка за себеси, туку оддавање почест на својот Создател преку извршување на својот дел од работите во светот и давање рака помошничка на оние кои се послаби или имаат помалку знаење.

Основната причина зошто физичката работа се омаловажува е фактот што таа често се извршува толку немарно и механички. Човекот работи затоа што мора, а не затоа што сака. Работникот не работи од срце, не се почитува самиот себеси ниту задобива почитување од другите. Обучувањето за работа треба да ја исправи оваа грешка. Тоа треба да развие навики на точност и

темелност. Учениците мораат да се учат на тактичност и систематичност, мораат да научат да го штедат времето и да го пресметаат секое движење. Не треба само да им се покажат најдобрите методи, туку треба да се вдахнат и со амбиција постојано да се усовршуваат. Нивна цел треба да биде своето дело да го направат онолку совршено колку е тоа можно за човечкиот ум и рацете.

Таквата обука од младите ќе направи господари, а не робови на работата. Таа ќе ја олесни судбината на тешкиот трудбеник и ќе ја облагороди дури и најскромната професија. Оној што работата ја смета за измачување, кој на работата ѝ пристапува сосема задоволен од своето незнаење не правејќи никаков напор да се усоврши, навистина работата ќе ја смета за товар. Но оние, кои и најскромната работа ќе ја сметаат за умешност, во неа ќе најдат благородност и убавина и ќе уживаат да ја извршуваат верно и ефикасно.

Сè додека е така воспитан, без оглед на тоа со која чесна професија ќе се занимава во животот, младиот човек ќе биде полезен и угледен на својата положба.

# ИЗГРАДБА НА КАРАКТЕРОТ

*„Внимавај, да ги направиш сите нешта според образецот, што ти беше покажан на гората.“*

2. Мојсеева 25,40

# ОБРАЗОВАНИЕТО И КАРАКТЕРОТ

*„И тврдина на времето твое,*
*ќе биде мудроста и знаењето.“*

Исаија 33,6

Вистинското образование не ја потценува вредноста на научните сознанија или литературните достигања; но повеќе од познавањето на фактите, тоа ја вреднува енергијата; повеќе од енергијата, добрината; повеќе од интелектуалните достигања, карактерот. На светот не му се толку потребни луѓе со блескав ум колку луѓе со благороден карактер. Нему му се потребни луѓе со чиј карактер владеат цврсти принципи.

„Главно е мудроста“, затоа „придобивај мудрост.“ „На мудрите јазикот добри знаења искажува“ (Мудри изреки 4,7; 15,2). Оваа мудрост се добива преку вистинското образование. Таа нè учи како најдобро да употребиме не само една туку сите свои сили и постигања. На тој на-

чин тоа го опфаќа целиот круг на нашите должности – кон себе, кон светот и кон Бога.

Изградбата на карактерот е најважното дело кое некогаш им било доверено на човечките суштества; и никогаш порано неговото вредно изучување не било толку важно како сега. Никогаш ниту една претходна генерација не морала да се соочува со толку тешки проблеми; никогаш порано момчињата и девојките не биле изложени на толку големи опасности како што се оние што денес им се закануваат.

Во време како што е нашето, каква е насоката на образованието што се дава? На кои движечки сили во човекот тоа најчесто му се обраќа? На самољубието. Голем дел од образованието што се дава, не го заслужува тоа име. Со вистинското образование се отстранува себичната амбиција, копнежот за власт, непочитување на правата и потребите на човештвото – пороци кои како проклетство го притискаат нашиот свет. Бог со својот план за животот му определил место на секое човечко суштество. Секој треба потолно да ги развие своите таленти; ако биде верен во тоа, без оглед дали има малку или многу дарови, тој е достоен за почит. Во Божјиот план нема место за себично ривалство. Оние кои се мерат „себеси според себеси и меѓусебно се споредуваат не се мудри“ (2. Коринќаните 10,12). Што и да правиме, мора да биде направено „од душата, како за Господа, а не за луѓе; знаејќи дека од Господа ќе ја примите наградата на наследството. Служете му на Господа Христа!“ (Колошаните 3,23.24). Службата што ја извршуваме е скапоцена, а скапоцено е и образованието што го добиваме со примената на овие принципи. Но, колку е поинаков најголемиот дел од денешното образование! Со него детето уште од најрани години се поттикнува на натпревару-

вање и ривалство; се негува себичноста, коренот на секое зло.

На тој начин се разгорува борбата за првенство; се поддржува системот на „бубање", кој во толку случаи го уништува здравјето и онеспособува за полезна служба. Во многу други случаи, натпреварувањето наведува на непочитување; а негувајќи амбиција и незадоволство, го загорчува животот и придонесува светот да биде полн со оние немирни, незауздани духови кои се постојана закана за општеството.

Меѓутоа, опасноста не е само во методите. Таа се наоѓа и во материјалот што се проучува.

Какви се делата врз кои во текот на најприемчивите години од животот мора да се задржува умот на младите? Во текот на изучувањето на јазикот и литературата, од кои извори ги учиме младите да пијат? – Од изворите на паганството; од кладенци во кои се слевала расипаноста на прастарото незнабоштво. Од нив се бара да проучуваат автори за кои сите знаат дека немаат никакво почитување кон принципите на моралот.

За колку современи автори може да се каже истото! Колкумина со доброто изразување и убавината на јазикот само ги прикриваат принципите кои, кога би биле отворено изнесени, со својата изопаченост би предизвикале одвратност кај читателите.

Освен тоа, тука е и мнозинството писатели на измислици кои намамуваат пријатни мечтаења во кули од облаци. Овие автори можеби не можат да се обвинат за неморалност, но во нивните дела нема помалку зло. Тие на илјадници им ги одземаат времето, енергијата и самодисциплината што ги бараат сериозните животни проблеми.

Речиси исти такви опасности се закануваат и при вообичаениот начин на изучување на науката. Еволуција-

та и на неа сличните заблуди се предаваат во училиштата од сите степени, од градинките до универзитетите. Така, изучувањето на науката, кое би требало да овозможи знаење за Бога, е толку помешано со човечките шпекулации и теории што наведува на неверување.

Дури и изучувањето на Библијата, на начин на кој, за жал, често се извршува во училиштата, му го скратува на светот непроценливото богатство на Божјата Реч, „Високата критика“ со своето расчленување, нагаѓање и преправање ја уништува верата во Библијата како божествено откровение; таа на Божјата Реч ѝ ја одзема силата да управува со човечкиот живот, да го издига и вдахнува.

Кога младите зачекоруваат во светот за да се соочат со неговото мамење на грев – со страста за натрупување пари, со забавите и попустливоста, со расфрлањето, со изобилството и настраностите, со надмудрувањата, подмолностите, искористувањата и упропастувањето – со какви учења ќе се сретнат во него?

Спиритизмот тврди дека луѓето се безгрешни полубогови; дека „секоја душа ќе си суди сама на себе“; дека „вистинското сознание го издигнува човекот над сите закони“; дека „сите сторени гревови се безопасни“; дека е „добро сѐ што се прави“ и дека „Бог не осудува.“ Најподмолното човечко суштество тој го претставува како да е на Небото и таму ужива висока почест. Така, тој на сите луѓе им објавува: „Не е важно што правите; живејте како што сакате, небото е ваш дом.“ Мнозина на тој начин стануваат наведени дека желбата е највисокиот закон, дека разузденоста е слобода и дека човекот одговара единствено пред себеси.

Како да се заштити доблеста кога тие се сретнуваат со едно такво учење на самиот праг од животот, тогаш кога нагоните се најсилни, а потребата за зауздување и

непорочност најголема? Што ќе го спречи светот да не стане втор Содом?

Во исто време анархијата се обидува да ги отстрани сите закони, не само божествените, туку и човечките. Централизација на богатството и моќта; големи здружувања за збогатување на малцинството на сметка на мнозинството; здружувања на сиромашните класи за одбрана на сопствените интереси и барања; дух на немири, бунт и крвопролевање; ширење на истите учења кои довеле до француската револуција по целиот свет – сето тоа се стреми да го вмеша светот во борба слична на онаа што ја протресе Франција.

Денешната младина мора да се соочи со вакви влијанија. За да може да се одржи среде такви пресврти, таа треба сега да ги положи темелите на карактерот.

Во секоја генерација и во секоја земја вистинскиот темел и пример за изградба на карактерот бил ист. Божествениот закон: „Љуби го Господа, својот Бог - со сето свое срце... и својот ближен како себеси" (Лука 10,27), големиот принцип кој се одразил во животот и карактерот на нашиот Спасител, е единствениот сигурен темел и единствен сигурен водич.

„И тврдина на времето твое, силата на спасението твое ќе биде мудроста и знаењето" (Исаија 33,6) – онаа мудрост и она знаење кое само Божјата Реч може да ги даде.

И денес вистината е иста како и тогаш кога на Израелците им биле изговорени зборовите за послушност кон Божјите заповеди: „Тоа ќе биде во очите на народите ваша мудрост и ваша разумност" (5. Мојсеева 4,6).

Еве ја единствената заштита на личната чесност, непорочноста на домот, благосостојбата на општеството и стабилноста на народот! Среде сите животни потешко-

тии, опасности од противречни барања, единственото сигурно правило е да се прави она што го кажува Бог:

„Господовите повелби се праведни“ и „кој постапува така нема да се колеба никогаш“ (Псалм 19,8; 15,5).

# МЕТОДИ НА ПОУЧУВАЊЕ

*„Да им се даде на простите разумност, а на младите - знаење и расудување.“*

Мудри изреки 1,4

Образованието со векови, главно, се стекнувало со помнење. Оваа способност била оптоварена до крајни граници, додека другите умствени сили не се развивале во соодветна мера. Учениците го поминувале времето во мачно натрупување на знаење кое многу малку можело да се употреби. Така оптоварен со она што не може ниту да го обработи ниту да го прими, умот ослабнува, станува неспособен за силен самостоен напор, и се задоволува со потпирање врз заклучоците и забележувањата на другите.

Согледувајќи ја слабоста на оваа метода, некои отишле во друга крајност. Според нивното мислење, човекот треба да го развива само она што е во него. Ваквото об-

разование го наведува ученикот на самозадоволност, одвојувајќи го од изворот на вистинското знаење и сила.

Образованието кое се состои од вежбање на помнењето и не го охрабрува самостојното размислување, има морални последици за кои многу малку се размислува. Кога ученикот ќе ја жртвува способноста на самостојното расудување и заклучување, станува неспособен да ја разликува вистината од лагата, и паѓа како лесен плен на измамата. Тој може лесно да се наведе да тргне по традицијата и обичаите.

Многу често се занемарува фактот, што е секогаш опасно, дека заблудата никогаш не се прикажува во нејзината вистинска светлина. Таа се прифаќа затоа што се меша или поврзува со вистината. Земањето на плодот од дрвото за познавање на доброто и злото ја предизвикало пропаста на нашите прародители, а прифаќањето на мешавина на добро и зло и денес упропастува мажи и жени. Умот кој се потпира врз туѓи заклучоци порано или подоцна сигурно ќе биде заведен.

Способноста да се разликува она што е вистинско од она што е погрешно можеме да ја добиеме единствено со лично потпирање на Бога. Секој мора сам за себе да учи од Него, од неговата Реч. Моќта на расудување ни е дадена за да ја употребуваме, и Бог очекува да се служиме со неа. „Дојдете сега, па да пресудиме заедно!“ (Исаија 1,18) - Нѐ повикува Тој. Потпирајќи се врз Него можеме да се здобиеме со мудрост да го „отфрлиме злото и да го избереме доброто“ (Исаија 7,15; Јаков 1,5).

Личниот елемент е од голема важност при секое вистинско подучување. Како Учител, Христос ги подучувал луѓето поединечно. Токму со личен контакт и дружење Тој ги обучил дванаесеттемина. Токму во четири очи, често пред само еден слушател, ги давал своите најдрагоцени совети. На почитуваниот рабин при ноќ-

ниот разговор на Маслинската гора, на презрената жена на Сихарскиот кладенец Тој им ги отворил своите најбогати сокровишта бидејќи кај тие слушатели открил приемчиво срце, отворен ум и чувствителен дух. Дури ни мноштвото кое толку често се туркало по неговите стапки, за Христа не било нејасна маса човечки суштества. Тој му говорел директно на секој ум и се обраќал на секое срце. Ги набљудувал лицата на своите слушатели, ги забележувал болскотот на лицето, брзите и охрабрувачки погледи кои му говореле дека вистината допрела до душата; и како одговор на тоа, во неговото срце ќе затреперела мелодична струна на сочувствителна радост.

Христос ги уочувал способностите на секое човечко суштество. Него не можеле да го одбијат неугледната надворешност, ниту неповолните околности. Тој го повикал Матеј од царинарницата, а Петар и неговите браќа од рибарскиот чамец за да учат од него.

И денес во воспитното дело треба да се покаже иста заинтересираност за поединецот, исто внимание за неговиот развој. Мнозина навидум неспособни млади луѓе се богато обдарени со таленти кои воопшто не се искористени. Нивните способности лежат скриени затоа што нивните воспитувачи немаат дар да ги уочат. Многу момчиња или девојчиња, однадвор исто толку непривлечни како еден грубо обработен камен, можат да претставуваат скапоцен материјал кој ќе ги издржи проверки на жештината, бурата и притисокот. Вистинскиот воспитувач, кој гледа што можат да станат неговите ученици, ќе ја разбере вредноста на материјалот што го обработува. Тој лично ќе се заинтересира за секој ученик и ќе се труди да ги развие сите негови способности. Колку и да е несовршен, секој напор на ученикот да ги прифати добрите принципи треба да биде охрабрен.

Сите млади треба да научат да ги согледаат неопходноста и значењето на трудољубивоста. Успехот многу повеќе зависи од неа отколку од генијот или талентот. Без трудољубивост и најсјаните таленти не вредат многу, додека со правилно насочени напори лицата со сосем просечни природни способности постигнувале чуда. Генијалноста, на чии достигања им се восхитуваме, речиси секогаш е поврзана со неуморни, сосредоточени напори.

Младите треба да бидат поучени да се стремат кон развивање на сите свои способности, како на помалите, така и на поголемите. Мнозина се наклонети да го ограничат своето учење на одредени подрачја, кон кои имаат природни склоности. Тоа е грешка од која треба да се чуваме. Природните склоности укажуваат на насоката во животната професија и, ако се добри, треба внимателно да се негуваат. Истовремено, мора да се има на ум дека урамнотежениот карактер и успешната работа, во голема мерка, зависат од хармоничниот развој кој е резултат на грижлива и сестрана подготовка.

Наставникот мора постојано да се труди неговите предавања да бидат едноставни и влијателни. Тој во наставата мора да се служи со бројни илустрации; па дури и кога им се обраќа на постарите ученици, мора да се труди секое негово објаснување да биде едноставно и јасно. Многу ученици од постарите одделенија се само деца според способноста на разбирање.

Важен елемент во воспитното дело е ентузијазмот. Во тој поглед може да ни биде од полза изјавата која некогаш ја дал еден славен актер. Него надбискупот од Кентербери го запрашал зошто актерите во театарските претстави толку силно влијаат врз своите слушатели кога зборуваат за нешто што е измислено, додека проповедниците на Евангелието често имаат толку мало

влијание врз своите, иако зборуваат за нешто што е вистинско. „Со должно почитување кон Вашата Милост“, одговорил актерот, „дозволете ми да кажам дека причината е едноставна: таа лежи во моќта на воодушевувањето. Ние на сцената зборуваме за она што е измислено како да е вистинско, а вие на проповедалната зборувате за она што е вистинско како да е измислено.“

Наставникот во својата работа се занимава со она што е вистинско и за тоа треба да се зборува со сета сила и воодушевување, со кои го вдахнува сознанието за реалноста и важноста на она за што зборува.

Секој наставник мора да се труди неговата работа да донесе одредени резултати. Пред да почне да ја изнесува својата тема, тој мора да има јасен план и мора да знае што всушност сака да постигне. Не смее да биде задоволен од своето излагање сѐ додека секој ученик не ја разбере суштината на темата, не се увери во нејзината веродостојност и не биде способен јасно да го изложи она што го научил.

Сѐ додека се има на ум големата цел на воспитувањето, младите треба да се поттикнуваат да напредуваат онолку колку што им дозволуваат нивните способности. Но, пред да се впрегнат да ги проучуваат потешките предмети, треба прво да ги совладаат полесните. Тоа многу често се занемарува. Дури и меѓу студентите на повисоките школи и универзитети се забележуваат големи празнини во општото образование. Многу студенти своето време го посветуваат на вишата математка, а не се способни да водат едноставно сметководство. Мнозина студираат говорништво, сакајќи да станат умешни говорници, а не се способни да читаат на разбирлив и влијателен начин. Мнозина кои завршиле студии по реторика не знаат да состават и напишат ниту едно обично писмо.

Темелното познавање на основите на образованието не треба да биде само услов за примање во повисоко одделение туку и постојано мерило за продолжување на образованието и напредувањето.

Во секое подрачје од образованието можат да се постигнат цели кои се многу поважни од оние што се постигнуваат само со техничко знаење. Да го земеме јазикот како пример. Многу поважна од познавањето на странските јазици, живи или мртви, е способноста лесно и течно да се зборува и пишува мајчиниот јазик; но никаква способност добиена со познавање на граматичките правила не може според важноста да биде еднаква со изучувањето на јазикот од еден повозвишен аспект. Со таквото изучување во голема мерка е поврзан успехот или неуспехот во животот.

Основната потреба на јазикот е да биде непорочен, љубезен и вистинит – „надворешен израз на внатрешната убавина". Бог вели: „Сѐ што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е на добар глас - ако е некаква добродетел, ако е некаква пофалба - мислете на тоа!" (Филипјаните 4,8). Ако мислите се такви, таков ќе биде и начинот на изразување.

Најдоброто училиште за такво изучување на јазикот е домот; но, бидејќи работата во домот толку често се запоставува, се префрла врз наставникот тој да им помогне на своите ученици да создаваат правилни навики во говорот.

Наставникот може многу да придонесе да се искорени лошата навика која е проклетство за општеството, за соседството и домот – навиката на клеветење, озборување и грубо критикување. Во тоа не треба да се штеди труд. Нагласете им го на учениците фактот дека оваа навика открива недостиг на култура и префинетост и вистинска добрина на срцето; таа онеспособува и за

дружење со навистина културни и префинети луѓе во овој свет како и за заедница со светите на Небото.

Ние со ужас мислиме за канибалите кои се гоштеваат со сè уште топлото и треперливо месо на своите жртви; но зар последиците дури и на овој обичај се пострашни од агонијата на пропаста што ја предизвикува погрешното прикажување на побудите, оцрнувањето на угледот и расчленување на карактерот? И децата и младите треба да научат што вели Бог за тоа:

„Смртта и животот се во власта на јазикот“ (Мудри изреки 18,21).

Во Писмото клеветниците се вбројуваат меѓу „мразители на Бога“, „измислувачи на зла“, меѓу оние кои се без љубов, „неверни... немилостиви“, „полни со завист, убиства, расправии, измама, подмолност.“ Божјата праведност објавува дека „оние, што вршат такви дела, заслужуваат смрт“ (Римјаните 1,30.31.29.32). Оној кого Бог го вбројува помеѓу граѓаните на Сион „зборува вистина од своето срце“, „не клевети со јазикот свој“ и „не му прави зло на ближниот“ (Псалм 15,2.3).

Божјата Реч ја осудува и употребата на оние бесмислени фрази и изреки кои се граничат со хулење. Таа ги осудува неискрените комплименти, заобиколувањето на вистината, претерувањата, деловните измами вообичаени во општеството и во деловниот свет. „Туку вашиот збор нека биде: да - да, не - не! Што е повеќе од тоа, од лукавиот е“ (Матеј 5,37).

„Како безумниот кој фрла гламни, стрели и сее смрт, таков е и човекот кој го измамува својот ближен и вели: ‘Само се шегував“ (Мудри изреки 26,18.19).

Во тесна врска со озборувањето се наоѓаат прикриеното подметнување и подмолното алудирање, со кои нечистите по срце се обидуваат да го протуркаат злото што не се осмелуваат да го изнесат јавно. Младите треба

да се научат да ја прекинат секоја врска со таквите навики како што би се чувале од лепра.

При служењето со јазикот, можеби и нема грешка која и старите и младите се подготвени толку бргу да си ја простат како што е избрзаниот, нестрплив говор. Тие мислат дека е доволен изговор ако речат: „Бев невнимателен, не го мислев навистина она што го реков!“ Но Божјата Реч не го сфаќа тоа толку несериозно. Писмото вели:

„Дали си видел човек брз на зборови? И безумникот има повеќе надеж од него“ (Мудри изреки 29,20).

„Разурнат град и без ѕидови, таков е човекот, кој нема власт над себеси“ (Мудри изреки 25,28). Во еден миг, со брз, избувлив, непромислен јазик може да се предизвика зло кое ниту доживотно каење нема да го поправи. О, колку срца се скршени, пријатели загубени, животи уништени поради груби, избрзани зборови на оние кои можеле да донесат помош и исцелување!

„Невнимателниот зборува како да прободува со меч, а јазикот на мудрите е исцелување“ (Мудри изреки 12,18).

Една од доблестите кои треба посебно да се негуваат и развиваат во секое дете е несебичноста, која на животот му дава толку природна милност. Од сите одлики на карактерот оваа е една од најубавите, и за секое вистинско животно дело тоа е една од најважните квалификации.

На децата им е неопходно разбирање, сочувство и охрабрување, но мораме да внимаваме во нив да не развиеме склоност кон пофалби. Не е мудро да се истакнуваат ниту пред нив да се повторуваат нивните умни изјави. Родителот или наставникот кој го има предвид вистинскиот идеал на карактерот и можноста за негово достигање, никогаш нема да негува ниту да поттикнува окупираност со себеси. Тој во младите нема да поттик-

нува стремеж или настојување да ги прикажат своите способности и умешноста. Оној кој гледа на она што е над него ќе биде понизен; а сепак ќе има достоинство кое нема да се засрами и збуни од надворешниот сјај на човечката големина.

Доблестите на карактерот не се развиваат по некој произволен закон или правило, туку со работа во атмосфера на непорочност, благородност и вистинитост. Секаде каде што постои непорочност на срцето и благородност на карактерот, тие ќе се откриваат преку непорочноста и благородноста на дејствувањето и говорот.

„Тој кој љуби чисто срце, и кој има љубезни усни, царот му е пријател“ (Мудри изреки 22,11).

Она што важи за јазикот, важи и за секое друго проучување; тоа мора да се води на начин кој ќе го јакне и изградува карактерот.

Ова се однесува на изучувањето на историјата повеќе отколку на изучувањето на која било друга наука. Да размислуваме за тоа од божествен аспект.

Онака како што често се предава, историјата одвај да е нешто повеќе од обичен извештај за подигањето и падот на царевите, дворските сплетки, победите и поразите на војските – малку повеќе од приказна за амбиција и алчност, за измама, суровост и крвопролевање. Така изнесувана, таа може да има само погубни резултати. Одбивното набројување и опишување на злосторствата и неверствата, беззаконијата и суровоста, во многу срца сее семе чиј род ќе биде жетва на злото.

Многу е подобро да се учат, во светлината на Божјата Реч, причините за подемите и падовите на царствата. Младите треба да ги проучуваат тие извештаи и да согледаат дека вистинската благосостојба на народите е поврзана со прифаќањето на божествените принципи. Нека ја проучуваат историјата на големите реформни

движења и нека видат колку често тие принципи, и покрај тоа што биле презрени и намразени, иако нивните застапници биле фрлани во зандани и на губилишта, токму затоа и победувале.

Таквото проучување ќе отвори широки, сеопфатни погледи на животот. Тоа на младите ќе им помогне да согледаат дел од животните односи и зависности, да разберат како сме прекрасно поврзани во големото братство на општества и народи и во колкава мера експлоатирањето и понижувањето на еден член им нанесува загуба на сите.

Изучувањето на математиката треба да биде практично. Секој младич и девојка и секое дете треба да учат да решаваат не само измислени проблеми, туку да водат и точен извештај за своите приходи и издатоци. Преку директна употреба на парите треба да научат како тие правилно се употребуваат. Без оглед на тоа дали се издржуваат со придонес на родителите, или со своја сопствена заработка, момчињата и девојчињата треба да учат да ја избираат и купуваат својата облека, книгите и другите потреби; водејќи извештај за своите издатоци, тие, многу подобро отколку на некој друг начин, ќе ја научат вредноста на парите и како треба да се служиме со нив. Ваквата обука ќе им помогне да ја разликуваат вистинската економичност од скржавоста од една, и расипноста, од друга страна. Правилно изведувана, таа ќе поттикне на добродетел. Ќе им помогне на младите да научат да даваат, не затоа што некој ненадеен нагон ги навел на тоа кога им биле придвижени чувствата, туку редовно и систематски.

На овој начин секое учење може да стане помош во решавањето на најголемиот од сите проблеми – обучувањето на мажите и жените да ги исполнуваат своите животни одговорности на најдобар начин.

# ОДНЕСУВАЊЕ

*„Љубовта не се однесува непристојно“*

1. Коринќаните 13,4.5

Вредноста на убавото однесување е на премногу мала цена. Мнозина добри по срце, не покажуваат срдечност во однесувањето. Мнозина кои заслужуваат почит поради својата искреност и чесност, покажуваат жален недостиг од топлина. Овој недостиг ја расипува нивната сопствена среќа и има неповолно влијание врз нивната служба за другите. Непристојните често, од чиста непромисленост, жртвуваат голем дел од најубавите и најполезни животни искуства.

Родителите и наставниците треба да посветат особено внимание на негувањето на ведрината и убавото однесување. Сите можат да имаат радосно лице, љубезен глас, пристојно однесување, а сето тоа се фактори на влијание. Децата ги привлекува ведрото и весело однесување. Бидете кон нив љубезни и пристојни и тие ќе се однесуваат исто така кон вас и едни кон други.

Вистинската пристојност не се учи преку едноставно применување на правилата на бон тонот. Секогаш тре-

ба да се внимава на пристојноста во однесувањето; секаде каде што принципите не се загрозени, разбирањето кон другите ќе нè наведе да ги почитуваме прифатените обичаи; но вистинската пристојност не нè принудува да ги жртвуваме принципите пред конвенционалноста.[11] Таа не ги признава општествените разлики. Таа нè учи да се почитуваме себеси, да го почитуваме достоинството на човекот како човек, да го почитуваме секој член на големото човечко братство.

Постои опасност да им се придаде преголема важност на самиот стил и формата на однесувањето и премногу време да се посвети на поучување во тоа подрачје. Животот исполнет со неуморни напори, кој ги очекува сите млади, тешката, често непријатна работа потребна за извршување на обичните животни должности, а уште повеќе за олеснување на тешкиот товар на незнаење и беда во светот – сето тоа остава малку место за конвенционалности.

Мнозина многу ја нагласуваат важноста на правилата на формалната пристојност и покажуваат малку почит кон сè, колку и да е добро, зашто не ги задоволува нивните извештачени мерила. Таквото воспитување е погрешно. Тоа го охрабрува горделивото критизерство и тесноградата исклучивост.

Суштината на вистинската пристојност е разбирање за другите. Најважно и најсолидно образование е она кое поттикнува на љубезност кон сите. Онаа таканаречена култура која младите не ги учи да им бидат послушни на родителите, да ги вреднуваат нивните добри страни, да имаат трпение кон нивните недостатоци, да им помагаат во нивните потреби; која не ги исполнува со разбирање и нежност, со широкоградост и услуж-

11 Конвенционален – кој се држи за вообиаените, општо прифатени навики и обичаи.

ност кон младите, старите и несреќните, а со пристојност кон сите – таквата култура е промашена.

Вистинска благородност на мислите и однесувањето попрво ќе се добие во школата на божествениот Учител, отколку со било какви држења до утврдените правила на однесување. Неговата љубов, која го пленува срцето, го облагородува карактерот и го обликува по углед на неговиот. Таквото воспитување дава небесно достоинство и небесно чувство за она што е пристојно. Тоа ја прави човечката природа пријатна, а однесувањето отмено како што никогаш не можат да се добијат со површната префинетост на помодарското општество.

Библијата бара пристојност, и изнесува многу описи на несебичен дух, отмена убавина и пријатен темперамент, што се обележја на вистинската угладеност. Сето тоа се сепак само одблесоци на Христовиот карактер. Секоја вистинска нежност и пристојност во светот, дури и меѓу оние кои не го признаваат неговото име, доаѓа од него. Тој сака тие особини совршено да се одразуваат во неговите деца. Негова намера е луѓето во нас да ја гледаат неговата убавина.

Најдоброто излагање за убаво однесување кое е воопшто забележано, е содржано во прекрасниот налог на Спасителот, и во зборовите кои Светиот Дух ги искажал преку апостол Павле – тие зборови мораат да бидат неизбришливо запишани во меморијата на секое човечко суштество, без оглед дали е младо или старо:

„Како што Јас ве љубев вас, така и вие да се љубите еден со друг: (Јован 13,34).

*„Љубовта долго трпи, полна е со добрина;*
*љубовта не завидува,*
*не се фали,*
*не се вообразува;*

*не се однесува непристојно,*
*не го бара своето,*
*не се раздразнува,*
*не држи сметка за зло.*
*Не ѝ се радува на неправдата,*
*а ѝ се радува на вистината;*
*сѐ премолчува,*
*сѐ верува,*
*на сѐ се надева,*
*сѐ трпи.*
*Љубовта никогаш не престанува.*“

1. Коринќаните 13,4-8

Стравопочитта е втората скапоцена доблест која треба грижливо да се негува. Вистинската стравопочит кон Бога произлегува од сознанието за неговата неограничена големина и од свеста за неговото присуство. Срцето на секое дете мора да биде длабоко проникнато со таа свест за Невидливиот. Детето мора да научи да ги почитува времето и местото на молитва како и заедничките богослуженија и да ги смета за свети затоа што Бог е присутен. Кога стравопочитта се искажува со ставот и однесувањето, се продлабочува и чувството кое ја поттикнало.

И за младите и за старите би било добро да ги проучуваат, често да ги повторуваат и да размислуваат за оние зборови од Светото писмо кои покажуваат како треба да се почитува местото кое Бог особено го почестил со своето посебно присуство.

„Собуј ги обувките од нозете“ му рекол Бог на Мојсеја крај разгорената грмушка, „зашто местото на кое стоиш, е света земја“ (2. Мојсеева 3,5).

Откако ги видел ангелите во визија, Јаков восклик-нува: „Навистина Господ се наоѓа на ова место, но јас не знаев!... Не е друго, освен дом Божји, ова е врата небес-на“ (1. Мојсеева 28,16.17)

„Но Господ е во својот свет храм: сета земја нека за-молчи пред Него“ (Авакум 2,20).

*„Зашто величествен е Господ, нашиот Бог,*
*велик Цар над сите богови...*
*Дојдете да се поклониме и да паднеме,*
*Да му се поклониме на Бога, нашиот Создател.“*

*„Тој нè создаде, а не ние самите,*
*Негов народ сме и овци од неговото пасиште.*
*Влезете со благодарници низ неговите порти;*
*со песни во неговите дворови;*
*фалете го, славете му го името.“*

Псалм 95,3-6; 100,3,4

Треба да се покаже стравопочит и кон Божјото име. Никогаш не би смееле да го изговориме тоа име прем-ногу лесно или непромислено. Дури и во молтивата тре-ба да се одбегнува негово често и непотребно повтору-вање. „Свето е и страшно Неговото име!“ (Псалм 111,9). Додека го изговараат, ангелите ги покриваат своите ли-ца. Со какво стравопочитување ние, паднати и грешни, би требале да го изговараме со нашите усни!

Мораме да покажеме стравопочит и кон Божјата Реч. Мораме да го почитуваме и печатениот текст, никогаш не смееме да го употребуваме во обични цели ниту со нив да постапуваме немарно. Писмото никогаш не тре-ба да се цитира во шега или да се прераскажува за да се искаже некоја духовитост. „Секое Божје слово е чисто“,

„како сребро претопено во земјана печка пречистено седумпати" (Мудри изреки 30,5; Псалм 12,6).

Децата, пред сè, треба да научат дека вистинското стравопочитување се покажува преку послушноста. Ништо што Бог заповедал не е неважно, и нема друг начин да се покаже стравопочитување кое би му било толку пријатно како што е послушноста кон она што Тој го рекол.

Треба да се покаже стравопочитување и кон Божјите претставници – кон проповедниците, учителите и родителите кои се повикани да зборуваат и дејствуваат во негово име. Почитувајќи ги нив, му укажуваме чест на Бога.

Бог особено бара укажување на нежна почит кон остарените. Тој вели: „Седите коси се венец на слава; доколку се наоѓаат на патот на праведноста" (Мудри изреки 16,31). Таа говори за битките кои се водени, и за победите кои се постигнати; за носените бремиња и совладаните искушенија. Таа говори за изморените стапки кои се приближуваат кон одморот, за местата кои наскоро ќе бидат празни. Помогнете им на децата да мислат на тоа и тие ќе им го разубават патот на старите со својата пристојност и почитување и ќе внесат милност и убавина во својот млад живот слушајќи ја заповедта: „Стани пред седа глава; почитувај го лицето на старецот" (3. Мојсеева 19,33).

---

И татковците и мајките и учителите би морале многу повеќе да ја вреднуваат одговорноста и честа што Бог им ја дал со тоа што ги направил негови претставници пред детето. Карактерот откриен во секој допир со детето ќе му ги прикаже, за добро или за зло, овие Божји зборови:

„Како што таткото ги милува синовите, така Господ ги милува оние, кои се бојат од Него“ (Псалм 103,13). „Како што мајката го теши синот, така и Јас ќе ве утешам“ (Исаија 66,13).

Среќно е она дете во кое овие зборови будат љубов, благодарност и доверба; дете на кое нежноста, праведноста и трпеливоста на таткото, мајката и учителот му ги прикажуваат Божјата љубов, праведност и трпеливост; дете кое преку довербата, покорноста и стравопочитувањето кон своите земски заштитници учи да покажува доверба, послушност и стравопочит кон својот Бог. Оној, кој на детето или ученикот му дал таков дар, му предал богатство кое е многу поскапоцено од богатствата на сите векови – богатство кое е трајно како вечноста.

# ОБЛЕКУВАЊЕ И ВОСПИТУВАЊЕ

*„Во пристојна облека“,*
*„целата слава на царската ќерка е однатре.“*

1. Тимотеј 2,9; Псалм 45,13

Никакво воспитување не може да биде целосно ако не се дадени и принципите на правилното облекување. Без такво поучување, воспитното дело многу често се попречува и расипува. Љубовта кон облекувањето и предаденоста на модата спаѓаат меѓу најстрашните соперници на учителот и меѓу најделотворните пречки за воспитувањето.

Модата е господарка која владее со железна рака. Во многу домови силата, времето и вниманието на родителите и децата се трошат за задоволување на нејзините барања. Богатите се трудат да се надминат едни со други во прифаќањето на нејзините стилови кои постојано се менуваат; средните и посиромашните слоеви се обидуваат да се приближат кон стандардите што ги поста-

виле оние за кои сметаат дека се над нив. Кога средствата или силата се ограничени, а желбата за елеганција голема, товарот станува речиси неподнослив.

На мнозина не им е важно дали облеката е пристојна, или дури и убава; ако модата се смени, и таа мора да се преработи или отфрли. Членовите на домаќинството се осудени на бескрајно мачење. Нема време за воспитување на децата, нема време за молитва и проучување на Библијата, за помагање на најмладите да се запознаат со Бога преку неговите дела.

Нема време ни пари за добродетел. Често пати и семејната трпеза трпи. Храната е лошо одбрана и набрзина подготвена, а барањата на природата се само делумно задоволени. Така се создаваат лоши навики во исхраната кои предизвикуваат болест или наведуваат на неумереност.

Желбата за истакнување води кон расипништво и кај многу млади луѓе ја уништува желбата за поблагороден живот. Наместо да се стремат кон образование, тие мошне рано се фаќаат за некоја работа за да заработат пари и на тој начин да ја задоволат својата страст за облекување. Оваа страст одвела во пропаст многу млади девојки.

Во многу домови семејните извори на приходи премногу се оптоваруваат. Таткото, немоќен да ги задоволи барањата на мајката и децата е во искушение да стане нечесен, и сето тоа повторно завршува со срам и пропаст.

Дури и богослуженијата и денот за одмор не се изземени од власта на модата. Тие, напротив, даваат можност за уште поголемо прикажување на нејзината моќ. Црквата станала место за одржување на модни ревии и повеќе се размислува за модата отколку за проповедта. Сиромасите, кои не се во состојба да ги задоволат барањата на модата, едноставно отсуствуваат од црквата.

Денот за одмор поминува во безделничење, а младите често во друштво кое ги расипува.

Во училиштето, несоодветното и неудобно облекување им оневозможува на девојките да учат и да се рекреираат. Нивните мисли се толку обземени со облекувањето што учителот има тешка задача да го привлече нивното внимание.

За да се ослободи од опседнатоста со модата, учителот често не може да најде поуспешно средство од допирот со природата. Учениците треба да ги вкусат задоволствата што можат да се најдат покрај реките, езерото или морето; нека се качуваат на ридови, нека ја гледаат убавината на заоѓањето на сонцето, нека ги истражуваат сокровиштата на шумите и полињата; нека се запознаат со уживањето што го овозможува одгледувањето растенија и цвеќиња; и тогаш дополнителната панделка или чипка ќе им стане сосема безначајна.

Помогнете им на младите да согледаат дека без едноставност во облекувањето, како и во исхраната, нема ни интелектуална големина. Наведете ги да согледаат колку мораат да учат и да работат за да го постигнат тоа; колку се скапоцени деновите на младоста во подготовката за животното дело. Помогнете им да разберат какви богатства се кријат во Божјата Реч, во книгата на природата и во биографиите на благородните луѓе.

Нивните мисли треба да се занимаваат со страдањата кои можат да ги ублажат. Помогнете им да согледаат дека со секоја пара фрлена на расфрлање тие се лишуваат себеси од пари со кои би можеле да нахранат гладни, да облечат необлечени и да утешат жалосни.

Тие не смеат да ги пропуштат прекрасните можности што им ги дава животот, ниту да дозволат умот да им закржлави, здравјето да им пропадне и нивната среќа да се разурне само за да ги задоволат барањата кои не се

диктирани ниту од разумот, ниту од удобноста, ниту од убавината.

Истовремено, младите мораат да научат да ја разберат поуката на природата: „Сè што прави Тој е прекрасно во свое време“ (Проповедник 3,11). Ние имаме предимство со облекувањето, како и со сè друго, да му укажеме чест на нашиот Создател. Тој сака нашата облека да биде не само уредна и здрава туку и соодветна и пристојна.

Карактерот на некоја личност се проценува според начинот на нејзиното облекување. Префинетиот вкус и благородниот ум се откриваат со изборот на едноставна и соодветна облека. Невината едноставност во облекувањето, соединета со скромност во однесувањето, многу ќе придонесе за младата жена да биде опкружена со атмосфера на света воздржаност, која ќе ја заштити од илјадници опасности.

Девојките треба да научат дека во умешноста на облекувањето спаѓа и умешноста самите да си шијат облека. Оваа амбиција треба да ја негува секоја девојка. Таа не смее да ја пропушти оваа можност да биде полезна и независна.

---

Правилно е да ја сакаме убавината и да се стремиме кон неа; но Бог сака најнапред да ја љубиме и да ја бараме највисоката убавина – која нема да пропадне. Најбираните производи на човечката умешност немаат убавина која би можела да се спореди со убавината на карактерот кој во Божји очи има *висока вредност*.

Младите и децата треба да научат да си изберат царско руво, исткаено на небесниот разбој – „светло и чисто ленено платно“ (Откровение 19,8), што ќе го носат сите свети од Земјата. Ова руво, Христовиот неосквренет

карактер, бесплатно му е понудено на секое човечко суштество. Но, сите што ќе го примат, ќе го примат и ќе носат уште тука.

Објаснете им на децата дека кога се занимаваат со непорочни мисли, кои се вдахнати со љубов, и кога прават љубезни и полезни дела, тие се облекуваат во прекрасната облека на Христовиот карактер. Таа облека ќе овозможи тие да бидат убави и омилени и тука, а во вечноста ќе им го даде правото да влезат во палатата на Владетелот. Неговото ветување гласи:

„Тие ќе одат во бели облеки со мене, зашто се достојни“ (Откровение 3,4).

# ДЕНОТ ЗА ОДМОР

*„Нека бидат знак меѓу Мене и вас, за да знаете дека Јас сум Господ“*

Езекил 20,20

Вредноста на денот за одмор, саботата, како воспитно средство е непроценлива. Што и да бара Бог од нас, Тој повторно ни го враќа, украсено и преобразено со негова слава. Десетокот што Бог го барал од Израелците, бил определен со цел меѓу луѓето да се сочува, во сета нејзина величествена убавина, копијата на неговиот храм на Небото, залогот на неговата присутност на Земјата. Така и делот од нашето време што Тој го бара од нас, повторно ни се враќа носејќи го неговото име и печат. Тој вели: „Зашто саботата е знак меѓу мене и вас... за да бидете свесни дека Јас, Господ ве посветувам“; „Зашто во шест денови Господ ги направи небото и земјата, морето и сè што е во нив; а на седмиот ден се одмори: затоа Господ го благослови и го освети саботниот ден“ (2. Мојсеева 31,13; 20,11). Саботата е знак на моќта на создавање и откупување; тој укажува на Бога како на извор на жи-

вот и знаење; тој потсетува на првичната слава на човекот, и така станува сведок на Божјата намера да нѐ обнови според својот лик.

И денот за одмор и семејството се воспоставени во Едем, и Божја намера е тие да останат нераскинливо поврзани. Во тој ден, повеќе отколку во кој било друг, ние можеме да живееме со едемски живот. Според Божјиот план, членовите на семејството требале да бидат здружени во работата и проучувањето, богослужението и рекреацијата, таткото како свештеник на својот дом, а двајцата родители како учители и другари на своите деца. Меѓутоа, последиците од гревот, кои ги промениле животните услови, во голема мера ја спречиле оваа заедница. Често, таткото во текот на седмицата одвај може да ги види лицата на своите деца. Нему му е речиси сосем ускратена можноста да другарува со децата и да ги поучува. Но, Божјата љубов им поставила граница на барањата на работата. Тој ја ставил својата милостива рака на денот за одмор. Во овој негов ден, Тој на членовите на семејството им дал можност да бидат во заедница со него, со природата и едни со други.

Бидејќи денот за одмор е споменик на силата на создавањето, тој е ден над сите други, кога би требало да се запознаваме со Бога преку неговите дела. Во мислите на децата и самата помисла на денот за одмор би требала да биде поврзана со убавините на природата. Среќно е она семејство кое во денот за одмор може да појде на место за богослужение како што Исус со своите ученици одел во синагогата – преку полиња, покрај езерски брег и низ шумичките. Среќни се оние татко и мајка кои можат да ги учат своите деца на Божјата пишана Реч служејќи се со илустрации од отворените страници на книгата на природата; кои можат да се собираат под зелените дрвја,

на свежиот чист воздух, да ја проучуваат Речта и да му пеат благодарни песни на небесниот Татко.

Со таквото дружење родителите можат да ги поврзат срцата на своите деца со себеси, а на тој начин и со Бога, со врски кои никогаш нема да можат да се прекинат.

Денот за одмор дава извонредни можности за интелектуално усовршување. Библиската поука не треба да се проучува со фрлање само брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби.

Слушајќи ја проповедта, и родителите и децата треба да ги забележуваат текстовите и цитатите од Писмото и, колку што може повеќе, изнесените мисли, за да можат дома да разговараат за нив. Тоа многу ќе придонесе да се отстрани заморот кој децата толку често ги обзема додека ја слушаат проповедта и да се развие навиката да бидат внимателни и прибрани.

Размислувањето за изнесените теми ќе отвори пред ученикот сокровишта за кои никогаш не ни сонувал. Тој во својот личен живот ќе ја докаже реалноста на искуството опишано во Библијата:

„Кога ми дојдоа твоите зборови јас ги голтав: Твоите зборови го восхитија и го зарадуваа моето срце“ (Еремија 15,16). „Размислувам за Твоите повелби“. „Поскапоцени се од златото, од чистото злато... Твојот слуга е предупреден од нив, кој ги чува има голема награда“ (Псалм 119,48; 19,10.11).

# ВЕРА И МОЛИТВА

*„Верата е тврда увереност во она*
*на кое се надеваме.“*
*„Верувајте дека го примивте, и ќе ви биде.“*

Евреите 11,1; Марко 11,24

Верата е доверба во Бога – верување дека Тој нè сака и дека знае што е најдобро за нас. На тој начин, таа нè наведува наместо својот, да го избереме Неговиот пат. Наместо нашето незнаење, таа ја прифаќа Неговата мудрост; наместо нашата слабост – Неговата сила; наместо нашата грешност – Неговата праведност. Нашиот живот, ние самите, сето тоа веќе е Негово; верата го признава Неговото право на сопственост и ги прифаќа благословите што тоа ги донесува. Вистината, чесноста, непорочноста, се истакнати како дел од тајната на успехот во животот. И токму верата нè вдахнува со овие принципи.

Секоја добра побуда или стремеж е дар од Бога; верата прима од Бога живот, кој единствен може да доведе до вистински раст и напредок.

Мора прецизно да се објасни како се зајакнува верата. Секое Божјо ветување е поврзано со услови. Сета негова сила ни стои на располагање ако сакаме да ја извршуваме неговата волја. Секој дар што Тој го ветува е содржан во самото ветување. „Семето е Божјото слово“ (Лука 8,11). Како што е сигурно дека дабот е во желадот, така е сигурно и дека Божјиот дар е во неговото ветување. Ако го примиме ветувањето, го имаме и дарот.

Верата што нè оспособува да ги примаме Божјите дарови, и самата е дар, кој во извесна мера е всаден во секое човечко суштество. Таа расте кога се вежба во примањето на Божјата Реч. За да ја зајакнеме верата, мораме често да ја доведуваме во допир со Речта.

При проучувањето на Библијата, на ученикот треба да му се помогне да ја сфати силата на Божјата Реч. При создавањето, „Тој рече - и сè настана; нареди - и сè создадоа.“ Тој „го повикува она што не е како она што е“ (Псалм 33,9).

Колку пати оние кои ѝ верувале на Божјата Реч, иако самите по себе сосема беспомошни, ѝ се спротивставиле на силата на целиот свет – Енох, непорочен во срцето, свет во животот, држејќи се цврсто за својата вера во победата на праведноста наспроти расипаната генерација која му се потсмевала; Ное и неговиот дом наспроти луѓето од нивното време, луѓе со најголема физичка и ментална сила и со најнизок морал; Израеловите деца кај Црвеното Море, беспомошното исплашено мноштво робови наспроти најмоќната војска на најмоќниот народ на земјината топка; Давид, момчето овчар, на кое Бог му го ветил престолот, наспроти Саул, тогашниот владетел, решен да ја задржи својата власт; Седрах и неговите другари во огнот, а Навуходоносор на престолот; Даниел меѓу лавовите, неговите непријатели на високи положби во царството. Исус на крстот и еврејските свеш-

теници и поглавари кои дури и римскиот наместник го принудуваат да ја исполни нивната волја; Павле окован со синџири, воден да умре со смрт на злосторник, Нерон, деспотски владетел на една светска империја.

Вакви примери не се наоѓаат само во Библијата. Нив ги има многу во секој запис за напредокот на човештвото. Валденжаните и Хугенотите, Виклиф и Хус, Јероним и Лутер, Тиндал и Нокс, Цицендорф и Весли, и многу други сведочеле за силата на Божјата Реч наспроти човечката сила и политиката која го поддржува злото. Тие му припаѓаат на вистинското благородништво на светот. Тоа е неговата вистинска царска лоза. Денешната младина е повикана да го заземе своето место во таа лоза.

Верата е исто толку потребна во малите како и во големите настани во животот. Ако имаме непоколеблива доверба во Бога, ќе ја уживаме неговата доверба во сите наши секојдневни занимања и работи.

Од човечка гледна точка, животот за сите нас е неразгазена патека. Тоа е патека по која, што се однесува до нашите поважни искуства, секој мора да оди сам. Ниту едно друго човечко суштество не може потполно да проникне во нашиот внатрешен живот. Кога малото дете ќе тргне на ова патување на кое, порано или подоцна, мора само да ја одбере својата насока, само да одлучи за својата свечена судбина, колку искрени би требале да бидат напорите да го упатиме да му ја подари својата доверба на сигурниот Водич и Помошник!

Ниту едно друго влијание, како штит против искушенијата и како поттик на непорочност и вистина, не може да се мери со свеста за Божјото присуство. „Туку сè е голо и откриено за очите на Оној, пред кого ние ќе дадеме сметка.“ „Твоите очи се пречисти за да гледаат зло. Ти не можеш да ги гледаш беззаконијата“ (Евреите 4,13; Авакум 1,13). Оваа помисла била штитот на Јосиф

против расипаноста во Египет. Тој на заводничкото искушение решително одговорил: „Како би можел да направам толку големо зло и да згрешам пред Бога?“ (1. Мојсеева 39,9). Верата, ако се негува, ќе ѝ даде таков штит на секоја душа.

Единствено свеста за Божјото присуство може да го протера стравот кој на плашливото дете од животот би му направил товар. Тоа во својот ум треба да го вреже ветувањето: „Господов ангел се настанува околу оние, што се бојат од Него и ги избавува“ (Псалм 34,7). Нека го чита прекрасниот извештај за Елисеј и планинскиот град, каде моќен круг небесни ангели стоел меѓу него и вооружените непријателски чети. Нека чита како пред Петар, во затвор и осуден на смрт се појавил ангел Божји; како го провел Божјиот слуга во сигурност, покрај вооружените стражари, низ масивните врати и големата железна порта со клучеви и синџири. Нека чита за сцената на морето кога затвореникот Павле, на својот пат кон судот и губилиштето, им се обратил на војниците и морнарите камшикувани од бурата, измачени од работа, неспиење и долг пост, и ги изговорил оние големи зборови полни со охрабрување и надеж: „бидете бодри... зашто ангел од Бога, кому му припаѓам и кому му служам, застана до мене ноќеска, и рече: 'Не бој се, Павле! Ти треба да дојдеш пред ќесарот, и еве, Бог ти ги подарува сите, кои пловат со тебе'.“ Со вера во ова ветување Павле ги уверувал своите сопатници: „На ниеден од вас нема да му пропадне ни влакно од главата.“ Така и било. Затоа што во бродот се наоѓал еден човек преку кој Бог можел да делува, сите незнабожечки војници и морнари биле сочувани. „И така стана - сите се спасија на копното“ (Дела апостолски 27,22-24; 34,44).

Сето ова не е запишано за ние да можеме само да го читаме и да се восхитуваме, туку за истата вера која де-

лувала во Божјите слуги во дамнешни времиња, да може да делува и во нас. Бог и сега ќе делува исто толку моќно како и некогаш, секаде каде што ќе се најдат верни срца да бидат канали на неговата сила.

Оние кои немаат доверба во себе, кои недостигот на самодоверба ги наведува да одбегнуваат грижи и одговорности, треба да бидат поучени да се потпрат на Бога. Така мнозина од оние кои инаку би биле само бројка во светот, можеби само беспомошно бреме за другите, ќе бидат способни заедно со Павле да речат: „Сè можам преку Христа кој ми дава сила“ (Филипјаните 4,13)

Верата овозможува скапоцени поуки за детето кое бргу се рагневува на повреда. Подготвеноста да му се спротивстави на злото или да се одмазди за неправдата често е предизвикана од длабоко чувство на праведност и активен, енергичен дух. Поучете го таквото дете дека Бог е вечен чувар на правдата. Тој нежно се грижи за созданијата кои толку многу ги љубел што го дал својот Најмил да ги спаси. Тој ќе се пресмета со секој злосторник.

„Кој ве допира, ми ја допира зеницата на окото“ (Захарија 2,8).

„Предај му ги на Господа своите патишта, надевај се на него и Тој ќе изврши сè. Твојата праведност ќе блесне како светлина, и твојот суд како пладне“ (Псалм 37,5.6).

„Господ е засолниште на угнетуваните, тврдина на спасението во тешки денови. Во Тебе се надеваат оние, кои го знаат Твоето име, зашто не ги оставаш оние, кои Те бараат Господи“ (Псалм 9,9.10).

Бог бара и ние кон другите да го покажеме истото сочувство што Тој го покажува кон нас. Раздразливите, вообразените и одмаздољубивите треба да се угледаат на Оној кој е кроток и понизен, кој е како јагне воден на колење, не одмаздувајќи се како нема овца пред оние

што ја стрижат. Нека гледаат на Оној кого го прободоа нашите гревови и го обремениja нашите болки и ќе научат да поднесуваат, да се воздржуваат и да простуваат.

Со вера во Христа може да се отстрани секој недостаток во карактерот, да се исчисти секоја дамка, да се поправи секоја мана и да се развие секоја доблест.

„Вие сте исполнети во Него“ (Колошаните 2,10).

Молитвата и верата се тесно поврзани, и треба заедно да се проучуваат. Молитвата со вера е божествена умешност; таа е умешност со која мора да завладее секој што сака неговото животно дело да биде успешно. Христос вели: „Сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека го примивте, и ќе ви биде“ (Марко 11,24). Тој објаснува дека нашата молба мора да биде во согласност со Божјата волја; ние мораме да го бараме она што Тој го ветил, и што и да примиме, тоа мора да биде употребено за да се исполни Неговата волја. Ако се исполнат условите, ќе се исполни и ветувањето.

Ние смееме да бараме простување на гревовите, Свети Дух, природа слична на Христовата, мудрост и сила да работиме во Неговото дело, секој дар што Тој ни го ветил; потоа мораме да веруваме дека ќе примиме и да му заблагодариме на Бога што сме примиле.

Не е потребно да бараме каков било надворешен доказ за благословот. Дарот се наоѓа во ветувањето, и ние треба да продолжиме да ја работиме нашата работа сигурни дека Бог може да го исполни она што го ветил и дека дарот, што веќе го имаме, ќе стане стварност кога ќе ни биде најпотребен.

Да живееме така од секоја Божја Реч, значи да му го предадеме целиот свој живот. Тогаш постојано ќе ги чувствуваме сопствената беда и зависност, копнежот на срцето за Бога. Молитвата е неопходна; таа е живот на душата. Семејната молитва и јавната молитва имаат

свое место, но, тајниот разговор со Бога всушност го одржува животот на душата.

Токму на горага со Бога, Мојсеј ја здогледал сликата на онаа прекрасна зграда која требала да стане пребивалиште на Божјата слава. Токму на горага со Бога - на тајното место за молитва – и ние треба да размислуваме за божествениот славен идеал за човештвото. На тој начин ќе бидеме оспособени да ја обликуваме зградата на својот карактер така што на нас ќе може да се исполни Божјото ветување: „Ќе се населам во нив и ќе одам меѓу нив и ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат мој народ“ (2. Коринќаните 6,16).

И Исус во текот на својот земски живот примал мудрост и сила токму во часовите на тајна молитва. Младите треба да го следат Неговиот пример и да одделат тивки мигови во зората и самракот за разговор со својот Татко на небесата. И во текот на денот своите срца треба да ги издигнуваат кон Бога. На секој чекор од нашиот пат, Тој вели: „Зашто Јас, Господ, твојот Бог, ја крепам твојата десница; и ти велам: ’Не бој се, Јас ти помагам“ (Исаија 41,13). Колкава свежина и сила, колкава радост и задоволство би се вселиле во нивниот живот кога нашите деца би ги научиле овие поуки во зората на нивната младост!

---

Тоа се поуки кои може да ги пренесе само оној што самиот ги научил. Учењата на Писмото немаат поголемо влијание врз младите само затоа што многу родители и учители тврдат дека ѝ веруваат на Божјата Реч, а со својот живот покажуваат дека се одрекуваат од нејзината сила. Понекогаш, младите се наведени да ја почувствуваат силата на Речта. Тие согледуваат колку е скапоцена Христовата љубов. Тие ја гледаат убавината на не-

говиот карактер, можностите што ги нуди животот во неговата служба. Но, гледаат дека животот на оние кои велат дека ги почитуваат Божјите принципи е сосема поинаков. На колкумина со право можат да се применат зборовите што ги изговорил пророкот Езекил:

„Синовите на твојот народ... си зборуваат еден на друг: „Ајде да чуеме какво слово дошло од Господа!' И брзаат кон тебе како на народен собир; и мојот народ седнува пред тебе и ги слуша твоите зборови, но не ги извршува; се насладува со нив устата, а нивното срце се вовлекува по нивната лакомост. И ете, ти си за нив како слатка песна отпеана со пријатен глас, со музика: ти ги слушаат зборовите, но не ги извршуваат" (Езекил 33,30-32).

Да ѝ се пристапи на Библијата како на книга полна со добри морални поуки кои треба да се слушаат онолку колку што се во согласност со духот на времето и со нашата положба во светот е една работа, а нешто сосема друго е таа да се смета за она што навистина е – Реч на живиот Бог, Реч која е наш живот, Реч која треба да ги обликува нашите активности, нашите зборови и нашите мисли. Да се смета Божјата Реч за помала од тоа во што било, значи да се отфрли. Фактот што на ваков начин ја отфрлаат и оние кои велат дека веруваат во неа, е основна причина за скептицизмот и неверувањето меѓу младите.

---

Светот го зафаќа напнатост каква никогаш порано не можела да се види. Во задоволствата, трупањето пари, борбата за власт и самата борба за опстанок, со страотна сила го окупира телото, умот и душата. Среде ова разбеснето трчање, Бог проговара. Тој нè повикува да се повлечеме во самотија и да разговараме со Него. „Застанете и разберете дека Јас сум Бог" (Псалм 46,10).

Мнозина, дури ни во миговите на молитва, не го примаат благословот на вистинската заедница со Бога. Тие премногу брзаат. Со брзи чекори минуваат низ кругот на Христовата возвишена присутност, запирајќи можеби само за миг во нејзините свети граници, но не за да чекаат совет. Тие немаат време да останат со Божествениот Учител, и заедно со своите товари, ѝ се враќаат на својата работа.

Ваквите луѓе нема да можат да постигнат вистински успех сѐ додека не разберат во што е тајната на силата. Тие мораат да одвојат време да размислуваат, да се молат, да очекуваат од Бога обновување на својата физичка, ментална и духовна сила. Ним им е потребно закрепнувачкото влијание на Божјиот Дух. Кога ќе го примат, ќе бидат проткаени со нов живот. Изнемоштеното тело и изморениот мозок ќе бидат освежени, а обременетото срце ќе биде одморено.

Наша потреба не е кусо застанување во негова близина, туку лична врска со Христа, а дружењето со него е наша потреба. Колку би биле среќни децата во нашите домови и учениците во нашите школи кога родителите и наставниците во својот живот би се здобиле со драгоценото искуство опишано во зборовите од Песната над песните:

„*Што е јаболкницата сред горските дрвја,*
*тоа е мојот возљубен меѓу младите.*
*Сакам да седам во нејзината сенка;*
*а нејзините плодови му се слатки во моето грло.*
*Ме воведе во куќата за гозба*
*и знамето негово над мене беше љубов.*"

Песна над песните 2,3.4

# ЖИВОТНО ДЕЛО

*„Но, едно нешто правам.“*

Филипјаните 3,13

За да се постигне успех на кое било подрачје, мора да се има одредена цел. Оној кој сака да постигне вистински успех во животот, мора постојано да ја има пред очи целта вредна за тој труд. Таква цел е поставена пред денешната младина. Небесната намисла да му се објави Евангелието на светот во оваа генерација е најблагородната цел на која може да ѝ се посвети едно човечко суштество. Таа отвора поле за работа за секој чие срце е допрено од Христа.

Божјата намера со децата што растат во нашите домови е многу поширока, подлабока и повисока отколку што нашиот ограничен разум може да разбере. Бог во минатите времиња ги повикувал од најскромни околности оние кои се покажале верни, да сведочат за него на највисоките места во светот. И многу момчиња кои денес растат како што растел Даниел во својот јудејски дом, проучувајќи ја Божјата Реч и Неговите дела и извр-

шувајќи ги верно своите должности, еднаш ќе стојат во законодавните собранија, во судниците или во царските дворови како сведоци на Царот над царевите. Мнозина ќе бидат повикани да извршат вонредна служба. Целиот свет се отвора за Евангелието. Етиопија ги подава своите раце кон Бога. Од Јапонија, Кина и Индија, од земјите на нашиот континент кои се сѐ уште покриени со темнина, од сите краишта на овој наш свет доаѓа крикот на срцата ранети од гревот кои бараат да го запознаат нашиот Бог на љубовта. Милиони и милиони никогаш не слушнале за Бога или за неговата љубов која се открила во Христа. Нивно право е да го добијат тоа знаење. Тие имаат исто право на милоста на Спасителот како и ние. На нас, кои сме го примиле ова знаење, и на нашите деца на кои ќе го пренесеме, почива одговорноста да се отповикаме на нивниот плач. На секое домаќинство и на секое училиште, на секој родител, наставник и дете, кои ги осветлила светлината на Евангелието, во овој судбоносен час му е упатено прашањето поставено на царицата Естира во оној значаен миг од историјата на Израел: „Кој знае, дали токму и не си се искачила до царската чест заради часот како што е овој?“ (Естира 4,14).

Оние кои размислуваат за последиците од забрзувањето или попречувањето на Евангелието обично мислат на последиците што тоа ги остава врз нив или врз светот. Ретки се оние кои размислуваат како тоа се одразува врз Бога. Ретки се оние кои мислат на страдањата што гревот ги предизвикал на нашиот Создател. Целото небо страдало во Христовата претсмртна борба; но тоа страдање ниту почнало ниту завршило со неговото појавување во човечка лика. Крстот на нашите затапени сетила им ја открива болката што гревот уште од самиот почеток му го нанесувал на Божјото срце. Секое од-

далечување од праведноста, секое сурово дело, секој неуспех на човекот да го достигне божествениот идеал, му нанесува болка на Бога. Кога некогаш, како неминовна последица од одвојувањето од Бога, израелскиот народ го снашле неволји – подложност на непријателите, суровост и смрт – било кажано дека „душата Господова веќе не ги истрпе страдањата на Израелците." „Во сите нивни тешкотии Тој ги сожалуваше... ги дигна и ги носеше во сите дни..." (Судии 10,16; Исаија 63,9).

Неговиот Дух „посредува за нас со неискажливи воздишки." Додека „целото создание заедно со нас воздивнува и страда" (Римјаните 8,26.22), срцето на Бесконечниот Татко сочувствува во болката. Нашиот свет е голема куќа на јадови, сцена на таква беда што не се осмелуваме да им дозволиме на нашите мисли да се занимаваат со неа. Нашиот товар би бил страшен кога би согледале колкава е таа. Но, Бог го чувствува сето тоа. За да ги уништи гревот и неговите последици, Тој го жртвувал своето најмило и нам ни дал моќ, во соработка со него, да ѝ ставиме крај на таа сцена на беда. „И ова Евангелие за Царството ќе биде проповедано по целиот свет, за сведоштво на сите народи, и тогаш ќе дојде крајот" (Матеј 24,14).

Христос им заповедал на своите следбеници: „Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание" (Марко 16,15). Не се сите повикани да бидат проповедници или мисионери во вообичаената смисла на зборот; но сите можат да бидат Христови соработници во објавувањето на „радосната вест" на своите ближни. Заповедта им е упатена на сите, големи и мали, учени и неуки, стари и млади.

Можеме ли, имајќи ја предвид оваа заповед, да ги воспитуваме нашите синови и ќерки за живот во кој ќе ги почитуваат воспоставените навики, за живот кој е

навидум христијански, но без Христовото самооткажување, за живот над кој Оној кој е вистина мора да ја изрече осудата: „Не ве познавам!“

Илјадници го прават тоа. Тие се трудат да им го обезбедат предимството на Евангелието на своите деца, а се откажуваат од неговиот дух. Но, не може да биде така. Оние кои го одбиваат предимството од заедницата со Христа во службата, ја отфрлаат единствената школа што ги оспособува да учествуваат со него во неговата слава. Ја отфрлаат школата која во овој живот му дава сила и благородност на карактерот. Многу татковци и мајки кои на своите деца не им укажувале на Христовиот крст, предоцна сфатиле дека на тој начин му ги предале на непријателот на Бога и на луѓето. Тие ја запечатиле нивната пропаст не само за идниот, туку и за сегашниот живот. Искушенијата ги надвладеале. Тие израснале да бидат проклетство за светот, а болка и срам за оние што ги родиле.

Дури и кога се стремат да се подготват за Божјата служба, мнозина тргнуваат по друг пат поради погрешните методи на воспитување. Општо е прифатено мислењето дека животот се состои од одделни периоди, период на учење и период на работа – од подготовка и извршување. За да се подготват за животната служба, младите одат на училиште каде ќе се здобијат со знаење проучувајќи книги. Одвоени од одговорностите на секојдневниот живот, тие толку му се посветуваат на учењето што често ја губат од вид неговата цел. Гасне жарот на нивното младешко посветување и мнозина меѓу нив стануваат обземени со некоја лична, себична амбиција. На крајот од школувањето, илјадници од нив губат допир со животот. Тие премногу долго се занимавале со она што е апстрактно и теоретско, и сега, кога целото нивно битие мора да се разбуди и да се соочи со

острите судири во вистинскиот живот, тие се неподготвени. Наместо да се посветат на благородно дело, како што имале намера, тие целата своја енергија ја трошат во борба за голиот живот. По повторените разочарувања, очајни што не можат да заработат доволно за чесен живот, мнозина се вовлекуваат во сомнителни и недозволени работи. На светот му е скусена службата што можел да ја добие, а на Бога му се скусени душите кои толку посакувал да ги издигне, облагороди и награди како свои претставници.

Многу родители грешат што на своите деца не им даваат еднакви можности за образование. Тие се подготвени на секоја жртва за да му обезбедат предимства на она дете кое е бистро и способно. Но, не сметаат дека тие исти предимства им се неопходни и на децата кои помалку ветуваат. Тие веруваат дека малку образование е доволно за извршување на обичните животни должности.

Меѓутоа, кој е способен меѓу децата во семејството да ги одбере оние врз кои ќе почиваат најголеми одговорности? Колку пати се покажало дека човечкиот разум токму тука бил во заблуда? Сетете се на искуството на Самоил кога бил испратен да помаже еден од Јесеевите синови за цар над Израел! Покрај него поминале седум момчиња со благороден изглед. Кога го погледнал првиот, со пријатна појава, добро оформено тело и благородно држење, пророкот воскликнал: „Без сомнение, еве пред Господа стои неговиот помазаник!“ Но Бог рекол: „Не гледај на неговата надворешност, ни на неговиот висок раст зашто го отфрлив. Бог не гледа како што гледа човекот: човекот гледа на лице, а Господ гледа што е во срцето.“ Така на овие седуммина им било посведочено: „Господ не избра ниеден од овие“ (1. Самоилова 16,6.7.10).

И сè додека не бил повикан Давид од стадото, на пророкот не му било дозволено да ја изврши својата мисија.

Постарите браќа, меѓу кои Самоил сакал да избира, ги немале особините за кои Бог сметал дека мора да ги има владетелот на неговиот народ. Горди, себични, самоуверени, биле отфрлени заради еден кого тие го потценувале, еден кој ги сочувал едноставноста и искреноста на својата младост, и кого, иако самиот се сметал за безвреден, Бог можел да го воспита да ги понесе царските одговорности. Така и денес, во многу деца кои родителите ги запоставуваат, Бог гледа способности многу поголеми од способностите на другите деца, за кои се мисли дека повеќе ветуваат.

Со оглед на можностите во животот, кој е способен да оцени што е големо а што мало? Колку луѓе на ниски положби во животот, поттикнувајќи дејности од благослов за светот, постигнале резултати на кои и цареви би можеле да им завидуваат!

Затоа секое дете треба да добие образование за највозвишената служба. „Наутро сеј го своето семе и навечер твојата рака нека не почива, зашто не знаеш, дали ќе биде подобро ова или она“ (Проповедник 11,6).

Она посебно место кое ни е одредено во животот, доделено ни е во согласност со нашите способности. Не достигнуваат сите ист степен на развој, ниту со ист успех извршуваат иста работа. Бог не очекува од исопот да ги достигне пропорциите на еден кедар, ниту од маслинката височина на величествената палма. Но секој мора да се труди да се вивне онолку високо колку што му овозможува здружувањето на човечките и небесните сили.

Мнозина не стануваат она што би можеле, бидејќи не ја ползуваат силата што е во нив. Не се потпираат, колку што би можеле, врз божествената сила. Мнозина скрш-

нале од патот на кој би можеле да постигнат најголем успех. Барајќи поголема почест или поугодна работа, тие се обидуваат да прават нешто за што не се способни. Многу луѓе чии таленти се посоодветни за некоја друга работа, амбицијата ги нагонува да се посветат на некоја интелектуална професија. И така, оној кој можел да биде успешен како земјоделец, занаетчија или медицински техничар, носи назив проповедник, правник или лекар, иако е неспособен за тоа. Други, пак, кои можеле да се занимаваат со некоја одговорна работа, се задоволуваат со некоја полесна положба едноставно поради недостиг на енергија, трудољубивост или истрајност.

Ние мораме поточно да се придржуваме до Божјиот план за животот. Да ја извршуваме колку е можно подобро работата која е пред нас, да му ги довериме на Бога нашите патишта и да внимаваме на знаците на Неговото провидение – тоа се правилата кои служат како сигурен водич при изборот на професијата.

Оној кој дошол од Небото да биде наш пример, поминал речиси триесет години од својот живот занимавајќи се со обична, занаетчиска работа; но, за тоа време ги проучувал Божјата Реч и Божјите дела; и им помагал и ги подучувал сите до кои можело да допре неговото влијание. Кога ја започнал својата јавна служба, тргнал да лекува болни, да утешува ужалени и да им го проповеда Евангелието на сиромасите. Тоа е дело на сите негови следбеници.

„Поголемиот меѓу вас“ рекол Тој, „да биде како најмалиот, а старешината, како служител. Зашто... Јас сум меѓу вас како служител“ (Лука 22,26.27).

Изворот на секоја вистинска служба е во љубовта и верноста кон Христа. Кога срцето е трогнато од неговата љубов, во него се јавува желба да работи за него. Оваа желба треба да се охрабрува и правилно да се насочува.

Присуството на сиромасите, ужалените, неуките или несреќните не треба да се смета за пречка ниту во домот, ниту во соседството или училиштето, туку за скапоцена можност за служба.

Во таа работа, како и во секоја друга, вештината се стекнува со практична работа. Преку увежбување во обичните животни должности и преку служење на неволните и страдните умешноста се зголемува. Без тоа и најдобронамерните напори често пати се бесполезни па дури и штетни. Токму во водата, а не на суво, луѓето се учат да пливаат.

Друга должност која мошне често не се сфаќа сериозно – должност која мора да им се објасни на младите кога ќе почнат да ги разбираат Христовите барања – е должноста да се сродат со Црквата.

Мошне е тесна и света врската меѓу Христа и неговата Црква – Тој е младоженец, а Црквата невеста; Тој е глава, а Црквата тело. Врската со Христа, според тоа, вклучува и врска со неговата Црква.

Црквата е организирана да служи; и во животот кој е посветен на службата за Христа, врската со Црквата е еден од првите чекори. Преданоста на Христа бара верно исполнување на должностите во Црквата. Тоа е важен дел од образованието; и во Црквата која е вдахната со животот на Учителот, тоа директно ќе поттикне на работа за светот надвор од Црквата.

Има многу подрачја кои на младите им даваат можност за полезна работа. Тие треба да се организираат во групи за христијанска служба, и заедничката работа ќе стане помош и охрабрување. Родителите и наставниците, со своето учество во работата на младите, ќе најдат можност да им бидат од полза со своето богато искуство и да им помогнат нивните напори да бидат плодоносни.

Запознавањето буди сочувство, а сочувството е извор на успешната служба. За да разбудиме кај децата и младите сочувство и дух на пожртвуваност кон страдните милиони во далечните краишта, треба да ги запознаеме со тие земји и нивните народи. Во тој поглед може да се стори многу во нашите училишта. Наместо да се занимаваат со освојувањата на Александар и Наполеон во минатото, учениците треба да го проучуваат животот на луѓето како што се апостол Павле, Мартин Лутер, Мофат, Ливингстон и Кери, како и она што сега се случува на подрачјето на евангелската работа. Наместо да ја оптоваруваат својата меморија со низа од имиња и теории кои немаат никакво влијание врз нивниот живот и на кои, кога ќе излезат од училиштето, многу ретко ќе помислуваат, треба да ги проучуваат земјите во светлината на евангелските напори и да се запознаат со народите и нивните потреби.

Во оваа завршна работа на проповедање на Евангелието пред нас е непрегледно поле кое треба да се обработи; и повеќе од кога било порано, делото мора да придобие помагатели од редовите на обичните луѓе. И младите и старите ќе бидат повикани од полињата, од лозјата и работилниците, и Учителот ќе ги испрати да ја објават неговата вест. Мнозина помеѓу нив имале малку можности за образование; но Христос во нив гледа особини кои ги оспособуваат да ја исполнат неговата намера. Ако тие од срце се впрегнат на работа и продолжат да учат, Тој ќе ги оспособи да работат за него.

Оној кој ја познава длабочината на бедата и очајот во светот, знае со кои средства може да се донесе избавување. Тој на сите страни гледа души во темнина, наведнати под товарот на грев, тага и болка. Но, Тој ги гледа и нивните можности; Тој ги гледа и височините до кои можат да стасаат. Иако човечките суштества ја злоупотре-

биле неговата милост, залудно ги потрошиле своите таленти и го загубиле достоинството на природата слична на Божјата, Создателот треба да се прослави со нивното откупување.

Товарот на работата за оние на кои им е потребна помош во зафрлените краишта на светот, Христос го полага врз оние кои сочувствуваат со неуките и заталканите. Тој ќе биде присутен да им помогне на оние чии срца се исполнети со сочувство, иако нивните раце можеби се груби и неумешни. Тој ќе работи преку оние кои можат да видат благослов во бедата, и добивка во загубата. Кога ќе нѐ осветли Светлината на светот, ќе гледаме предимство во тешкотијата, ред во хаосот и успех во привидниот пораз. Неволјите ќе се покажат како прикриен благослов, а страдањата како милост. Христовите соработници од редовите на обичните луѓе, кои учествуваат во жалостите на своите ближни како што нивниот Учител учествувал во жалостите на целиот човечки род, со вера ќе гледаат дека Тој работи со нив.

„Големиот Господов ден е близу! Близу е и доаѓа брзо“ (Софонија 1,14). А светот треба да биде предупреден.

Илјадници млади, но и постари би требало, подготвувајќи се најдобро што можат, да се посветат на оваа работа. Веќе многу срца се одѕиваат на повикот на големиот Учител, и нивниот број ќе се зголемува. Секој христијански воспитувач треба да покаже симпатија кон таквите работници и да им помогне. Треба да ги охрабри младите кои му се доверени и да им помогне во подготовката да стапат во редовите на оние кои ќе го предупредат светот.

Не постои друга гранка во Делото во која на младите би им било овозможено да примат поголеми благослови. Сите кои учествуваат во проповедањето се Божји помошници. Тие се соработници на ангелите; всуш-

ност, тоа се човечки орудија преку кои ангелите ја извршуваат својата мисија. Ангелите говорат преку нивниот глас и работат со нивните раце. Човечките суштества, соработувајќи со небесните сили, го уживаат благословот на нивното образование и искуство. Која универзитетска настава може да се мери со тоа како средство за образование?

Со таква војска правилно извежбани работници каква што би можела да биде нашата младина, колку бргу би можела да му се однесе на светот веста за распнатиот и воскреснат Спасител кој наскоро ќе дојде! Колку бргу би можел да дојде крајот – крајот на страдањата и жалостите и гревот! Колку бргу наместо земски имоти, обележани со грев и болка, нашите деца би можеле да го примат своето наследство онаму каде што „Праведните ќе ја наследат Земјата и ќе живеат довека на неа“ каде што „ниеден жител нема да рече: ‘болен сум’“ и каде „веќе не ќе се чуе ни плач ни ридање“ (Псалм 37,29; Исаија 33,24; 65,19).

# ПРВИ УЧИТЕЛИ

*„Како што ме прати Таткото*
*и Јас ве праќам."*

Јован 20,21

# ПОДГОТОВКА

*„Труди се грижливо за да се покажеш себеси пред Бога достоен како работник.“*

2. Тимотеј 2,15

Првиот учител на детето е мајката. Во текот на периодот на најголема приемчивост и најбрзо развивање, неговото воспитување во голема мера е во нејзини раце. Прво нејзе ѝ се дава можност да го обликува карактерот на детето или за добро или за лошо. Таа мора да ја разбере вредноста на можноста што ѝ е дадена, и повеќе од секој друг учител мора да се оспособи да ја искористи на најдобар начин. Меѓутоа, на ничија подготовка не се посветува толку малку внимание како на нејзината. Најмалку систематски напори се вложуваат да ѝ се помогне на мајката, чие воспитно влијание е најсилно и најдалекосежно.

Оние, на кои им е доверена грижата за мало дете, многу често не ги познаваат неговите физички потреби; тие знаат малку за законите на здравјето или принципите на развојот. Не се ништо подобро подготвени да се

грижат ниту за неговиот ментален и духовен раст. Тие се можеби оспособени да управуваат со деловни зделки или да блескаат во општеството; можеби постигнуваат вонредни успеси во литературата и науката; но имаат малку знаење за воспитување на децата. Токму поради овој недостаток, особено поради запоставувањето на физичкиот развој во првите години, голем дел од припадниците на човечкиот род умира во детството, а меѓу оние кои ќе ја достигнат зрелоста, на мнозина животот им претставува само товар.

Врз татковците, исто како и врз мајките, почива одговорноста за раното и подоцнежно воспитување на детето, и затоа е неопходно потребно и двајцата родители внимателно и темелно да се подготват за тоа. Мажите и жените мораат да се запознаат со законите на физичкиот развој – со физиологијата и хигиената, со важноста на влијанието врз детето уште пред неговото раѓање, со законите на наследувањето, со здравствените мерки, облекувањето, вежбите на телото и лекувањето болести уште пред да решат да ја преземат должноста на татковството и мајчинството. Тие, исто така би морале да ги разберат и законите на менталниот развој и моралното воспитување.

Ова дело на воспитување Бесконечниот го сметал за толку важно што испратил гласник од својот престол да одговори на прашањето на идната мајка: „Според кои прописи и како треба да се постапува со детето?“ (Судии 13,12), и да го поучи таткото за воспитувањето на ветениот син.

Воспитувањето нема да постигне сè што би можело и требало да постигне сè додека во потполност не се разбере важноста на работата на родителите, и додека тие не добијат образование кое ќе ги подготви за носење на таа света одговорност.

Веќе се согледува потреба учителите да се подготват за својата професија; но ретки се оние кои сфаќаат кој вид на подготовка е најважен. Оној кој е свесен за одговорностите поврзани со воспитувањето на младите, ќе согледа дека не може да биде доволно образованието само на научен и литературен план. Учителот мора да се здобие со пошироко образование од она кое може да се добие со проучување на книги. Нему не му е потребна само сила туку и широчина на умот; тој мора да биде не само целосно посветен на работата, туку и со широко срце.

Само Оној кој го создал умот и ги одредил неговите закони може совршено да ги разбере неговите потреби и да управува со неговиот развој. Принципите на воспитувањето што Тој ги утврдил се единствениот сигурен водич. Неопходно е секој учител да ги запознае и прифати овие принципи и да го усогласи својот живот со нив.

Искуството е незаменливо во практичниот живот. Редот, темелноста, точноста, владеењето со себеси, ведриот дух, сталоженоста, пожртвуваноста, чесноста и услужноста се неопходни особини.

Бидејќи младината е опкружена со толку безвредни карактери и лицемерие, уште е поголема потребата учителот со своите зборови, ставот и однесувањето да дава пример на благородност и чесност. Децата бргу го откриваат преправањето или која било друга слабост или недостаток. Учителот може да го задобие почитувањето на своите ученици само ако во својот сопствен карактер ги покаже принципите на кои сака да ги научи. Само ако го направи тоа преку секојдневно дружење со нив, тој ќе може да има трајно и добро влијание врз нив.

Речиси сите други својства, кои придонесуваат за успехот на учителот, во многу голема мера зависат од не-

говата физичка сила. Колку е подобро неговото здравје, толку ќе биде подобра и неговата работа.

Неговите одговорности се толку заморни што тој мора да вложи посебен напор за да ги сочува силата и свежината. Тој често чувствува дека срцето и умот му се заမориле, и одвај може да ѝ се спротивстави на меланхолијата, рамнодушноста или раздразливоста. Негова должност е не само да им се спротивстави на таквите расположенија, туку и да ја отстрани нивната причина. Тој мора своето срце да го одржи непорочно, пријатно, полно со доверба и сочувство. За да може секогаш да биде цврст, сталожен и со добра волја, мора да ги сочува силата на умот и нервите.

Бидејќи квалитетот во неговата работа е многу поважен од квантитетот, тој мора да се чува од прекумерно работење – од обидување да носи поголем товар отколку што може; од прифаќање други одговорности кои би го онеспособиле за неговата работа; од учествување во разонодите и друштвените забави кои повеќе исцрпуваат отколку што освежуваат.

Едно од најдобрите средства за рекреација на телото и умот се вежбите на свеж воздух, особено ако се проследени со полезна работа; а примерот на учителот ќе разбуди кај учениците интерес за мануелната работа и ќе ги вдахне со почитување кон таквата работа.

Во секој поглед учителот е должен строго да ги почитува принципите на здравјето. Тој мора да го прави тоа не само за да ја сочува својата работоспособност, туку и за да може на тој начин да влијае на своите ученици. Мора да биде умерен во сè; мора да биде пример во исхраната, облекувањето, работата и рекреацијата.

Со физичкото здравје и чесниот карактер требаат да се соединат и високи литературни квалификации. Колку повеќе вистинско знаење има учителот, толку ќе биде

подобра неговата работа. Училницата не е место за површна работа. Ниеден учител кој се задоволува со површно знаење нема да постигне значајни резултати.

Но, ползата на учителот не зависи толку од вистинското количество на неговото знаење колку од целта по која тој се стреми. Вистинскиот учител не поднесува инертност на мислите, мрзливост на умот и несигурност на помнењето. Тој постојано се стреми кон повисоки достигања и подобри методи. Неговиот живот е живот на постојан раст. Во работата на ваквиот учител се забележува свежина, оживувачка сила, која ги буди и вдахнува неговите ученици.

Учителот мора да биде способен за својата работа. Тој мора да ги има мудроста и тактичноста потребни за работа со душите. Колку и да е големо неговото познавање на науката, колку и да се вонредни неговите способности на други подрачја, ако не придобие почитување и доверба од своите ученици, неговите напори ќе бидат залудни.

Потребни се учители кои бргу ја воочуваат и искористуваат секоја можност да прават добро; кои воодушевувањето го соединуваат со вистинското достоинство, кои се способни да управуваат, да посочуваат, да ги вдахнат мислите, да бидат сила и да влеваат храброст и живот.

Можеби можностите за образование на учителот биле ограничени така што тој нема толку високи литературни квалификации какви би биле пожелни; сепак, ако навистина ја познава човечката природа, ако навистина ја сака својата работа, ако е свесен за нејзината важност и сака да се усоврши, ако е подготвен да работи сериозно и истрајно, тој ќе ги разбере потребите на своите ученици, и со својот сочувствителен и напреден дух

ќе ги придобие да го следат кога ќе сака да ги воздигне и поведе напред.

Децата и младежта, за кои учителот се грижи, многу се разликуваат како според природата, така и според навиките и воспитувањето. Некои од нив немаат одредена цел или цврсти принципи. Ним треба да им се помогне да ги сфатат своите одговорности и можности. Само некои од децата биле правилно воспитувани во своите домови. Други биле миленици на домашните. Целото нивно воспитување било површно. Научени да се поведуваат по своите околности и да ги одбегнуваат одговорностите и товарите, таквите деца немаат постојаност, издржливост ниту подготвеност за самооткажување. Дисциплината често ја сметаат за непотребно ограничување. Други, пак, биле казнувани и обесхрабрувани. Самоволното ограничување и грубост во нив развиле тврдоглавост и дрскост. Ако сакаме правилно да ги обликуваме овие изопачени карактери, таа работа во најмногу случаи мора да ја изврши учителот. За да ја изврши со успех, тој мора да има сочувство и проникливост да ја пронајде причината на маните и грешките на своите ученици. Мора да биде тактичен и умешен, трпелив и цврст за да може секому да ја даде потребната помош - на нерешителните и љубителите на безделничењето охрабрување и поддршка за да ги поттикне на активност, на обесхрабрените сочувство и признание за да создаде доверба и да ги поттикне на работа.

Учителите често не успеваат да воспостават другарски однос со своите ученици. Тие покажуваат премалку сочувство и нежност, а премногу достоинство на строг судија. Иако учителот мора да биде цврст и решителен, тој не смее да биде претерано строг ниту насилен. Ако е груб и критички настроен, ако се издвојува од своите ученици и кон нив постапува рамнодушно, тој ги за-

твора патиштата за ширење на своето благотворно влијание врз нив.

Под ниедни околности учителот не смее да биде пристрасен. Да се укажува посебна наклонетост кон пријатните и привлечните ученици, а да се биде критичен, нетрпелив и немилосрден кон оние на кои им се најмногу потребни охрабрување и помош, значи сосем погрешно да се разбере учителската работа. Карактерот на учителот се искушува токму преку неговото однесување кон лошите и непријатни ученици. Тоа покажува дали тој е навистина способен за својата служба.

---

Голема е одговорноста на оние кои се нафаќаат да насочат човечка душа. Вистинските татковци и мајки тоа го сметаат за должност од која никогаш нема да бидат потполно ослободени. Во животот на детето од првиот до последниот ден се чувствува влијанието на врската која го спојува со срцето на родителот; делата, зборовите, самиот изглед на родителот, продолжуваат да го обликуваат детето на добро или на зло. Учителот ја споделува оваа одговорност и мора постојано да се потсетува на нејзината светост и да ја има предвид целта на својата работа. Тој не е поставен само да ги извршува своите секојдневни должности, да им угодува на своите работодавци, да го одржува угледот на училиштето; тој мора да го има на ум доброто на своите ученици како поединци, должностите кои животот ќе им ги довери, службата што тој ќе ја бара и подготовката што ќе ја очекува. Работата што тој ја извршува од ден во ден меѓу неговите ученици, а преку нив и врз други, ќе има влијание кое нема да престане да се шири и да јакне сè додека постои светот. Тој ќе мора да се соочи со плодовите на својата

работа во оној голем ден кога секој збор и секое дело ќе бидат испитани пред Бога.

Учителот кој ќе го разбере ова, нема да мисли дека ја извршил својата работа кога го завршил своето вообичаено предавање за тој ден и кога учениците привремено не се под негова директна контрола. Тој ќе ги носи во срцето тие деца и младината. Постојано ќе размислува и ќе се труди да им обезбеди најдобар квалитет на наставата.

Оној кој е свесен за можностите и предимствата што му ги овозможува неговата работа, нема да дозволи ништо да го запре во сериозниот напор да се усоврши. Тој нема да штеди труд да достигне највисок степен на совршенство. Сè што сака неговите ученици да станат, тој ќе се труди и самиот да биде таков.

---

Колку што е учителот посвесен за својата одговорност, и колку посериозно се труди да се усоврши, толку појасно ќе ги забележува недостатоците кои го попречуваат во постигнувањето успеси и поискрено ќе жали поради нив. Кога ја набљудува големината на својата работа, нејзините потешкотии и можности, често со целото свое срце ќе воскликне: „Кој е способен за сè ова?“ (2. Коринќаните 2,16).

Драг учителу, кога размислуваш за својата потреба од сила и совети – потреба која ниту еден човечки извор не може да ја задоволи – те повикувам да размислуваш за ветувањата на Оној кој е наречен прекрасен Советник.

„Ете“, вели Тој, „поставив пред тебе отворена врата, што никој не може да ја затвори“ (Откровение 3,8).

„Повикај ме, и ќе ти одговорам.“ „Ќе те учам, ќе ти го покажам патот по кој да одиш; моето око ќе бдее над тебе“ (Еремија 33,3; Псалм 32,8).

„Јас сум со вас во сите дни, до свршетокот на светот“ (Матеј 28,20).

За најдобро да се подготвиш за својата работа, те упатувам на зборовите, животот и методите на Кнезот на учителите. Те повикувам да размислуваш за него. Тој е твојот вистински идеал. Набљудувај го, размислувај за Него сѐ додека Духот на божествениот Учител не завладее со твоето срце и животот.

Ако „ја одразуваме Господовата слава“, и ние се „преобразуваме во истиот лик“ (2. Коринќаните 3,18).

Тоа е тајната на твоето влијание врз учениците. Одразувај го Него!

# ЗАЕДНИЧКА РАБОТА

*„Зашто сме членови едни на други.“*

Ефесјаните 4,25

При обликувањето на карактерот ниту едно влијание не е посилно од влијанието на домот. Работата на учителот треба да ја надополни работата на родителите, но не смее да го заземе нејзиното место. Родителите и учителите мораат да се трудат да соработуваат во сѐ што се однесува на доброто на детето.

Оваа соработка први мораат да ја започнат таткото и мајката, во домашниот живот. Тие се заеднички одговорни за воспитувањето на своите деца и затоа постојано мораат да се трудат да работат заеднички. Нека му се предадат на Бога, молејќи го да им помогне да се поддржуваат еден со друг. Нека ги учат своите деца да воспоставаат правилен однос кон Бога, кон принципите, па така и кон самите себе и кон сите со кои доаѓаат во допир. Кога вака воспитаните деца ќе тргнат на училиште, тие нема да прават истапи ниту да предизвикуваат загриженост. Тие ќе бидат поддршка за своите учители, а пример и охрабрување за своите другари.

Родителите кои вака ги воспитуваат своите деца тешко ќе се најдат меѓу оние кои го критикуваат учителот. Тие чувствуваат дека интересот на нивните деца и правичноста кон училиштето налагаат, колку што е можно, да го поддржуваат и вреднуваат оној кој учествува во носењето на нивната одговорност.

Многу родители тука грешат. Тие со својата непромислена и погрешна критика често речиси потполно го уништуваат влијанието на верниот и пожртвуван учител. Многу родители кои со својата попустливост ги расипале сопствените деца, му ја препуштаат на учителот непријатната задача да го поправи нивниот пропуст; а тогаш со своето однесување речиси му оневозможуваат да успее во тоа. Нивното критикување и осудување на управата на училиштето ги наведува децата на непослушност и ги зацврстува лошите навики кај нив.

Ако е неопходно да се критикува работата на учителот или да се даде некаков предлог, тогаш тоа треба да се направи во личен разговор со него. Ако тоа не помогне, тогаш треба да им се обратиме на оние кои се одговорни за управувањето со училиштето. Не треба да се каже или да се направи ништо што би го намалило почитувањето на децата кон оној од кој во толкава мера зависи нивното добро!

Родителите многу ќе му помогнат на учителот ако му го откријат она што само тие го знаат за карактерот на детето и за неговите физички карактеристики или недостатоци. Жално е што толку многу родители не ја согледуваат потребата од тоа. Мнозинството родители многу малку се трудат да се уверат во способноста на учителот или да соработуваат со него во неговата работа.

Бидејќи родителите толку ретко се запознаваат со учителот, уште е поважно учителот да настојува да се

запознае со родителите. Тој треба да ги посетува домовите на своите ученици и да дознае под какво влијание и околности живеат. Доаѓајќи лично во допир со нивниот дом и животот, тој може да ги зајакне врските што го поврзуваат со неговите ученици и да научи поуспешно да се справува со нивните различни тенденции и темпераменти.

Интересирајќи се за воспитувањето во домот, учителот може да биде полезен на два начина. Многу родители, зафатени со работа и грижи, ги губат од вид можностите што им се укажуваат за поволно влијание врз животот на нивните деца. Учителот може да направи многу за да им укаже на родителите на нивните можности и предимства. Тој ќе се сретне и со такви на кои свеста за одговорноста им станала тешко бреме, бидејќи се загрижени дали нивните деца ќе станат добри и полезни мажи и жени. Често учителот може да им помогне на таквите родители во носењето на нивниот товар, а со меѓусебно советување, и учителот и родителот можат да бидат охрабрени и зајакнати.

Во домашното воспитување на младите принципот на соработка има непроценлива вредност. Од најрана младост децата треба да се воспитуваат да се сметаат себеси за учесници во работите во домот. Дури и оние најмалите мораат да научат да учествуваат во извршувањето на секојдневните работи и да почувствуваат дека нивната помош е неопходна и вреднувана. Постарите би требале да бидат помошници на родителите, да ги познаваат нивните намери и да учествуваат во нивните одговорности и товари. Татковците и мајките треба да издвојат време да ги учат своите деца, да им покажат дека ја ценат нивната помош, дека ја сакаат нивната доверба и дека чувствуваат задоволство во нивното друштво, и децата нема да се двоумат да им возвратат. На тој на-

чин не само што родителското бреме ќе биде олеснето и децата ќе примат практично воспитување од непроценлива вредност, туку ќе се зајакнат и семејните врски, а ќе се продлабочат и самите темели на карактерот.

Во училницата треба да владее дух на соработка, тој треба да биде закон на нејзиниот живот. Учителот кој ќе ја придобие соработката на своите ученици, обезбедува непроценлива помош во одржување на редот. Извршувајќи некоја служба во одделението, многу момчиња, кои би предизвикале немири и непослушност со својот темперамент, ќе најдат „издувен вентил“ за вишокот енергија. Постарите треба да им помагаат на помладите, посилните на послабите; и, колку е тоа можно, секому треба да му се даде можност да го работи она за што е надарен. Така кај децата ќе се развие свест за сопствената вредност и желба да бидат корисни.

---

Ќе биде од полза за младите, како и за родителите и учителите, да ги проучуваат поуките за соработка кои се забележани во Писмото. Меѓу многуте описи треба да се запази градењето на Светилиштето – симбол на градењето на карактерот – кога целиот народ се обединил, „секој кого срцето го влечеше и душата го поттикнуваше“ (2. Мојсеева 35,21). Читајте како повратниците од ропство и покрај сиромаштијата, тешкотиите и опасностите, повторно ги подигнале ѕидините на Ерусалим, извршувајќи ја успешно оваа задача затоа што: „на народот му беше при срце да работи“ (Немија 4,6). Размислувајте за учеството на учениците во чудото на Спасителот кога го нахранил мноштвото. Храната се умножила во Христовите раце, но учениците го примиле лебот за да го дадат на народот кој чекал.

„Ние сме членови едни на други.“ „Бидејќи секој од вас добил дар, служете си со него еден на друг, како добри домоуправители на многукратната Божја благодат“ (Ефесјаните 4,25; 1. Петрово 4,10).

Зборовите кои се запишани за градителите на идоли во дамнешни времиња би можеле, со достојна цел, да ги земат како лозинка денешните градители на карактери:

„Секој му помага на својот другар, и на својот брат му вели: ’Храбро!’ (Исаија 41,6).

# ДИСЦИПЛИНА

*„Изобличувај, прекорувај,*
*охрабрувај со сета трпеливост.“*

2. Тимотеј 4,2

Поуката за послушноста е една од првите поуки кои детето треба да ги научи. Тоа може да научи да слуша уште пред да биде доволно зрело да расудува. Оваа навика треба да се развива со љубезни и истрајни напори. Така во голема мера можат да се избегнат подоцнежните судири меѓу волјата и авторитетот, кои толку придонесуваат за создавање на отуѓеност и горчина кон родителите и учителите, а многу често и отпор кон секој авторитет, како човечки така и божествен.

Целта на дисциплината е детето да се извежба да владее со себеси. Тоа мора да научи да се потпира и да управува со себеси. Затоа, штом ќе стане способно да расудува, треба да се придобие неговиот разум да се согласи на послушност. Сите постапки кон него треба да покажат дека оправдано е и разумно што се бара од него да биде послушно. Помогнете му да согледа дека сè е под-

ложно на законот и дека непослушноста на крајот доведува до пропаст и страдање. Кога Бог вели: „Немој“, Тој од љубов нè предупредува на последиците од непослушноста, за да нè спаси од зло и губитоци.

Помогнете му на детето да согледа дека родителите и учителите се Божји претставници и дека, кога делуваат во согласност со Него, нивните прописи во домот и училиштето се и Негови прописи. Како што детето е должно да им биде послушно на родителите и наставниците, така и тие, од своја страна, се должни да му бидат послушни на Бога.

Родителите и учителите мораат да се трудат да го насочуваат развојот на детето, не попречувајќи го со прекумерна контрола. Премногу надзор е исто толку штетно како и премалку. Настојувањето да се „скрши волјата на детето“ е тешка грешка. Умовите се различни; иако принудувањето може да обезбеди привидна послушност, тоа кај многу деца предизвикува уште порешителен бунт во срцето. Дури и кога родителот или учителот ќе успее да ја постигне саканата контрола, последиците за детето нема да бидат ништо помалку штетни. Дисциплинирањето на едно човечко суштество кое навлегло во разумни години мора да се разликува од обучување на немо животно. Животното го учиме само на покорност кон господарот. За животното господарот е и ум и расудување и волја. Оваа метода, понекогаш применувана во воспитувањето на децата, ги прави само малку подобри од автомати. Нивниот ум, волјата и совеста стојат под контрола на другите. Не е Божја намера така да се владее со нечиј ум. Оние кои ја ослабнуваат или уништуваат индивидуалноста, преземаат одговорност која може да има само лоши последици. Додека се под контрола, децата можат да изгледаат како добро обучени војници; но кога контролата ќе исчезне, се гле-

да дека на карактерот му недостасуваат сила и цврстина. Бидејќи никогаш не научиле да управуваат со себе, тие не познаваат никакви ограничувања освен барањата на родителите и учителите. Кога тие ќе исчезнат, младите нема да знаат како да се служат со својата слобода, и често се препуштаат на уживања што ги водат во пропаст.

Бидејќи покорувањето на волјата за некои ученици е многу потешко отколку за други, учителот мора да настојува, колку е можно повеќе, да ја олесни послушноста кон своите барања. Волјата треба да се насочува и обликува, а не да се занемарува или крши. Чувајте ја силата на волјата; таа е неопходна во животната борба.

Секое дете мора да ја согледа вистинската сила на волјата. Треба да му се помогне да разбере колкава е одговорноста поврзана со оваа дарба. Волјата е управувачка сила во природата на човекот, таа е способност за одлучување и избор. Секое човечко суштество, обдарено со разум, има способност да го избере доброто. Во секое животно искуство, Божјата Реч ни кажува: „Денес изберете кому ќе му служите!“ (Исус Навин 24,15) Секој може да ја стави својата волја на страната на Божјата волја, може да избере да му биде послушен и, поврзувајќи се на тој начин со божествените сили, може да стане толку цврст што ништо нема да може да го принуди да прави зло. Во секое младо суштество, во секое дете, лежи сила со Божја помош да изгради чесен карактер и да живее полезен живот.

Родителот или учителот кој со такво поучување му помага на детето да владее со себеси, извршува најполезна работа и постигнува траен успех. На површниот набљудувач неговата работа можеби нема да му делува особено полезна; таа нема да биде ценета толку високо како работата на оној кој умот и волјата на детето ги

потчинува на својата апсолутна власт; но подоцнежните години сепак ќе ги покажат резултатите од подобриот метод на воспитување.

Мудриот воспитувач ќе се труди да ја придобие довербата на учениците со своето постапување кон нив и кај нив да развие чувство на чест. Врз децата и младите поволно делува кога им се укажува доверба. Мнозина меѓу нив, дури и малите деца, имаат високо развиено чувство на чест; сите сакаат со нив да се постапува со доверба и почитување, и тоа е нивно право. Не треба да се наведуваат на помислата дека не можат ниту да излегуваат ниту да влегуваат без постојана придружба. Недовербата деморализира и ги предизвикува истите оние зла кои сака да ги спречи. Наместо постојано да надгледуваат, како да очекуваат некакво зло, учителите кои се дружат со своите ученици ќе го согледаат делувањето на немирниот дух и ќе се потрудат да ги стават во движење оние влијанија кои ќе му се спротивстават на злото. Наведете ги младите да почувствуваат дека им верувате и само ретки меѓу нив нема да се потрудат да покажат дека ја заслужуваат довербата.

Според истото правило, подобро е да се замоли отколку да се наредува; оној на кого сме му се обратиле на таков начин има можност да ја покаже својата верност кон вистинските принципи. Неговата послушност попрво е последица на избор отколку на принудување.

Правилата што владеат во училницата треба, колку е тоа можно, да бидат израз на мислење на целото училиште. Секоја одредба во нив треба да им биде објаснета на учениците така што тие ќе се уверат во нејзината праведност. На тој начин, тие ќе чувствуваат одговорност да настојуваат правилата, кои се донесени со нивна соработка, да бидат почитувани.

Правила треба да има малку, и тие мораат да бидат добро обмислени; кога еднаш ќе се усвојат, истите мораат и да се применуваат. Кога ќе сфати дека нешто не може да се менува, умот се навикнува и прилагодува; но можноста за промена буди желба, надеж и несигурност, а последиците се вознемиреност, раздразливост и непослушност.

Мора да се објасни дека Божјото владеење не познава компромис со злото. Ни во домот ни во училиштето непослушноста не смее да се толерира. Ниту еден родител или учител, кому му лежи на срце доброто на оние што му се доверени, нема да се нагодува со тврдоглавото самоволие кое го отфрла авторитетот, или прибегнува кон оправдувања, или заобиколувања за да ја избегне послушноста. Само лажната чувствителност, а не љубовта се поигрува со злото, се обидува преку ласкање или подмитување да обезбеди согласност, и конечно прифаќа некоја замена наместо она што го барала.

„На лудите гревот им е шега“ (Мудри изреки 14,9). Мораме да се чуваме од несериозното однесување кон гревот. Неговата власт над грешникот е страшна. „Нечесниот ќе биде фатен од сопственото беззаконие и ќе го држат јажињата на неговите гревови“ (Мудри изреки 5,22). Најголемото зло што можеме да му го нанесеме на детето или младиот човек е да му дозволиме да се заплетка во синџирите на некоја лоша навика.

На младите им е вродена љубов кон слободата; тие копнеат по независност; но мораат да сфатат дека тие непроценливи благослови можат да се уживаат единствено преку послушноста кон Божјиот закон. Овој Закон е чувар на вистинската слобода и независност. Тој го набројува и забранува она што понижува и заробува, и така на послушниот му овозможува заштита од силата на злото.

Псалмистот вели: „Ќе одам слободно, зашто ги барам твоите повелби.“ „Твоите сведоштва се моја наслада и мои советници“ (Псалм 119,45.24).

Во својот напор да го поправиме злото, мораме да се чуваме од тенденцијата да наоѓаме грешки и да осудуваме. Постојаното осудување внесува немир, а не поправа. Атмосферата на немилосрдна критика кај мнозина, особено кај оние кои се најчувствителни, ја убива волјата за работа. Цветовите не цутат под здивот на остриот ветер.

Детето кое често се укорува поради некоја посебна мана, почнува таа мана да ја смета за своја карактеристика, особеност против која секоја борба е залудна. На тој начин се создаваат обесхрабрување и безнадежност, често скриени под наметката на рамнодушност или покажување храброст.

Вистинската цел на укорот се постигнува дури кога самиот престапник е наведен да ја согледа својата грешка и кога неговата волја е поттикната да ја исправи. Кога ќе го постигнете ова, укажете му на изворот на проштавањето и силата. Трудете се да ја сочувате неговата самопочит и да го вдахнете со храброст и надеж.

Ова е најубавата, но и најтешка работа што некогаш им била доверена на човечките суштества. Таа бара најнежна тактичност, најголема чувствителност, познавање на човековата природа и небесна вера и трпение, подготвеност за работа, за будност и за чекање. Според тоа, нема ниту една поважна работа од оваа.

Оние кои сакаат да управуваат со другите, мораат прво да научат да управуваат со себеси. Избувливото однесување со детето или младото суштество само ќе го наведе на негодување. Кога родителот или учителот ќе стане нетрпелив или е во опасност да зборува неразумно,

тогаш нека замолкне. Во молчењето се крие чудесна сила.

Учителот мора да биде подготвен да се соочи со изопачените склоности и закоравените срца. Но, во постапувањето со нив никогаш не смее да заборави дека и самиот некогаш бил дете на кое му била потребна дисциплина. Дури и сега, иако ги ужива сите предности на своите години, образованието и искуството, и тој често греши и потребно му е човечко сочувство и трпение. Воспитувајќи ги младите, тој мора да има на ум дека се занимава со оние чии тенденции кон злото се слични на неговите. Тие мораат да научат речиси сè, а на некои учењето им паѓа многу потешко отколку на другите. Со слабиот ученик мора да се постапува трпеливо, да не се осудува поради незнаењето, туку да се искористи секоја можност за негово охрабрување. Со чувствителните, нервозни ученици, мора да се постапува многу нежно. Свеста за сопствената несовршеност мора да го наведе учителот да биде секогаш сочувствителен и трпелив кон оние кои и самите се борат со тешкотии.

Правилото на Спасителот – „Како што сакате да ви прават луѓето вам, така правете им и вие ним“ (Лука 6, 31) – мора да биде правило на сите кои се занимаваат со воспитување на деца и млади. Тие се помлади членови на Господовото семејство, сонаследници со нас во благословот на животот. Христовото правило мора свето да се почитува во однесувањето со најмрзеливите, со најмладите, со најнеумешните, па дури и со оние што грешат и се непокорни.

Ова правило ќе го наведе учителот да го одбегнува, колку што е можно, јавното изнесување на грешките и маните на ученикот. Тој ќе се труди да го избегне укорувањето или казнувањето во присуство на други. Нема да исключи ученик сè додека не направи сè што е можно

за тој да се поправи. Но, кога ќе стане јасно дека понатамошниот престој во училиштето нема никаква полза за ученикот, а тој со својот инает или непочитување на авторитетот ја загрозува управата на училиштето и со своето влијание ги расипува другите, неговото исклучување станува неопходно. Меѓутоа, мнозина срамот од јавното исклучување би ги навел на крајно непромислени постапки и би ги одвел во пропаст. Во повеќето случаи, кога отстранувањето е неизбежно, не е потребно тоа да се прави јавно. Советувајќи се со родителите и со нивна соработка, учителот треба во тајност да го организира неговото заминување.

Во ова време кога младите се особено загрозени, кога искушенијата ги напаѓаат од сите страни и кога е толку лесно да ѝ се препуштиш на струјата, потребен е најсилен напор да се плива против неа. Секое училиште треба да биде „град на прибежиште“ за младите изложени на искушение, место каде кон нивните лудости ќе се постапува трпеливо и мудро. Учителите, кои ја разбираат својата одговорност, ќе отстранат од нивите срца и животи сѐ што би можело да ги спречи да имаат успех во постапувањето со самоволните и непослушните. Љубовта и нежноста, трпението и владеењето со себеси, во секое време ќе бидат закон на нивниот говор. Милосрдноста и сочувството ќе бидат соединети со праведноста. Тие нема да го пренагласуваат укорот, кога ќе биде неопходен, туку ќе го искажат со едноставни зборови. Љубезно ќе му ги изнесат на престапникот неговите грешки и ќе му помогнат да се поправи. Секој вистински учител ќе чувствува дека, ако веќе мора да згреши, тогаш е подобро да биде премногу благ отколку премногу строг.

Многу млади за кои се мисли дека се непоправливи, не се во срцето толку тврди како што изгледаат. Мнози-

на кои се сметаат за безнадежни, би можеле да се поправат со мудра дисциплина. Тоа се често токму оние чии срца најбргу се топат под влијание на љубезноста. Учителот треба да ја придобие довербата на оние кои се изложени на искушение и, во многу случаи, ако го забележува и развива доброто во нивниот карактер, ќе успее да го поправи злото воопшто не свртувајќи внимание кон него.

Божествениот Учител има трепение кон заблудените и кон сите нивни изопачености. Неговата љубов не остинува. Неговите напори да ги придобие не престануваат. Тој со раширени раце, секогаш одново со добредојде, чека да ги пречека заблудените, бунтовните, па дури и отпаднатите. Неговото срце е трогнато од беспомошноста на малото дете изложено на грубости. Крикот на страдното човечко суштество никогаш не допира залудно до Неговото уво. Иако во Неговите очи сите се скапоцени, сепак грубите, мрзливите и тврдоглавите најмногу ги привлекуваат Неговите симпатии и љубовта, зашто Тој ја проценува последицата според причината. Оној кој најлесно им подлегнува на искушенијата, кој е најмногу наклонет да греши, е посебен предмет на Неговото внимание.

Секој родител и секој учител треба да ги негува особините што ги има Оној кој се изедначува со ожалостените, страдните и искушуваните. Тој мора да биде оној што може да биде „благ кон оние кои не знаат и се заблудени, зашто и самиот е со слабости“ (Евреите 5,2). Исус со нас постапува многу подобро отколку што сме заслужиле; и ние мораме да постапуваме со другите како што Тој постапува со нас. Родителите и учителите не можат да се оправдаат ако не се однесуваат онака како што би се однесувал Спасителот во слични околности.

## *Поднесување на дисциплината на животот*

Независно од дисциплината во домот и училиштето, сите мораат да се соочат со строгата дисциплина на животот. На секое дете и на секое младо суштество мораме да му објасниме како мудро да се соочи со неа. Вистина е дека Бог нѐ љуби, дека се труди да нѐ усреќи, и дека ние никогаш не би морале да го запознаеме страдањето ако секогаш сме го почитувале Неговиот закон; но не помала е и вистината дека на овој свет, како последици од гревот, секој мора да поднесува страдања, неволји и товари. На децата и младината цел живот ќе им служи на добро ако ги научиме храбро да се соочат со сите неволји и потешкотии. Иако мораме кон нив да покажеме сочувство, тоа никогаш не смее да биде такво што ќе ги наведе да се самосожалуваат. Ним им е потребно нешто што ќе ги поттикне и зајакне, а не нешто што ќе ги ослабне.

Тие мораат да научат дека овој свет не е место за одржување свечени паради, туку бојно поле. Сите се повикани, како добри војници, да поднесуваат тешкотии. Мораат да бидат силни и да се однесуваат како луѓе. Учете ги дека вистинската сила на карактерот се тестира преку подготвеноста да носат товар, да издржат на тешко место, да извршат работа која мора да биде извршена, иако не донесува никакво земско признание или награда.

Вистинскиот начин на соочување со проверката не е нејзино одбегнување, туку преобразување. Тоа се однесува на целокупната дисциплина, како на онаа во пораните, така и на онаа во подоцнежните години. Запоставувањето на воспитување на детето во првите години, и со тоа поврзаното засилување на неговите зли тенденции, многу го отежнува неговото подоцнежно образо-

вание, а често од дисциплината прави болен процес. Тој процес секако ќе биде болен за пониската природа, бидејќи доаѓа во судир со вродените желби и склоности; но таа болка исчезнува пред поголемата радост.

Детето и младото суштество треба да научат дека секоја грешка и секоја мана, секоја тешкотија што сме ја совладале, станува скалило кон она што е подобро и повозвишено. Со такви искуства успех постигнале сите оние што некогаш живееле живот вреден за живеење.

„Височината што човек ја досегнува,
со ненадеен скок не се постигнува;
тој работел вредно, па дури и во ноќ
додека другите биле потонати во сон.“

„За да ги достигнеш височините ти мора
да имаш темел цврст и што не се колеба.“
Не дозволувај му на светот да те врзе,
со гордост и себичност да те обземе.“

„Обичните нешта, настаните на секој ден,
Со кои часот почнува и на крај е завршен;
Задоволствата и незадоволствата во тебе
Како скалила прават горе да се вивнеш.“

Ние треба да „гледаме не на она што е видливо, туку на она што е невидливо; зашто видливите нешта се поминливи, а невидливите се вечни“ (2. Коринќаните 4,18). Отфрлајќи ги себичните желби и склоности, ние го заменуваме она што е безвредно и минливо за она што е скапоцено и трајно. Тоа не е жртва, туку непроценлива добивка.

„Нешто подобро!“ е лозинката на образованието, закон на секое вистинско живеење. На местото на она што

бара да го отфрлиме, Христос ни нуди нешто што е многу подобро. Младите често се стремат кон цели, потфати и уживања кои не мораат да водат кон лошо, но на кои им недостасува највозвишеното добро. Тоа го застранува животот од неговата најблагородна цел. Самоволните мерки или директните закани можеби нема да успеат да ги наведат младите да се откажат од она што им е свето. Да ги насочиме кон она што е подобро од истакнувањето и себеугодувањето.

Да ги поврземе со вистинска убавина, со повозвишени принципи и поблагороден живот. Да ги наведеме да гледаат во Оној кој „сиот е од љубезност“. Кога погледот еднаш ќе се насочи кон Него, животот наоѓа свое средиште. Восхитот, благородната посветеност и огнената ревност на младите тука ја наоѓаат својата вистинска цел. Должноста станува уживање, а жртвата задоволство. Да се слави Христос, да се стане сличен на него, да се работи за него, тоа е најголемата животна амбиција и најголема радост.

„Зашто Христовата љубов нѐ опфаќа“ (2. Коринќаните 5,14)

# ПОВОЗВИШЕНО ВОСПИТУВАЊЕ

*„Зашто од секогаш не бевме слушале, не бевме внимавале со увото, и никое око не беше видело друг бог, освен Тебе, којшто направил толку многу за оние, кои на Него се надеваат.“*

(Исаија 64,6)

# ШКОЛА ВО ВЕЧНОСТА

*„И ќе го гледаат лицето Негово,*
*а името Негово ќе им биде на челата нивни.“*

Откровение 22,4

Небото е школа; неговата област на проучување е вселената; неговиот Учител – Бесконечниот. Гранка на оваа школа била отворена во Едем; и кога планот на спасението ќе се оствари, образованието повторно ќе продолжи во небесната школа.

„Што окото не виде, што увото не чу, што во човечкото срце не дојде, тоа Бог го приготви за оние кои го љубат“ (1. Коринќаните 2,9). Само со проучување на Божјата Реч може да се добие ваквото знаење; па дури и таа овозможува само делумно откровение.

Пророкот од Патмос вака го опишува местото каде што се наоѓа школата од вечноста: „И видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа... Тогаш јас, Јован, го видов Светиот Град - Новиот Еруса-

лим, како слегува од небо, од Бога, стокмен како невеста, која е украсена за својот маж“ (Откровение 21,1.2).

„И на градот не му е потребно сонцето, ниту месечината, за да му светат, зашто Божјата слава го осветлува, а Јагнето му е светилник“ (Откровение 21,23).

Помеѓу школата воспоставена во Едем во почетокот и школата во вечноста се протега целиот тек на историјата на овој свет – историја на човечки престапи и страдања, божествена жртва и победа над смртта и гревот. Школата во идниот живот нема да биде иста во сè како првата школа во Едем. Никакво дрво за познавање на доброто и злото нема да дава можност за искушение. Таму нема никаков искушувач, никаква можност за зло. Секој карактер го издржал искушението да направи зло и ниту еден не е веќе подложен на неговата моќ.

„На оној, што победува“, вели Христос, „ќе му дадам да јаде од дрвото на животот, кое што е среде Божјиот рај“ (Откровение 2,7). Давањето плод од дрвото на животот во Едем било поврзано со услов и на крај било ускратено. Но, даровите на идниот живот се без услови и вечни.

Пророкот гледа „чиста река со вода на животот, бистра како кристал која истекува од престолот на Бога и на Јагнето.“ „И од двете страни на реката: дрво на животот.“ „И смрт нема да има веќе; ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина“ (Откровение 22,1; 22,2; 21,4).

*„Сите во твојот народ*
*ќе бидат праведници,*
*и ќе ја наследат земјата довека,*
*подниците на мојот расад,*
*делото на моите раце,*
*за да се прославам во нив.“*

(Исаија 60,21).

Кога ќе биде вратен во Божјата близина, човекот, како и во почетокот, повторно ќе биде поучуван од Бога: „Затоа мојот народ ќе го познае моето име; и ќе сфати во оној ден дека Јас сум истиот, кој вели: 'Еве Ме!'" (Исаија 52,6)

„Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето; и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат негов народ, и самиот Бог ќе биде со нив" (Откровение 21,3).

„Тоа се оние, кои доаѓаат од голема неволја, кои ги испраа облеките свои и ги избелија во крвта на Јагнето." Затоа се пред Божјиот престол и му служат дење и ноќе во неговиот храм... Нема веќе да огладнат ниту да ожеднат, ниту сонцето ќе ги пече, ниту некаква жега; зашто Јагнето, кое е среде престолот, ќе ги пасе и ќе ги води на извори жива вода" (Откровение 7,14-17).

„Сега гледаме како во огледало - нејасно; но тогаш: лице во лице. Сега знам делумно, но тогаш ќе сознам целосно, како што и јас бев самиот наполно познат" (1. Коринќаните 13,12).

„И ќе го гледаат Неговото лице, и Неговото име ќе биде на нивните чела" (Откровение 22,4).

Какво ли подрачје за истражување ќе се отвори пред нас кога ќе биде отстранет превезот што сега го замрачува нашиот видик, кога нашите очи ќе го здогледаат прекрасниот свет што сега само делумно го гледаме со микроскоп; кога ќе ја гледаме славата на небесата која сега оддалеку ја набљудуваме со телескоп; кога ќе биде отстрането злокобното влијание на гревот, кога целата Земја ќе се појави во „красотата на Господа, нашиот Бог!"[12] Тогаш секој истражувач на науката ќе може да ги чита извештаите за создавањето без да открие нешто што би го потсетило на законот на злото. Ќе може да ја слуша музиката на гласовите на природата без да от-

12 Псалм 90,17; според англискиот превод.

крие ниту една нота на тага, ниту еден призвук на жалост; во сè што е создадено ќе може да следи само еден ракопис - во бесконечната вселена ќе го гледа Божјето име напишано со големи букви, а ни на земјата, ни во морето, ни на небото нема да види ниту една заостаната трага од злото.

Таму ќе се живее едемски живот, живот во градина и во поле. „Ќе градат куќи и ќе живеат во нив, ќе садат лозја и ќе го уживаат нивниот плод. Не ќе се гради веќе, за да живеат други, ниту ќе се сади за да уживаат други: векот на мојот народ ќе биде како векот на дрвото, моите избраници ќе ги уживаат долго плодовите на своите раце“ (Исаија 65,21.22).

Таму нема да има ништо што ќе причинува „зло и штета по целата моја света гора, вели Господ“ (Исаија 65,25). Таму на човекот ќе му биде вратено неговото загубено царско достоинство; и суштествата од понизок род повторно ќе ја признаат неговата власт; суровите ќе станат нежни а плашливите полни со доверба.

Таму пред истражувачот ќе се отворат неограничени хоризонти и неискажани богатства на историјата. Тука, со помош на Божјата реч, на истражувачот му се нуди поглед во просторното подрачје на историјата и тој може да се здобие со некои сознанија за принципите кои управуваат со развојот на човечките настани. Но, неговите хоризонти сè уште се замрачени и неговото знаење непотполно. Дури кога ќе биде осветлен со светлината на вечноста, сè ќе му биде објаснето.

Тогаш ќе му биде откриен текот на големата борба што избувнала пред почетокот на времето и која ќе заврши дури кога времето ќе истече. Историјата за постанокот на гревот, смртоносните измами со неговото изопачено дејство, историјата на вистината која, не скршнувајќи од својот сопствен прав пат, ја сретнала заблу-

дата и ја победила – сето тоа ќе биде објавено. Превезот што бил ставен помеѓу видливиот и невидливиот свет ќе биде повлечен настрана и ќе му бидат дадени прекрасни откровенија.

Кога Божјето провидение ќе го набљудуваме во светлината на вечноста, дури тогаш ќе разбереме што должиме за грижата и залагањето на Божјите ангели. Небесните суштества активно учествувале во работите на луѓето. Тие се појавувале во облека која блескала како молња; доаѓале како луѓе во лик на патници. Го прифаќале гостопримството на човечките домови; служеле како водичи за патниците кои ноќта ги затекнала на пат. Тие ги попречувале намерите на крадецот и го свртувале ударот на убиецот.

Иако владетелите на овој свет не го знаат тоа, сепак ангелите често зборувале во нивните собранија. Нив ги гледале човечки очи. Човечките уши ги слушале нивните говори. Во собранијата и судниците небесните гласници ги застапувале прогонетите и потчинетите. Тие ги соборувале намерите и ги запирале злата кои можеле да им нанесат страдања и штета на Божјите деца. На учениците во небесната школа сето тоа ќе им биде објаснето.

Секоја спасена душа ќе дознае каква служба извршувале ангелите во нивниот живот. Како ли ќе биде кога таа ќе разговара со ангелот кој бил нејзин чувар од нејзините најрани денови; со ангелот кој бдеел над нејзините чекори и ја засолнувал нејзината глава во денот на опасност; со ангелот кој бил со неа во долината на смртната сенка, кој го обележал местото на нејзината починка и кој прв ќе ја поздрави во утрото на воскресението – кога ќе ја дознае историјата на божественото посредување во животот на поединецот, историјата на работата на целото небо во сè што било направено за човечкиот род!

Тогаш ќе бидат објаснети сите потешкотии во животните искуства. Таму каде што сме гледале само хаос и разочарување, неостварени планови и изјаловени намери ќе се види голема, врвна, победоносна намера. Тоа е божествената хармонија.

Таму сите кои несебично работеле, ќе ги гледаат плодовите од својата работа. Таму ќе се види исходот на секој вистински принцип и благородно дело. Нешто од тоа гледаме уште тука. Но колку малку резултати од својот труд гледа во овој живот оној кој го извршува најблагородното дело на светот! Колкумина работат несебично и неуморно за оние кои никогаш нема да ги видат ниту да ги запознаат! Родителите и учителите заминуваат на својата последна починка, а сè што правеле во животот изгледа залудно; тие не знаат дека нивната верност отпечатила извори на благослов кои никогаш нема да престанат да течат; тие само со вера гледале дека децата што ги воспитувале ќе станат благослов и инспирација за своите ближни и дека нивното влијание повеќекратно ќе се зголеми. Многу пратеници му упатуваат на светот вести полни со сила, надеж и храброст, зборови кои носат радост на срцата во секоја земја; но тој кој работи во осаменост и непознатост знае малку за нивните плодови. Така се даваат дарови, се носат товари и се извршува работата. Луѓето сеат семе од кое други над нивните гробови жнеат благословена жетва. Тие садат овошки за други да можат да јадат плодови. Тука им е доволно што знаат дека ги поттикнале силите на доброто. Во вечноста ќе се види дејството и противдејството на сите нешта.

На небото се чува извештај за секој дар што Бог им го дал на луѓето за да ги поттикне на несебична работа. Да се истражуваат тие сеопфатни извештаи, да се бараат оние кои со нашите напори биле воздигнати и облаго-

родени, да се гледа влијанието на вистинските принципи во нивниот живот - тое ќе биде еден од предметите и наградите во небесната школа.

Таму ќе знаеме како што сме биле познати. Таму љубовта и сочувството што Бог ги всадил во душата ќе најдат свој најдобар и најубав израз. Непорочната заедница со светите суштества, хармоничниот живот со светите ангели и со верните од сите векови, посветеното пријателство кое го поврзува целото семејство на небесата и земјата – сето тоа се искуства кои ќе ги придобиваме во вечноста.

Таму ќе има музика и песна, таква музика и таква песна какви, освен во виденијата дадени од Бога, ниту едно смртно уво не слушнало ниту, пак, умот ги замислил.

„Таму ќе бидат и пејачите и свирачите на инструменти“ (Псалм 87,7). „Тие го креваат гласот, воскликнуваат од радост; го возвишуваат од морето Господовото величие“ (Исаија 24,14).

„Господ ќе го утеши Сион, ќе ги утеши сите негови урнатини и неговата пустота ќе ја направи како Едем и степите негови како градина Господова; радост и веселба ќе одекнува таму, благодарење и глас на песни“ (Исаија 51,3).

Таму секоја моќ ќе се развива, секоја способност ќе се зголемува. Ќе се преземаат највеличествени потфати, ќе се остваруваат најблагородни стремежи, ќе се постигнуваат највозвишени цели. И пак ќе се појавуваат нови врвови за совладување, нови чуда за да им се восхитуваме, нови вистини да ги разбереме, нови замисли да ги поттикнуваат силите на телото, умот и душата.

Божјите деца ќе можат да ги истражуваат сите сокровишта на вселената. Ние со неискажано уживање ќе учествуваме во радоста и мудроста на безгрешните

суштества. На располагање ќе ни стојат богатствата стекнати во текот на многуте векови на размислување за делата на Божјите раце. А како што ќе минуваат годините на вечноста и понатаму ќе донесуваат сѐ преславни откровенија. „Прекумерно над сѐ што бараме или мислиме" (Ефесјаните 3,20), ќе ни бидат вечно дарувани како Божји дарови.

„Неговите слуги ќе му служат" (Откровение 22,3). Животот на Земјата е почеток на животот на Небото; воспитувањето на земјата е запознавање со принципите на небото; животната професија тука нѐ подготвува за животната професија таму. Она што сме сега во карактерот и во светата служба, однапред ни кажува за она што ќе бидеме.

„Човечкиот Син не дојде да му служат, туку да служи" (Матеј 20,28). Работата што ја извршувал тука, Христос ја врши и горе, а наша награда за работата со него во овој свет, ќе биде поголемата сила и повозвишената предност да работиме со него во светот што ќе дојде.

„Вие сте мои сведоци, за тоа дека Јас сум Бог – вели Господ" (Исаија 43,12). Тоа ќе бидеме и во вечноста.

Зошто било дозволено големата борба да трае со векови? Зошто сатаната не престанал да постои веднаш штом се побунил? Тоа се случило за вселената да може да се увери дека Бог праведно постапува со злото, за гревот да може да биде засекогаш осуден. Во планот на спасението постојат височини и длабочини кои ни самата вечност нема да може да ги исцрпи, чуда во кои и ангелите сакаат да ѕирнат. Само откупените, меѓу сите создадени суштества, се здобиле со лично искуство во вистинската борба со гревот; тие работеле со Христа и повеќе од самите ангели, ја запознале заедницата на неговите маки; зар тие немаат што да кажат за науката на

спасението – нешто што има вредност и за безгрешните суштества?

Дури и сега на „началствата и властите небесни“ им се објавува „многуразличната премудрост Божја... преку црквата.“ И Тој нè „воскресна со Него и постави на небесата... за да им го покаже на идните векови преизобилното богатство на својата благодат во добрина кон нас преку Исуса Христа“ (Ефесјаните 3,10; 2,6.7).

„Во храмот Негов секој ја возвестува славата негова“ (Псалм 29,9) и песната што ќе ја пеат спасените – песната на нивното искуство – ќе ја објавува Божјата слава: „Големи и прекрасни се твоите дела, Господи Боже Седржителу! Праведни и вистинити се твоите патишта- цару над народите! Кој нема да се уплаши од Тебе, Господи и не ќе го прослави Твоето име? Зашто само Ти си свет“ (Откровение 15,3.4).

Во нашиот сегашен живот, иако е земски и ограничен со гревот, најголема радост и највисоко воспитување се добива со служење. И во идниот живот, неограничен со грешна човечка природа, наша најголема радост и наше највисоко воспитување ќе наоѓаме во служењето – со сведочење и постојано учење во текот на сведочењето „колку е богата славата на оваа тајна“ – Христос во вас, надеж на славата“ (Колошаните 1,27).

„Возљубени, сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, оти ќе го видиме каков што е“ (1. Јованово 3,2).

Тогаш Христос ќе ја види платата на својот труд во успехот на својата работа. Во тоа големо мноштво, кое никој не може да го изброи, кое „непорочно и радосно стои пред Неговата слава“ (Јуда 24), Оној чија крв нè откупила и чиј живот нè учел, „ќе се зарадува поради трудот на душата своја и ќе види светлина“ (Исаија 53,11).

# СОДРЖИНА


ПРВИ ПРИНЦИПИ

**ИЗВОР И ЦЕЛ НА ВИСТИНСКОТО ВОСПИТУВАЊЕ** ........................6

**ШКОЛАТА ВО ЕДЕМ**.......................................................... 13

**ПОЗНАВАЊЕ НА ДОБРОТО И ЗЛОТО** ............................................16

**ОДНОСОТ НА ВОСПИТУВАЊЕТО КОН ОТКУПУВАЊЕТО** ........22

ПРИМЕРИ

**ВОСПИТУВАЊЕТО НА ИЗРАЕЛЦИТЕ**............................................28

**ПРОРОЧКИ ШКОЛИ** ..........................................................40

**ЖИВОТОТ НА ГОЛЕМИТЕ ЛУЃЕ**.............................................47

ГОЛЕМИОТ УЧИТЕЛ

**УЧИТЕЛ ДОЈДЕН ОД БОГА** ..................................................70

**ПРИКАЗ НА НЕГОВИТЕ МЕТОДИ** ...........................................82

ПОУКИ ОД ПРИРОДАТА

**БОГ ВО ПРИРОДАТА**..........................................................96

**ПОУКИ ОД ЖИВОТОТ** ........................................................100

**ДРУГИ СЛИКОВИТИ ПОУКИ**.................................................. 111

БИБЛИЈАТА КАКО ВОСПИТУВАЧ

**РАЗВИВАЊЕ НА УМОТ И ДУХОТ**............................................ 122

**НАУКАТА И БИБЛИЈАТА** .................................................... 128

**ПРИНЦИПИ И МЕТОДИ НА РАБОТЕЊЕ** ................................... 136

**БИБЛИСКИ БИОГРАФИИ**......................................................148

**ПОЕЗИЈАТА И ПЕСНАТА** .....................................................162

**ТАЈНИТЕ НА БИБЛИЈАТА**.................................................... 174

**ИСТОРИЈАТА И ПРОРОШТВОТО** ............................................ 179

**БИБЛИСКА НАСТАВА И ПРОУЧУВАЊЕ** .................................... 191

ФИЗИЧКА КУЛТУРА

**ПРОУЧУВАЊЕ НА ФИЗИОЛОГИЈАТА** ........................................202

**ВЛАДЕЕЊЕ СО СЕБЕСИ И ДИЕТЕТИКА**.....................................210

**РЕКРЕАЦИЈА**....................................................................216

**ОБУЧУВАЊЕ ЗА РАБОТА**.....................................................224

ИЗГРАДБА НА КАРАКТЕРОТ

**ОБРАЗОВАНИЕТО И КАРАКТЕРОТ** .....236
**МЕТОДИ НА ПОУЧУВАЊЕ** .....242
**ОДНЕСУВАЊЕ** .....252
**ОБЛЕКУВАЊЕ И ВОСПИТУВАЊЕ** .....259
**ДЕНОТ ЗА ОДМОР** .....264
**ВЕРА И МОЛИТВА** .....267
**ЖИВОТНО ДЕЛО** .....276

ПРВИ УЧИТЕЛИ

**ПОДГОТОВКА** .....288
**ЗАЕДНИЧКА РАБОТА** .....297
**ДИСЦИПЛИНА** .....302

ПОВОЗВИШЕНО ВОСПИТУВАЊЕ

**ШКОЛА ВО ВЕЧНОСТА** .....316

Мисли од книгата кои Ви оставија најсилен впечаток: